УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

# СОДРЖИНИТЕ ВО ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ

- Докторска дисертација -

Ментор

Проф. д-р Кирил Темков

Кандидат

М-р Гордана Никчевска

Скопје, 2010 година

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 1

1. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ДУХОВНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ЕТИЧКИТЕ СФАЌАЊА НА МЛАДАТА ЛИЧНОСТ ..... 13

Семејство ..... 14

Семејството и личностите во него ..... 14

Семејството како значаен социјален и етички фактор ..... 19

Етичкото дејствување и моралното воспитување во семејството ..... 21

Семејството и образовните институции ..... 23

Семејството и иднината ..... 27

Училиштето и наставникот ..... 29

Улогата на наставникот во моралниот развој на ученикот ..... 30

Училиштето и иднината ..... 36

Влијанието на социјалната средина и на формите на општествената свест врз етичкиот развиток на младата личност ..... 38

Друштво на врсниците ..... 39

Средства за јавно информирање ..... 44

Култура и културни институции ..... 47

Религија ..... 49

Филозофија ..... 51

Наука ..... 54

2. ВИДОВИТЕ, СОДРЖИНИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА ЕТИЧКАТА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 57

Експеримент по Етика во градинките ..... 59

Експеримент по Етика во одделенската настава ..... 63

Експеримент по Етика во VI одделение ..... 70

Прва официјална наставна програма по Етика во основното образование ..... 78

Воведување настава по Етика во VI одделение ..... 82

Експеримент по Етика во средното образование ..... 86

Настава по Етика во високото образование ..... 95

3. СОДРЖИНИ ВО НАСТАВАТА ПО ЕТИКА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ..... 102
Наставната програма за експерименталната настава по етика во средните училишта ..... 104
Учебник „Етика за младите“ ..... 119
Наставна програма по Етика за II година на гимназиското образование ..... 128
„Учебник по Етика за II година “ на реформираното гимназиско образование ..... 144
Наставна програма по Етика за III година на гимназиското образование ..... 152
„Учебник по Етика за III година“ на реформираното гимназиско образование ..... 163
„Етички речник за младите“ ..... 172

4. ПРАКТИКАТА И СОДРЖИНИТЕ НА ЕТИЧКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ..... 176
Етичките содржини и нивната презентација во II година гимназија ..... 177
Што е Етика ..... 177
Што е моралот ..... 183
Јас свој пријател ..... 186
Планови и судбина ..... 189
Другите, блиските, ближните ..... 193
Љуби го ближниот како самиот себе ..... 197
Надеж, среќа и оптимизам ..... 200
Позитивни вредности ..... 204
Комуникацијата и човечките односи ..... 208
Етичките содржини и нивната презентација во III година гимназија ..... 217
Волја, намера, дело ..... 217
Разум и етичко сметање ..... 224
Десетте Божји заповеди ..... 229
Најважни современи вредности ..... 233
Суштествени позитивни вредности ..... 240
Етиката на здравјето ..... 247

ЗАКЛУЧОК ..... 254

БИБЛИОГРАФИЈА ..... 259

# ВОВЕД
# ЗА ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во оваа дисертација се проучуваат содржините во етичкото образование на младите. Во неа принципиелно ги претставуваме идеите, практиката и искуствата од наставата по Етика во македонското школство во кое деценија и пол група филозофи настојува да го инаугурира и воведе етичкото образование.

Станува збор за една современа педагошко-етичка тенденција, чија појава и концепција се предизвикани од ургентна животна потреба за вредносна едукација на младите, а која е резултат на етичките испитувања на низа значајни мислители. Во денешната епоха е востановено дека етичкото образование на автономни одговорни личности е една од најсуштествените задачи на човештвото за решавање на проблемите со Природата, човечките конфликти, незаинтересираноста за средината и за луѓето, кои се извор за негативностите кои му се заканувааат на човечкиот род, со деградација на хуманизмот и со уништување на неопходните природни потенцијали.

*„Етиката е темелно, континуирано и аргументирано размислување за доброто живеење и правилното однесување“.*[1] Етиката е наука која го проучува моралот: *„Моралот е дел од општествената свест како што се и религијата, филозофијата и науката. Тој настанал од човековата практична дејност и практичните човечки односи, од човечкото формирање на светот... Моралот опфаќа систем од норми, правила и поими за моралот, практично морално постапување и однесување на човекот, оценување на своите и туѓите постапки, вредносно*

[1] Ivan Čekoh. Ivan Koprek: *Etika priručnik jedne discipline,* Školska knjiga, Zagreb, 1996, str. 7.

*проценување и судење дали е нешто морално или не е, дали нешто треба да се одобри или осуди, поддржи или спречи“.*[2]

Низ вековите моралното воспитување произлегувало од претпоставката дека моралноста му е на човекот вродена, дека не е резултат на реалните односи во општеството туку сила која тие односи ги создава, а луѓето уште од детството се делеле на добри и лоши според природата.

Меѓутоа, *„најзначајната етичка ориенатација во човечката историја е онаа која препорачува во сè да се има мера. Оваа древна етичка идеја, најдобро ја има разработено Аристотел,...го напишал најзначајното дело на светската етика `Никомахова етика` ...и прв го употребил името Етика...поврзувајќи го тоа со поимот за најдлабоките својства на личноста“.*[3] Етиката е регулатор на човековото однесување и таа се учи. Тоа е смислата на моралната педагогија.

Нашето сфаќање на моралот произлегува од општествената практика и претпоставува непрекинат развој на општествените науки како последица на општествените промени и ја потенцира потребата од постојано и повторно проценување на вредностите заради менувањето на положбата на човекот во светот и во општеството. Моралните норми се менуваат, иако постојат во секое општество, а тоа покажува дека изворот на моралното чувство е во општественото битие на човекот и ги изразува актуелните животни и социјални потреби. *„На идејниот и морален фронт денес владеат различни реални ситуации и душевни расположби, виреат повеќе принципи, вредности, цели и норми, кои, се разбира, имаат не само своја заднина како нивни извор, туку и заднина како спротивност и нужна опачина, како духовен и етички излез од нивната едностраност“.*[4]

Во своето учење за моралот големиот филозоф и социолог Емил Диркем разликува три елементи на моралноста: 1) духот на дисциплината, 2) лојалност,

---

[2] Dr Ljubomir Krneta - Milena Potkonjak - Nikola Potkonjak: *Pedagogija,* Zavod za izdavanje udžbenika Socijalističke Republike Srbije, Beograd, 1965, str. 176.
[3] Д-р Кирил Темков: *Етика*, Епоха, Скопје, 1998, стр, 113.
[4] Д-р Кирил Темков: *Етиката денес*, Епоха, Скопје, 1999, стр, 113.

приврзаност кон општетсвените групи и 3) автономија на волјата.[5] Затоа се потребни поширoки согледби и истражување на педагошките идеи и системи.

Тоа го разбираме подобро кога ги читаме делата со филозофски и педагошки идеи за етичкото образование. Големите филозофи, педагози и духовни дејци низ историјата ја истакнувале благородната функција на едукацијата, но, прегледот на идеите на најзначајните мислители за ова прашање, од Антиката до денес, го покажува единството на нивните духовни позиции и како со нивните учења се збогатувала етичко-педагошката доктрина.

Педагошкиот систем на чешкиот педагог Јан Амос Коменски (1592-1670) е темел на современата педагошка мисла, ги опфаќа речиси сите битни педагошки прашања, почнувајќи од наставната содржина сè до методиката, организацијата на училишната работа, смислата на воспитувањето и работата на учителот. Коменски е основач и на дидактиката. Тргнувајќи од сензуалноста, Коменски го истакнал принципот на реализмот во наставата и златното правило на дидактиката за искористувањето на сетилните органи и на очигледноста во наставата.

Коменски тежнеел работата во училиштето да ја постави врз демократски основи. Тој училиштето го нарекува работилница на хуманоста: *„Несреќно е она образование кое не преминува во доблест и побожност. Што е образованиот човек без морал? Кој напредува во науката, а назадува во моралот, повеќе назадува отколку што напредува“.*[6] Тој настојувал во училиштето да се образуваат младите од двата пола, бидејќи сметал дека образованието им е потребно на сите: *„Во училиштето не треба да се земаат само децата на богатите и видните луѓе, туку сите деца подеднакво, и децата од благородништвото и градските деца, и децата на богатите и на сиромашните, и момчиња и девојчиња, од сите градови и села, и тоа од овие причини: Кој се родил како човек, се родил за да стане човек, т.е. разумно суштество, господар на другите суштества и изразита слика на својот Творец“.*[7] Училиштето е вистинска работилница на луѓе, каде умот на учениците блеснува со светлината на мудроста. Коменски вели: *„Ако се набљудуваме себе си ќе забележиме дека на сите*

[5] Види: Dr Miomir Ivković: *Vaspitanje i društvo.* Dirkemova sociološka teorija vaspitanja, Gradina, Niš, str. 172.
[6] Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, Izdavačko poduzeće Liber, Zagreb, 1974, str. 68.
[7] Ibid., str. 60.

*подеднакво ни припаѓа образование, морал, побожност, било да гледаме на суштината на својата душа, било на она за што сме создадени и дојдени на овој свет. Суштината на душата е составена од три моќи: од разум, волја и помнење. Разумот служи за перципирање на разлики меѓу стварите до најмалечки ситници. Волјата служи за избирање на нештата, така што ги избира полезните, а ги отфрла штетните. Помнењето го подготвува за идна употреба она со што се занимавале разумот и волјата и ја опоменува душата за нејзината зависност од Бога и на должноста; во таа смисла и се нарекува совест".*[8]

Човекот најуспешно се образува во младоста: *„Сè што се раѓа се одликува со својства многу лесно да се витка и обликува додека е младо, а, кога ќе зацврсне, ја откажува послушноста. Мекиот восок може да се витка и меси, цврстиот лесно се распрснува".*[9]

Коменски нагласува дека вниманието има огромно значење за наставата, а неговото отсуство значи дека ученикот ништо не може да научи. На учениците секогаш треба да им се предава тоа што е полезно и интересно и само така учителот ќе го привлече вниманието на ученикот, а едновремено ќе го инструира да научи да мисли. *„Образованието за да не биде привидно туку вистинско, не површно туку темелно, човекот треба да се навикне да не биде воден од туѓиот туку од сопствениот разум, ...самиот да проникне до коренот на нештата и да го сознае нивното вистинско значење и намена".*[10]

Според големиот мислител Имануел Кант (1724-1804) во етичкото образование, покрај терминот *мора*, може да се употребува и терминот *треба*, кога ќе стане збор за закони кои не мора да се исполнат, туку за нешта кои е пожелно, треба или посакуваме да ги направиме. Така Кант, покрај на категоричкиот, посочува на хипотетичкиот императив, кој укажува на ситуација или на некое упатство како треба да се направи нешто корисно, нешто што е пријатно за нас.

[8] Ibid., str. 65.
[9] Ibid., str. 53.
[10] Ibid., str. 75.

Човекот како морално суштество постапува според својата слободна волја. Чистата добра волја не е мотивирана ниту со среќата, ниту со блаженството, ниту со духовното задоволство, туку е автономна и само тогаш и како таква е морално вредна. *„Автономијата на волјата е единствениот принцип на сите морални закони и на ним сообразените должности; спротивно, секоја хетерономија на волјата како ќеф не само што не втемелува никаква обврзаност, туку, дури, е спротивна на нејзиниот принцип и на моралноста на волјата“.*[11] Ако моралниот закон најнапред не е замислен во човековиот ум, човекот никогаш не би помислил дека има право да си претпостави слобода, а кога не би имал слобода, тогаш во себе не би можел да пронајде морален закон: *„За себе самиот чистиот ум е практичен и му дава (на човекот) еден сеопшт закон, кој го нарекуваме морален закон“.*[12]

Основните етички термини „добро“, под кои се подразбираат нужните предмети на силата на посакувањето, и „лошо“, оние на силата на гнасењето, кои исполнуваат со одвратност, се единствените објекти на практичниот ум. Овие основни поставки на етичкото учење на Кант се проникнуваат со неговите педагошки учења. Таму тој укажува дека *„човекот е единственото суштество кое мора да биде воспитано. Под воспитување подразбираме одгледување (подигнување, воспитување), дисциплинирање и настава со образование“.*[13] Со помош на воспитувањето, човекот, кој според природата е суров и див, може да се изгради во совршена личност. На животните, за разлика од човекот, истакнува Кант, не им треба одгледување, тие инстинктивно знаат да се заштитат за да преживееат.

Принципот - насоката на воспитната вештина се идеал на човештвото, кој треба да се доближи до секоја млада единка. Тој принцип е поврзан со смислата на етиката во вид на категоричкиот императив: *„Постапувај така што максимата на твојата волја секогаш би можела наедно да има вредност како принцип на сеопшто законодавство“.*[14] Овој императив, според Кант, треба безусловно да биде исполнуван, ако човекот сака да се смета за човек во вистинска смисла на зборот.

---

[11] Имануел Кант: *Критика на практичниот ум*, превод д-р Кирил Темков, Метафорум, Скопје, 1993, стр. 48.
[12] Ibid., стр. 45.
[13] Имануел Кант: *Спис о педагогији*, Штампарија Давидовић Павловића и Друга, Београд, 1922, стр. 3.
[14] Имануел Кант: *Критика на практичниот ум*, цит. дело, стр. 44.

Кажано со друга формулација: Постапувај така човекот да ти биде цел, а не средство! Тоа е срцевината на Кантовата етика и животна филозофија. Во неа должноста и нејзиното почитување и извршување се основа на моралот.[15] Секое дејство се прави од етички причини на чиста должност. Така Кант ги поврзува идеалитетите на етиката и педагогијата.

Во своите дела еден од најзначајните американски филозофи Џон Дјуи (1859-1952) анализирал извонредно широк дијапазон на прашања од психологијата, етиката, естетиката, логиката, педагогија, политиката, религијата, правото, социологијата и економијата. Дјуи смета дека примарна задача на филозофијата е да им ги разјасни на луѓето идеите во однос на општествените и моралните дилеми и судири.

Џон Дјуи прагматизмот го насочува кон инструментализам, определувајќи го познанието како инструмент, орудие, со чија помош се снаоѓаме и се одржуваме во животот. Во моментот кога запаѓаме во тешкотија која инстинктот не може да ја совлада, се јавува мислата. Вистината е мисла и не мора да биде индивидуален производ, туку може да произлегува и од согласувањето со оние што се интересираат за проблемот и го иследуваат.

За Дјуи воспитувањето не е ништо друго туку непрекинато проширување и продлабочување на детското искуство. Растењето и развојот на детето Дјуи го гледа од аспектот на неговото прилагодување кон општеството: *„Воспитувањето, во најширока смисла, е средство со кое се остварува континуитетот на животот во заедницата. Секој член од општествената група, како во модерниот град, така и во дивото племе, се раѓа незрел, беспомошен, без знаење на јазик, без верување или општествени норми“.*[16] Затоа Дјуи смета дека централна фигура во воспитниот процес е детето. Неговите сили мора да се истакнат, неговите интереси да се остварат, неговите способности да се вежбаат.

Таквиот поглед врз улогата на детето Дјуи го споредува со револуцијата која ја извршил Коперник. Според Дјуи, денес детето треба да стане сонце околу кое ќе

[15] Види Кирил Темков: *Етика,* цит. дело, стр. 41.
[16] Dž. Djui: *Vaspitanje i demokratija.* Uvod u filozofiju vaspitanja, Obod, Cetinje, 1966, str. *6.*

кружат сите образовни средства и тоа во оној радиус кој го определува целиот круг на училишниот живот.

За хрватскиот и македонски филозоф Павао Вук-Павловиќ (1894-1976) педагошкиот ерос и педагошката практика се круцијални форми и принципи на хуманоста. Покрај тоа што се носители на опстанокот на човечката култура и цивилизација, тие претставуваат, исто така, незаменливи сегменти на формирањето на човечката иднина, како витален прицип, кој, имплементиран во образовната практика, овозможува да се пренесуваат етичките, естетските и културните вредности врз идните поколенија, а со тоа тие да се применуваат во човековиот живот.

Низ осмислувањето на вредностите и со неопходните знаења, младите личности се насочуваат кон изградба на една хумана иднина, се свртуваат кон себе самите, кон продлабочените сознанија на науката, кон филозофијата и етичките вредности, кон најдобрите искуства од традицијата. Така филозофската синопса кај Павао Вук-Павловиќ завршува со актуална имплементација на филозофијата во животот, посебно во етичката и во воспитно-образовната дејност.

Во рамките на истражувањето на педагошката проблематика, Вук-Павловиќ[17] во целина го експлицира својот поглед за специфичноста на фактичките релации во комплексноста на личниот и општествениот живот, што се надоврзува врз погледите на неговата филозофија на културата, истакнува Марија Брида.[18] *„Педагошката идеја со сјајот на своите зраци црта трага по која образовната дејност треба да си изгради постојана патека; вон од неа, оваа дејност ниту би била можна, ниту воопшто би можела да се замисли“.*[19]

Иднината не е замисла која се чека со скрстени раце со желба и надеж, туку она што го создаваме живеејќи и доживувајќи, а, според Вук-Павловиќ, тоа се согледува низ педагошката идеја и воспитната дејност. Иднината не е утрешниот ден, таа се „раѓа“, вели Вук-Павловиќ. Таа може да се роди само таму каде што постои стремеж за

[17] Види го магистерскиот труд на Драгор Заревски: *Филозофија на образованието на Павао - Вук -Павловиќ* (ментор д-р Кирил Темков), Постдипломски студии на Институтот за филозофија, Филозофски факултет, Скопје, 2001.
[18] Види Marija Brida: *Pavao Vuk-Pavlović - čovjek i delo,* Institut za filozofiju Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, str. 124.
[19] Pavao Vuk-Pavlović: *Ličnost i odgoj,* Tipografija, Zagreb, 1932, str. 29; *Filozofija odgoja,* Hrvatska sveučilišna naklada, Zagreb, 1996, str. 46.

вистинските вредности, а се исполнува само ако имаме вредност. Може да се каже дека станува збор за базична аксиолошка ситуација - за вредноста за имање вредност. Исто онака како што „вистината“ е предмет на спознајното вреднување, „доброто“ предмет на етичкото вреднување, „убавото“ предмет на естетското вреднување, „светоста“ предмет на религиозното вреднување, така, „иднината“ е предмет на педагошко-аксиолошкиот став и активност. Вук-Павловиќ истакнува: *„Кога човекот како духовно суштество тежнее кон иднината, кога посакува таа да се роди, тогаш мора да ја оплоди сегашноста, барајќи допир со тоа што стои надвор од минливиот временски тек и над него. Стремејќи се кон иднината, трајно мора да се стреми кон вредната сегашност, постојано мора да мисли на тоа, за сегашниот миг да не му избега неоплоден со вредност“.*[20]

Според Вук-Павловиќ, педагогијата е составен дел на филозофијата. *„На теоретската педагогија... ќе ѝ припадне значење на научно учење само доколку е филозофска“.*[21] Особено треба да се обрне внимание на хуманистичката и личната димензија на воспитувањето: *„Ако севкупното образование сака да претставува нешто друго, а не чисто подвргнување, проста неблагородна дресура или самоволна и можеби бездушна присилба - тоа суштествено зависи од тоа определениот поттик, што го дава воспитувачот, воспитаникот да го прегрне што поспонтано – за да може да го прифати како слободно суштество - и да го разработи ненасилно во длабочината на својата душевност и пред сѐ со нејзината сила“.*[22]

Значи, воспитувачот ја исполнил својата хуманистичко-педагошка задача ако воспитаникот потполно слободно во длабочината на својата душа ги спознае хуманистичките вредности, а при тоа е ослободен од стравот од казна и репресија како феномен на слободното и неприсилно формирање на индивидуално гледиште и индивидуален однос кон вредностите.

Само една сила на овој свет, според Вук-Павловиќ, може да го изврши ова, само силата на духовната љубов, која му дава живот на воспитниот однос и од која произлегува неговата полнота: *„Воспитувачот и воспитаникот мораат да се*

[20] Pavao Vuk-Pavlović: *Ličnost i odgoj,* op. cit., str. 29; *Filozofija odgoja,* op. cit., str. 46.
[21] Pavao Vuk-Pavlović: *Ličnost i odgoj,* op. cit., str. 44; *Filozofija odgoja,* op. cit., str. 57.
[22] Pavao Vuk-Pavlović: *Ličnost i odgoj,* op. cit., str. 55; *Filozofija odgoja,* op. cit., str. 66.

*сретнат во оваа љубов, таа да ги сплоти и во нејзиниот тек, во нејзиното продлабочување да ги најдат патот и смислата на образованието".*[23]

Овие филозофско-педагошки погледи беа основата на нашето претходно истражување на етичкиот лик на наставникот.[24] Тој аспект е значаен за етичкото образование.

Наставникот е личност која обавува многу суптилна и сложена активност, воспитување, изградување и оформување не само на младата личност, туку и на општетсвото, што е многу посложено отколку оформувањето на каков било сложен технолошки систем. *„Наставникот со сите свои карактерни особини, односи и работа бил предмет на проучување од разни аспекти (филозофски, педагошки, социолошки, психолошки, етички, методички) во разни општествени системи и на различни степени на општествено-економска развиеност".*[25]

Наставникот отсекогаш заземал, зазема и ќе зазема едно од најдоминантните и најприоритетни места во воспитно-образовниот процес и неговото влијание во формирањето на личноста на ученикот е незаменливо. Дури и во услови на највисока техничка опременост на училиштата, наставникот останува основен двигател на воспитно-образовниот процес, кој не може да се сведе на механичко-техничка дејност. *„Наставникот раководи со наставниот процес, затоа што пред општетсвото тој е одговорен за успехот во образованието и воспитувањето на своите ученици, но сепак во тоа настојување ги гледа и чувствува своите ученици, неговата работа е насочено кон доброто и среќата на учениците".*[26]

За педагошкиот процес во целина, а за етичкото образование посебно, комуницирањето меѓу луѓето е еден од најважните фактори. Главното средство во работата на наставникот е комуникацијата со неговите ученици. Наставникот постојано испраќа и прима пораки кои се исполнети со етичка содржина. Добрата комуникација се состои од следните три аспекти: вербална комуникација (говорење);

[23] Pavao Vuk-Pavlović: *Ličnost i odgoj,* op. cit., str. 57; *Filozofija odgoja,* op. cit., str. 67.
[24] Гордана Никчевска: *Етичкиот лик на наставникот,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002.
[25] Слободанка Ристевска: *Односот на наставникот кон личноста на ученикот*, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1998, стр. 49.
[26] Pedagogija II. Drugo izdanje, Matica Hrvatska, Zagreb, 1969, str. 487-488.

невербална комуникација (користење на говорот на телото) и писмена комуникација (пишување). Писмената комуникација е најупотребуваната форма на комуникација при пишувањето порака до учениците при прегледувањето на нивните трудови и за примање на добрите пораки. Сите овие компоненти на комуникацијата се поврзани со правилното говорење и застапување за доблесни содржини и со способноста за активно слушање. Тоа посочува на тимската работа во педагошкиот процес.

Тимската работа е основа на современото работење во светот, а од особена важност е исто така во воспитно-образовниот процес. Членовите на тимот, на групата, ќе се посветат кон остварување на целите само ако се идентификираат со нив и ако ги чувствуваат како сопствени. Во комуникација во тимот треба да постои отвореност и слобода во изразувањето, со што се создаваат и позитивно се насочуваат енергијата и креативноста.

Ако постои доверба, учениците можат отворено да разговараат за своите ставови и проблеми и да ја добијат потребната помош од наставниците за постигнување на поголема ефикасност. Само посветени на работата и соработката, учениците ќе бидат корисни за другите во класот и за групата во целост, а при тоа доаѓаат до израз сите нивни способности, интересирања, знаења и искуства. Тоа води кон срцевината на етичкото мислење и кон позитивен избор на етичките вредности кои ќе ги воведат младите. Значи квалитетот на образованието што наставникот им го дава на учениците зависи од неговите способности и вредности. Наставникот треба во сѐ да биде пример за учениците, што е основна поука во етиката воопшто. Продуктивното вложување во едукацијата го гради најскапоценото богатство на општеството – неговата учена, свесна и одговорна младина.

И кај нас се правени многу истражувања за смислата, содржината, методите и за ефикасноста на етичкото образование.[27]

---

[27] Види: Кирил Темков: *Етика.* Десет радио предавања, Епоха, Скопје, 1998.; Кирил Темков: *Етиката денес,* Епоха, Скопје, 1999.; Кирил Темков: *Етички речник за младите,* Даскал Камче, Кавадрци, 2001.; Кирил Темков: *Етика за младите,* (лекции од Експерименталната настава по Етика), Македонско Дело, Скопје, 1998-1999.; Кирил Темков: *Етика за II година гимназиско образование*, (изборен предмет), Просветно Дело, Скопје, 2004.; Кирил Темков: *Етика за III година гимназиско образование*, (изборен предмет), Просветно дело, Скопје, 2004.; Кирил Темков: *Како да се биде добар* – Етика за млади, Скопје, ОХО, 2008.; Јован Лозановски: *Етичко образование во средните училишта во Република Македонија,*

Етичкото образование веќе има традиција кај нас – во средното образование како изборна настава веќе 7 години, во високото образование исто така, а сега се подготвува да стане задолжително во основното образование. Наставникот ја остварува воспитно-образовната работа со примена на успешни методи и форми и наставни средства. Учествувајќи заедно во решавањето на работните задачи, наставниците се зближуваат со своите ученици и се создава добра работна атмосфера и дисциплина, при што се зголемуваат и интересирањето и концентрацијата во работењето. Но, важна е и содржната на етичкото образование. Станува збор за основните етички ставови и изведени вредности и норми. Тие се јадро на моралот и основен поттикнувач на етичкото образование и развој на младата личност.

Ние ги испитувавме содржините на етичкото образование кај нас – посебно во средното образование, каде имаме досега најголемо искуство, а возраста бара најголема посветеност кон развојот на етичката свест на младите. Дојдовме до значајни сознанија, кои ги изложуваме во оваа дисертација, за факторите на етичкото образование и развој на младите, суштината и видовите на етичкото образование според образовното ниво и за содржините во концепцијата и практиката на етичкото образование кај нас.

---

магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1999.; Јован Лозановски: *Формите на работа, методите и средствата на наставата по етика во средните училишта,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001.; Јован Лозановски: *Етиката и младите*, Китано, Скопје, 2006.; Гордана Никчевска: *Етичкиот лик на наставникот*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002.; Илинка Торбовска-Смилевска: *Етиката како наставен предмет во основните училишта*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002.; Љубица Топузоска: *Етичко образование во одделенската настава,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2004.; Љубица Топузоска: *Видови и методи на етичкото образование во одделенската настава,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2006.; Драгор Заревски: *Филозофија и етика на современото образование,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2005.; Бранка Минчева: *Универзална етика,* Макавеј, Скопје, 2009.; Бранка Минчева: *Етика на мирот,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2008.; Светлана Поп-Дучева: *Семејството и етичкото образование,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2008.; Каролина Трпчевска: *Спортот и Олимпизмот во Етичкото образование,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2008.

Педагошкиот контакт меѓу наставникот и ученикот може да се спореди со симбиозата во биолошкиот свет, поради тоа што наставникот и ученикот заедно работат и живеат, примаат и даваат и имаат корист и едниот и другиот. Во таа релација наставникот дава вистински сознанија, како човек им предава на учениците целосно со сите свои методски способности и со целиот свој темперамент. Ученикот од своја страна ги понудува подготвеноста за соработка, своето внимание, концентрација, разбирање, лично ангажирање, волја, темперамент, динамичност.

Многу големо етичко-воспитно значење во развојот на младата автономна личност има нејзиното почитување. Многу е важно ученикот да почувствува дека е достоен за почит, така наставникот ќе му помогне во градењето на самодовербата која се гради постојано, а особено во периодот на развојот на младата личност.

Кога разговараме за воспитувањето, секогаш е присутен ставот за тоа каков би требало да биде „вистинскиот човек", човекот онаков каков што посакуваме, да биде, да стане. *„Идеалот за „вистинскиот човек", содржан во поимот воспитување, како она кон што воспитувањето тежнее, во суштина е етичкиот идеал".*[28] Овој идеал во себе содржи сознанија за светот и се создава врз основа на сликата која ја имаме за тоа каков треба да биде човекот, што да знае, како да се однесува, кои да му бидат моралните идеи, должности и идеали. За тоа младите треба да учат – а оваа дисертација, се надеваме, покажува како се постигнува таа благородна цел, нашите млади, со соодветни позитивни содржини, да се подготвуваат за високите етички задачи на секој човек во современата епоха.

[28] Josip Marinković: *Ogledi iz filozofije odgoja*, Školske novine, Zagreb, 1987, str. 33.

# 1. ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ДУХОВНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ ЕТИЧКИТЕ СФАЌАЊА НА МЛАДАТА ЛИЧНОСТ

Човекот суштествено живее во заедница со други луѓе. Во општеството индивидуите, сплотени во различни пошироки и потесни заедници, ги задоволуваат своите економски, социјални, духовни, морални, творечки и други потреби. Човекот е суштество со многу потенцијали и реализатор на особени културни достигања. За таа цел, базично е значењето на неговото социјализирање и на градењето на свој поглед за светот и моралот.

Социјализацијата на личноста, нејзиното интегрирање во потесни и во пошироки заедници (семејство, друштво на истомисленици, работна средина, нацијата итн.), оформувањето на одговорен и доблесен индивидуум, кој ќе дава свој придонес кон изградбата на заедницата, се основна цел на општеството, педагошка задача и животна амбиција на самата личност. Обмислувањето на овој процес е еден од најзначајните етички и филозофски проблеми.

Воспитувањето и образованието значат создавање на личност. Тоа е потфат кој човека може да го воздигне во возвишено суштество. Создавањето на знаењата кај личноста и оформувањето на карактерот на личноста е суптилен, комплексен и долготраен процес, во кој делуваат многу фактори, од кои некои имаат позитивно, а некои негативно влијание врз нејзиниот развиток. Едукацијата принципиелно е насочена кон воздигнувањe на хуманите чувства и вредности во личноста. Затоа едукацијата е суштествена за развитокот на личноста и се случува во сите животни и социјални средини во кои престојува личноста и врз неа делуваат разни видови духовни и општествени форми и медиуми.

Моралното воспитување и Етичкото образование се сложени процеси, дело на повеќе силни фактори. Најважните фактори на Моралното воспитување и на Етичкото образование се семејството, училиштето, социјалната средина и духовните вредности и форми на епохата. Секој од овие фактори содржи повеќе видови и нијанси на моралното влијание и педагошкото дејствување.

## СЕМЕЈСТВО

Во процесот на етичката едукација првата и најзначајна компонента е семејството. „*Семејството, како што вели детската мисла, е цело во кое има* ***сè****: љубов, радост, хармонија, просперитет, успех, достоинство, среќа и благосостојба, но и навика, рутина, тага, болка, очај и разочарување. Самиот живот носи лепеза од настани и случувања – проблеми за чии релевантни решенија треба да се исполнат бројни задачи и обврски, за кои е потребна енормна енергија чиј извор е во љубовта*“.[29] Семејството е основна клетка на општествената заедница и темел на воспитниот процес, суштествен фактор во изградбата на младите кој ја дава основната димензија на целокупниот живот на индивидуата и на нејзините етички ставови.

### Семејството и личностите во него

За семејството може да се каже дека е *„една од најзначајните форми на здружување на луѓето. Иако тоа во историјата имало различни облици, семејството секогаш било прва социјална форма на човековата егзистенција. Човек се раѓа во семејството, израснува во него“.*[30]

[29] Светлана Поп-Дучева: *Семејството и етичкото образование,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2007, стр. 47.
[30] Светлана Пенева - Весна Бибоска: *Семејството - училиште на љубовта* (4), Нова Македонија, Скопје, 13 и 14 јануари 2001.

Семејството е прв, а во почетокот на животот на секој човек и единствен воспитно-морален фактор. Во семејството детето живее и се здобива со првите морални искуства и сознанија, тука изградува први навики на етично однесување и дејствување. Во семејството се корените на идната личност и на нејзиниот карактер, во семејството човекот за прв пат стапува во односи со други луѓе и со надворешниот свет, од кои многу имаат траен карактер, од семејството потекнуваат никулците на осознавањето на моралот кај личноста. *„Начинот на кој човекот за прв пат ќе доживее едно искуство игра многу значајна улога во секое подоцнежно доживување на искуствата од ист вид, а тоа секако важи и за моралното искуство“.*[31]

Родителите го одгледуваат детето и го насочуваат од најраната младост, ги искажуваат првите совети, ги поставуваат првите барања и забрани, ги даваат првите оценки на детското однесување, ги изрекуваат првите пофалби и казни. *„Како што математиката е база за природонаучното образование, така етиката е база за сите видови социјално, културно и морално образование: здравствено, еколошко, социјално, граѓанско, семејно, политичко, физичко, економско, за разните форми на културното образование и др.“.*[32]

И денес семејството продолжува да има исклучителна улога во подготвувањето на младата личност да се соочи со сите особености и опасности на современиот начин на живеење. *„Повторно завладеа моралната строгост во брачната врска (но сега од двете страни), никој детето не го пушта на улица без совет... Мораме да мислиме на тоа дека мораме да бидеме морални - инаку мав ни е работата, ќе нема уште долго живот на планетичкава.“*[33]

Покрај таткото и мајката, и останатите членови на семејството, дедото и бабата, постариот или помалечкиот брат или сестра, играат исто така многу важна улога во етичката едукација, во формирањето на ставовите и погледите на младата личност за меѓусебната комуникација и во осознавањето на моралните норми и нивното почитување. Во една постара значајна студија за моралните традиции пишува:

[31] Д-р Радомир Лукиќ: *Социологија морала,* Научна књига, Београд, 1976, стр. 430.
[32] Злата Николиќ – д-р Кирил Темков: *Етиката и љубовта,* Градинка „Раде Јовчевски-Корчагин“, Скопје, 2008, стр. 11.
[33] Д-р Кирил Темков: *Етиката денес*, Епоха, Скопје, 1999, стр. 33.

*„Таткото во патријархално семејство ужива највисок углед, покажува достоинство, носи одговорност и има заповедничка власт. Синот пред таткото и пред постарите не смее да пуши цигари, да биде несериозен, да се смее, да се протега и слично. Кон постраите, кога постои разлика околу 10 години, владее општо почитување.“*[34]

Во текот на целото натамошно растење и образување на личноста семејството останува значаен воспитен фактор, столб на моралните вредности, во кои веруваат неговите членови и ги вградуваат во личноста на детето. Тоа е координатор помеѓу барањата кои произлегуваат од целите и задачите на воспитниот процес и можностите на детето. Семејството претставува амортизер и коректор на негативните влијанија, поддржувач и мотиватор за прифаќање на позитивните влијанија од општествената средина, медиумите и духовните движења на епохата, со тоа непосредно градејќи морално здрава, емотивно стабилна, самосвесна, самостојна, социјализирана и амбициозна личност. *„Една од иманентните улоги на семејството, без оглед на тоа каде се наоѓа (во град, село, во развиено или во помалку развиено подрачје), е неговото учество во посредувањето и пренесувањето на моралните, општествените и другите вредности на општеството во кое живее личноста“*[36].

Тоа посредување, пренесување и усвојување на сознанијата својствени за семејството започнува од најраната возраст на детето, незабележително, постапно, почнувајќи од најситните, први малечки поуки, совети, барања и забрани, па сè до сериозните упатувања во различните области од животот. Во подолг временски период, во детството, а потоа во младоста, во една определена микро социјално-културна средина кај личноста се акумулираат и формираат одредени ставови, најнапред од родителите и семејството, а потоа и од пошироката заедница: соседите, роднините, училиштето, врсниците и општеството, според нивните норми и критериуми. *„Вредностите на единката и на семејството се проникнуваат. Добро семејство значи дека неговите единки се чувствуваат и слободни и здружени. Во доброто семејство личноста гледа на својот живот како на креативен факт.*

[34] Vera St. Erlich: *Jugoslavenska porodica u transformaciji,* Liber, Zagreb, 1971, str. 38.

[36] Bosiljka Đorđević: *Savremena porodica i njena vaspitna uloga,* Prosveta, Beograd, 1985, str. 57.

*Истовремено, семејството е основа за олицетворување на личната должност на секого да се ангажира за своето добро и за доброто на своите најблиски".*[37]

Со раѓањето на секој нов член во семејството, ова сè повеќе се отвора за релации кон надворешниот свет. Првото дете се социјализира во едно семејство кое природно е позатворено, повеќе е свртено кон себе, а со секое следно дете семејството станува сè поотворено, се шири и се отвораат нови кругови на движење и комуникација. На тој начин, комуникацијата која започнува во семејството излегува од семејството и се дополнува со влијанијата од другите надворешни фактори, за сите заедно да влијаат врз формирањето на стабилна, животно способна и доблесна личност. Од исклучителна важност за личноста се првите години на животот, најраните искуства со кои детето се здобива. Вообичаено е во нормални услови првите години од животот детето во најголем дел да ги поминува во семејството, па заради тоа и улогата на родителите е исклучително воспитно и етички значајна. Низ родителските поуки и забрани детето доаѓа во допир и, евентуално во судир со средината, така формирајќи го своето его и супер-его.

Во рамките на семејството постојат определени морални обврски, кон кои неговите членови се придржуваат, дури и во случаите кога во релациите надвор од семејството се однесуваат и поинаку. Свеста дека во своето семејство личностите се морални, поволно влијае и врз моралното однесување надвор од семејството, ја зајакнува општата морална дисциплина. Многу често член на семејството избегнува морални прекршоци, кои во некои ситуации можеби и би ги направил, токму заради стравот санкцијата од јавното мислење да не ги повреди моралната чест и угледот на семејството, да не им нанесе навреда и болка на нејзините членови, а најчесто, под влијание на семејството, и самиот усвојува некои особени морални норми. На пример, доколку во семејството владее неумерена љубов и нежност меѓу членовите, може да дојде до лесно простување на нивните морални прекршоци, до попуштање и дозволување и на она што пошироко е неморално, па со тоа да се придонесе за

[37] Светлана Пенева - Весна Бибоска: *Семејството - училиште на љубовта* (3), Нова Македонија, Скопје, 12 јануари 2001.

олабавување на моралната свест и до развој на морални слабаци или личности со неморално однесување.

Денес социјализацијата се сфаќа малку пошироко од порано, како двонасочен процес: - како влијание на родителите и останатите членови на семејството врз детето, но и како влијание на детето врз постарите. Заемната идентификација ги зближува децата и возрасните и придонесува за подобро меѓусебно разбирање и за надминување на спротивностите во сфаќањата и ставовите на младите и на возрасните.

Различните методи и техники во воспитувањето, начинот на истакнувањето и на пренесувањето на моралните норми кои важат за дадената средина, постигнуваат и различни резултати кај секоја личност одделно. Во патријархалните средини, каде што генерално се бара послушност, дисциплина, покорност, потчинување на волјата на постариот, се формира личност која е или авторитарна и ригидна или која лесно се потчинува. Додека, пак, хуманистичкото воспитување, кое подразбира покажување љубов, внимание, разбирање за потребите на другите, договор, создава поавтономно однесување кај детето, слобода во изразувањето, во искажувањето на своето мислење. Така со овие методи се формира послободна или етички покреативна личност.

Моралното воспитување на децата е сложена, одговорна и значајна задача и вештина, па затоа родителите имаат огромна одговорност при исполнувањето на оваа задача. Иако не постои дефинитивна формула за воспитување, сепак семејното воспитување претставува примарно воспитно делување. Родителите мораат квалитетно да се ангажираат во воспитувањето на нивните деца. Од првостепено значење е посветеноста на родителот кон воспитувањето на своето дете и за тоа е значаен и квантитетот на времето што родителот го минува со детето. Соодветното интересирање за детето, за неговите можности и достигнувања ќе овозможи оптимистичка и топла интеракција меѓу родителот и детето и поволен резултат врз етичката свест на младата личност.

## Семејството како значаен социјален и етички фактор

Семејството е прва социјална заедница, во која личноста се раѓа, се здобива со првите впечатоци и сознанија, израснува во зрела личност, во која, како прв сопствен социјален акт, планира изградба и на свое семејство. Семејството е прва морална средина и етичко училиште за личноста. *„Човекот не се раѓа како морално суштество, со морален инстинкт или нешто слично, иако, веројатно, има вродена диспозиција, способност да стане морално суштество, да создаде и усвои морал. Значи, човекот на моралот се учи, тој станува морално суштество со својот постапен развој од новороденче во човек“.*[38]

Затоа моралното воспитување во семејството зазема мошне значајно место: *„Со првото морално воспитување, кое му ги втиснува првите морални норми, човекот се здобива во семејството, тој во сетејството се вклучува во првите општествени процеси и односи во кои се појавува моралот како нивни регулатор, тука за прв пат трпи морална санкција за прекршување на моралната должност итн.“*[39]

Семејството е незаменлив воспитен фактор во социјализацијата на детето, во неговото оспособување да мисли, чувствува и дејствува во духот на заедницата која го опкружува и според нејзиниот морал. Односот кон другите луѓе, кон заедницата, свесната дисциплина, хуманизмот, другарството, пријателството, односот кон самиот себе и своите обврски - детето ги учи од најраните денови во семејството. Тука се ставаат и темелите на моралните својства на личноста и основните карактеристики на волјата и на карактерот на личноста.

Детето мора да има и одредени должности и работни обврски во семејството, кои соодвествуваат на неговите сили и можности. Тие ќе растат заедно со него и ќе се наголемуваат. Неопходно е детето од малечко да се научи да сака да работи, да го почитува трудот, затоа мора и самото да се здобие со најнеопходни работни навики. Во семејството тоа се сретнува со етиката на работењето и се здобива со трудољубивост, како една од основните црти на човечкиот карактер.

---

[38] Др Радомир Лукиħ: *Социологија морала*, цит. дело, стр. 429.

[39] Исто.

Семејството е исклучително погодно за реализација на задачите од моралното воспитување, како првата интимна и социјална заедница на која детето со раѓањето и припаѓа и во која се социјализира. „*Без љубов, емоции, човекот не може да се развие во морално суштество, а семејството, всушност, е онаа заедница што тоа му го овозможува... Семејството со својот однос кон човекот како кон целосна личност, со сите нејзини доблести и мани, кои добро ги познава, може најдобро да ја прилагоди апстрактната морална норма на конкретната личност и така да создаде најповолни услови за таа да ја почитува*“.[40] Искреноста, која ги карактеризира односите во семејството, им овозможува на возрасните членови во семејството точно да знаат каква е состојбата на моралната свест кај детето и да влијаат на најсоодветен начин врз неговиот развој за тоа да биде посакувано насочено.

Хуманизацијата на односите претпоставува рамноправност, пред сѐ во општеството, а се разбира и во семејството. Во рамките на хуманизацијата на односите посебно место има рамноправноста меѓу половите и еманципацијата на жените. Остварувањето на рамноправноста меѓу мажот и жената и хуманизацијата меѓу половите, во општеството и во семејството, е нешто што детето го здобива со своите први сознанија за животот токму тука, од родителите, проширувајќи ги и тие вредности и надополнувајќи ги во текот на своето образование и оспособување за живот и работа.[41]

Воспитувањето за рамноправни, хумани и етички односи е долг процес, кој во себе вклучува и уривање на некои несовремени односи и привилегии во семејството, што е императив на денешниот начин на живеење.

---

[40] Исто, стр. 430.

[41] Carol Alderman: *A Curriculum for The Development of Character*, EHV, England, 1996.

## Етичкото дејствување и моралното воспитување во семејството

Целта на Моралното воспитување е изградба на личноста: *„Моралното воспитување означува процес на морално обликување на личноста, процес на формирање на единката во општествена личност, во сообразност со прифатените морално-етички ставови“.*[42]

Етичкото дејствување и моралното воспитување во семејството треба да имаат своја определена содржина и цели: *„Содржината, според тоа и целта на Моралното воспитување, ја определуваат моралните норми што владеат или што допрва настануваат во општеството“.*[43]

Делувајќи единствено, заедно со сите останати воспитни фактори, семејството треба да го даде својот значаен влог во воспитувањето на личноста, да ја оспособи за живот, работа и морално дејствување. До која мера семејството ќе може да ја реализира оваа своја цел и задачи ќе зависи првенствено од тоа колку тоа е вистинска семејна заедница, што зависи од неколку претпоставки:

- Позитивните човечки квалитети на родителите и нивниот авторитет - многу е важно каков однос родителите имаат кон реалноста, кон другите луѓе, кон работата, кон моралот и сл.;
- Здравите хумани односи, меѓусебна љубов, разбирање и почитување меѓу членовите на семејството;
- Неопходниот минимум на педагошка култура на родителите, правилно сфаќање на улогата на воспитувачи и на задачите на воспитувањето од страна на родителите. Родителите како воспитувачи мораат да имаат основни и најнеопходни знаења за целите и задачите на воспитувањето, како и за условите, патиштата и средствата со кои овие можат да ги остварат. Важно е секогаш да имаат на ум дека имаат морална одговорност, пред себе и пред пошироката заедница, за воспитувањето на своите деца и дека должноста на воспитувачи на своите деца е една од најважните и

[42] Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj,* Liber, Zagreb, 1974, str. 19.
[43] *Moralni odgoj, in*: *Pedagogija,* II tom, red. Ljubomir Krneta, Nikola Potkonjak i dr., Matica Hrvatska, Zagreb, 1969, str. 375.

најодговорни задачи, а дека воспитувањето со личен пример е најсоодветно за постигнување успех во воспитувањето;

- Познавањето на психо-физичкиот развој на детето и на неговите потреби и на нивното задоволување;

- Поволните материјални и здравствено-хигиенски услови - семејството би требало да поседува здрав стан, да има здрава исхрана, да ја одржува личната хигиена и хигиена во станот како основни претпоставки за нормален живот и развој;

- Поволните услови за културен живот на семејството - исто така се условени од културното и етичко ниво на родителите, како и од средствата за подигање на културата во семејството: весници, книги, радио, тв, посета на театар, кина, концерти итн., комуникација со пријателите и со други луѓе, активно занимавање со спорт и сл.

Доколку сите овие услови се поволни, дотолку се поголеми можностите за реализација на воспитните задачи во семејството.

Моралот во современото семејството денес, како и во минатото, функционира *„како низа од вредности, норми, настроенија и определби кои го инспирираат човековото однесување“.*[44] За да функционира семејството во духот на доброто однесување нужно е денес членовите на семејството да ги почитуваат следните морални вредности: Добра волја, Мир, Разбирање, Желба за етичко однесување, Ненасилство, Толеранција, Помош, Емпатија, Почит, Лојалност, Искреност, Неповредување, Љубов итн. Ова се вредностите на универзалниот морал на денешницата, со кои младата личност треба да се сретне и да почне да ги почитува и прифаќа уште во своето семејство.

[44] Кирил Темков: *Етика* за III година гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2004, стр. 148.

## Семејството и образовните институции

Семејството е примарна воспитна единица, а училишните институции се организации кои дополнително помагаат во извршувањето на образовно-воспитните функции. На пример, предучилишната институција е, всушност, првата позначајна надворешна општествена средина во која детето почнува да се движи и престојува надвор од семејството, во еден непознат свет, како еднакво меѓу еднаквите, под еднакви услови како и сите други деца. *„Кон него веќе не се покажува семејната нежност, љубов и внимание, не се демне како над скапоценост – тоа е изложено на сурово објективно проценување и рамнодушно и утилитарно однесување на своите другари во играта и во забавата“.*[45]

Во градинката за прв пат детето се наоѓа пред големи искушенија, во борба за заштита на сопствените интереси или за престиж и превласт, му се поставуваат барања, кои ја испробуваат неговата издржливост и постојаност. Детето е изложено на построги морални барања и од него се бара почитување на еден поширок социјален поредок, во кој постои и цврста хиерархија и судири, а не само еднаквост и љубов како во семејството. Детето се учи на нови морални норми, едновремено станувајќи самостоен субјект, вон од родителски закрилја, без директна заштита, со сопствена слобода и одговорност. Но, *„општествената грижа за децата и поопштествувањето на семејните функции никако не значи ослободување на семејството од неговите битни општествени и други обврски, ниту нивно преземање од страна на општеството, туку подразбира соодветна распределба на должноста меѓу семејството и општествените институции“.*[46]

Воспитно-образовните институции кои ги згрижуваат децата од предучилишна возраст се јаслите и градинките. Помошта во нив се дозира според потребата на семејството и на воспитувањето и образованието на детето. Затоа е многу важна соработката меѓу предучилишните институции и родителите, како: неформални индивидуални разговори на воспитувачите и родителите; групни родителски средби;

[45] *Moralni odgoj, in*: *Pedagogija,* II tom, red. Ljubomir Krneta, Nikola Potkonjak i dr., Matica Hrvatska, Zagreb, 1969, str. 375.
[46] Bosiljka Đorđević: *Savremena porodica i njena vaspitna uloga*, op. cit., str. 115.

приредби и прослави; учество на родителите во уредувањето на просториите итн., чија цел е што поуспешна грижа за децата и едукација на младата личност.

Врз еден пример ќе укажеме на содржината на современото морално заедничко дејствување на воспитно-образовната институција и родителите. Детската Градинка „Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје, во која во учебната 2003/2005 година се спроведе експеримент Етичко образование на најмладите,[47] има изготвено етички кодекс на однесување на вработените, децата и родителите, кој е поставен на видно место на влезот во градинката. Во кодексот јасно и прецизно се набележани целите, обврските, должностите и правата на сите субјекти во воспитно -образовниот процес.

## *ЕТИЧКИ КОДЕКС*

Првата цел на Детската градинка „РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ - КОРЧАГИН " е -воспитување, образование и згрижување на децата од предучилишна возраст.

**Вработени**

- Вработените се должни на своето работно место да изгледаат уредно, исчешлани, облечени во униформи согласно со работното место на вработениот;
- Вработените во Градинката се должни да ги заштитуваат и промовираат интересите на Градинката, во секое време, на секое место, на начин на кој би ги заштитувале и промовирале интересите на сопствениот дом;
- Веднаш по доаѓањето секој вработен се упатува во својата занимална.

*Професионалниот лик на вработените* - Вработените се должни:

- Да имаат современа општоетичка и општокултурна изграденост и педагошки усет;
- Да ги почитуваат законските одредби и одлуките на органите во Градинката и пошироко;
- Секогаш и секаде да внимаваат на својот јазик, кој треба да е литературен, јасен, достапен и достоинствен;
- Да имаат одговорен однос кон средствата и условите во кои или со кои ја реализираат својата дејност;
- Вработениот треба да биде личност во која може да се има доверба, да биде непосредна, авторитативна, колегијална, тактична, хумана и да има разбирање за другите личности, личност која во Градинката и во пошироката средина има углед како работник и човек;
- Постојано да работат на своето стручно-педагошко усовршување, преку користење стручна литература, посета и активно учество на семинари, размена на искуства со колеги и др.;
- Активно да учествуваат во тимската работа;
- Да иницираат и да се залагаат за развојни и други проучувања и проекти во Градинката и надвор од неа.

[47] Што е претставено во книгата Злата Николиќ - д-р Кирил Темков: *Етиката и љубовта,* Прирачник за воспитувачи и родители, цит. дело.

*Воститувачот/негователот и детето*

- Ја почитува личноста на секое дете;
- Избегнува стил на комуницирање со децата и појави недолични за професијата воспитувач/негoвател;
- Верува во успехот на секое дете и е должен тоа да му го покаже на секое дете;
- Доследен е во своето однесување со децата;
- Не смее да ги омаловажува и навредува децата;
- Кон децата не смее да појавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност, депресивност, некомуникативност, болна самоувереност, ослабени позитивни механизми на однесување и слично;
- Никогаш не го казнува детето телесно, не го малтретира психички и не се служи со заплашувања, уцени, закани и други форми на негативно однесување.

**Дете**

Во воспитно образовниот процес детето треба:

- Да ги познава своите права, но и обврски, и да ја согледува потребата од почитување на кодексот на однесување во Детската градинка, кој помага за развивањето на високоморална личност;
- Да се запознае со основните човекови вредности: ЉУБОВ; МИР; ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ; ВИСТИНА И НЕНАСИЛСТВО, да научи да ги применува во секојдневието;
- Да има културен однос кон другите, правилен начин на поздравување, правилно држење на телото, правилен говор, чисто и уредно облекување, скромно однесување, избегнување на непријатни зборови и др;
- Да ја согледа сопствената улога што ја има во Градинката и за која преку воспитно-образовните активности ќе се подготвува за вклучување во поширокata средина;
- Да научи да биде позитивен пример за другите деца во градинката.

**Родители**

- Родителот е должен да ги познава своите права, но и обврски, и да ја согледува потребата за почитување на кодексот на однесување на Детската градинка, кој помага во развивањето на високоморална личност;
- Да го најави доаѓањето на детето, со звонење на домофонот во соодветната воспитна група;
- Детето да го предаде на воспитувачот или негователката од групата;
- Во шкафчето на детето да има резервна облека за пресоблекување;
- Да му се обраќа на воспитниот тим во Градинката со Вие;
- Редовно да ги плаќа уплатниците за престојот на детето во Градинката;
- Да дава навремена и правилна информација која е значајна за правилен раст, напредок и развој на детето во Градинката;
- Навремено да ги најави промената на телефонскиот број и адресата на живеење;
- Активно да учествува во соработката со воспитниот тим на Градинката;
- Отпишувањето на детето од Градинка да го најави еден месец порано.

Во предучилишните организации, целта на посебните планови и програми, во зависност од возраста на децата, е да се поттикне развојот на интелектуалните функции кај децата и нивно воведување во моралната сфера на воспитување на чувствата, на меѓусебните односи со врсниците и со постарите и на елементарната пристојност и на основните обврски.[48]

Современиот начин на живеење и денешните образовни текови налагаат детето да минува многу време на училиште. Во основното и во средното образование секоја млада личност учи 12-13 години, од стапувањето во училиштето до полнолетството. Денес когнитивното влијание на училиштето врз учениците, за разлика од порано, не е единствено, бидејќи училиштето повеќе не е основен извор на сознанијата, туку еден од многуте, покрај медиумите, литературата, разните видови специјализирани курсеви и активности, музеите и сл. Но, сепак, училиштето сè уште е единствена институција која организирано, систематски и во текот на еден единствен, осмислен, сериозен, респектабилен и долгорочен процес ги подучува младите, го следи и проценува степенот на нивните постигања во разни области, при што нив и ги воспитува, односно најдиректно учествува во формирањето на личноста на младите и во изградбата на основите на нивниот морал и животна етика.

Се очекува училиштето да биде подеднакво интересно, според некои автори, како новите медиуми (телевизијата, на пример). Но на медиумите им е полесно да бидат атрактивни, бидејќи не се задолжителни и слободно ја менуваат програмата, а од училиштето се очекуваат прецизни резултати, кои треба да се реализираат и вградат во млада личност. Покрај сите околности и потешкотии, училиштето претставува силен и долгорочен образовно-воспитен и етички фактор, веднаш по семејството, на социјализацијата на децата и младите. Затоа од голема важност е соработката меѓу семејството и училиштето.[49]

Воспитните сили и можности на семејството не се повеќе доволни и во современите животни околности не можат да ги задоволат големите едукативни

---

[48] Nikola Petrov: *Uticaj predškolskog vaspitanja i obrazovanja na uspeh u osnovnoj školi,* in Vaspitanje i nega predškolskog deteta u jugoslovenskom društvu, Beograd, 1979, str. 445-447.

[49] За целиот систем на оваа соработка види во книгата Dr Petar Mandić: *Saradnja porodice i škole*, Sarajevo, 1975.

потреби на современиот човек.[50] Денешниот начин на живеење, во услови на презафатеност на родителите, со нивните работни обврски и лични амбиции за напредување во работата, налага дел од обврската за воспитувањето да ја преземе училиштето.[51]

За да се обезбедат поволни услови за хуманизација на личноста, за да се следи работата и развојот на ученикот, за да се следат резултатите од неговото напредување, двата најважни воспитни фактори, семејството и училиштето, мораат заеднички да се залагаат за што поуспешна соработка. Меѓу другото, тие треба да даруваат љубов во големи количини, постојано да се свесни дека во љубовта етиката ја наоѓа својата најголема инспирација, а со една единствена основна цел: воспитно да влијаат врз личноста во процесот на нејзиниот развој, за младиот човек да стане доблесна и за живот способна личност. *„Љубовта и етиката проговараат заедно со гласот на највисокото единство, во кое љубовната чистота се сплотува со моралната чесност, од личноста правејќи достоен граѓанин на своето општество и на светот, кој живее исполнет со оправданоста на своето постоење и со надеж дека сиот свет ќе го следи неговиот пример".*[52]

## Семејството и иднината

Во Антиката филозофите истакнувале дека семејството е значајна форма на организирана заедница на секое општество. За големиот Аристотел, оној што смета дека може да живее сам е или звер или Бог, а бидејќи човекот не е ниту звер ниту Бог, тој нужно живее во заедница со другите луѓе, кои му се блиски и со кои ги споделува задачите и вредностите.

Историските, социјалните и културните настани и процеси имаат силно влијание и врз неизбежните промени во семејството. Тие влијанија се одразуваат врз

[50] Види кај Dr Milica Bergant: *Promene porodice i problemi porodičnog vaspitanja*, Beograd, 1973.
[51] Dr Branko Rakić: *Osnova vaspitnog rada,* Sarajevo, 1974.
[52] Светлана Пенева - Весна Бибоска: *Семејството - училиште на љубовта* (11), Нова Македонија, Скопје, 22 јануари 2001.

менувањето на внатрешната структура на семејството, врз позицијата и сфаќањата на членовите на семејството, врз релациите и комуникацијата меѓу нив, врз начинот на живеење и воспитување на децата, а исто така и врз вредносниот систем од морални норми прифатени во семејството. Оттука започнуваат реалните сложени процеси на менување на менување на сиот вредносен систем во општеството. Семејството е *„прва биолошка и социјална заедница, основа за сите други општествени поврзувања на луѓето, базична економска точка на човечката егзистенција, основа од која секој тргнува кон образование и во работа.“*[53] Како основна клетка на општеството, семејството има специфики кои се заеднички за сите луѓе, без оглед на нивната класа, раса или вера, општествена моќ и влијание. Тоа се изразува и во етичкиот развој на човештвото.

Според степенот на развојот на нашето општество денес, *„семејството се наоѓа во таканаречената модерна форма. Модернизмот е концепција на социјален прогрес кој со себе ги носи вредностите на универзалност, хиерархија, законитост, селекција, ред и поредок и во чии рамки треба да се перципираат и карактеристиките на модерното семејство“.*[54]

Пред науката, пред филозофите и етичарите, социолозите и психолозите, историчарите и политичарите се поставуваат многу проблеми и прашања за концепцијата и организацијата на вредносниот систем на семејството на иднината. *„Ако структурата на семејството во текот на историјата не се променила драстично, тогаш кои се тие длабоки историски промени во семејството во последните 300 години?... Дали функциите на денешното модерно семејство се идентични со соодветните функции на семејстото во минатото? Или, дали губењето на различните функции, во комбинација со намалениот број на членовите на семејството, има влијание врз квалитетот на односите во семејството?“*[55]

Денес многу често се укажува дека е неопходно во светот да завладеат љубовта и позитивната енергија, за тие да станат негов двигател. Позитивните мисли и позитивното однесување не се само движечка сила на човечката цивилизација, туку се

---

[53] Кирил Темков: *Етика*, за III година гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2004, стр. 226.
[54] Светлана Поп-Дучева: *Семејството и етичкото образование,* цитирано дело, стр. 55.
[55] Milić Anđelka: *Rađanje moderne porodice,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1988, str. 54.

и основа за културата, мирот, за меѓусебното разбирање и солидарноста меѓу луѓето, кои ги водат нив кон едно посреќно и благопријатно живеење. Тоа се и содржините кои ги согледуваме во етичките визии за иднината и ги вградуваме во етичкото образование на младите, за да станат основни морални цели и норми во нивното живеење.

## УЧИЛИШТЕТО И НАСТАВНИКОТ

Училиштето како институција ги промовира генералните морални норми на општеството. Преку наставните планови и програми училиштето организирано дејствува врз развивањето на знаењата и на позитивните морални особини на ученикот, односно на неговата личност и карактер.

Денес во задачите на училиштето спаѓа и Етичкото образование, како пат за изградба на етички знаења и свест за современите морални предизвици и етички цели на современото општество. Покрај самото училиште како институција, за моралниот развиток на ученикот, за неговото израснување во зела автономна личност, битна е и улогата на наставникот.

Наставата е воспитно-образовен процес. Секоја наставна активност и содржина, покрај образовните, имаат и свои воспитни цели. Во наставниот процес се изградува поглед за светот, но и односот на ученикот кон светот и животот. Наставникот во директна комуникација со учениците влијае секоја млада единка да се изгради во свесна, зрела, сериозна и одговорна личност.

Затоа секоја настава мора да му обрне особено внимание и на моралното воспитување, а сега посебна задача на едукацијата е и етичкото образование. Содржината и целите на воспитните програми зависат од конкретните услови, насоки, цели и задачи на секоја заедница и на секое училиште. За сите училишта заеднички се општите етички и педагошки ставови. Програмата на воспитувањето служи како ориентација за наставникот, класниот раководител, класниот и наставничкиот совет,

училишниот педагог и за директорот на училиштето за остварување на воспитната функција на училиштето, која се реализира низ наставата, слободните активности и културната дејност на училиштето.

Некои од животните и етички цели кои училиштето си ги поставува за морална изградба на учениците се:

- Да постигнат успех според наставниот план и воспитно-образовните програми, чија цел е духовен, морален, ментален и физички развој на младите;
- Да стекнат знаења, разбирања и вештини кои ќе бидат релевантни во нивниот натамошен живот и работата, и тоа во овој свет кој толку бргу се менува;
- Да развијат позитивни етички, работни и културни вредности и да го почитуваат правото на другите на свои лични, религиозни и морални вредности;
- Да ја развијат љубопитноста за сознајните, етичките, социјалните и културните проблеми, да поставуваат прашања и да се научат да дискутираат и да водат дијалог, за да ги развијат своите потенцијали;
- Да се грижат за другите луѓе и за своето опкружување;
- Да се охрабруваат да бидат конструктивни членови на општеството, да знаат да ги ценат диверзитетот и поврзаноста на индивидуите, групите и народите.

### Улогата на наставникот во моралниот развој на ученикот

Основен фактор на воспитно-образовниот процес во училиштето е наставникот-како воспитувач. Од неговите способности, неговиот однос кон работата, неговите заложби, од неговиот морален лик и карактер зависат речиси сите резултати во педагошката работа, па и успехот во моралното формирање на учениците кои му се доверени да ги образува и воспитува. Според Дистервег, „*без цврстина, енергија и сила на карактерот не може да се биде добар наставник, затоа што само со таа сила може да се влијае врз учениците. За училиштето наставникот е исто што и*

*сонцето за вселената и секаде каде што назадува училиштето вината е во наставниците, а каде што напредува единствената заслуга е кај наставниците“.*[56]

Со ова се истакнува дека работата на наставникот мора да биде примерна. Наставникот мора да е образец за ученост, организираност, точност, совесност и висока етичност.

Во 1996 година во Училиштето за средно образование „Орце Николов“ Скопје е изготвен кодекс за однесување на наставниците, кој во целост го приложуваме како образец на педагошкото размислување за нужната ориентација и исполнителност во воспитно-образовниот процес, односно како пример за етичките содржини кои зависат од ставот и дејноста на наставникот.

Тоа е програмата која од хетерономни ги изградува младите во автономни личности, способни и готови да постапуваат одговорно и доблесно да ги водат својот живот и свет.

Пред сѐ наставникот создава училишна клима во која секој ученик и вработен се чувствува сигурно, почитувано и пријатно.

ЕТИЧКИ КОДЕКС

На УСО „Орце Николов“ во Скопје

I – Воведна одредба

Определувајќи се за професијата просветен работник наставникот се обврзува:

- Својата професија да ја извршува совесно, одговорно и хумано;
- Воспитанието и образованието на учениците да му претставуваат највисок императив во неговото професионално однесување;
- Со сите сили да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник и при вршење на своите дожности да не прави никакви разлики поради пол, националност, раса, возраст, сексуална наклонетост и општествено-економска положба;
- На своите ученици, нивните родители и на колегите да им го изразува должното почитување.

[56] Цитирано кај Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, op. cit., str. 235.

II – Наставникот и општеството

1. Со воспитно-образовниот процес младата генерација се вклопува во актуелната цивилизација преку усвојување на научни сознанија и аксиолошки ставови врз кои се темели современото општество.

1. Наставникот е јавна личност и носител на воспитно-образовниот процес.
2. Како носител на важна и одговорна општествена функција, наставникот е должен низ целиот свој работен век да се залага и да се бори за епистемолошки квалитетен и хумано насочен образовен систем.
3. Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за достоинството на професијата просветен работник, бидејќи само достоинствени личности можат кај своите ученици низ процесот на едукацијата да развиваат почит кон мудроста и стремеж кон доблесноста.
4. Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално функционирање, што е прв услов за квалитетно организирање на едукативниот процес.
5. Наставникот има право и должност да се залага и да се бори за соодветен материјален надомест за својата работа, што ќе му овозможи достоинствено да живее од својата професија и да се посвети целосно на квалитетно, стручно и одговорно извршување на своите работни задачи.

III – Наставникот и струката

1. Секој наставник е стручен за определена област и застапник на определена наука во училиштето и во поширокота општествена заедница.
2. Наставникот треба постојано да се залага за општествена афирмација на својот предмет, а тоа ќе го постигне преку:
- Развивање чувство на радост од новите сознанија кај учениците;
- Предизвикување почит кон предметот кај колегите;
- Разбудување љубопитност за проблемите што ги поставува неговиот предмет кај граѓаните од поширокота општествена јавност.
3. Како стручна и јавна личност, наставникот може и треба да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето преку учество во јавни трибини, пишување статии, стручни трудови, книги и слично.
4. Наставникот треба да е свесен дека, како стручњак и просветител, директно е одговорен за создавање на интелектуален потенцијал и етичка ориентација на граѓаните и севкупниот свој професионален ангажман да го мобилизира во таа насока.

IV – Наставникот и часот

1. Наставникот е должен да го започне часот на време.
2. Часот треба редовно да биде евидентиран, како и отсутните ученици.
3. Часот треба да биде максимално заштитен од соопштенија, разговори кои не се во врска со планираната задача и од посети кои би го оневозможувале планираниот тек на времето.
4. Времето на академското учење мора да биде максимално долго.

5. Секој час треба да биде добро испланиран и тоа така што да овозможува максимален ангажман на сите ученици и постигнување на максимум од зацртаната цел до крајот на часот.
6. Часот треба да се изведува според современата наставна технологија, при што ќе се користат нагледни средства со кои ќе се олеснува учењето.

V - Професионалниот лик на наставникот

1. Наставникот треба да биде компетентен за работата што ја извршува.
2. Наставникот е должен да ги почитува законските одредби.
3. Наставникот секогаш и секаде внимава на својот јазик кој треба да е литературен, јасен, достапен и достоинствен.
4. Наставникот секогаш треба да служи за пример со својот изглед и однесување:
- Тој секогаш внимава на својот морален лик;
- Не смее својата работа во образовната дејност да ја користи за лични цели или да ја злоупотреби;
- Не се изложува на јавноста под дејство на алкохол, дрога или во афективна состојба;
- Се однесува според правилата на интелигентното однесување;
- Гради авторитет и е личност во која може да се има доверба.
5. Секој наставник е должен професионално да се усовршува преку читање стручна литература, посета на семинари, размена на искуства со колеги и др.

VI – Наставникот и ученикот

1. Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик.
2. Наставникот е обврзан професионално и чесно да се однесува кон секој ученик без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата, општествено-економската положба.
3. Наставникот верува дека секој ученик може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи.
4. Наставникот не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш ја поттикнува и негува самостојноста и критичката мисла на ученикот.
5. Наставикот го учи ученикот да учи.
6. Наставникот го оценува само знаењето на ученикот и реално го оценува секој одговор на ученикот, без оглед на претходните оценки.
7. Наставникот бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно го следи и вреднува.
8. Наставникот никогаш не го казнува ученикот телесно и не го малтретира психички.
9. Секој наставник избира /вonнаставна/ активност во која се смета најинвентивен и преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развијат своите таленти.
10. Наставникот е должен редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладувањето на наставната материја.
11. Секој наставник бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано

однесување и на секој вид девијантно однесување во класот или надвор од него веднаш реагира со коректно укажување.

12. Наставникот е должен да го сослуша секој ученик кој ќе му се обрати за помош за решавање на лични проблеми, да му помогне или да го упати на стручна помош во или надвор од училиштето.

## VII – Наставникот и родителот

1. Наставникот е во постојана комуникација со родителот и должен е:
- Навремено да го повикува;
- Навремено да го известува;
- Да ги почитува неговите аргументи;
- Да бара негова соработка и ангажман во решавање на проблемите;
- Да му ја кажува вистината;
- Да го упатува на помош од компетентни лица кога тој не е во состојба да помогне.

## VIII – Односот меѓу наставниците

1. Наставникот е должен да го почитува секој свој колега, а меѓусебната соработка се темели врз другарство, искреност, отвореност, разменување и пренесување на искуствата.
2. Наставникот е должен да ги цени и почитува стручноста и достоинството на секој наставник во комуникација со учениците, родителите и другите лица.
3. Наставникот е должен да биде максимално ангажиран во работата на стручниот актив на кој припаѓа.
4. Наставникот е должен да биде активен член на наставничкиот совет и со тоа да помага во реализацијата на политиката на училиштето.
5. Наставникот е должен да ги почитува и да се однесува според одлуките на наставничкиот совет.
6. Наставникот треба да се однесува кон колегите како што тој сака тие да се однесуваат кон него; односот на почитување обезбедува услови за креативност и конструктивна работа.

## IX – Наставникот и училиштето

1. Наставникот е должен да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот во кој држи настава.
2. Наставникот треба да прифати дека, додека се наоѓа во училиштето, тој е на должност, цело време и насекаде.[57]

[57] Кодекс за однесување на наставниците, У.С.О „Орце Николов“ Скопје, Скопје, 1996.

Целта на воспитувањето и на моралното воспитување, а и на етичкото образование посебно, е младата личност да се подготви успешно за позитивни социјални односи, за одговорно живеење и креативно дејствување во заедницата. Оттаму, *„морално е секое воспитување кое развива способност успешно да се учествува во општествениот живо.... Подготвеноста да се научи нешто од секој допир со животот претставува суштински етички интерес“.*[58]

Овие задачи се постигнуваат само со постојаност на етичките цели и со долготрајно и вредно педагошко дејствување. Зашто, пречките на патот на моралниот развој се големи и доаѓаат од разни страни: *„Додека ние во училиштето трудот на човекот го возвишуваме на пиедестал, додека ја прокламираме нормата дека човекот треба да живее само од резултатите на својот труд, истовремено сме преплавени со лото, лотарија, кладилници, квизови и наградни натпревари, кои во светот на младите внесуваат пореметувања и формираат спротивни и за нас неприфатливи морални ставови“.*[59]

Етичното однесување значи, пред сè, пристојно однесување. А *„пристојното однесување се стекнува, како што велиме, со добро воспитување, или, поточно, тоа и е доброто воспитување; а воспитувањето се стекнува по пат на секојдневното дејствување како одговор на секојдневните поттикнувања, а не по пат на пренесување на известувања. Покрај постојаната игра на свесно исправање и подучување, атмосферата и духот се во крајна линија основни двигатели за формирањето на однесувањето“.*[60] Поттикнувањето и развивање кај учениците добродетели како што се трудољубивоста, точноста, прецизноста, другарството, чесноста, креативноста итн. се најзначајна задача на воспитувањето. Тоа се, всушност, добродетели кои се изложени на јавна проценка и оценување во училиштето. Токму во училиштето, во своето животно доба и во својата воспитно-образовна институција, младите луѓе го пронаоѓаат своето место под сонцето, стануваат полнолетни, се градат

---

[58] Džon Djui: *Vaspitanje i demokratija.* Uvod u filozofiju vaspitanja, Obod, Cetinje, 1966, str. 249.

[59] Dr Pero Šimleša: *Uzroci krize odgojne funkcije škole*, Pedagoški rad, Časopis za pedagoška i prosvjetna pitanja, br. 3-4, Zagreb, 1974, str. 113.

[60] Džon Djui: *Vaspitanje i demokratija.* Uvod u filozofiju vaspitanja, op. cit., str. 17.

како личности, стекнуваат трајни човечки белези и се здобиваат со најзначајни и највредни пријателства кои опстануваат најдолго во животот.

## Училиштето и иднината

Заедно со вкупните промени во општеството и во работењето, и училиштата и училишната дејност се менува.

Гимназијата „Орце Николов“ во Скопје неодамна стана член на европското семејство на „училишта на иднината“ (“Future Schools”). Принципите се педагошки мошне интересни. Примарна цел на училиштето како воспитно-образовна институција е на ученикот да му овозможи услови за стекнување на знаења, умеења и вештини од различни области. Училиштето има задача да креира безбедна училишна средина, која треба да биде сообразна со наставниот процес. Исто така е нужно да се ревидираат и усогласат правилата за однесување на трите клучни субјекти во училиштето - ученикот, наставникот и родителот.[61] Како рамноправни партнери во образовниот процес, треба да бидат и заеднички креатори на правилата за однесување, кои безусловно ќе ги обврзуваат сите да ги почитуваат. Содржините се етички во својата суштина.

Во училишниот двор и училишната зграда (холот, тоалетите, бифето) ученикот треба совесно и одговорно да се однесува кон училишниот имот и материјалните добра; достоинствено и пристојно да се однесува кон другите ученици и персоналот на училиштето; да се грижи за личната хигиена на училиштето и отпадоците да ги фрла на определено место; да се движи по изградените патеки и да се грижи за зеленилото во училишниот двор; да не консумира и не поседува алкохол, цигари и други наркотични средства; навреме да доаѓа на училиште; да не поседува предмети кои

[61] За проектот кој го работат психолошко-педагошката служба и учениците од Гимназијата „Орце Николов“ види на веб страната на гимназијата: www.orcenikolov.edu.mk
Во рамките на овој проект изготвен е прашалник, дадено е упатство за пополнување на прашалникот и учениците родителите и наставниците имаат можност со гласање да учествуваат во изготвувањето на правилникот, со предлози, сугестии и мислења кои одат во насока на неговото подобрување.

можат да ја загрозат личната безбедност и безбедноста на другите лица; да носи училишна униформа и пристојна облека со која не се изделува од другите соученици.

Во училницата ученикот треба да влегува навреме, според звукот на ѕвончето; одговорно се однесува кон инвентарот во училницата (клупи, столчиња итн.) и ѕидовите; не внесува храна и пијалаци во училницата; носи потребен прибор и материјали за целосна подготвеност на часот; не влегува и не го напушта часот без дозвола на наставникот; не вклучува и не користи мобилен телефон или уреди со слична технологија; за време на писмените работи, тестовите и испитите се однесува коректно и чесно; ја почитува личноста на наставникот и на другите соученици; креира пријатна атмосфера со своето однесување и појава; седи на местото предвидено за него (реден број или според друг редослед); користи компјутер само со дозвола на наставникот и по завршувањето на работата го исклучува; се грижи за исправноста на опремата и сите проблеми ги пријавува кај наставникот; користи Интернет само за потребите на наставата и со дозвола на наставникот.

Во спортската сала, на спортските терени и во соблекувалната ученикот треба да носи спортска облека (дрес, тренерки, патики и друго) назначена од наставникот; се соблекува и облекува во соблекувална и таму ги остава нештата за време на тој час; одговорен е за безбедноста на нештата оставени во соблекувалната додека е во салата; внимава на спортските реквизити и на целокупната опрема во салата и на терените; при повреда го известува одговорниот наставник.

Од училишната библиотека ученикот позајмува потребна литература; зема книги и друг материјал само со дозвола на одговорното лице–библиотекар; во предвидениот рок земената литература ја враќа на одговорното лице; совесно и одговорно се однесува кон земениот материјал (не го уништува, не чкрта по него итн.).

Во административните простории (наставничка канцеларија, канцеларија на директорот, педагошко-психолошка служба, канцеларија на секретарот и благајникот) ученикот носи училишна униформа кога влегува; внимава на својот речник и однесување; ги поздравува присутните и ги кажува своите барања.

Родителот редовно се информира за напредокот и поведението на ученикот (родителски средби, посети итн.); на влезот во училиштето се пријавува кај дежурните

ученици на влезната врата; доаѓа во договорен термин за консултација со наставникот или со педагошко-психолошката служба; не влегува во училница за време на часот; искрено, совесно и одговорно го информира наставникот за секаква ситуација; реално и непристрасно помага во разрешувањето на проблеми од различна природа; со свои ставови и знаења помага во креирањето на политиката на училиштето.

Наставникот ја почитува личноста и достоинството на учениците, родителите и на вработените во училиштето; се однесува и говори на достоинствен начин; не ја користи својата позиција за лични интереси; одговорно и совесно ја реализира наставната програма; се грижи за безбедноста на учениците и несебично помага во дадените ситуации; го почитува работното време (доаѓа најдоцна 10 минути пред почетокот на часот); се грижи за компјутерската и другиот вид опрема во училиштето; респективилно се однесува кон родителите и другите надворешни лица од заедницата.

Ова се интересни начела, во кои во практиката се вградуваат и реализираат денешните педагошки и етички доктрини, кои со својата содржина ги комплетираат визиите и практиката на современиот училишен процес и хуманата, одговорна и творечка клима на воспитно-образовната институција.

Во такви услови, со такви општи цели и со такво конкретно морално и дејствено настапување полесно се реализираат задачите на етичкото образование на младите.

## ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА СРЕДИНА И НА ФОРМИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНАТА СВЕСТ ВРЗ ЕТИЧКИОТ РАЗВИТОК НА МЛАДАТА ЛИЧНОСТ

Семејството и училиштето се посебни видови општествени заедници и културни средини, чија главна цел, или една од основните цели, е згрижување, образование и воспитување на младите личности. Општествена средина е универзално социјално милје за живеење на личноста. Младите стануваат активни во социјалната средина и во нејзините делови напоредно со растењето во семејството и вклучувањето во училишниот систем, кои и самите се делови од широката општествена заедница.

Моралот е социјална појава, а етиката ги изразува општествената реалност и епохалните тенденции. Затоа, колку што е духовна наука, во која се одразуваат сознанијата, вредностите и човечките интимни цели, етиката е и социјална наука, која говори за законитостите на општествениот развиток и ставови, за динамиката на општеството и на моралот, посебно за значењето на моралот за човечките односи и за улогата на етичките вредности во осмислувањето и напредувањето на социјалната заедница.

Етиката во таа смисла ги разгледува многустраните влијанија врз развитикот на моралните норми и аксиолошките насоки во животот на младата личност.

Општествена заедница, низ разните нејзини форми и видови на социјалната свест, низ кои се изразуваат нејзините цели и активности, ги обликува моралните ставови на младата личност и ги гради нејзините етички определби и ја инспирира за етичко творештво.

Покрај семејството и училиштето, како особени социјални средини, и специјални животни и воспитни форми, врз младите духовно и морално најповеќе влијаат врсниците, средствата за јавно информирање, културните институции, религијата, филозофијата и науката.

## Друштво на врсниците

Во кругот на врсниците младите се здобиваат со поим за себе, се осамостојуваат во однос на возрасните, добиваат интимни етички сознанија и вредности. Во друштвото на врсниците се развиваат солидарноста и чувството за единството на светот, а можат да се градат и одговорноста и чесноста. Низ релациите со врсниците, младите доаѓаат до сознанија карактеристични за заемната поврзаност и рамноправност. Со други зборови, интеракцијата со врсниците влијае врз развојот на

социјалната интелигенција,[62] додека, пак, одвоеноста од врсниците во детството води кон емотивна нестабилност во подоцнежниот живот. *„Розенмајер со право смета дека за младите кои се изолирани и кои не оствариле блискост со врсниците малку е веројатно дека ќе го сменат мислењето за себе, затоа што нивните сфаќања за различните можности на однесување и мислење се прилично ограничени, така што тие и како возрасни го набљудуваат светот во црно-бели категории“.*[63]

Во процесот на социјализацијата, поголем акцент може да се става врз единката или врз општеството, а најдобро е тој процес да е свртен и да биде подеднакво важен за двете страни. Социјализацијата е процес во кој личноста учи да ги прифати целите на одредена заедница или социјална група и тоа до толкав степен што може да функционира во нејзиниот состав. Овој процес може да се изедначува со категоријата конформирање, т.е. со приспособување кон одредена заедница, кон нејзините цели, основни односи, погледи и морални вредности.

Фројд и Фром сметаат дека меѓу поединецот и заедницата има постојани судири. Хартман, Маслов и Ериксон оптимистички веруваат во можноста за хармонија меѓу поединецот и заедницата, при што ниедна страна не мора да биде загрозена, иако кај секоја единка ниту се очекува ниту се остварува крајно усогласување меѓу сопствените потреби и цели и потребите и целите на заедницата.

Швајцарскиот психолог, филозоф и педагог Жан Пијаже, кој ги проучувал психолошкото формирање на логичките операции, никулците и развојот на цврсти структури на интелектот, а, исто така, процесот на развојот на моралното мислење кај децата, покажал дека единката активно учествува во својот развој, стапувајќи во интеракција со факторите на средината во која живее: *„Кога живото суштество ќе воспостави задоволително ниво на интеракција, односно ќе постигне некој вид хармонија со својата средина, тогаш Пијаже вели дека воспоставува рамнотежа“.*[64]

---

[62] Интелигенцијата е еден посебно активен вид на ментална адаптација, или, што претставува исто, регулација на размените помеѓу субјектот и средината: Д-р Татјана Такашманова-Соколовска: *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата*, Графохартија, Скопје, 1998, стр. 7.
[63] Snežana Joksimović: *Mladi u društvu vršnjaka*, Institut za pedagoška istraživanja - Prosveta, Beograd, 1986, стр. 7.
[64] Д-р Татјана Такашманова-Соколовска: *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата*, цит. дело, стр. 7.

Промените во текот на одделните стадиуми на развојот Пијаже ги објаснува со интелектуалниот развој и со поголемото искуство во прифаќањето на улогите во групите од врсници. Понекогаш интеракцијата со врсниците може да биде незрела, оптоварена со чувство на несигурност и страв заради евентуалното отфрлање или казнување од страна на врсниците. Пијаже нагласува дека интеракцијата со врсниците со текот на годините станува сѐ поинтензивна, со што се објаснува појавата на автономна моралност на постара возраст. *„Често се случува некоја индивидуа да ја доживува другата како супериорна во некој поглед, а да постои заемност во некој друг поглед: во тој случај, порано или подоцна, се воспоставува обострано ценење"*.[65] Социјалната блискост со врсниците е испитувана со помош на прашања во кои од испитаниците е побарано да се определат во однос на неколку социјални ситуации меѓу родителите и другарите, односно со кого повеќе би сакале да бидат во одредени ситуации, т.е. кој во тие ситуации повеќе им соодветствува.

Како позитивни особини на родителите најчесто се наведува нивната љубов и разбирање за младите, додека како негативни особини најчесто се приведуваат неправедноста, желбата за доминација и строгоста. Накратко, на младите во односот со родителите најмногу им пречи нерамноправноста. Кај врсниците, пак, тие најмногу ја забележуваат недоволната искреност и солидарност.

За повеќето млади, кај добрите другари најмногу им се допаѓа токму нивната искреност, потоа другарството и солидарноста, додека непосакуваните особини најчесто се неискреноста и несолидарноста.

Солидарноста, всушност, значи давање поддршка и помош. Таа претставува многу важно својство за животот во заедницата, кое се развива во текот на социјализацијата. Во современото цивилизирано општество, преполно со репресии и забрани, што особено доаѓа до израз во младешката возраст и во училишната средина, се случуваат најразлични ситуации, како составен дел од животот, при што солидарноста со врсниците не бара нужно кршење на општоприфатените општествени норми. Солидарноста со другарите е поголема доколку поединецот не само што нема непосредна лична корист, туку притоа нешто и жртвува, како, на пример,

[65] Жан Пијаже: *Развој на интелигенцијата,* Просветно дело, Скопје, 1988, стр. 132.

подготвеноста да му се помогне на другарот во учењето, иако претходно се имало некој друг план, или прифаќањето на заедничка одговорност за штетата која ја сториле другарите, што подразбира дури и ризик да се биде казнет. Слична ситуација имаме и кога некој од другарите му шепоти на ученикот кој одговара и кога не го порекнува обвинението од наставникот дека е тој оној кој шепоти. Но, подготвеноста за солидарност е реципрочно обратна доколку се бара поголемо лично залагање, прекршување на јасното морално правило или повеќе жртва, особено ако тоа е поврзано со изрекувањето построги санкции заради кршењето на општествените норми. Младите се помалку подготвени да се солидаризираат со другарите за бегањето од час, тогаш кога лично се подготвени за часот, а очекуваат тој акт да биде оценет како потежок прекршок.

Во предучилишните денови другари на децата се обично возрасните лица во семејството, браќата и сестрите и неколку дечиња од непосредното соседство. Тоа е социјалната средина на малечкото дете. Во текот на созревањето детето станува покритично во изборот на своите пријатели. Факторите како што се годините, интелигенцијата и позитивните својства стануваат многу важни. Кога детето ќе тргне на училиште и ќе почне да се интересира за групни односи и игра, се јавуваат нови критериуми (во комбинација со старите) за избор на другари. За разлика од адолесцентите или од возрасните, кои можат да бираат пријатели кои живеат подалеку, детето мора да избира пријатели од непосредната близина. Поволен избор се прави во средината во која има максимален број врсници со слични квалитети, кои се битни за конгенијалното пријателство. Има особени фактори кои влијаат врз односот на младите со своите врсници: *„Теориската и емпириската граѓа сугерира дека односот на младите со своите врсници зависи од културата и општествениот слој на кој му припаѓаат, од нивните лични карактеристики, како и од карактеристиките на нивните семејства“.*[66]

Така личната, семејната и општествената култура се меѓу првите фактори на дружењето. *„Културата е регулатор на однесувањето - со исклучок на она кое е изразито наследно - меѓу членовите на некоја заедница. Таа се однесува на секое*

---

[66] Snežana Joksimović: *Mladi u društvu vršnjaka*, op. cit., str. 75.

*однесување кое човекот го манифестира во согласност со своето семејство, со својата група за играње, својата група на училиште, својата социјална класа, својата црква и сите свои останати човечки групи“.*[67]

Во различни средини и различни култури се создаваат различни навики, од кои, пак, се рефлектира и различен однос кон своите врсници. Истражувањата покажуваат дека, меѓу швајцарските и американските деца, швајцарските деца имаат помалку доверба во своите врсници во споредба со изјавите на американските деца. *„Од друга страна, пак, швајцарските деца подолго веруваат во знаењата на возрасните авторитети и не сакаат толку рано независност од контролата на возрасните, како што е тоа случај со нивните врсници во Америка“.*[68]

Податоците покажуваат позитивна поврзаност помеѓу разбирањето и уважувањето на потребите на младите од страна на родителите и близината на младите со своите врсници. Независно од тоа колку родителите се задоволни од другарите на своите деца, поголем број од родителите ја уважува и поддржува нивната потреба за контакт и блискост со врсниците.

Меѓу бројните фактори кои во поголема или помала мера го одредуваат односот на младите со своите врсници, возраста претставува белег за кој од повеќе причини може да се очекува најзначајно да го детерминира односот со врсниците. *„Покрај промените во когнитивниот развој, кои се развојно условени, многу промени кои настануваат со возраста не се само резултат на зреењето, туку до нив доаѓа под влијание на одделни социјални фактори, чие дејство е исто така поврзано со возраста“.*[69]

Порастот на интересирањето за врсниците, до кое доаѓа со годините, не е само резултат на созревањето, туку за таквата ориентација придонесува и зголемената независност од родителите, како и проширените можности за меѓусебни контакти на младите. Кон тоа се значајни и особеностите на нивните семејства и условите на семејниот живот, како што се социјалното потекло, големината и структурата на семејството, семејната атмосфера и односите на родителите спрема другарите на

[67] Dr Elizabeta B. Herlok: *Razvoj deteta,* Zavod za izdavanje udžbenika, Beograd, 1956, str. 302.
[68] Snežana Joksimović: *Mladi u društvu vršnjaka*, op. cit., str. 81.
[69] Ibid., str. 85-86.

младите. Врз поврзаноста на младите и нивните односи со врсниците влијаат и занимањата на родителите и сознанијата за општествената структура и класната припадност и за нивното значење за целокупниот процес на социјализацијата. *„За да го прифатат членови на некоја друга социјална класа, детето мора да ги прифати идеите, верувањата, вредностите и начинот на однесувањето на членовите на социјалната класа со која тоа сака да се идентифицира“.*[70]

Така, вклучувајќи се во друштво на врсниците и усвојувајќи определени социјални и животни насоки, младите создаваат и разбирања за моралот и градат соодветна етичка свест.

## Средства за јавно информирање

*„Во современиот свет... средствата на јавното информирање имаат посебно место и многу важна општествена функција“.*[71] Денес веројатно нема цивилизиран човек кој не ги следи збиднувањата во својата земја и во светот преку радиото, кој не чита весници, не гледа телевизија или филмови и не се информира преку Интернет.

Медиумите се вистински етички застапници. *„Тие не само што се пренесувачи на морално интересни, трогателни, доблесни и други етички настани, идеи, пораки и поуки, туку и самите се исклучителен морален субјект. Моралните појави се благороден материјал за објавување во нив. Морализаторската димензија на журналистиката е појасна, поистакната и поредовно извршувана отколку кај другите творечки жанрови (на пример, кај литературата). Моралната поука која е составен дел на многуте литературни зафати, не само што не недостасува ни кај журналистичките пристапи и текстови, туку е многу често нивни градбен, украсен и ефективен дел (додека во басните поуката е секогаш на крајот, има историски*

[70] Dr Elizabeta B. Herlok: *Razvoj deteta*, op. cit., str. 303.
[71] Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, op. cit., str. 239.

*журналистички текстови во најзначајните светски медиуми кои започнуваат со морална оценка и поука).* "[72]

Важно е што новинарите и медиумите се најгорливи застапници на биоетиката, на етиката на здравјето и на еколошката свест, „ *тие се поборници на слободата и на извршувањето на должноста, тие се опоненти на разните форми на зависноста и противници на политичкиот и на другите видови социјален и дејствен неморал ... Тие се меѓу ретките професии кои постојано и настојчиво зборуваат за моралот и истакнуваат дека етиката е важен елемент на доброто човеково живеење.* "[73]

И кај нас заложбите за воведување на Етичко образование редовно ги поддржуваат медиумите, дури и сите материјали (лекции) од Експерименталната настава по Етика и во средното и во основното образование ги објавуваа нашите гласила – неделникот „Дело" во секој број во текот на 1998/99 година ги презентираше сите лекции за Етиката за средните училишта, а прилогот „Колибри" на „Нова Македонија" ги објавува текстовите за етиката за најмладите, непрекинато од 2000-та година, така и пошироката јавност известувајќи ја за насоките и содржините на етичкото образование кај нас.

Во етичка смисла, влијанијата на медиумите се огромни, а нивните етички ресурси се безгранични. *„Затоа етиката и новинарството одат заедно денеска – како израз на моралните потреби на човештвото и на духовната моќ на журналистиката.* "[74] Тоа е потребно за демократијата и за изградба на одговорен став на личноста за сите актуелни прашања.

Влијанието на медиумите врз младата личност може да биде позитивно и негативно. Позитивно морално дејство можат да имаат содржините со општочовечко етичко гледиште и кои се во согласност со начелата на вистината, правдината и почитувањето на човековото достоинство. Во либералните теории кои се застапуваат за индивидуализмот, за слободата на печатот се смета за категорија на слободата на изразување како индивидуално право par excelence. Медиумот би требало да

[72] Д-р Кирил Темков: *Етика на културата,* Дом на културата „Иван Мазов- Климе", Кавадарци, 2009, стр. 60-61.
[73] Исто, стр. 61.
[74] Исто, стр. 63.

придонесува за ширењето на вистината, да го подига културното ниво на корисниците, да го помага ширењето и прифаќањето на позитивните морални вредности. Медиумот без јасна физиономија и со стремеж за сензационализам, недоследен во прокламираните ставови, кој е пристрасен при објавувањето на информациите - го одбива или неправилно го насочува конзументот. Тој морално неповолно влијае врз младите и неоформени личности и врз луѓето со пониско образовно и културно ниво.

Медиумите донесуваат занимливости од светот: од подрачјето на науката, уметноста, техниката, репортажи, информации и критики за новите книги, театарски претстави, филмови. Едукативната вредност на електронските медиуми и нивното влијание врз формирањето на мислењето на луѓето се навистина големи. *„Негативните тенденции на средствата за јавно информирање: трка за сензации, неоправдано драматизирање, алармантно прикажување, дезинформирање, појава на вулгарно-комерцијалистичко приоѓање кон вкусовите и барањата на заостанатите делови на публиката, непочитување на интегритетот и достоинството на личноста...*“[75], - овие и други негативни сегменти можат да придонесат за создавање искривени слики и лоши вредности кај младите луѓе.

Секоја личност има право и слобода на избор. Во секој случај, токму етичкото делување на медиумите на секоја личност и овозможува да учи од позитивните примери од целиот свет и историја како треба да постапува, како е најдобро да се прави, а од негативните примери да научи како не треба да се постапува. Содржината на етичките ставови можеби најдиректно се очитува токму кај медиумите.

[75] Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, op. cit., str. 243.

## Култура и културни институции

*„Културата е начин на живеење, но не она живеење што ја следи природната основа на човекот, туку она што е создадено од луѓето. Таа ги опфаќа сите човекови пројави кои не се непосредно природни. Со развитокот на човекот кај него е сè поголем делот на културата наспроти оној од природата."*[76] Културата се однесува на различните форми на човековата егзистенција, на начинот на кој се спроведуваат животот и природните функции, на сознанието на човекот, на начинот на дејствувањето на човекот (како вид и како индивидуа), на вреднувањето, на формите на развитокот на човекот, на животот и на светот, на имањето перспективи, како и на визии за состојбите и за потребите на луѓето.[77]

Затоа културата може да се определи како пат по кој оди човекот како вид и индивидуум. За човекот како културно суштество е суштествена етичката димензија на изборот, следењето на позитивните, креативни, создавачки вредности – наспроти негативните, нетворечки, уништувачки вредности. *„Културата како единство на мислите, намерите и делата на секој човек и на сите луѓе се совпаѓа и е сообразна со Етиката, во која исто така се обединуваат индивидуалното и заедничкото... Културата е најважен начин на човековото живеење, како што и етиката е најзначајна форма на културата и на нејзините високи дострели."*[78] Тие се поврзани и меѓусебно се изразуваат и доизградуваат. Културата значи сообразна етика.

Затоа и културата и етиката се нужни човечки форми на живеењето. Културата е истовремено и основа за изградба и обликување на младите човечки суштества со нивна свест и волја. Од културата тие учат како продлабочено и суштествено да го развијат своето доживување на светот, свртеноста кон природата, животот и човекот како суштествени форми на егзистенцијата, отворениот однос кон нив и кон сите други пројави во животот, и да се задлабочат во светот, да проникнуваат во нештата, да ја развијат својата слободна мисла и одговорност, да го прошират разбирањето, да

[76] Кирил Темков: *Етика на културата,* цит. дело, стр. 38.
[77] Овие области на творечкото доживување и градење на светот ги набројува Кирил Темков во *Етика на културата*, цит. дело, стр. 42.
[78] Кирил Темков: *Етика на културата,* цит. дело, стр. 41.

бидат непосредни и да се воздигнат, да стремат кон повисоки цели, секогаш повисоки, како начин на живеење и стил на однесување, да станат свесни за универзалноста на светот и човештвото, да развиваат комуникација и меѓусебно информирање за постоењето и вредностите, како и насочување на своите сознанија и пораки кон другите луѓе и отварање на сетилата и умот за другите и за нивните ставови, да ги споделуваат убавината и радоста, да го усвојат единството на естетското и етичкото, да се трудат да поставуваат и постигнуваат човечки цели, како хуманистичка ориентација во свеста и во дејствувањето, насочени кон унапредување на животот и на сите луѓе и на сиот човечки род, секогаш и насекаде, да го чуваат Живото, како најубав резултат од развитокот на светот, кој ја оправдува нашата егзистенција и во нас разбудува сили за сплотување со светот и животот, да бидат против насилството и уништувањето, кои се спротивни од креативната димензија на светот и на човекот, да имаат благонаклонет однос кон светот и луѓето, да научат да работат и да се определат за докрајно себевложување како најважна етичка димензија во културата (зашто во неа резултатите не се гледаат директно, мошне ретко се на показ веднаш, туку се раѓаат или се откриваат многу подоцна, тогаш кога други луѓе дошле да го живеат својот живот и да градат свој свет). Затоа најважен етички принцип и норма на етиката и културата е концентрацијата за правењето добро секому и засекогаш.[79]

Истото го учи и социологијата на моралот: *„Моралот израснува во една дадена конкретна култура, па според тоа и го носи нејзиниот основен печат“.*[80] Станува збор за културните институции - театрите, кината, библиотеките и читалните, музеите, уметничките галерии, домовите на културата, културно-уметничките друштва, кои ги чуваат, негуваат и унапредуваат, популаризираат, шират создавање вредни духовни творби, како од националната, така и од светската култура, и поттикнуваат создавање на културни дела и развој на моралот.

За младиот човек театарската претстава значи подлабоко запознавање на животот. Низ ликовите на протагонистите, тој ги цени нивните постапки, меѓусебните односи, и го проширува и збогатува своето социјално и морално искуство.

[79] Овие принципи на етиката на културата, кои се основни елементи на етичкото воспитување на личноста, се изложени во *Етиката на културата* од проф. д-р Кирил Темков, стр. 47.
[80] Др Радомир Д. Лукиħ: *Социологија морала*, цит. дело, стр. 472.

Филмската претстава делува исто така живо како и театрот. *„Тие живи слики во мрачниот простор, тие примери и модели сугестивно делуваат, особено врз младите гледачи. Тие често се идентификуваат со филмските јунаци и со актерите, прифаќајќи ги нивните постапки и начин на однесување“.*[81] Така културата е фактор со суштествено воспитно-развојно значење за човекот, посебно за младите.

## Религија

Посебно значење за моралното издигање и формирање на личноста, за нејзиното насочување кон одреден пат и кон вистинските традиционални вредности има религијата. Религијата разбудува во човекот сознание и норми за добри дела. *„Религијата е темел на секој морал“.*[82] Добрите луѓе ја почитуваат религијата и укажуваат на нејзината етичка улога. Верските писатели укажуваат дека лошите луѓе имаат аверзија спрема религијата, која ги потсетува на гревовите и на нивното непристојно однесување. Религиските идеи се блиски до етичките и едукативните вредности. *„`Религијата` ни ја довикува во умот идејата на Бога. `Воспитувањето` значи во прв ред морална наобразба на човекот. Религијата влијае на воспитувањето“.*[83]

Етичките идеи на големите религии спаѓаат меѓу најраширените, највлијателни и најтрајни морални норми во човештвото. Затоа треба да се знае што учат религиите, кои се нивните сфаќања за моралот и какви морални норми предлагаат. Етичките учења на главните религии се мошне интересни и важни, нив ги следеле и ги следат стотици милиони луѓе на светот. За современата личност е значајно да може да ги препознае разните етички идеи зародени врз овие основи.[84] *„Десетте Божји заповеди се најпознатиот и најзначаен етички систем во човековата историја...Тие даваат навистина добра основа за исправно постапување, за квалитетно ориентирање на*

[81] Dr Ante Vukasović: *Moralni odgoj*, op. cit., str. 251.
[82] Stjepan Zimmerman: *Religija i odgoj,* in: Ivan Čehok: *Filozofija odgoja*. Izbor tekstova hrvatskih pisaca, Školska knjiga, Zagreb, 1997, стр.188.
[83] Ibid, стр. 180.
[84] Види Кирил Темков: *Етика*, за III година гимназиско образование, цит. дело, стр. 86.

*своите желби и цели и за достигање на висок степен на добрина. Со тоа, тие овозможуваат да имаме благопријатно чувство дека сме добри луѓе, кои и себеси и на другите им правиме добро и придонесуваме кон добрите човечки односи“.*[85]

Кај нашиот народ многу важни религиозни вредности поставиле првите словенски просветители светите Кирил и Методиј и нивните најдобри ученици светите Климент и Наум Охридски. Светите Кирил и Методиј ги отвориле портите на писменоста и на современата култура на нашите словенски предци. Свети Методиј е автор на првиот „Закон како да им се суди на луѓето“, со што Словените се вклучија во цивилизацијата и научија што е правна норма. А свети Кирил ги поучи луѓето во Европа дека сите имаат еднакво право на духовност и култура, на религија и на етика. Учењето на овие светители-покровители на Европа и денес е значаен фактор на воспитувањето на мислите и однесувањето на луѓето.

Нивните ученици Климент и Наум дошле во Македонија и тука развиле образование, современа култура и здравство и укажувале на неопходноста од развиена етика. Свети Климент Охридски е наш најпознат етичар. Неговите норми „Тргај се од злото и прави добро!“ и „Ајде, браќа, да се натпреваруваме во правењето добро“ се најважни етички совети и вредности искажани кај нас. Тие треба да бидат база на нашата современа етика и затоа нивните учења се изучуваат во училиштето. Тие светители правеле добро. Ние ги сметаме за основоположници не само на првиот словенски универзитет, на нашата средновековна култура, на музиката и на земјоделските вештини, на првите манастири и болници, туку тие се и првите и најзначајни наши етичари. Затоа во новото етичко образование, нив ги поставуваме како основни етички учители.

И во светот е важна улогата на религиозните идеи и творци за градењето на моралот, а денес за возобновувањето на етичката свест и вредности. Во целиот свет се говори за етичките придонеси на Буда, Џајна, Исус Христос, христијанските светци (како свети Јован Златоуст), на Пророкот Мухамед, на значајните муслимански теоретичари и моралисти Ибн Сина, Ел Газали, Џелалудин Руми, на протестантските реформатори Мартин Лутер, квекерите и другите постари и понови секти со етичка

[85] Исто, стр. 52-53.

настроеност. Но, за современата улога на религијата во изградбата на етичката личност се важни и современите теолози, религиозни добротвори и етичари кои ја афирмираат етичката вредност на религијата, како Лав Толстој, Махатма Ганди, Мухамед Икбал, Алберт Швајцер, Мартин Лутер Кинг, Мајка Тереза, папата Јован Павле 2, Шри Чинмој, Ханс Кинг и многу други. Така, религијата и етиката остануваат и понатаму блиски и влијателни врз етичките визии на современото човештво и врз секојдневниот морал и заеднички настапуваат во етичката изградба на младите личности.

## Филозофија

Филозофијата е еден од основните и најинтересни начини на човековиот однос кон светот и животот. Во филозофијата се сконцентрирани човечките животни искуства, општите сознанија за целината на светот и за неговите најважни делови, како и визиите на човекот за правилната егзистенција.[86] Филозофијата му е нужна на човекот – го развива неговиот интелект, го создава и шири познавањето на битието и на егзистенцијата, ја гради меѓусебната комуникација меѓу луѓето, поврзувајќи ги луѓето од сите епохи и од сите краишта на светот. Посебно, таа е една од основите за човековата етичка свест и го води во неговиот избор на моралните вредности. Затоа филозофијата е еден од изворите на етичките погледи и норми на личноста.

За човештвото во целост и за секој социјален етички систем, филозофијата дава согледби за суштината и значењето на етиката и инспирира за соодветни морални идеали и норми. Тие се израз на погледот на светот, на разбирањето за животот и на стремежот на човекот за правилно живеење и дејствување. Етиката се раѓа врз основите на филозофијата, тоа може да го видиме кај сите големи мислители и кај најзначајните етички постапки. Секоја значајна етика е дел од еден филозофски систем, и кај стоиците, така и кај будистите, и кај емпиристите, и кај просветителите.

[86] Види д-р С. Сидовски - д-р К. Темков: *Филозофија*, Учебник за IV година на реформираното гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2005.

Етиката се објаснува со одредени основни филозофски становишта, таа е израз на вкупните човечки сознанија изразени низ филозофското мислење.

Но, етиката не е само филозофска дисциплина, која најдобро се сфаќа преку одредениот филозофски поглед. Етиката е истовремено и градбен елемент на филозофијата, покрај логиката основен фактор на длабокото филозофско сознание. Таа одговара на она филозофско прашање кое Кант го постави прашањето: *Што можам да знам?* Тоа базично прашање на етиката е: *Што треба да правам? Како треба да се однесувам?* Поврзани, сознанието и решението за дејствување ја сочинуваат целината на човечката егзистенција, а ја исполнуваат областа на филозофијата.

Имануел Кант тоа прекрасно ќе го искаже со објаснувањето дека „две нешта ја исполнуваат душата со секогаш сè понов и сè поголем восхит и страхопочит колку што размислата почесто и поистрајно се занимава со нив: **Звезденото небо над мене и моралниот закон во мене.** Нив не треба да ги барам и просто да ги насетувам како сокриени во темнина, или во бескрајното надвор од мојот хоризонт; јас нив ги гледам пред себеси и непосредно ги поврзувам со свеста за мојата егзистенција“.[87]

Понекогаш, кај некои филозофи, етиката е најзначајна филозофска гранка. Диоѓен Лаерќанецот во првата книга од своето дело кажува дека „филозофијата има три дела: физика, етика и дијалектика (или логика)“.[88] Такво било мислењето на многумина филозофи во хеленистичкиот и римскиот период. Некои од нив на прво место ја ставале токму етиката, сметајќи ја за најзначаен дел на човечкото мислење. Некои од стоиците етиката ја ставале на првото место во размислувањето – објаснуваа дека етиката е плод, а логиката ограда околу нивата или градината, а физиката самата почва или стеблата.[89] Денес Емануел Левинас тврди дека врвот на филозофијата е етиката, наречувајќи ја „прва метафизика“. Тоа е затоа што се изменија позициите на човекот во светот, човекот стана одговорен за развојот, мора да води дијалог, а дијалогот значи поставување на две суштества на рамна основа. Оттука Левинас го

[87] Имануел Кант: *Критика на практичниот ум,* Скопје, 1993, стр. 205.
[88] D. Laertije: *Životi i mišljenja istaknutih filozofa,* Beogradski izdavačko-grafički zavod, Beograd, 1985, str. 5.
[89] Isto, str. 215.

изведува заклучокот дека етиката е суштина на човечкото мислење и современо дејствување.[90]

Филозофијата учи за основните видови на човечкото однесување. Таа дава етички препораки и насоки за развој на хуманоста во делата на човекот. Платон укажува дека треба да се следи идеалот кој е највисока реалност. Идејата на Доброто умниот човек треба да ја согледа со своето воздигнување над секојдневната ограниченост. Аристотел, пак, вели дека човекот природно се стреми кон достигање на среќата, а вистинскиот пат за тоа се умното разликување на екстремностите во однесувањето и избирањето и следењето на умереноста. Стоиците го афирмираа постапувањето според човечката природа, а тоа е почитување на разумноста. Има разни такви етички позиции, кои се разработени од филозофите и влијаат врз обликувањето на етичките ставови и постапки на личноста.

Затоа учењето филозофија е потребно и за етичкиот развој на личноста. Низ средбата со филозофските идеи и со разработувањето на филозофските погледи секој доаѓа до појасни етички согледби и до објаснувањето на квалитетното морално дејствување, што е задачата на етичкото образование. Така може да се каже дека филозофијата е голема учителка на моралот и дека секој човек, размислувајќи за светот и читајќи филозофија, ги унапредува своите етички сознанија. Тоа го потврдуваме и со нашето искуство од наставата по филозофија во IV година на гимназијата, каде учениците, заедно со усвојувањето на филозофијата ги развиваат своите етички погледи и го унапредуваат своето однесување.

[90] Драго Перовиќ: *Левинас versus Хајдегер,* Јасен, Београд, 2006.

## Наука

Науката и етиката спаѓаат меѓу најинтересните и најзначајни области на човечкото сознавање и живеење. „Тие претставуваат особени ориентации во човековиот однос према светот, а денес сè повеќе се поврзуваат меѓу себе. Од нив се бара да развиваат и мета-релација кон самите себе и кон своето меѓусебно проникнување.“[91]

Науката е голема сила на човештвото. Таа претставува особена концентрација на сознанието врз реалните факти, примена на моќни и прецизни инструменти, сознајна точност како израз на умствените човечки сили. Науката се обидува да даде немистифицирано објаснување на нештата и да ги открие законитостите, што можат да бидат потврдени со независно повторување на сознајниот пат (метод).

Развојот на науката е најсуштествен за современото општество. Врз научните сознанија се градат сите видови дејствувања и производство. Науката е извор на техниката и на технологијата, на широкото и општо знаење, на информатичкото општество - се тоа сè основни и значајни белези на денешницата. Објективноста, задлабоченоста, широкостраноста, корисноста на науката е основа за нејзиното високо почитување. Вербата во науката е зачната од Ренесансата, таа верба уште е безгранична, од науката се бараат решенија за сите дилеми. Поуката на Френсис Бекон за вистинско непристрасно истражување и неговата порака „Знаењето е моќ!“ и денес се водилки на човечкиот дух.

По негативните искуства со светските војни, со политичкиот авторитаризам, со социјалните дискриминации, со уништувањето на Природата, со засилувањето на насилството, со загрозувањето на животот и на здравјето – етиката сега се развива како вештина и наука за опстанокот, при што централен проблем се самиот човек и неговото однесување.[92] Етиката бара човекот да изгради сообразно однесување, кое ќе ги надмине бројните кризи во човечката егзистенција, се труди да развие одговорно поведение на луѓето и да изградуваат прогресивни, демократски и успешни аспекти на

[91] Кирил Темков: *Етика на културата,* цит. дело, стр. 92.
[92] Кирил Темков: *Етиката денес,* Епоха, 1999, стр. 38.

човечкото живеење. Затоа посилно се поврзаа науката и етиката. Тие отсекогаш биле поврзани со откривањето на значајните придобивки за човекот и со нивното ставање пред човекот за да ги користи. Исто така, самиот научен пристап бара етички став на научникот да се повети на тешката работа на сознанието на новите нешта, да експериментира, да создава научен модел кој ќе ги објаснува појавите, законитостите и последиците. Со своето дело и однесување научниците биле водечки морални личности на своите епохи, а во најсовремениот период ги предводат антинуклеарните протести, предничат во откривањето и развивањето на биоетиката како чување на животот, даваат добри примери за пријателско и хумано однесување, соработка, чување на здравјето и давање помош за сите луѓе.[93]

Науката ги учи младите на најдобрите човечки традиции, како и на особениот етички пристап кон проблемите и на избирањето на патот на одговорноста.

За консеквенцијализмот како нова етичка доктрина се вели: „*Денешната идеја на консеквенцијализмот треба да стане составен дел на учењето на младите за одговорноста и за имањето визија за перспективата на своите дела и на развојот на светот. Така новото општество, кое станува научно во својата суштина, нема да ја напаѓа и да ја уништува науката како негативен инструмент на човечкото мислење, туку ќе ја развива науката и младите ќе ги приспособува за работа во науката со чувство на одоговорност. Тоа е барањето на современата етика на науката и на биоетиката, како и на консеквенцијализмот како сообразно етичко учење.*“[94]

Младите треба да учат за етиката од сознанијата за развојот и придонесите на науката, од определбите и работата на научниците, од придобивките и користа што за човечкото живеење се добива од науката, како и од нужноста за одговорност во научните истражувања, што денес се истакнува во сите светски согледби и декларации.

Науката не може да остане надвор од етичкото образование на младите, туку треба да стане негов составен дел, кој најдобро ќе ги упати младите во силата на

[93] Д-р С. Сидовски и д-р К. Темков: *Филозофија*, Учебник за IV година на реформираното гимназиско образование, цит. дело, стр. 355.
[94] Кирил Темков: *Етика за III година гимназиско образование*, цит. дело, стр. 134.

човечкото сознание и во потребата од одговорно мислење и позитивно користење на сознанијата и откритијата.

* * *

Училиштето, семејството, јавноста, религијата, филозофијата и науката, покрај друштвото на врсниците, се најзначајни фактори на Етичкото образование на младата личност. Основни се влијанијата на родителите и учителите. Низ систематска, врз научни достигнувања фундирана и професионално и доблесно реализирана воспитно-образовна работа, училиштето може и да ги коригира евентуалните негативни влијанија на кои е изложена младата личност. Училиштето може и треба да го насочи ученикот кон правилен избор на добра заедница на врсниците, кон правилно следење и селектирање на информациите добиени преку медиумите, кон правилен избор на културните вредности од литературата, филмот, театарот. Воспитно-образовната работа, израз на филозофијата и науката, може многу да стори за изградба на автономна и одговорна морална личност.

Имајќи го тоа предвид, неопходно е да се посвети сериозно внимание на Етичкото образование на младите во сите степени на образованието, како современ суштествен извор и фактор на етичка изградба на личноста, која со модерните воспитни методи ќе се здобива и со богатите содржини на етичката свест.

## 2. ВИДОВИТЕ, СОДРЖИНИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА ЕТИЧКАТА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На почетокот на XXI век, опстанокот на човекот, не значи само снаоѓање за преживување, туку поставување правилни цели за натамошниот иден развој, кои ќе може успешно да ги реализира само со добро изградена методологија и постапување. Затоа пред современата личност се поставуваат низа важни прашањата: Како да живеам? Како да дејствувам? Како да комуницирам со луѓето? Како да постигнам да ме разберат и јас да ги разберам другите? Како да ја изберам и развивам својата идна професија? Што значи да се работи успешно? Што значи личен успех? Дали ќе успеам да се реализирам? Дали ќе водам добар живот? Дали ќе успеам да одгледам здрави и успешни деца? Како да воспоставам рамнотежа и да најдам личен мир? Посебно е важно прашањето: *Како да живеам и постапувам етично*?

Одговорите на овие клучни прашања можат да се истражуваат и пронаоѓаат во Етичкото образование. Етиката е филозофска дисциплина која ги истражува заснованоста и изворите на моралот, основните критериуми за вреднување на човековите постапки, како и целите и смислата на моралните барања и дејствувања. Задачата на Етиката е научно да го објасни моралот, неговата смисла, содржина и форми и неговото значење за општествениот живот. Денес кон задачите на Етиката се приклучуваат нови бројни области – изградба на многу нови етички концепции (етика на грижата, консеквенцијализам ...), развивање на Универзалната етика, ширење на Етичкото образование.[95]

---

[95] Види Кирил Темков *Етиката на културата*, цит. дело, стр. 10.

Едно од клучните места во едукацијата и развојот на личноста во современиот свет зазема Етичкото образование. *„Многу е важно процесот на етичкото образование да започне уште од најраната возраст и тој да се одвива континуирано, перманентно и систематски во сите образовни степени.“*[96]

Веќе деценија и пол се вложуваат големи напори за да се воведе и кај нас редовно и организирано Етичко образование на сите образовни нивоа, како што тоа се прави во сиот развиен свет и тоа се современи етичко-педагошки заложби на сите општествени културно-едукативни институции и на сите денешни етичари и филозофи.

За да дојдеме до реални и активни сознанија за Етичкото образование, кои ќе помогнат добро да го организираме за младите учењето Етика и добивањето вистински етички резултати, во Република Македонија организиравме експериментална и првична настава по Етика на сите образовни нивоа – од градинките до високото образование. Беа вклучени повеќе соодветни аспекти на Етичкото образование – од програмските и содржинските до дидактичките и методичките. Резултатите се многу интересни за етичко-педагошките согледби, а претставувањето на содржините во етичкото образование на младите ги исполнува сознанијата за етичката вредност на визиите и реалноста на наставата по Етика во нашата земја.

[96] Љубица Топузоска: *Етичкото образование во одделенската настава,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2004, стр. 33.

## ЕКСПЕРИМЕНТ ПО ЕТИКА ВО ГРАДИНКИТЕ

Општ став е дека со Етичкото образование е нужно да се започне од најраната возраст. Поаѓајќи од идејата *„Ако воспитуваш мало дете, на општеството ќе му подариш човек“*[97], во јавната установа Детска градинка „Раде Јовчевски -Корчагин“ во Скопје (општина Центар), во текот на две години, во периодот 2003-2005 година, беше реализиран проектот за воспитување на децата од предучилишна возраст според принципите и целите на Етиката. За овој етички проект, приспособен на возраста на децата, како најсоодветни и неопходни најголеми животни вредности за денешните луѓе, како и за иднината на воспитаниците и на човештвото, беа избрани да се испитуваат и користат во воспитувањето вредностите: Љубов, Вистина, Мир, Ненасилство и Морално постапување.

Градинката „Корчагин“ има 4 објекти. Во етичко-воспитниот проект најнапред се реализирани четири вредности: во објектот „Пинокио“ вредноста *Мир,* во објектот „Палешка“ вредноста *Вистина,* во објектот „Петар Пан“ вредноста *Добро однесување* и во објектот „Пепелашка“ вредноста *Ненасилство.* Во зависност од бројот на воспитувачите, некои од вредностите беа претставени со различен број аспекти или подаспекти. Во втората година од реализацијата на овој етичко-педагошки проект (2004/2005) беше разработувана вредноста *Љубов.* Неа ја обработуваа сите воспитувачи во сите објекти на градинката со одредена временска динамика и со различни аспекти на вредноста Љубов според личен избор на воспитувачот.

За успешна реализацијата на проектот, поставувајќи го детето, според интелектуалните и развојните потенцијали, како активен субјект со воспитувачите, родителите и со врсниците, во градинката „Корчагин“ беа користени неколку методи.

[97] Злата Николиќ - д-р Кирил Темков: *Етиката и љубовта*, Градинка „Раде Јовчевски-Корчагин“, Скопје, 2008, стр. 157.

Најпрвин беше *Седење во тишина – втишување*. Со помошта на овој метод се развиваат интуицијата и самоконтролата, се подобруваат помнењето и концентрацијата, се отвора умот за вредностите на внатрешниот свет. *„Со втишувањето се подготвува доаѓањето до изворот на мирот, до самодовербата и креативноста, тогаш кога е потребно, кога ќе се биде соочен со проблеми и предизвици кога било и каде било."*[98] Со втишувањето се постигнуваат следните ефекти: се зголемува самодовербата, се воспоставува хармоничен однос со другите во околината и се подобрува способноста за комуникација, а се намалуваат вознемиреноста, стравот, агресивноста, стресот.

*Етичката поговорка, порака, цитат, мудра мисла* беше вториот метод. Од животните приказни на големите луѓе и нивните морални пораки и поуки произлегуваат најдобрите методи за воспитување и тие претставуваат инспиративен модел на однесувањето. На тој начин се пренесуваат големите вистини на едноставен начин, тие помагаат да се негува концентрацијата и меморијата кај децата, како и да се развие детскиот културен идентитет од етички аспект.

*Заедничкото–групното пеење* е третиот метод. Музиката е храна за душата. Нејзиното значење е големо за развојот на животните вредности и за формирањето на карактерните особини во воспитно-образовниот процес. Заедничкото пеење создава релаксирачка опуштена атмосфера, го поткрева расположението на целата група, се истакнува важноста на меѓусебната соработка, а секој поединец се исполнува со чувство на радост.

*Раскажувањето на приказни* е четвртиот метод. Во воспитната практика треба често да се употребуваат приказните, затоа што тие имаат големо влијание врз духовниот развој на децата. „*Во приказните пред сè се среќаваме со интересна фабула, јасно издиференцирани личности, возбудливи ситуации, драматични релации итн.*"[99] Со помош на приказните се разгорува фантазијата,

[98] Исто, стр. 35.
[99] Злата Николиќ - д-р Кирил Темков: *Етиката и љубовта*, исто, стр. 41.

љубопитноста, визуелизацијата, способноста за анализирање, разбирање, сочувство и трпеливост.

*Групните активности* како петтиот метод се реализираат со *катчиња за игра*. Овие катчиња се организираат според интересирањата на децата и имаат големо значење за развојот на меѓусебната соработка, за самодисциплината, за интегрирањето во групата, а кај одделни деца може да претставува дополнителен мотив за групна активност.

По повод 60-годишнината на Детската градинка „Раде Јовчевски – Корчагин" од Скопје во февруари 2008 година се објави прирачник за воспитувачи и родители со наслов „Етиката и љубовта", подготвен од проф. д-р Кирил Темков, Злата Петковиќ и воспитувачите на Детската градинка „Корчагин". Во прирачникот е претставено како во овој единствен етичко-педагошки проект се обработувани најголемите животни и морални вредности во етичкото воспитување на децата во предучилишната возраст: Љубов, Вистина, Мир, Добро однесување и Ненасилство, со многу интересни материјали и етичко-педагошки содржини.

Од сознанијата на најмладите во овој проект донесуваме искази од децата за вредностите кои ги изучуваа:

***За Љубовта***

- Љубов е за мене кога ги сакам родителите, другарчињата. (Ивона, 4 год.)
- Љубов е кога му помагам на тато, зашто и двајцата дедовци отидоа горе кај ѕвездите. (Борјан, 4 г.)
- Љубов е кога мама, тато и јас возиме ролерки. (Дамјан, 5 г.)
- Љубов е кога мама и тато се држат за рака. (Кико, 5 г.)

***За Вистината***

- Вистина е кога зборуваш умно. (Елена, 4 г.)
- Вистина е кога не се лаже. (Теа, 5 г.)
- Вистина е кога ќе кажеш нешто и некој ти верува. (Габи, 4 г.)
- Вистина е да ги слушаш родителите како да се однесуваш. (Јана, 4 г.)

### *За Мирот*

- Мир е кога седиме мирно. (Кико, 5 г.)
- Мир е кога не се караме дома. (Ангела, 5 г.)
- Мир е да не се тепаш и да не зборуваш гласно. (Марко, 4 г.)
- Мир е кога некој се смирува со друго другарче. (Михаела, 4 г.)

### *За Доброто однесување*

- Добро однесување е да бидеш добар. (Мартин, 4 г.)
- Добро однесување е да си делиме со другарчето за да имаме сите. (Марија, 4 г.)
- Ако се лутат мајките и татковците, децата може да се збунат. (Марјан, 5 г.)
- Трпеливост е кога некој некого треба за нешто да почека. (Албертина, 5 г.)

### *За Ненасилството*

- Ненасилство е да не се тепа и да не се кара. (Дарко, 4 г.)
- Ненасилство е читање. (Габи, 4 г.)
- Ненасилство е да не се караш и да не викаш гласно. (Сергеј, 5 г.)
- Ненасилство е да не се однесуваш неубаво. (Ева, 5 г.)

Етичките искуства од овој вреден етички проект се поврзани со психолошко-аксиолошките аспекти на животот и мислењето на младите.

Моралните навики, учењето на моралните норми и изградбата на став за вистинските вредности нужно треба да почнат да се стекнуваат во предучилишниот период, заради тоа што тие се основа, база за натамошниот развој на вредносната свест и на етичкото дејствување на зрелата личност. *„Ако се пропушти овој прв, иницијален период, се создаваат девијантни основи, кои последователно продуцираат личности, кои можеби подоцна ќе имаат знаење, но нема да имаат изграден карактер.“*[100] Овој проект во Градинката „Корчагин“, единствен во нашата земја, посочи дека децата од најраната возраст

[100] Злата Николиќ - д-р Кирил Темков: *Етиката и љубовта*, исто, стр. 6.

треба да се подучуваат на добро однесување и на она што етички е посакувано. Тие научуваат што можат и смеат да го прават и што е непосакувано, што е лошо и што не смеат да го прават. *„Не смее да нè залажува малата возраст на децата и тоа да нè наведува на откажување или на неоправдано заостанување за воспоставување на вистински темели на етиката кај младата личност.“*[101]

Свесно или несвесно токму тука, кога станува збор за возраста, се греши, во пропуштањето на Етичкото образование. Најчеста фраза која може да се слушне е дека детето е мало и дека не разбира, со изговор дека кога ќе порасне ќе му се укажува и ќе се почне со воспитувањето. Децата треба да се воспитуваат, подучуваат уште од раѓањето.

Колку воспитната работа на Градинките „Корчагин“ е интересна и едукативно значајна, покажува и следниот нивни етичко-педагошки проект посветен на еколошкото образвание како варијанта на етичкото образование. Љубовта и заштитата на Природата, во еден меѓународен проект, во градинките „Корчагин“ се испитувани и развивани исто така низ диоптријата на петте современи вредности: Ненасилство, Вистина, Мир, Љубов и Добро однесување.[102]

## ЕКСПЕРИМЕНТ ПО ЕТИКА ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА

Првата експериментална настава по Етика во одделенската настава од основното образование во Република Македонија е изведена во учебните 2003/2004 и 2004/2005 година во ОУ „Владо Тасевски`` во Скопје во една паралелка од II и III одделение (паралелка од целодневна настава – II-б, III-б), со наставничките Љубица Топузоска и Сузана Никовска. Реализатор на овој етичко-педагошки проект беше Љубица Топузоска, дипломиран педагог и

---

[101] Исто, стр. 6.

[102] Текот и резултатите на овој проект се објавени во публикацијата од група автори на чело со педагогот Злата Николиќ *Децата и Природата,* Градинка „Раде Јовчевски Корчагин“, Скопје, 2009.

постдипломец на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје (со специјализација од областа на Етиката). Овој проект претставуваше нејзина научна задача, која резултираше со изработка на магистерскиот труд *Етичкото образование во одделенската настава,* прв од овој вид во нашата земја, а подоцна Топузовска направи и докторска дисертација *Видови и методи на етичкото образование во одделенската настава.* Таа експериментална настава по Етика со најмалечките ученици и овие академски трудови на д-р Љубица Топузовска се единствени од ваков вид не само во нашата земја, туку и пошироко.

Иницијативата и идејата на овој етички проект беа на професорот по Етика д-р Кирил Темков. За реализација на оваа експериментална настава по Етика со најмалечките ученици тој ги подготви Програмата на експерименталната настава и наставните материјали по Етика за децата.

Овој експеримент со Етичкото образование за прв пат кај нас (и пошироко) се спроведуваше со деца од седум–осум години. Целта беше испитување на рецепцијата на етичките содржини кај најмалечките ученици, проверување и испитување на комуникативноста, сознајната и етичката вредност на предложените етички тематски области и наставни содржини, како проверување преку наставата на дидактичкото значење и методичката ефикасност на различните содржини, методи, техники и средства во етичката едукација на оваа возраст.

Задачите кои беа поставени пред Експерименталната настава по Етика во одделенската настава беа следниве:

- да се провери интересирањето кај децата од првите одделенија за етичките содржини;
- да се испитаат различните етички содржини и нивната рецепција кај децата од оваа возраст;
- да се провери едукативната вредност на материјалите кои се применуваат во етичката настава;

- да се провери можноста за употреба на разни методи, форми и средства во етичката настава со најмалите ученици;
- да се постави основата за изградба на систем на вистински морални вредности кај младите;
- да се провери и обезбеди децата да можат да прават диференцијација помеѓу добрите и лошите постапки, доброто и лошото однесување и, воопшто, помеѓу Доброто и Злото, како базични етички категории.

За изведувањето на оваа експериментална настава користени се како наставни материјали – лекции (етички текстови), Еколошки азбучник и други содржини со етичка тематика[103], подготвени од професорот Темков. Секој ученик во II–б, потоа во III-б, каде што се изведуваше наставата по Етика, ги добиваше овие материјали напоредно со нивната реализација. Така етичките содржини беа достапни на секој ученик, како и на неговото семејство. Секој од овие стотина текстови најнапред има дел со расказ, каде што се изнесени моралните ситуации и дилеми со кои се сретнуваат младите на возраст од 7-9 години, по што следува разбирливо етичко објаснување и јасна етичка поука. Во првиот дел од текстот - во расказот - се содржи темата, а во вториот дел преку *поуката* се презентира идејата, што му дава особена едукативна вредност на текстот. Текстовите целосно соодветствуваат на возраста и детскиот развој. Вторите видови текстови (користени во III и IV одделение, откако учениците се упатени во етичкиот начин на мислење), се однесува на *етички дилеми,* т.е. учениците требаа да направат избор по случката објаснета во расказот, а потоа стануваше збор за *етичка оценка,* која учениците требаше да ја дадат за дејствата на личноста/личностите во расказот.

Етичките текстови третираа различна морална проблематика. Во нив се одвиваат разни случки и настани со неколку деца, заедно со нивните родители,

---

[103] Кирил Темков: *Етика за најмладите* (раскази објавувани во „Нова Македонија" – прилог „Колибри"), 2002-2005 – првиот дел од нив потоа е објавен Кирил Темков: *Етика за децата*, 2007. Исто така Кирил Темков: *Етички речник за младите*, Скопје, 2001; Кирил Темков: *Еколошки азбучник,* 2003.

нивните блиски и другите личности од нивниот живот. Детските личности се на различна возраст (од 8 до 10 години), потекнуваат од различни семејства според нивниот општествен статус, материјалните услови на живот, бројноста на членовите во семејството. Различната возрасна и социјална структура на личностите придонесе учениците да можат да остварат идентификација со нив и да се соживеат со нивните животи и ставови. На овој начин се будеше емпатијата, многу значајна за моралот и за Етиката како наука за моралот.

Според содржината и формата, етичките текстови целосно соодветствуваат на возраста и развојот на децата, што придонесе лекциите и наставата да се реализираат без потешкотии. Учениците со големо интересирање ги следеа, даваа добри усни и писмени коментари, а усвоените знаења практично ги применуваа преку своето поведение и однесување.

„Еколошкиот азбучник", со поднаслов „Буквар за чување на природата", преку азбучната подреденост на еколошките поими се обидува да ја подигне еколошката и етичка свест кај децата од најрана возраст. Преку овој азбучник беа изречени многу пораки за зачувување на природата, за нејзина заштита и за будење љубов кон неа. Исто така, тој служи за развивање позитивни генерациски чувства кај младите.

Во експерименталната настава по Етика во ОУ „Владо Тасевски" имаше два часа седмично. Учениците со особено интересирање, внимание, мотивираност и радост ги следеа часовите по Етика. Напредокот во усвојувањето на етичките поими и вредности беше голем и забележан не само од субјектите кои непосредно беа вклучени во реализацијата на наставата по Етика, туку позитивната промена во детското однесување ја констатираа и другите субјекти, кои имаа можност да присуствуваат во одделението. Тоа беше забележано и од страна на родителите на учениците, кои постојано беа вклучени во овој етичко-педагошки проект како што истакнува проф. Темков, Етичкото образование бара единство (во содржините и вредностите) на сите фактори на етичката изградба на младите.

Методите, формите и средствата при реализирањето на Експерименталната настава по Етика во ОУ „Владо Тасевски“ беа различно избирани, често и спонтано, со што се избегнуваше стереотипноста во наставата. Беа употребувани текст методот, говорниот метод, методот на илустрација и демонстрација, експерименталниот метод, методот на пишување, методот на практична работа, а со особен успех се применуваше методот на дијалог. Формите кои беа употребени се индивидуалната, групната, фронталната и заедничката наставна форма. Изборот на средствата беше најразличен во зависност од етичката содржина и од материјално–техничките можности. Наставните методи, форми и средства секогаш меѓусебно се комбинираа, што ја отсликува флексибилноста и можностите на етичката настава. Малечките ученици со особено интересирање ја следеа наставата по Етика и во неа покажаа особен успех. Поддршката од родителите беше голема, како и поддршката од раководството на училиштето и од другите субјекти. Во Експерименталната настава по Етика беа употребени разни форми на прашалници и анкети, со кои се тестираа мислењата и стекнатите знаења на учениците. Овие техники беа употребени и за евалуација на мислењето на родителите и на наставниците за наставата по Етика и за можностите што таа ги дава.[104]

Во првото полугодие од учебната 2003/2004 година реализирањето на часовите по Етика во II одделение имаше општ пристап, наставните содржини не беа групирани во истражувачки теми. Целта беше учениците со поголема слобода и флексибилност на почетокот да се сретнат со етичката проблематика. Тогаш се развиваше *сензибилитетот за рецепција на етичките содржини*. Во текот на целата настава, часовите по Етика беа поврзувани со актуелни настани, општо познати и медиумски експонирани, како празници и разни други поводи, со што етиката се претставуваше во своето пошироко човечко и социјално

[104]Љубица Топузоска: *Етичкото образование во одделенската настава,* Магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2004, стр. 31.

значење. Тоа овозможуваше и поактивна интеракција на етичките содржини со содржините по другите наставни предмети.

Во второто полугодие во II одделение етичките содржини беа класифицирани во шест истражувачки теми: Односи во семејството и место на детето во семејството; Однесување надвор од дома; Обврски на училиштето; Односи со другарите; Еколошка етика и Етика на здравјето. Во секоја истражувачка тема се обработувани соодветни етички текстови со *поуки*. Се дискутираше за тематските содржини, овие се поврзуваа со темите од другите предмети, како и со личното искуство на учениците. Учениците изработуваа училишни и домашни задачи, како и други видови едукативни задачи и материјали. На крајот од секоја од шестте теми учениците одговараа на два прашалници. Преку едниот прашалник се испитуваа размислувањата на учениците и нивните ставови за одделни етички проблеми и прашања. Преку другиот прашалник се испитуваа знаењата со кои учениците се здобиваа низ етичките часови, нивното задржување во меморијата и способноста овие практично да се применат.

Во првото полугодие на III одделение учениците учеа разни содржини за кои се очекуваше да направат *етички избор*, да најдат морално најдобро решение. Во второто полугодие во III одделение се разработувани содржини за кои учениције требаа да дадат своја, правилна *морална оценка* за опишаните постапки на разни личности. Слично е повторувано и испитувано и во IV одделение.

Часовите по Етика со најмалечките ученици беа грижливо осмислувани. Тие не се сведуваа само на презентирање на етичките содржини, туку се бараше и постојано се поттикнуваше ангажирање и активирање на учениците, како би можеле усвоените етички сознанија да ги систематизираат и нив практично да ги применуваат. Наставата по Етика беше интересна за учениците затоа што тие беа активен субјект во процесот на наставата, со што се надмина едукативната пасивност.

Експерименталната настава по Етика се покажа флексибилна, се избегна шематизмот во наставата, каде што строго зацртаниот редослед понекогаш оневозможува креативно дејствување во воспитно-образовниот процес.

Иако Експерименталната настава по Етика во ОУ „Владо Тасевски" беше факултативна, без обврска за оценување, сепак се применија некои модели на оценување и тие покажаа дека стекнатите знаења од наставата по Етика може да се проверуваат и оценуваат без никакви потешкотии.[105]

Благодарејќи на Експерименталната настава по Етика во одделенската настава од основното образование (2002-2005) се направија сериозни испитувања за можноста за реализација и евентуално воведување на етичкото образование во првиот едукативен степен,[106] како и за перманентно и систематско изведување на наставата по Етика во сите натамошни степени на образование. Сознанијата и резултатите до кои се дојде во оваа исклучителна експериментална настава обемно се претставени и разработени во магистерскиот труд и во докторската дисертација на д-р Љубица Топузовска.[107]

---

[105] Тоа беше овозможено, пред сè, со постоењето на редовни наставни материјали како базично неопходно наставно средство. За реализацијата на Експерименталната настава по етика која ја изведуваше м-р Љубица Топузовска беа подготвени соодветни материјали (лекции) од професорот д-р Кирил Темков – серија етички текстови (стотина текстови) под наслов *Етика за децата.* Текстовите се објавуваа во весникот „Нова Македонија" секој вторник во прилогот за најмладите *Колибри* (од септември 2002 до јуни 2005 година), овозможувајќи 3 вида етичка обука – *поука* за она што е добро за децата, морални *дилеми и етички избор и оценување постапки* со кои се сретнуваат младите на возраст од 7-9 години. Секој ученик од одделението добиваше примерок од секој текст, а со јавното публикување сета македонска јавност имаше можност да се запознае со интенциите и содржините на оваа настава по Етика исто така јавно и редовно се презентирани и содржините за експерименталната настава по Етика во VI одделение и за експерименталната настава по Етика во средните училишта (I-IV клас).

[106] Посебен прилог кон ширењето на Етичкото образование претставува „Ангела и Ангел од I-а, етички стрип од д-р Кирил Темков (прв оригинален стрип во Македонија, кој редовно излегуваше во Списанието „Другарче" во учебната 2004/2005 година со етички содржини поврзани со наставната програма од Бирото за развој на образованието. Неговата едукативна вредност е зголемена со сообразните форми на интерактивната настава кои како пандан и дополна на секоја тема во стартот беа објавувани во „Другарче" континуирано во учебната 2005/2006 година).

[107] Види Љубица Топузоска: *Етичкото образование во одделенската настава,* Магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2004.; *Видови и методи на етичкото образование во одделенската настава,* Докторски труд (ментор д-р Кирил темков), Филозофски факултет, Скопје, 2006.

## ЕКСПЕРИМЕНТ ПО ЕТИКА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Напоредно со иницијативата за воведување Етичко образование во високото и во средното школство започната е и иницијативата за воведување настава по Етика во основното образование во Република Македонија.

Етичкото образование се воведува во сите земји во светот, за да се дополни целината на универзалното образование на современата автономна и одговорна личност. Поддршка на идејата за Етичко образование на најмладите дадоа сите средства на јавното информирање, со објавување на отворените писма до јавноста за воведување на настава по Етика кај нас, со редовното следење на иницијативата за воведување на Етичкото образование и со експлицитната поддршка за оваа иницијатива на Филозофскиот факултет.

Најпрво почнаа подготовките за експериментална настава по Етика во септември 1999 година во Основното училиште „Кочо Рацин“ во Скопје, со поддршка на Советот на родителите. Но оваа настава не започна. Можноста и потребата за воведување на настава по Етика во основното образование кај нас се докажаа со спроведувањето на Експерименталната настава по Етика подоцна во таа учебна година во Основното училиште „Партенија Зографски“ во Скопје. Врз основа на иницијативата за воведување Етичко образование во нашиот образовен систем, Министерството за образование одобри изведување на Експериментална настава по Етика во Основното училиште „Партенија Зографски“ во Скопје во второто полугодие од март - јуни 2000 година.

Основна поддршка за овој етичко-педагошки проект даде директорката на ОУ „Партенија Зографски“ Весна Николовска со своите соработници.

Иницијатор за Експерименталната настава по Етика во основното образование беше Институт за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје. Целта на проектот беше за прв пат да се спроведе етичко образование во предметната настава во основните училишта во Република Македонија, што би значело и проверка на едукациските, етичките и функционалните аспекти на етичкото образование во вишото основно образование кај нас, како и на

суштината, насоките и целите на предложената Наставна програма по Етика за основните училишта во Република Македонија, а исто така и испробување на разните педагошки форми, методи, средства и техники во наставата по Етика во основното образование и изготвување и проверка на првите наставни материјали по Етика за основните училишта кај нас.

За Експерименталната настава по Етика во ОУ „Партенија Зографски“ во наставата беше ангажирана една паралелка - VI-а, составена од 28 ученици. Наставата по Етика беше изведувана во форма на редовна настава за целата паралелка во рамките на реалниот наставен распоред и целиот воспитно-образовен процес. Резултатите беа мошне успешни и афирмативни. Тоа е возраста на која етичкото образование им е најпотребно на најмладите и најдобро делува, за таа генерација етичките сознанија значат животно решение, односно тоа се личности на кои наставата по Етика им дава насоки и сили за решавање на предизвиците и прашањата на етичката ориентација и определба.

Наставник на оваа Експериментална настава по Етика беше Илинка Торбовска-Смилевска, дипломиран професор по Филозофија, постдипломец на Институтот по Филозофија и магистерски кандидат по Методика на наставата по Етика. Нејзе и помагаше Ана Битољану, дипломиран професор по Филозофија, постдипломец на Институтот по Филозофија, која специјализираше Социјална етика. Предвидената Наставна програма ги содржеше следниве 14 наставни целини:

1. Што е човекот, кои се неговите перформанси и очекувања во животот;
2. Што е етиката и што го учи и како го води човекотпо правите патишта на животот;
3. Единството на светот и универзалноста на етиката;
4. Личноста на човекот, неговите сили, елементи на свеста, морални димензии;
5. Блиските – семејство, роднини;
6. Блиските – различни видови заедници, што очекуваат од личноста;
7. Животна етика – одговорноста на човекот за својот виталитет и здравје;

8. Работна (трудова) етика;
9. Љубов, брак, раѓање деца, воспитување на децата;
10. Комуникација меѓу луѓето, разбирање, соработка, толеранција, емпатија;
11. Религијата и нејзината етичка димензија;
12. Оптимизам и песимизам, дефетизам и храброст;
13. Демократија, човечки права, одговорност;
14. Смислата на животот од перспективата на младата личност.

Предлогот на наставната програма по Етика за основните училишта беше сконцентриран врз три суштествени области и тоа:

а) Самосвеста, себеспознавањето на личноста;

б) Местото и улогата на единката во односите со другите луѓе и во разните видови заедници во коишто припаѓа и ги гради и

в) Основните етички сознанија за најважните етички области на здравјето, љубовта и семејството, комуникацијата, работата, етикецијата, како и особените содржини од социјалната и политичката етика.[108]

Бидејќи наставата се изведуваше само во второто полугодие и се изведуваше од март до 10 јуни 2000 година, се направи избор од предложената Наставна програма по Етика. Се обработија само 3 тематски области, приспособени според Експерименталната настава и нејзиното времетраење и услови:

1. Личноста на човекот, неговите сили, елементи на свеста и морални димензии;
2. Што е етиката и што го учи и како го води човекот по правите патишта на животот;
3. Љубовта и страстите.

Содржината на првата тематска целина беше насочена да се однесува на прашањето *Кој сум јас?*, на согледбата на моралната свест, која има своја

[108] Прелогот на Наставната програма по Етика за основните училишта во Република Македонија може да се види: Илинка Торбовска-Смилевска: *Етиката како наставен предмет во основните училишта*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002.

обликуваност и содржина и кај младите на таа возраст, на визиите и на човековите морални потенцијали и на позитивните очекувања во животот. Наредната образовна цел требаше да биде согледбата на социјалната димензија на човековата личност - пред сé низ освртот кон најблиските (семејството, роднините) и кон различните видови заедници (пријатели, училиште-работа, град, нација и универзалното човештво), како и за тоа што заедниците очекуваат од личноста и што личноста може и треба да им даде ним од својата морална свест, култура, амбиција и дејства. Затоа тука беа вметнати и основните содржини од наставните целини за блиските и ближните.

Во втората тематска целина пред сé се укажуваше на проблемот на *граѓанската етика* како вид однесување во животот и спрема луѓето, во што најнапред спаѓаат пристојноста, како основен граѓански елемент на доброто однесување, грижата за својот виталитет и здравје и извршувањето на обврските. Тоа претставуваше можност за имплементирање на етичката сензибилност и на елементите на рационалноста, како што се умереноста и правењето етичка сметка.

Во третата тематска целина се разгледуваа прашањата интересни за животниот период во којшто се учениците. Тука пред сé спаѓаат прашањата на откривањето на своите *емоционални потенцијали*, импулси и манифестации, како и истите такви чувства и кај другите од околината, потоа откривањето на личноста на другиот како предмет на емоционалната заинтересираност и на етичноста на меѓусебното однесување, одговорноста во изборот на љубовниот партнер (како и навестување за одговорностите во бракот и во одгледувањето на своите деца). Посебен аспект претставуваше повторувањето на проблемот на чувањето на својата *морална стабилност*, како дел од грижата за виталноста и здравјето, и на чувањето од запаѓање во зависности, особено од употребата на дрога.

Во Експерименталната настава по Етика се користеа современи методи и техники - групна работа, дискусија, дијалог меѓу наставникот и еден ученик, на кој присуствуваат и се приклучуваат и другите ученици, идентификација на

содржината, видео презентација и дискусија по тој повод, анкета за наставните содржини и коментирање на резултатите, обиди за морални искажувања и застапување на моралниот сензибилитет. Целта е *градење на високо ниво на етички дух и култура* како вовед во етичката автономија на личноста. Ваквиот модерен методички пристап во наставата по Етика е многу потребен заради современоста на оваа тематика и наставна проблематика, како и заради воспитно-образовните цели, кои се однесуваат на развитокот на младата личност кон нејзина автономност, што претпоставува нејзино активно вклучување во етичкиот наставен процес.

Иако ова беше за прв пат етичките наставни содржини да влезат во образовниот процес во нашето основно школство (а во средното школство овие содржини влегоа за прв пат една година порано, во учебната 1998/99 година) - наставата по Етика се одвиваше нормално, со заинтересираност на учениците, без специјални напори од наставниците, со голема комуникативност и успешност во примањето и прифаќањето на наставните содржини од страна на учениците.

Широчината на наставните теми по Етика овозможи да бидат испробани различни дидактички средства и методи, што во современиот педагошки процес претставува една од најзначајните одлики на капацитетите на наставата по некој предмет.

Првата настава по Етика во нашето основно образование беше следена од другите наставници од наставничкиот колектив на училиштето каде што беше изведувана, како и од студентите и постдипломците по Филозофија и од претставниците на медиумите. Сите позитивно ги оценија насоченоста и образовниот и етички квалитет на оваа настава.

Исто така, и родителите на учениците беа целосно и редовно информирани за наставата по Етика и беа консултирани за нивните ставови во врска со етичката настава. И тие позитивно ја оценија нејзината оправданост и насоченост, како и нејзиниот едукативен и етички квалитет.

Наставата по Етика во основните училишта ја искажува основната смисла на етичкото образование како пат и форма на изградба на зрела личност, носител на моралната свест и практика во општеството. Етичкото образование во основните училишта ја има и функцијата на успешна социјализација на младите.

Во таа смисла, наставата по Етика во основното образование е клучна алка во моралното воспитување на младата личност и појдовна стапка на нејзиното вкупно етичко образование. Наставата по Етика во средното образование е обука на личноста во сознавањето, примањето, прифаќањето и градењето на етичките вредности и норми. Наставата по Етика во високото образование претставува истражување на Етиката на научен начин, како и спроведување на специфично професионално етичко образование (запознавање со деонтологијата на професијата).

„*Според искажувањата во јавноста за кризата на моралот и на вредностите во нашето општество, како и според стратешките визии за развој на нашето општество, во кое основна улога треба да одиграат младите генерации, неоптоварени со идеолошкиот баласт од минатото и подготвени за сериозно и слободно развивање на иницијативите, како и за изградба на одговорно и етично општество - етичкото образование е еден од составните и неопходни делови на таквата едукативна потреба на нашата младина.*“[109]

Воведување етичко образование во основното школство кај нас како специфично образование на личноста за достигање зрелост, етичка свест, морална обученост и стабилност, автономно размислување и однесување, животна одговорност и демократски и хуман сензибилитет, како и за запознавање на младата личност со основните и најзначајни морални вредности карактеристични за нашето општество и за светот во оваа и идната епоха на човештвото е повеќе од потребно.

---

[109] Види Илинка Торбовска-Смилевска: *Етиката како наставен предмет во основните училишта*, цит.дело, стр, 31.

Иако е добро Етика да се изучува во сите одделенија во основното образование, истражувањето на светското искуство и Експерименталната настава по Етика во основното училиште „Партенија Зографски“ покажаа дека е најдобро етичкото образование во основното школство да се спроведува во VI одделение. Во петтото одделение настапува пресвртот во образовната технологија и воведување на предметна настава. Во VII одделение учениците веќе имаат понекој изграден став. Во последните одделенија учениците се веќе повозрасни и не би имале вистинска комуникација со оваа базична етичка настава.[110] Етика би можело да се учи и во V и во VII одделение, но најдобро е и најефектно да се учи во VI одделение. И учениците во другите одделенија етичката настава би ја примале со заинтересираност и со задоволство би учествувале во неа, но нивото на моралната свест и почетоците на изградбата на вредносниот систем кај личноста ја прават најподатлива токму наставата по Етика во VI одделение.

Во VI одделение, учениците почнуваат да бидуваат поживотно заинтересирани за доаѓање до етички сознанија, имаат потреба од комуникација за прашањата на моралноста, ги интересира изградбата на својот морален поглед, побаруваат проверка и оправдување на своите морални ставови. Наставата по Етика во таа година тие ја доживуваат како вистинска лична и човечка комуникација со содржините, темите и нормите на Етиката.

Етичкото образование може да има нагласена моралновоспитна, аксиолошко-определувачка, историска и научно-истражувачка димензија. Според создавачите на Предлогот на наставните содржини за Експерименталната наставата во VI одделение, наставата по Етика во основните училишта би требало да биде морално-инструктивна и воведувачка во етичко-педагошките димензии на живеењето. Оваа ориентација значи оваа настава и нејзините цели и задачи да бидат предимно свртени кон себезапознавањето, кон откривањето на заедницата и на етичката нужност за животот, како и кон

[110] Исто.

претставувањето на основните етички норми во неколку суштествени животни и етички области (здравје, односи со другите, работа, религија и сл.).

Спроведената Експерименталната настава по Етика во VI одделение во основното образование покажа дека ваквата настава е потребна, дека соодветствува на проширените образовни потреби и задачи денес, дека ги интересира учениците, дека со неа тие научуваат нешто што е потребно а не се учи во другите предмети, дека имаме наставен кадар кој може да ја изведува оваа настава и дека тој располага со знаења и вештини со кои наставата по Етика може да биде на рамниште на класичните предмети кај нас. Предлогот на Наставна програма за наставата по Етика во основните училишта покажа дека таа е применлива и успешна во практиката.

За оваа настава почнаа да се изработуваат и основни наставни материјали, кои задоволуваат и можат да се развијат во стандардна наставна литература и прирачници. Тие се објавуваа редовно во прилогот за најмладите „Колибри“ на весникот „Нова Македонија“ уште во текот на Експерименталнита настава, а потоа излегуваа секој вторник во текот на две учебни години, од септември 2000 до јуни 2002 година, а потоа делумно се повторувани во „Колибри“ и во списанието „Наш Свет“. Авторот проф. Темков тие текстови ги оформи во целина наречена „Љубов и внимание“. Овие етички текстови беа читани и дискутирани во многу училишта.[111]

Со тоа се извршени сериозни подготовки за воведување настава по Етика во основните училишта во Република Македонија, со што и нашето школство би му се придружило на овој нов образовен тренд во светот, неопходен и за нашите млади генерации.

[111] За успешно изведување на Експерименталната настава по Етика во VI одделение во основното училиште „Партенија Зографски“ проф. д-р Кирил Темков во април 2000 година направи енциклопедиска книшка *Позитивните етички вредности,* која беше умножена и поделена на сите ученици кои ја слушаа оваа настава, како и на ученици и наставници, кои беа заинтересирани за позитивните етички вредности како содржина на моралот.

## ПРВА ОФИЦИЈАЛНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО ЕТИКА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во македонското општество јавно се дискутираше за воведување настава по Етика во основното образование – за тоа се расправаше и во Собранието на Република Македонија и се донесоа ставови за нејзино воведување.

Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието во програмата за деветгодишното основно образование во 2007 година усвои Наставна програма по Етика за основното образование, според која во шестото или седмото одделение учениците ќе имаат можност за *изборна настава* по Етика по два часа неделно или 72 часа годишно.

Наставата по Етика им овозможува на младите личности да се здобијат со сознанија за улогата на моралот во животот на човекот, за нужноста од етика во сите сфери од човековото живеење, за вредностите и моралните норми кои имаат значајно влијание врз формирањето на моралната свест кај луѓето. Наставната програма за оваа изборна настава ја направија проф. д-р Кирил Темков, д-р Јован Лозановски, д-р Љубица Топузовска, м-р Гордана Никчевска и ги изразува нивните погледи за етиката и етичкото образование, проверено низ истражувањата и наставната практика: *„Етички образована личност има способност да обликува, избира, следи и брани соодветни аксиолошки ставови и од вредностите да создава сообразни морални норми на однесувањето. Тоа е потребно за снаоѓање на личноста во сложените процеси на современиот свет и демократијата, како и во очекуваните тешкотии на идното живеење на човештвото.*“[112]

Целта на оваа настава по Етика е да ги запознае учениците со суштината на етиката и моралот, да им овозможи на учениците да ги разберат реалноста и значењето на проблемот на моралот во животот на личноста и во општетсвото, да помогне во воспитувањето и градењето на карактерните особини на младите личности, да им помогне на младите да се осознаат како разумни и одговорни

[112] *Наставна програма по Етика*, Министерство за образование и наука – Биро за развој на образование, програма за деветгодишно образование, Скопје, 2007, стр. 2.

суштества, да помогне во осознавањето на егзистенцијата и на потребите на другите како и за нивната улога во животот на личноста, да ги подготви и оспособи учениците за правилно прифаќање и избор на позитивните етички вредности, како и за личен креативен придонес во градењето на етичката аксиологија, и да ги воведе во самостојно критичко и позитивно однесување кон етичките дилеми и алтернативи.

Првата тема *Доброто и Злото* ги опфаќа содржините кои би им помогнала на младите да разберат дека добрите нешта во животот и среќата зависат од сопствените визии, вредности и постапки, да се воведат во етичкиот начин на мислење и да дадат одговори на најчесто поставуваните прашања: Кој сум јас? Кои се моите очекувања и надежи, интереси и желби, планови и очекувања? Како да се биде пријател на себе си? Како да се постапува правилно и да се прави добро?

Втората тема *Етиката и Моралот* - со наставните единици: Зошто младите учат Етика? Што е моралот и неговата улога во човековиот живот, Личноста и моралот, Внимание (разумот во моралот) - би помогнала да се објасни новата теорија за Етичко образование на младите како изградба на автономни, етички личности, како и да покаже дека етиката помага човекот да оди по правите патишта во животот.

*Човекот и другите* е третата тема. Тука се става посебен акцент врз суштината на односите меѓу луѓето и нивната комуникација, врз смислата на разбирањето и на соработката меѓу луѓето, врз суштината и вредноста на пријателството како специфичен човечки однос, врз суштината на поимите Блиски и Ближни, Семејство, Машко и Женско.

Четвртата тема ги обработува *Етичките вредности*. Тука се говори за можноста за избор на добрите постапки на луѓето – чесноста, коректноста, вистинољубивоста, достоинството, храброста, а се говори и за самоконтролата над негативните постапки (саможивоста, зависта, злобата, одмаздата, непријателството).

*Современите вредности* е петтата тема, каде учениците се запознаваат со најважните современи вредности како извор на денешната етика, и тоа: Умереност, Скромност, Воздржаност, Разбирање, Емпатија, Соработка, Толеранција, Љубов, Правилна комуникација, Масмедиуми.

Шестата тематска целина е суштината на *Биоетиката* (како нова наука и етичка област), која се грижи за заштита и унапредување на животот. Во оваа тема би се обработувале содржините: Етиката на животот денес, Еколошка етика - чување на Природата, Чување на здравјето и заразни болести, Зависности, пушење, алкохол и дрога.

*Бонтон за младите* е седмата тема и во неа би се учело за Пристојноста, Однесувањето во училиштето, Однесувањето дома (и со блиските), со другарите, Облекувањето, Начинот на говорење.

Осмата тема е *Работна етика*. Во оваа тема се говори за основните етички вредности на работењето, за значењето на иницијативоста, трудољубивоста и соработката како базични етички вредности, потоа за значењето на економските категории Пари, Имот и Штедење, како и за нивната етичка вредност за личноста и за заедницата.

Деветата тематска целина е *Младата личност и светот*, во која би се дискутирало за: Оптимизам, Храброст, Демократија, Одговорност, Човековите права, Мир и соработка меѓу луѓето, Единството на светот - Универзална етика.

На барање на Бирото за развој на образованието на Република Македонија проф. Темков (2007) изработи Методички прирачник за наставата по Етика во VI – VII одделение. Сè уште не е започнато со оваа настава по Етика, но важно е што се појави шанса за Етичко образование на најмладите.

Во текот на 2009/2010 година проф. Темков во прилогот за деца „Колибри“ во весникот „Нова Македонија“ објави 38 етички текстови под наслов *Етика за основното образование.* Овие текстови принципиелно донесуваат содржини според програмата за изборна настава по Етика. Во секој од текстовите проф. Темков низ бројни етички примери и поуки од врвни етичари прилагодени на возраста на младите во основното образование и со за

нив јасен и разбирлив стил дава поттик за младите да читаат и да размислуваат за тоа што е добро да прават, а како да го избегнуваат злото, односно да не прифаќаат да го прават. Текстовите се насочени кон упатување на младите да прават добро, да се обидуваат да ги оценуваат моралните постапки и да извлекуваат морални поуки и да донесуваат правилни морални решенија.

Во првите текстови професорот Темков пишува за основните начела на етиката како теорија на моралот, зошто се учи етика, како умно учење за умните деца, потоа за значењето на моралот, за моралните правила и за изворите на моралот.

Потоа следуваат текстовите кои говорат за еднаквите вредности на сите луѓе во светот, и тоа за чесноста како најголема добродетел, за тоа дека секогаш треба да се зборува вистината, за праведноста како сила на еднаквите, за денес актуелните етички вредности како што се здравјето, грижата за Природата, кога еколошката етика ги учи луѓето да внимаваат на Природата и да се грижат да имаат добра природна средина, и моралните содржини на информатиката.

Потоа текстовите објавувани во прилогот за деца „Колибри“ ги опфаќаат прашањата за доброто однесување, за хуманите односи меѓу луѓето, за основните вредности на заедничкото живеење и за уредување на односите во семејството. Во семејството сите треба да се сакаат и да се почитуваат, машките и женските треба да се пријатели, човекот се познава според доброто однесување, а потребно е и меѓусебно проштевање. Потоа се говори за доброто однесување во семејството, во училиштето, меѓу другарите, како и во јавноста.

Натаму се разработени биоетичките прашања (чување на здравјето, развиток на еко-етичките погледи и активности, заштита од зависностите и др.).

Етиката на работењето (трудољубивоста, соработката и штедењето) се последната наставна целина во оваа серија текстови, кои завршуваат со текст за значењето на етичкото образование на најмладите.

## ВОВЕДУВАЊЕ НАСТАВА ПО ЕТИКА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Од учебната 2010/2011 година во Република Македонија се воведува задолжителна настава по Етика во VI одделение. Министерството за образование и наука – Биро за развој на образованието, во декември 2009 година, во согласност со Законот за основното образование во Република Македонија, ја утврди Наставната програма по Етика за VI одделение во основното образование.[113]

Сите ученици во VI одделение, во основното образование, од септември 2010 година, за прв пат во нашата земја, ќе учат Етика. Во воведот на Наставната прогама по Етика за VI одделение се нагласува: *„Наставниот предмет Етика е задолжителен предмет за учениците во VI одделение. Неделниот фонд на часови за предметот изнесува по 1 час неделно, односно 36 часа во текот на учебната година“.*[114]

Содржините по Етика според Наставниот план се распределени во три наставни теми:

**Етиката и моралот** (12 часа) е првата тема во Наставната програма, а во неа ќе се обработуваат следните наставни единици:

- *Што е етика* - првата наставна единица. Во неа ќе се говори за прашањата кои ги опфаќа етиката, за етичкиот избор, за етичкиот начин на мислење, за примената на знаењето од етиката, за решавање на моралните проблеми во секојдневниот живот.
- *Морал* – е следната наставна единица а во неа ке се учи, преку соодветни примери, за значењето на моралот и за моралното однесување на луѓето.
- *Значењето на моралот* – е третата наставна единица во која учениците се насочуваат да го согледаат значењето на моралот во животот и во однесувањето на секој човек.

---

[113] Види: http://www.bro.gov.mk/

[114] *Наставна програма по Етика* за VI одделение, Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, Скопје, 2009, стр. 3.

- *Св. Климент Охридски* - е четртата наставна едница. Во неа учениците ќе имаат можност да учат за личноста и делото на нашиот прв и најзначаен учител и етичар Св. Климент Охридски, ќе читаат и ќе разговараат, за етичките пораки на овој бележит македонски просветител и моралист.

**Универзални етички вредности** (12 часа) е втората тема во предметот Етика, со следните наставни единици:

- *Етиката во целиот свет* – во која преку примери, поговорки, етички мисли од различни култури, земји и народи ќе се разработуваат суштината на општочовечкиот морал и значењето на универзалните етички вредности.

- *Најзначајни етички вредности* – посебно ке бидат претставени основните етички вредности - *Чесност, Вистина, Праведност* (Правила, Закони, Одговорност) *и Патриотизам* – со што учениците ќе се здобијат со знаење за индивидуалните и социјалните морални вредности и норми.

- *Универзална етика* – е учење за единствената етика за целото човештво, која сега се гради, а во неа се опфаќаат основните вредности за целиот свет, како: Мир, Разбирање, Толеранција, Солидарност и Соработка.

- *Современи етички теми (Етика на здравјето, екологијата, информатиката)* – наставна единица во која ќе се обработуваат здравјето како основна животна и етичка цел, чувањето на животната средина, како и моралните вредности на современото знаење и на работата со компјутерите.

**Добро однесување** (12 часа) е третата наставна тема по Етика, со наставните единици:

- *Добро однесување* – каде учениците ќе се запознаат со правилата на доброто однесување, со пристојноста, ќе им се објаснат и ќе се дискутира за смислата и функцијата на бонтонот за правилно однесување кон другите и во друштвото.

- *Однесување во семејството* – ќе се разработуваат правилата на однесување меѓу членовите на семејството, ќе се разговара за почитувањето на постарите, за меѓусебното почитување, разбирање и помагање и меѓу членовите на семејството.

- *Однесување во училиште* – ќе се учи за доброто однесување во училиштето, каде основната работна задача е учењето, како и за нормите на однесување меѓу соучениците.

- *Однесување меѓу другарите* – ќе се разгледуваат правилата за добро однесување меѓу другарите, односно за начелата според кои младите треба да се раководат во односите со другарите.

- *Добро однесување во јавноста* – учениците ќе се запознаат со правилата на добро, пристојно однесување во јавноста, на улица, во јавните и културните институции.

- *Добро однесување кон другите луѓе* – е последната наставна единица, од Наставната програма за наставата по Етика во VI одделение на основното образование, во која учениците ќе учат за значењето и правилата на доброто однесување меѓу луѓето, како што се почитување, неповредување, помагање, итн.

За оваа прва задолжителна настава по Етика во VI одделение кај нас, објавен е конкурс за учебник и во текот на завршувањето на оваа дисертација усвоен е учебникот *Етика за VI одделение* од проф. Кирил Темков, во кој наставниот материјал е разработен консеквентно според Наставната програма.

* * *

Современото општество, денешниот начин на живеење налага и бара поставување на вкупни нови цели, на што етиката мора да одговори со создавањето на зрели и автономни личности. Тоа го бараат брзото темпо на животот и информатичката ера, видно изменетите услови и начин на комуникација и живеење воопшто, опасностите и епидемијата од зависностите, страдањата и болестите, кои од сите страни нè опкружуваат.

Човекот е општествено суштество. Тој во заедничкиот живот со другите луѓе ја бара и пронаоѓа смислата на сопствената егзистенција, личната сигурност, радост, среќа, спокојство. Заедничкиот живот, усовршувањето и хуманизирањето на меѓучовечките односи создаваат одредени проблеми и

бараат нивно решавање, соодветно прилагодување на условите на заедничкиот живот, меѓу кои спаѓа и прифаќањето на морални норми, на етички правила кои го истакнуваат човековото достоинство, ја афирмираат слободата на единката и ги определуваат нејзините права.

Иницијативата за Експерименталната настава по Етика во средното образование, во предметната настава на основното образование и во одделенската настава на основното образование, како и експериментот по Етика во градинките, т.е. и во предучилишното образование, ја покрена професорот Кирил Темков и за сите нив тој изработи наставни материјали. Реализацијата на овие наставни активности по Етика ја изведоа постдипломците и докторантите на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, кои за нив изработија соодветни академски (магистерски и докторски) научни трудови.

Оваа дејност ги унапреди сфаќањето и содржините на Етичкото образование во Република Македонија и даде импулс Етиката да се развие во македонското школство како наставен предмет. Во 2002 година воведена е прва редовна настава по Етика во средните музички училишта, а во 2003 година започна изборна настава по Етика во гимназиското образование, и тоа во II година, а во III година во пакет изборни предмети во подрачјето општествено-хуманистичко Б. Сега се воведува и првата задолжителна настава по Етика во VI одделение на основното училиште.

Младите личности бараат да бидат насочени правилно, оттргнувајќи ги од лажните вредности и претставувајќи им ги најдобрите позитивни вредности. Со тоа ќе биде овозможен правилен и здрав развој на нивната личност. Етиката помага во тоа, оспособувајќи ги младите за диференцијација на доброто од злото, со постојана наклонетост кон доброто, а со избегнување на злото, како што тоа го учи и нашиот најголем учител на моралот св. Климент Охридски.

Со учењето Етика се поставува основата на здраво современо општество, во кое луѓето се водени со познавање на големите и најважни етички идеи и вредности и од чувството на должност. Затоа иницијаторите за воведување настава по Етика и за изведување на осмислена експериментална настава по

Етика, вложуваа напори за тие рамки, како пат за изградба на целосни етчко-педагошки сознанија, да одат во чекор со најсовремените етички и педагошки тенденции и нашата земја да не заостанува зад современиот свет во реалната потреба и развој на Етичкото образование.

## ЕКСПЕРИМЕНТ ПО ЕТИКА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Иницијативата за воведување Етичко образование во средното образование (како и во основното и во високото) во Република Македонија, ја покрена Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1998 година.[115] Институтот за филозофија, како што беше нагласено во дописот до Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, е готов за почетните разгледби на овој проблем да ги подготви сите потребни материјали, со објаснувањата на психолошките и вредносните димензии на секое од прашањата и со создавање варијанти според специфичноста на образовното ниво и задача ако се инсистира што побрзо да започне ваквата настава во нашите средни училишта. Бидејќи станува збор за почетоци во развивањето на етичкото образование кај нас, се укажува дека најнапред би требало, како почетен чекор во освојувањето на оваа нова наставна материја во нашето школство, наставата по Етика да започне да се одржува во неколку училишта. Иницијаторите побараа ваквото почетно изведување на Етичкото образование да се спроведе во некое од оние наши 16 средни училишта во кои тогаш се планираше да се спроведува истражување на новите планови и програми. Но, по средбата на професорот Темков со Министерот за образование професор д-р Софија Тодорова на 19 мај 1998 година, изработен е предлог да се почне со Експериментална настава по Етика

[115] Т. Гоцевски – В. Панзова – К. Темков: *Иницијатива за воведување настава по Етика во средно образование,* Етички тетратки, Скопје, бр. 2, лето 1998, стр. 6.

во 4 средни училишта во нашата земја, а УСО "Браќа Миладиновци" во Скопје (населба Драчево) да биде специфичен центар за средношколската настава по Етика. Идниот месец, таа молба беше повторена со ново писмо.[116]

Во писмата се посочуваат 4 средни училишта како носители на првата Експериментална настава по Етика кај нас:

- Училиште за средно образование „Браќа Миладиновци“ во Скопје, како своевиден центар за експериментална настава по Етика во средното образование во Република Македонија, а во него експерименталната настава да се спроведува во првата година, во две паралелки, една гимназиска и една биотехничка (со особена програма за Биоетика);

- Државно средно училиште "Ѓорче Петров" во Крива Паланка за експериментална настава по Етика во втората година. Училиштето за средно образование „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка е образовен центар за североисточна Македонија, со добри работни искуства. Оваа настава по Етика посебно ја поддржаа Даринка и м-р Киро Тасковски, поранешни наставници по Филозофија во ова училиште. Воведувањето Експериментална настава по Етика не е само потреба на младите од ова училиште, туку и основа за реализирање на плановите за етичка дејност во Домот на културата и во Манастирот „Свети Јоаким Осоговски“, за кои има сериозни повеќегодишни планови;

- Земјоделско-шумарски училишен центар „Ѓорче Петров“ во Кавадарци за експериментална настава по Етика (со особен осврт врз Биоетиката) во третата година. Овој центар е избран за Експериментална настава по Етика заради неговите одлични резултати во организацијата на наставата и на огледната работа на учениците, како и заради застапеноста на млади личности од сите краишта на Македонија во него.

- Училиште за средно образование „Орце Николов“ од Скопје за Експериментална настава по Етика во четвртата година.

---

[116] Види Јован Лозановски: *Етичко образование во средните училишта во Република Македонија,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1999, стр. 30.

На 14 септември 1998 година Министерството за образование и физичка култура издаде решение за Експериментална настава по Етика во средното образование во Република Македонија како факултативна настава во средните училишта во учебната 1998/99 година. Во УСО „Браќа Миладиновци“ во Скопје (Драчево) наставата ја изведуваа Васко Андонов, професор по филозофија, и Јован Лозановски, професор по филозофија и директор на училиштето, завршен постипломец, кој за својот магистерски труд ја истражуваше Експерименталната настава по Етика во средните училишта. Во УСО „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка Експерименталната настава по Етика ја изведуваше Киро Наунов, професор по филозофија. Во Земјоделско-шумарскиот училишен центар "Ѓорче Петров" во Кавадарци Експерименталната настава по Етика/Биоетика ја изведуваше Марија Тасева, професор по филозофија. Во УСО "Орце Николов" во Скопје, Експерименталната настава ја изведуваше д-р Олга Пешевска-Заревска, професор по филозофија,[117] наставник по покана на Филозофскиот факултет во Скопје по Методика на наставата по Филозофија.

И според содржината, во Експерименталната настава по Етика имаше разлики според видот средно образование каде што се изведуваше. Генерално во Експерименталната настава во учебната 1998/99 година се истражуваше применливоста и квалитетот на предложената Наставна програма по Етика за средните училишта, со две варијанти - за гимназиското и за биотехничкото образование (т.е со општоетичка и со биоетичка димензија). При општата етичка содржина за сите четири училишта, во УСО "Браќа Миладиновци" во Скопје и во Земјоделско-шумарскиот училишен центар "Ѓорче Петров" во Кавадарци се спроведуваше исто така засилена обука од Биоетика, како еден од фундаменталните етичкообразовни насоки кои се модерни денес и кои ги предлага и УНЕСКО, а во гимназиската паралелка во УСО "Браќа Миладиновци" во Скопје, во УСО "Ѓорче Петров" од Крива Паланка и во УСО "Орце Николов" од Скопје се испитуваше стандардната етичка програма. За

[117] Податоците за образованието и професионалната кариера на наставниците кои учествуваа во Експерименталната настава по Етика во средните училишта во нашата држава се објавени во списанието „Етички тетратки“, Скопје, бр. 3, есен 1998, стр. 9-13.

Експерименталната настава по Етика во УСО "Орце Николов" во Скопје, бидејќи таму станува зборо за IV година на образованието (учениците работат неколку недели помалку), се извршени соодветни деривации во предложената Наставна програма по Етика.

Во оваа Експериментална настава по Етика стануваше збор за факултативна настава, која учесниците ја избираа според својот афинитет. Пријавувањето на учениците за Експерименталната настава по Етика се одвиваше по известувањето во училиштата. На првата јавно закажана средба беа поканети сите пријавени ученици, каде што им беше подетално објаснета целта на Експерименталната настава по Етика, значењето на Етиката денес и беа изложени елементите на Наставната програма. По оваа средба, учениците исполнуваа пријава за оваа настава, која истовремено беше и прв прашалник во Експерименталната настава по Етика, и беа оформени паралелките.

Во УСО "Ѓорче Петров" од Крива Паланка, со директорката Марија Митева беше договорено Експерименталната настава по Етика да следи една гимназиска паралелка од II година (II/7).

Заради потребата од споредба на делумно различни наставни содржини во општата етичка и во биоетичката наставна програма, во УСО "Браќа Миладиновци" од Скопје се формирани две паралелки (I/г и I/с). Инаку, во УСО "Браќа Миладиновци" имаше најголемо интересирање за пријавување за експерименталната настава по Етика, така што не можеа да бидат вклучени сите заинтересирани ученици. Интересирањето за наставата по Етика во УСО "Браќа Миладиновци" беше големо и кај учениците во IV година, така што наставникот Васко Андонов работеше и со две секции по Етика со учениците од завршната година. Во УСО "Браќа Миладиновци" е подготвен посебен училишен простор за Експерименталната настава по Етика - училница со компјутер, поврзана со Интернет, и со други аудио-визуелни средства погодни за ваков педагошки експеримент. Таму одделните часови се планирани и изведувани како Етичка работилница. Во ова драчевско училиште во беше оформен и *центар за етичко и биоетичко образование* во средното училиште, како прв ваков истражувачки

центар во Европа (но брзо потоа беше затворен од училишната управа). Тој требаше да обезбеди развиток на специјални научни педагошко-етички сознанија кај нас.

И во УСО "Орце Николов" во Скопје имаше големо интересирање за оваа експериментална настава, па се оформени две паралелки - една од учениците од IV година на гимназиската насока, една од учениците од IV година на електротехничката насока, кои подоцна се обединија во една паралелка (35-40 ученици).[118] Во УСО "Орце Николов" Експерименталната настава по Етика се изведуваше во големата библиотека на училиштето, во УСО "Ѓорче Петров" од Крива Паланка во постојната училница на избраната паралелка, а во Земјоделско-шумарскиот училишен центар "Ѓорче Петров" од Кавадарци во специјалниот кабинет за изборна настава.

За Експерименталната настава по Етика во средните училишта д-р Кирил Темков и Јован Лозановски во септември 1998 година го изработија основниот работен документ - Глобално и тематско планирање на Експерименталната настава по Етика.[119]

Покрај општите цели на наставата по Етика, изложени во Предлогот на Наставна програма по Етика како средношколски предмет, авторите на Глобалното планирање предвидуваа и низа посебни цели на Експерименталната настава по Етика. Таа требаше да оствари првично воведување на етичките содржини во нашето средно образование и да ги испита комуникативноста и сознајната и етичка вредност на предложените тематски области и наставни содржини, како и да ги провери дидактичкото значење и методичката ефикасност на различните методи, техники и средства во Етичкото образование на оваа возраст. При тоа се инсистираше тежиштето на оваа настава да биде поставено врз проблемскиот, а на врз историцистичкиот пристап.

[118] Списокот на сите ученици кои ја посетуваа Експерименталната настава по Етика е објавен во списанието „Етички тетратки", бр. 3, есен 1998 година, стр. 10-14.
[119] Глобално и тематско планирање на наставните содржини во Експерименталната настава по Етика, „Етички тетратки", Скопје, бр. 3, есен 1998 година, стр. 3-8.

Како посебни задачи на Експерименталната настава по Етика се истакнати: проверка на заинтересираноста на учениците за овој наставен предмет; испитување на актуелната вредност и комуникативност на Етичкото образование, на неговите разни видови и различни содржини, особено според возраста и предзнаењата на учениците, како и според нивните занимања; проверка на разните методи во етичката едукација; подготовка на различни наставни материјали и проверка на нивната едукативна вредност; изградба на аксиологијата на современото човештво и на нашето општество, кои би соодветствувале на возраста на учениците; и проверка на можностите и методите на подучувањето и оспособувањето на учениците за правење етичка сметка.

Првата тема од програмата за Експерименталната настава по Етика беше посветена на *воведното запознавање со Етиката и Моралот*. Тука се обработени наставните содржини за моралот во животот, за Етиката како наука за моралот, како и основните аксиолошки теми за вредноста на животот, особено правењето на скалата на вредностите, со преглед на основните видови вредности на животот.

Втората тематска целина се однесуваше на *позитивитетот на животната етика.* Тука се обработувани наставните единици за проблематиката на Доброто и Злото, за нивната различност и спротивност, како и за апсолутната вредност на Доброто и за морализмот како животна ориентација на почитување на Доброто. Кон тоа беше предвидена обработка на наставната единица за изборот на позитивен пристап кон животот како современа етичка тенденција.

Третата тематска целина беше предвидена за обработка на *современата етичка доктрина,* со наставните единици за проблемот на односот меѓу индивидуализмот и колективизмот, за личноста како етичка вредност и цел, за современиот утилитаризам како доминантно етичко учење на современиот развиен свет и за проблемите на етичката автономија и хетерономија.

Во четвртата тематска целина, *моралната свест*, беа поместени наставните содржини за елементите на моралната свест и за нејзината изградба, како и за моралната оценка и за совеста. Покрај тоа, се обработуваа и содржините за намерата и делото, за прифаќањето на моралот, за согласноста со Доброто и неговото следење и за отфрлањето и избегнувањето на Злото. Во тој контекст посебно беше ставен акцент врз Десетте Божји заповеди, како еден од најтрајните и највлијателни нормативни етички системи во историјата.

По повод празникот на македонскиот првоучител свети Климент Охридски (во почетокот на декември) е обработена тематската целина за *нашите етички вредности*, во која се прикажани етичките погледи на св. Кирил и св. Методиј, на св. Климент и на св. Наум Охридски како наши први и најзначајни етичари.

Следната тематска целина беше посветена на проблемот на *слободата и личноста,* со приказот на поимот на слободата, на значењето на слободата за личноста и за развитокот на општеството и на човештвото, како и на современите димензии на слободата и на прашањето на односот меѓу слободата и одговорноста. Бидејќи во 1998 година, на 10 декември, се навршуваа 50 години од усвојувањето на најзначајниот етичко-политички документ на нашиот век Универзалната декларација за правата на човекот, учениците беа запознаени со нејзината содржина и етички вредности.

Седмата тематска целина во првото полугодие *Животот и Етиката* ги прикажуваше наставните содржини за радоста и тагата, за губењето и за создавањето надеж, за задоволството и за незадоволствата, односно за животниот оптимизам и песимизам, како и за сложеното прашање на љубовта и на одговорноста и за пријателството меѓу луѓето.

Последната тематска целина во првото полугодие беше посветена на *должноста*, односно на теоријата и практиката на одговорноста, на избегнувањето на одговорноста и на значењето на должноста за моралниот живот.

Во второто полугодие во Експерименталната настава по етика во нашите средни училишта се предвидени за обработка 9 тематски целини.

Во тематската целина *Етичките вредности*, според изборот на наставникот, беа обработени содржините на некоја од следните етички прашања: Среќа и како се препознава и здобива; Судбина; Вистинитост; Достоинство; Чест; Храброст; Срам и бесрамност; Егоизам и алтруизам; Толеранција; Разумност и трезвеност; Фанатизам; Воздржаност; Арогантност и суета; Жртвување; Издржливост, цврстина; Доверба; и Мудрост.

По обработката на овие основни етички прашања, пред да се пристапи кон изучување на етичките димензии на Практичната етика, беа предвидени часови за запознавање и обука на учениците во *етичкото сметање*. Тука се обработени единиците за односот на разумот и моралот, потоа поимот и содржината на етичкото сметање, како и проблемот на етичките приоритети и нивните видови.

Првата тематска целина од областа на животната (практичната) етика беше *Здравствената етика*. Обработени се наставните единици за Биоетиката, за прашањето на животот, природата и односот на личноста кон нив, за здравјето како вредност и за тоа кои се елементите на добро здравје. Во проблематиката на Етика на здравјето се прикажани прашањата на доброто здравје, на физичката активност и на исхраната, како и улогата на личноста во чувањето на здравјето. Големите проблеми на зависноста се истражени преку видовите зависности, истовремено со поуката за избегнување на зависностите и на заразните болести. Оваа наставна единица во проширен обем е работена во биоетичките паралелки.

Тематската целина за *Социјалната етика* ги содржеше наставните единици: Јас како личност; Јас и другиот; Светот како една целост (Универзална етика); Заеднички живот (заедништво); Солидарност, сочувство; и Еднаквост. Како прилог учениците се запознаени со Етикецијата и Бонтонот.

Следната тематска целина беше *Економската етика*, каде што се обработуваа наставните содржини за имотот и за парите, како и за штедењето и

за дарежливоста. Тематската целина за Работната (трудовата) етика ги обработуваше наставните содржини за работата и работната одговорност, за трудољубивоста, за издржливоста, за кооперативноста, за деловноста и деловната чесност, за довериeто како основна етичка категорија. Посебно се истражувани прашањата на професионалната етика (деонтологија на професијата), со укажување на специфичниот морал на секоја соодветна образовна насока која учествува во Експерименталната настава по Етика.

Тематската целина за *Семејната етика* ги содржеше наставните единици за бракот и за изборот на брачен другар, за брачните должности, за раѓањето и огледувањето на деца, а особено за избегнувањето и совладувањето на конфликтите во бракот и семејството.

Последната тематска целина *Политичката етика* се однесуваше на наставните единици за плурализмот на светот и на политичките ставови, за демократијата и за вистината како високи социјални вредности, за човечките права и нивните видови. Посебно е обработено прашањето за тоа како се избира, односно за одговорноста при избирањето.

На крајот беше рекапитулирањето на проблематиката на *Етичкото сметање*, со оглед на неговата смисла, содржина и вештина на неговата примена како важен елемент во изградбата на моралната личност.[120]

За потребите на Експерименталната настава во средните училишта проф. Темков редовно подготвуваше лекции со етички примери, избор од текстови и лексиконски објаснувања. Овие текстови ги добиваа сите ученици учесници во експерименталната настава, а беа објавувани редовно во неделникот „Македонско дело“ (1998/99), со што јавноста беше информирана за

[120] За постигнатите резултати по завршувањето на Експерименталната настава по Етика, за резултатите од прашалниците кои учениците ги пополнија може да се види: Јован Лозановски: *Етиката и младите,* Китано, Скопје, 2006, како редактирана верзија на *Етичко образование во средните училишта во Република Македонија,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1999. Д-р Јован Лозановски изработи и докторска дисертација *„Формите на работа, методите и средствата на наставата по Етика во средните училишта“* (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001, во која врз искуствата на Експерименталната настава по Етика, за прв пат кај нас се изложени целосно проблемите и методите во Етичкото образование во средниет училишта.

Експерименталната настава, и нејзините содржини, што помагаше за општ прогрес на етичката свест кај нас. Проф. Темков направи и посебен „Етички речник“ за младите, подарен на сите ученици учесници во Експерименталната настава.[121]

Согледувајќи ги првите педагошко-етички искуства во средните училишта дојдено е до скапоцени и многу значајни согледувања и заклучоци, корисни за зафатите за воведување на Етичкото образование во македонското школство.

## НАСТАВА ПО ЕТИКА ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Етиката е стандарден факултетски предмет и задолжително се изучува при студиите по Филозофија. Во многу земји Етиката се изучува во студиите по педагошки, правни, биолошки и други науки, а во некои е задолжителен деонтички предмет (вовед во професионалната етика), но кај нас не се развивани такви студии по Етика.

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Филозофскиот факултет според наставната програма во рамките на додипломските студии по филозофија Етика се изучува како базичен предмет за филозофското образование. Во 3-от и 4-от семестар се слуша предметот *Историја на етиката,* каде студентите ги изучуваат најзначајните идеи од историјата на етиката со следната содржина: Западна етика: Античка, Средновековна (краток преглед и на еврејската етика како основа на христијанската етика), Ренесансна, Новоковековна, Современа етика а од Источната етика: Староегипетската,

[121] Овој речник беше објавен во Кавадарци (2001), а потоа и кај Просветно дело (2004), како прилог кон учебниците *Етика за II година* гимназиско образование (изборен предмет) и Етика за III година гимназиско образование (изборен предмет). Од лекциите за Експерименталната настава почна да се создава книга „*Етика за младите*“, која целосно беше објавена во 2002 година (и подарена на учениците на средните Музички училишта, кои први почнаа редовно да учат Етика во II година), потоа е преведена на српски јазик (2003) и во таа форма подоцна е објавена на македонски јазик „*Како да се биде добар*“, ОХО, Скопје, (2006, 2009).

Староперсиската, Индиската, Кинеската, Јапонската и Исламската. Овој курс претставува историски и информативен вовед за студиите по Етика.

Во 5-от и 6-от семестар на студиите по филозофија *Етиката* се учи како теориска и практична дисциплина со цел студентите да се здобијат со знаења за етиката како базична филозофска дисциплина, за нејзиниот предмет, методи и основни учења, за категориите на етиката и за основните етички вредности, за најзначајните теории за моралот и за етичката аксиологија, за улогата на разумот и на чувствата во етичката сфера, како и за современите појави во моралот и етиката. Добивањето знаења за практичните димензии и форми на етиката, за основните појави на современата морална практика на човештвото во разните области на живеењето и дејствувањето, значат усовршување во примената на вредносниот избор и моралното нормирање во одделните области на животот и на дејствувањето.[122] Содржините се следните: Етиката како наука; Гранки на етиката; Релации на етиката со другите науки; Области на етиката; Структура и дијалектика на моралот; Доброто и злото; Извори на моралот; Универзалност на моралот; Автономија и хетерономија; Слобода на волјата; Совест; Етички норми; Морална оценка; Животни вредности; Одговорност, Должност; Проблематика на практичната етика; Области на практичната етика: Биоетика, Етика на здравјето, Етика на екологијата; Етика на науката; Социјална етика; Семејна етика; Економска етика; Политичка етика; Етикеција; Универзална етика на човештвото.[123]

Исто така, студентите може да го изберат *Етичкото образование* како изборен предмет со цел да се здобијат со знаења за основите на етичкото образование, за методиката на наставата по етика како филозофска дисциплина (специјална методика на етиката), за видовите и формите на етичкото образование, за новите сознанија за етичкиот развој на личноста, како и за тенденциите за универзалното етичко образование на младите во сите

[122] Види: *Прирачник за студенти*, Институт за филозофија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје.
[123] *Прирачник за студенти*, Институт за филозофија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 2009, стр. 63.

образовни степени. Содржините се следните: Етичкото образование како нова област на образованието; Методика на наставата по етика како филозофска дисциплина; Етика, Практична етика и Етичко образование; Вредности, етички норми и нивно пренесување на младите; Развој на личноста од хетерономна во автономна; Подготовка на младите за своја етичка дејност во животот; Универзалната етика и примената на новите етички вредности на човештвото; Методи на етичкото образование како нова област на образованието; Методи, техники и средства на наставата по Етика; Смислата и практиката на усвојувањето на етичките вредности кај младите и начините на нивната изградба како автономни морални личности.[124]

*Еколошката етика* е воведена како изборен предмет прв пат во студиите по филозофија во 2006 година. Целта на изучувањето на овој предмет е студентите да се здобијат со знаења за основите на еколошката етика како една од најзначајните и најразвиени форми на етичката (биоетичката) размисла и морално дејствување во современото човештво, да се запознаат со нејзиниот предмет, методи и основни учења, со најзначајните теории за екологијата и екоетиката, со улогата на личноста и на етиката во чувањето на Природата и во заштитата на човековата животна средина. Тука се говори и за Еколошката етика како наука; нејзините релации со етиката и со другите науки; задачите и тематиката на еколошката етика; вредносниот систем на заштитата на Природата и на човековата животна средина како морални норми на човештвото денес и во иднината; за местото на еколошката етика во Универзалната етика на човештвото.[125]

На Филозофскиот факултет на Последипломските студии[126] на Институтот за филозофија во првиот семестар, како задолжително изборни предмети, студентот може да избере еден од предметите: *Општа етика* со 30 часови и *Етичка едукација* со 30 часови. Во вториот семестар понудени се како

---

[124] Исто, стр. 97.
[125] Исто, стр. 101.
[126] Види постипломски студии на Филозофски факултет, Институт за филозофија, на интернет страната на факултетот: http://www.fzf.ukim.edu.mk/

изборни предмети за студентот два предмети: *Применета етика*; *Професионална етика*; *Етика на науката* или *Биоетика*.

Покрај на студиите по филозофија, каде Етиката е базичен предмет и студентите се подготвуваат да можат да ја предаваат Етиката во училиштата – на повеќе други факултети и студиски групи почна да се студира Етика. Пред 35 години првите пет генерации студенти по ОНО учеа Етика во првата година како пропедевтички предмет за нивната струка (предаваше К. Темков). На Факултетот за безбедност 10 години се учеше Етика во завршната година, како педагошки и професионален предмет (предаваше Јордан Радевски, а потоа К. Темков). На Иинтердисциплинарните студии по новинарство, пред една деценија е воведен едносеместрален предмет во завршната година *Етика на комуникацијата*, а со воведувањето на ЕКТ-системот, во четвртиот семестар студентите по журналистика слушаат *Етика на новинарството* (двата предмета ги предаваше К. Темков, а по него д-р Иванчо Атанасовски и др.)

На Филозофскиот факултет, на Институтот за Педагогија во додипломските студии на студентите како изборен предмет во петтиот семестар им е понуден предметот *Педагошка етика*, за да се здобијат со знаења за етиката како филозофска дисциплина, за педагошката етика како форма на практичната етика, која има базично значење за образовната теорија и практика, за методите и основните категории на етиката и за етичките вредности во Педагошката етика.

На Институтот за Историја студентите во вториот семестар имаат изборен предмет *Етика*, како и на Институтот за Психологија на Филозофскиот факултет. На Институтот за Безбедност, Одбрана и Мир предметот Етика се слуша во третиот семестар. На Институтот за Социјална работа и социјална политика во вториот семестар како изборен е понуден предметот Етика на социјална работа. Исто така и на Институтот за Дефектологија во четвртиот семестар како изборен предмет е понуден предметот Етика.

Етика се изучува и на другите факултети на додипломските студии, најчесто како изборен предмет.

На Факултетот за ликовни уметности[127] Етика се изучува во третиот и четвртиот семестар, како предмет кој го надополнува хуманистичкото образование на идните уметници.

На Правниот факултет „Јустинијан Први“ во насоката Правни студии – Правосудна насока како опционен предмет понудени се Етика и Биоетика.[128] Во рамките на предметот Правна етика предвидени се два наставни курса. Во првиот курс (насловен Општа етика) се изучува поимот на етиката и се дава сумарен приказ на историскиот развој на етичката мисла. Во античкиот период акцент е ставен на старогрчките филозофи и на мерата како етички принцип. Опфатени се и етичките учења на пет светски религии: христијанството, исламот, еврејството, будизмот и конфучијанизмот. На крајот, акцентот е ставен врз современите етички проблеми, како односот кон себе, кон заедницата, кон природата и кон вселената. Вториот курс е Применета етика на правната професија. Во овој курс се обработуваат моралните аспекти на правната професија, како и на разните правни професии (адвокати, судии, обвинители, нотари, државни службеници). Целта е слушателите да се запознаат со посебните морални проблеми специфични за овие професии, како и со етичките кодекси на професионалните организации на адвокатите, судиите, нотарите и обвинителите. Биоетиката претставува млада, интердисциплинарна научна дисциплина, која е блиска до медицинската етика, а акцентот го става врз етичките аспекти на примената на новите биомедицински технологии во терапевтски и во истажувачки цели. Како мултидисциплинарна област таа опфаќа низа етички, медицински, правни, информатички, филозофски и други прашања. Во групата предмети – Модул А - Административно право се изучуваат како опциони предмети: Етика и јавна управа и Еколошко право. Предмет на изучувањето се основните поими на етиката и на комуникацијата, формалните и неформалните канали на комуникацијата во управните организации, законските одредби со кои се предвидува улогата и значењето на

[127] http://www.flu.ukim.edu.mk/

[128] Види додипломски студии на Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, Правни студии – Правосудна насока: http://www.pf.ukim.edu.mk/

Агенцијата за државни службеници како надлежен орган за почитување на етичките норми од страна на државните службеници. Во предметот Еколошко право се изучуваат правните норми со кои се регулира правото на заштитата на животната средина и на субјектите (носителите) на правната заштита на екологијата, а во кои влегуваат нормите на домашното позитивно право и правилата на меѓународното право за заштита на животната средина. Во Групата предмети – модул Б за финансии и финансово право изборни предмети се Еколошко право и Деловна етика.

На Медицинскиот факултет се изучуваат предметите Медицинска етика и деонтологија и Историја на медицинска етика.[129] Студентите имаат можност да се запознаат со основните начела на лекарската етика, со медицинската деонтологија и општите должности на лекарот, со етиката на биомедицинските клинички истражувања, со одделните етички проблеми на лекувањето, со експертизната етика, всушност со должностите на лекарот во неговата медицинска практика.

На Полициската академија предметот Полициска Етика и деонтологија го предава проф. д-р Трпе Стојановски[130] со зафат во најзначајните теми на особената полициска етика и во најзначајните доктрини кои ја третираат полициската деонтологија.

* * *

Меѓународната организација за образование, наука и култура УНЕСКО предлага Етичкото образование да биде воведено во сите нивоа на образование на младите личности, за да бидат подготвени за големите предизвици пред кои ќе стои човештвото во 21-от век. Затоа Етичкото образование се воведува и во основното образование, и во средното образование, и во академското

[129] http://www.medf.ukim.edu.mk/

[130] Трпе Стојановски: *Полициска етика и деонтологија,* 2 Август С – Штип, Скопје, 2006.

образование - како своевиден континуитет во кој основните теми и базичните современи вредности се изучуваат низ циклично-едукативниот процес.

Посебен аспект е предвидувањето и изведувањето на професионалното етичко образование, кое може да се развива во текот на школувањето (понекогаш во завршните години), а исто така и како неформално – полуформално – образование на стручњаците во нивните форми на перманентното образование и стручно усовршување.

За постдипломските форми на студиите речиси редовно е предвиден и етички курс, кој ги тангира професионалните и социјално-културните етички прашања поврзани со струката. Ова е потребно за современо усовршување во професијата.

На денешните докторски курсеви се воведува, а УНЕСКО инсистира на неговата задолжителност – курс по *Етика на науката*, во која обично се вклучуваат и тематските целини од Биоетиката, како најзначајна за човечкиот опстанок и развиток.[131]

[131] Види *Етика во современата наука*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2007.

# 3. СОДРЖИНИ ВО НАСТАВАТА ПО ЕТИКА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Искуствата од Експерименталната настава по Етика во сите нивоа на нашето образование, животните потреби на младата генерација, проблемите кои произлегуваат од моралната криза и социјалните тешкотии, како и искуствата од изборната настава по Етика во II и во III клас гимназија, која во Република Македонија се спроведува во повеќе училишта – ги лоцираа сознанијата за потребите на Етичкото образование пред сè кај младинската популација помеѓу 15 и 17 години. Тие години на адолесценција, претставуваат последни стапки на израснувањето на младите од хетерономни во автономни личности, што е основната цел на моралниот развиток на личноста. Исто така, за тоа се важни и нараснатите индивидуални и социјални потреби за обликување на моралната свест за правилно однесување на личноста и за нејзино снаоѓање и заштита во комплексните вредносни, здравствени, социјални, семејни, економски, политички и цивилизациски тенденции и услови. Затоа е особено важно учењето Етика во средните училишта, како генерациска и персонална шанса за себеизградба на младите во зрели и одговорни личности.

Во оваа глава од дисертацијата подетално ќе ги претставиме наставните содржини по Етика во Средните училишта како и Наставните програми и наставните средства (учебниците) по Етика, кои се развиени во Република Македонија во изминатиот период на испитување и развивање на Етичкото образование.

Истовремено, во општа смисла, станува збор за нужноста за обновување на етичката структура на мислењето и на однесувањето на луѓето, за да се

надмине небрежното однесување на човештвото, загрозеноста на Природата, конфликтни односи меѓу луѓето, насилничкото постапување, големите опасности за егзистенцијата на живите суштества и на човечкиот род, подложеноста на луѓето на разни форми на зависности и нови болести. Во наставата по Етика во средните училишта мора да се говори за овие етички проблеми и да се укажува како се воведуваат силни и нови етички норми, на сите полиња, кои би требало да ги одбранат новите цели на човештвото за обнова и заштита на човековата средина и за осмислување на моралното однесување во сите сфери на човековото живеење - семејното, социјалното, културното, економското, политичкото, научното, комуникациското и др.

Затоа основната цел на наставата по Етика во средните училишта е да ги запознае учениците со улогата и значењето на моралот во животот на човекот, како и со улогата на етиката во доближувањето на вредностите до човекот и во одржувањето и напредувањето на човештвото.

*„Едукацијата по Етика е една од најактуелните современи образовни тематики и содржини во целиот свет. Низ неа младите личности се здобиваат со сознанија за потребата од етика во денешната фаза на развитокот на човештвото, за новата улога на етиката во духовните и животните движења на човештвото, за местото на етиката во животот на личноста и во општественото живеење, како и за новите вредности и норми кои ја обликуваат моралната свест на луѓето денес“.*[132]

За таа цел, наставата по Етика во средното образование треба да биде организирана според сите едукативни стандарди, бидејќи тоа е, мошне важно образование и поради тоа треба да има развиени и образложени наставни програми. До денес кај нас се поставени три Наставни програми по Етика за средните училишта.

*„Наставната програма за секој наставник е задолжителен документ, кој се состои од воведни напомени за целите и дидактичко-воспитните задачи*

[132] Наставна програма по Етика за втора година, програма за реформирано гимназиско образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје, 2003, стр. 2.

*на определениот предмет; како и од содржините, нивниот редослед, системот и обемот на знаењата и навиките кои учениците треба да ги совладаат во текот на секоја наставна година".*[133]

Наставната програма[134] укажува и на начините на реализирање на наставните содржини. Во неа се посочени основните методички и дидактички насоки, сугестии за организирањето на разни активности во планирањето и организирањето на часот, се посочуваат насоки поврзани со корелација меѓу тематските целини меѓу сродните по содржини предмети како и дополнителна литература која би помогнала при нивното реализирање.

Ќе ги претставиме логиката и содржините на трите досегашни Наставни програми по Етика за средното образование кај нас, како и соодветните учебници по Етика, кои се основни наставни средства со носечка содржина за етичкото образование на младите.

## НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЗА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНАТА НАСТАВА ПО ЕТИКА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Наставната програма како основен педагошки документ иницира сообразно организирање настава по некој предмет. Во Наставната програма се определени целите, задачите и содржината на наставниот предмет. Наставата се планира и наставникот се подготвува и ја изведува наставата следејќи ги одредбите и содржината на наставната програма. Обемот, редоследот, смислата и длабочината на определената педагошка активност произлегува од конкретизацијата на наставната програма, која предвидува содржини за пренесување на суштината и сознанијата на соодветната наука. Така е и во наставата по Етика.

[133] Nedeljko Trnavac – Jovan Đorđević: *Pedagogija*, Naučna Knjiga, Beograd, 1995, str. 201.
[134] Види Олга Пешевска-Заревска: *Филозофска Едукација во средните училишта,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил темков), Филозофски факултет, Скопје, 1998.

Првата наставна програма по Етика за средните училишта во нашето школство беше програмата која е користена во Експерименталната настава по Етка во учебната 1998/99 година. Тогаш, на барање од Филозофскиот факултет и со дозвола од Министерот на образование, во 4 средни училишта во Македонија беше организирана прва, експериментална настава по Етика во нашето средно образование.

Експериментална настава по Етика во учебната 1998/99 година беше реализирана во следните средни училишта:

- Училиште за средно образование „Браќа Миладиновци" во Скопје, со две паралелки во првата година (општа етичка и биоетичка), како особен центар (во развој) за настава по Етика во средното образование во Република Македонија;
- Државно средно училиште „Ѓорче Петров" во Крива Паланка, со една паралелка во втората година;
- Земјоделско-шумарски училишен центар „Ѓорче Петров" во Кавадарци, со една паралелка во третата година (со нагласени биоетички содржини);
- Училиште за средно образование „Орце Николов" во Скопје, со една паралелка во четвртата година.

Во предвидената Наставна програма по Етика беа означени слените цели:

Целта на наставата по Етика е да ги запознае учениците со значењето на моралот за човековиот живот и за одржувањето и напредувањето на човештвото, да ги запознае со големите човечки вредности, да им даде вредна и интересна информација за најзначајните размисли во човечката историја и за вредноста и целта на животот и за моралот, да ги упати во значењето на моралот за квалитетот на животот, да ги обучи и поттикне на извршување на должностите и на граѓански тип на однесување во современото општество, да ги упати во рационалитетот на етичкото одлучување, ги воведе во нашата етичка доктрина на човекот и на животот, да ги инструира во основите и значењето на работната (трудовата) етика и во моралните димензии, обврски и

норми во посебните области на нивната дејност (професионална етика), како и да ги упати во особените димензии на социјалната, семејната и современата политичка етика и во неопходните елементи на здравствената етика, со посебен осврт на проблемот на зависноста и на негативните заразни елементи на животот.

Задачите на наставата по Етика се:

- Учениците да ги разберат реалноста и значењето на проблемот на моралот во општетсвото;
- Осознавање на позитивните идејни решенија на вредноста на животот;
- Запознавање со аксиологијата на современото човештво и на нашето општество, со хиерархијата на вредностите, со произлегувањето на конкретните норми и однесување од потрајните и виши животни вредности;
- Изградба на вера во должноста и на сознание за неопходноста од нејзино извршување;
- Запознавање со особените одговорности и норми во разните сфери на моралот – социјалниот, семејниот, политичкиот, личниот;
- Изградба на систем на работна (трудова) етика кај нив и нивно запознавање со елементите на професионалниот морал;
- Запознавање со здравствената етика и со проблемот на чувањето на здравјето, на избегнувањето на зависностите и на чувањето од заразните болести;
- Поттикнување на сознанијата за еколошката етика;
- Подучување и оспособување за правење етичка сметка;
- Упатување на водење сметка за своите вистински лични интереси и за нивно усогласување со општите, како и подучување за тоа;
- Унапредување на моралното воспитание на таа возраст.

Програмските содржини на наставата по Етика се:

(II година 2 часа неделно, 72 часа годишно; првата бројка во заградата покрај насловот на тематската целина ги означува часовите за изнесување на нови содржини, а втората часовите за дискусија и повторување)

*Што се тоа етика и морал* (3+2)

Моралот во животот. Етика како наука за моралот. Вреднсота на животот. Видови вредности на животот.

*Позитивитет на животната етика* (2+1)

Доброто и злото. Апсолутната вредност на доброто. Избор на позитивен пристап кон животот.

*Современа етичка доктрина* (3+1)

Елементите на моралната свест. Изградбата на моралната свест. Намера и акт (дело). Прифаќање на моралот, согласност со доброто и отфрлање и избегнување на злото. Морална оценка. Совест.

*Слободата и личноста* (3+1)

Поимот на слободата. Значењето на слободата за личноста и за развитокот на општеството и на човештвото. Современи димензии на слободата. Слободата и одговорноста.

*Етичко сметање* (3+2)

Разум и морал. Поим и содржини на етичкото сметање. Видови етички приоритети. Вежбање во етичкото сметање.

*Животот и вредностите* (4+2)

Радост и тага. Губење надеж и создавање надеж. Задоволство и недоволства. Љубовта. Љубовта и одговорноста. Пријателство. Оптимизам и песимизам.

*Етички вредности* (6+3)

Среќа и како се препознава и здобива. Судбина. Вистинитост. Достоинство. Чест. Храброст. Срам и бесрамност. Егоизам и алтруизам. Толеранција.

Разумност и трезвеност. Фанатизам. Воздржаност. Ароганција и суета. Жртвување. Издржливост, цврстина. Доверба. Мудрост.

*Должност* (1+1)

Одговоност. Избегнување на одговорноста. Теорија на должноста.

*Здравствена етика* (4+2)

Биоетика. Живот, Природа, Личност. Здравјето како вредност. Кои се елементите на доброто здравје – улогата на личноста во чувањето на здравјето. Избегнување зависности (и видови зависности). Избегнување заразни болести.

*Социјална етика* (4+2)

Јас како личност. Јас и другиот. Светот како една целост (Универзална етика). Заеднички живот (заедништво). Солидарност. Еднаквост. Етикеција. Бонтон.

*Економска етика* (2+1)

Имот. Пари. Штедење. Дарежливост.

*Работна (трудова) етика* (3+2)

Работа и работна одговорност. Трудољубивост. Издржливост. Кооперативност. Деловност и деловна чесност. Зошто некои напредуваат а некои назадуваат. Професионална етика (деонтологија на професијата).

*Семејна етика* (3+1)

Брак. Избор на брачен другар. Деца. Избегнување и совладување на конфликти.

*Политичка етика* (3+1)

Плурализам на светот и на политичките ставови. Демократија. Вистина. Човечки права. Видови човечки права. Како избираме, одговорноста за изборот.

*Етичко сметање – резиме* (1+1)

Во делото *Етика* објавено во 1988 година, проф. Темков предлага општи содржини, односно главни теми, со кои би требало да се занимава етичкото образование во нашите средни училишта, во смисла на поврзување на моралната филозофија со поимот за нормите на однесување во општеството, односно со длабоко моралните својства на една одговорна личност.[135]

---

[135]Види д-р Кирил Темков: *Етика*, Десет радио предавања, Епоха, 1998, стр. 162-163.

Еве, кои поопшти теми (тематски области) се предложени за учење:

- Што се тоа морал и етика;
- Вредностите во животот;
- Позитивитет на животната етика;
- Етичката доктрина на современиот свет;
- Моралната свест и совеста;
- Животот и етиката;
- Слободата и личноста;
- Најзначајните етички вредности;
- Одговорноста и должноста;
- Здравствеан етика;
- Социјална етика;
- Економска етика;
- Работна (трудова) етика;
- Семејна етика;
- Политичка етика;
- Етичко сметање.

За Експерименталната настава по Етика се извршени сите нужни практични подготовки за таа да успее. Д-р Кирил Темков и Јован Лозановски направија глобално и тематско планирање за Експерименталната настава по Етика во средното образование. *„Планирањето на наставата е фундаментален дел на наставниот процес, врз кој непиосредно се базира наставната практика. Без соодветна подготовка не може да има квалитетна настава.“*[136]

Покрај општите цели на наставата по Етика, изложени во Предлогот на Наставната програма по овој средношколски предмет – посебни цели на оваа експериментална настава беа да се оствари првично воведување на етички содржини во нашето средно образование и да се испитаат комуникативноста и сознајната и етичка вредност на предложените тематски области и наставни

[136] Олга Пешевска-Заревска: *Современа методика на наставата по филозофија*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 45.

содржини, како и да се проверат дидактичкото значење и методичката ефикасност на различните методи, техники и средства во етичката едукација на оваа возраст.

Посебните задачи на оваа Експериментална настава по Етика беа: да се провери заинтересираноста на учениците за овој наставен предмет; да се испита актуелната вредност и комуникативност на етичкото образование, на неговите разни видови и различни содржини – особено според возраста и предзнаењата на учениците, како и според нивните занимања; да се проверат разните методи во етичката едукација; да се подготват разни наставни материјали и да се провери нивната едукативна вредност; да се изгради аксиологијата на современото човештво и на нашето општество, кои соодветствуваат на возраста на учениците; да се проверат можноста и методите на подучувањето и оспособувањето на учениците за правење етичка сметка.

Го донесуваме овој наставен документ за да ја илустрираме сериозноста на пристапот кон Етичкото образование и да ги објасниме основите кои овозможија педагошки резултат и во овие први зафати во етичката настава.

Глобален план за наставата по Етика
(Општ курс)

(I-IV година – 2 часа неделно, од 13.10.1998 – 62/65 часа во учебната 1998/99 година)

I полугодие

(1) Тематска целина: *Што се тоа Етика и Морал* (4)
- Моралот во животот; Етика како наука за моралот (1+1; 13-16.10.1998)
- Вредноста на животот; Скала на вредностите; Видови вредности на животот (1+1; 19-23.10)

(2) *Позитивитет на животната етика* (4)
- Доброто и злото; Нивната различност и спротивност; Агапизам; Апсолутна вредност на доброто (1+1; 26-30.10)
- Избор на позитивен пристап кон животот (1+1; 2-6.11)

(3) *Современа етичка доктрина* (4)

- Индивидуализам и колективизам; Личноста како етичка вредност и цел; Современ утилитаризам (1+1; 9-13.11)
- Етичка автономија и хетерономија (1+1; 16-20.11)

(4) *Морална свест* (4)

- Елементи на моралната свест; Изградба на моралната свест; Морална оценка; Совест (1+1; 23-27.11)
- Намера и акт (дело); Прифаќање на моралот, согласност со доброто и отфрлање и избегнување на злото; Десетте Божји заповеди (1+1; 30.11-4.12)

(5) *Нашите етички вредности* (2)

- Етичките погледи на св. Климент и на св. Наум Охридски (1+1; 7-11.12) (по повод празникот Св. Климент, 8 декември)

(6) *Слободата и личноста* (2)

- Поимот на слободата; Значењето на слободата за личноста и за развитикот на општетсвото и на човештвото; Современи димензии на слободата; Слободата и одговорноста; Универзална декларација на правата на човекот – нејзина 50-годишнина (1+1; 14-18.12)

(7) *Животот и етиката* (4)

- Радост и тага; Губење надеж и создавање надеж; Задоволство и незадоволства; Оптимизам и песимизам (1+1; 21-25.12)
- Љубовта; Љубовта и одговорноста; Пријателството (1+1; 28-31.12)

(8) *Должност* (2)

- Одговорност; Избегнување на одговорноста; Теорија на должноста (1+1; 6-15.01.1999)

II полугодие

(9) *Етички вредности* (2)

- Обработка по избор на етичките вредности: Среќа и како се препознава и здобива; Судбина; Вистинитост; Достоинство; Чест; Храброст; Срам и бесрамност; Егоизам и алтруизам; Толеранција; Разумност и трезвеност; Фанатизам; Воздржаност; Ароганција и суета; Жртвување; Издржливост, Цврстина; Доверба; Мудрост (1+1; 3-7.02.1999)

(10) *Етичко сметање* (2)

- Разум и морал; Поим и содржина на етичкото сметање; Видови етички приоритети; Вежбање во етичкото сметање (1+1; 9-14.02)

(11) *Здравствена етика* (4)

- Биоетика; Живот, Природа, Личност; Здравјето како вредност; Кои се елементите на добро здравје; Етика на здравјето, на физичката активност и на исхраната; Улогата на личноста во чувањето на здравјето (1+1; 17-21.02)
- Зависноста; Видови зависности; Избегнување зависности; Избегнување заразни болести (1+1; 24-28.02)

(12) *Социјална етика* (6)

- Јас како личност; Јас и другиот; Светот како една целост (Универзална етика) (1+1; 3-7.03)
- Заеднички живот (заедништво); Солидарност, сочувство; Еднаквост (1+1; 10-14.03)
- Етикеција; Бон-тон (1+1; 17-21.03)

(13) *Економска етика* (4)

- Имот; Пари (1+1; 24-28.03)
- Штедење; Дарежливост (1+1; 31-4.04)

(14) *Работна (трудова) етика* (6)

- Работа и работна одговорност; Трудољубивост; Издржливост (1+1; 7-14.04)
- Кооперативност; Деловност и деловна чесност; Доверие; Зошто некои Напредуваат, а некои назадуваат (1+1; 14-18.04)
- Професионална етика (Деонтологија на професијата) (1+1; 20-25.04)

(15) *Семејна етика* (4)

- Брак; Избор на брачен другар (1+1; 28-30.04)
- Брачни должности; Раѓање и одгледување деца; Избегнување и совладување на конфликти во бракот (1+1; 5-9.05)

(16) *Политичка етика* (6)

- Плурализам на светот и на политичките ставови; Демократија; Вистината како апсолутна вредност (1+1; 12-16.05)
- Човечки права; Видови човечки права (1+1; 19-23.05)
- Како избираме; Одговорноста за изборот (1+1; 26-3.05)

(17) *Етичко сметање – резиме* (2)

- Резиме на смислата, содржината и вештината на етичкото сметање (1+1; 3-7.06)

Забелешка: Почнувајќи од тематската целина за Работната етика, за учениците од IV година, кои учебната година ја завршуваат кон средината на месецот мај, е предвидено следново редуцирање на обемот на часовите:

(14а) *Работна (трудова) етика* (4)
- Работа и работна одговорност; Трудољубивост; Издржливост; Кооперативност; Деловност и деловна чесност; Доверие (1+1; 7-11.04)
- Професионална етика (Деонтологија на професијата) (1+1; 14-18.04)

(15а) *Семејна етика* (4)
- Брак; Избор на брачен другар (1+1; 20-25.04)
- Брачни должности; Раѓање и одгледување деца; Избегнување и совладување на конфликти во бракот (1+1; 28-30.04)

(16а) *Политичка етика* (2)
- Плурализам на светот и на политичките ставови; Демократија; Вистината како апсолутна вредност; Како избираме; Одговорноста за изборот (1+1; 5-9.05)

(17а) *Етичко сметање – резиме* (2)
- Резиме на смислата, содржината и вештината на етичкото сметање (1+1; 12-16.05)

Со поголеми диференцијации беше планирана и изведувана наставата во групите со биоетичка ориентација.

Глобален план за наставата по Етика
со елементи на Биоетиката

(I и III година – 2 часа неделно, од 13.10.1998 – 60 часа во уч. год. 1998/99)

I полугодие

(1б) *Што се тоа етика и морал* (4)
- Моралот во животот; Етика како наука за моралот (1+1; 13-16.10.1998)
- Вредноста на животот; Скала на вредностите; Видови вредности на животот (1+1; 19-23.10)

(2б) *Позитивитет на животната етика* (4)
- Доброто и злото; Нивната различност и спротивност; Агапизам; Апсолутна вредност на доброто (1+1; 26-30.10)
- Избор на позитивен пристап кон животот (1+1; 2-6.11)

(3б) *Современа етичка доктрина* (4)

- Индивидуализам и колективизам; Личноста како етичка вредност и цел; Современ утилитаризам (1+1; 9-13.11)
- Етичка автономија и хетерономија (1+1; 16-20.11)

(4б) *Моралната свест* (4)

- Елементи на моралната свест; Изградба на моралната свест; Морална оценка; Совест (1+1; 23-27.11)
- Намера и акт (дело); Прифаќање на моралот, согласност со доброто и отфрлање и избегнување на злото; Десетте божји заповеди (1+1; 30.11-4.12)

(5б) *Нашите етички вредности* (2)

- Етичките погледи на св. Климент и на св. Наум Охридски (1+1; 7-11.12) (по повод празникот Св. Климент, 8 декември)

(6б) *Слободата и личноста* (2)

- Поимот на слободата; Значењето на слободата за личноста и за развитокот на општеството и на човештвото; Современи димензии на слободата; Слободата и одговорноста; Универзална декларација на правата на човекот – нејзина 50-годишнина (1+1; 14-18.12)

(7б) *Оптимизам во етиката* (2)

- Радост и тага; Губење надеж и создавање надеж; Задоволство и незадоволства; Оптимизам и песимизам (1+1; 21-25.12)

(8б) *Должност* (2)

- Одговорност; Избегнување на одговорноста; Теорија на должноста (1+1; 28-31.12)

(9б) *Етички вредности* (2)

- Обработка по избор на етичките вредности; Среќа и како се препознава и здобива; Судбина; Вистинитост; Достоинство; Чест; Храброст; Срам и бесрамност; Егоизам и алтруизам; Толеранција; Разумност и трезвеност; Фанатизам; Воздржаност; Ароганција и суета; Жртвување; Издржливост, цврстина; Доверба; Мудрост (1+1; 6-15.01.1999)

II полугодие

(10б) *Етичко сметање* (2)

- Разум и морал; Поим и содржина на етичкото сметање; Видови етички приоритети; Вежбање во етичкото сметање (1+1; 3-7.02.1999)

(11б) *Биоетика* (4)

- Биоетика – поим; Развиток на биоетиката; Актуалност на биоетиката(1+1; 9-14.02)
- Современи биоетички истражувања; Интернационална биоетика; Меѓународни конвенции од областа на биоетиката (1+1; 17-21.02)

(12б) *Животот и етиката* (4)

- Живот, природа, личност; Заштита на живото; Еколошка етика (1+1; 24-28.02)
- Љубовта; Љубовта и одговорноста; Пријателството (1+1; 3-7.03)

(13б) *Здравствена етика* (4)

- Здравјето како вредност; Кои се елементите на доброто здравје; Етика на здравјето, нафизичката активност и на исхраната; Улогата на личноста во чувањето на здравјето (1+1; 10-14.03)
- Зависноста; Видови зависности; Избегнување зависности; Избегнување заразни болести (1+1; 17-21.03)

(14б) *Социјална етика* (4)

- Јас како личност; Јас и другиот; Светот како една целост (Универзална етика); Заеднички живот (заедништво); Солидарност, сочувство; Еднаквост (1+1; 24-28.03)
- Етикеција; Бон-тон (1+1; 31.03-4.04)

(15б) *Економска етика* (2)

- Имот; Пари; Штедење; Дарежливост (1+1; 7-14.04)

(16б) *Работна (трудова) етика* (6)

- Работа и работна одговорност; Трудољубивост; Издржливост; (1+1; 14-18.04)
- Кооперативност; Деловност и деловна чесност; Доверие; Зошто некои напредуваат а некои назадуваат (1+1; 20-25.04
- Професионална етика (Деонтологија на професијата) (1+1; 28-30.04)

(17б) *Семејна етика* (4)

- Брак; Избор на брачен другар; (1+1; 5-9.05)
- Брачни должности; Раѓање и одгледување деца; Избегнување и совладување конфликти во бракот (1+1; 12-16.05)

(18б) *Политичка етика* (4)

- Плурализам на светот и политичките ставови; Демократија; Вистина како апсолутна вредност; Како избираме; Одговорноста за изборот (1+1; 19-23.05)
- Човечки права; Видови човечки права (1+1; 26-30.05)

(19б) *Етичко сметање – резиме* (2)

- Резиме на смислата, содржината и вештината на етичкото сметање (1+1; 3-7.06)

Забелешка: Детално тематско планирање за секоја наставна единица е предвидено да биде правено за наставата за секој месец однапред.

Интересно е да се споредат содржините на експерименталната настава по Етика и на онаа со елементите на Биоетиката со подоцнежната наставна програма за изборната настава по Етика во II и III клас гимназија.

За експерименталната настава по Етика беше предвидено да се одвива со примена на разни методи – предавање или изложување на главните аспекти на соодветното прашање, дијалог, идентифицирање на смислата и содржината на соодветното прашање; набројување на ставовите; користење на видео и други информатички средства и сл. (според оперативното планирање на Експерименталната настава по Етика беше предвидувано истите теми да се обработуваат во разните училишта со примена на различни методи, техники и средства, како би се согледала успешноста на разните методички постапки за соодветното прашање и за етичката настава воопшто).

Како корисно педагошко средство, на секој час беше предвидено да се прочитаат подготвени фрагменти од етички текстови кои се однесуваат на соодветното прашање и мудри пораки и народни поуки. Тие и самите посебно беа анализирани. За некои часови тие беа давани однапред на сите ученици или на некои ученици, за да бидат читани дома, како учениците би можеле да размислат за нивните пораки, а потоа беа дискутирани. Принципиелно, за секоја наставна содржина се водеше расправа. За домашна обработка беа давани да се изработуваат кратки есеи за одделни погодни етички текстови или етички книги (или нивни делови), како и за одредени морални прашања. Тие беа читани на

часот и за нив се водеше расправа (тоа беше планирано и да послужи и за согледба на можноста на поточно оценување по предметот Етика). Се користеше и методот на прибирање на исечоци од весници и списанија (клипинг), кои послужуваа за заемно информирање, лоцирање на етичките проблеми и заедничко коментирање. За Биоетичкиот курс беше предвидено да се користат и материјали од Интернационалната мрежа за Биоетика на УНЕСКО, во која се направи обид за вклучување на училиштата „Браќа Миладиновци" од Скопје и „Ѓорче Петров" од Кавадарци, како и други материјали од областа на Биоетиката. Како наставен норматив се истакна Дипломиран професор по филозофија. Бидејќи станува збор за експериментална настава од еден предмет кој досега не бил изведуван во средното образование во Република Македонија, во оваа настава, покрај предметните наставници од училиштата во коишто се изведува експериментот, во експерименталната настава учествуваа и проф. д-р Кирил Темков, професор по Етика на Филозофскиот факултет во Скопје, Јован Лозановски, директор на УСО „Браќа Миладиновци", магистерски кандидат по Методика на етиката на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Олга Пешевска Заревска, доктор по филозофија, наставник во ДУСО „Орце Николов" и наставник по покана по Методика на филозофијата на Филозофскиот факултет во Скопје, како и наставниците и соработниците на Институтот по филозофија, доцент д-р Бранислав Саркањац, д-р Иванчо Атанасовски и други, како и постдипломсите стиденти и докторски кандидати на Институтот по филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, кои за своите магистратури и дисертации имаат одбрано етички теми. Во сообразност со експерименталните цели на оваа настава, најмалку еднаш месечно беа одржувани состаноци на сите учесници во проектот, на кој се констатираа и разменуваа искуствата и се договараа и усогласуваа методите на работата во наредниот период. Организаторите на Експерименталната настава по Етика правилно го оценија значењето и неопходноста на етичките сдржини за сознанијата и за успешноста на Етичкото образование. Тие објавија и се задолжија редовно да бидат изработувани

наставни материјали за секоја тематска единица и навреме доставувани до сите училишта во експериментот – тие редовно беа јавно објавувани во неделникот „Македонско дело“. Беше определено да се почне со изработка на Учебник за Етика за средните училишта. Ова почна да се реализира со правење *Етика за младите* која посебно ја претставуваше како суштествена етичка доктрина. Беше определено да се почне со изработка на детална Библиографија на етички дела со анотација, со посебен осврт на проблемите кои се обработуваат во етичката настава во средното образование, а исто така да почне со прибирање (купување и фотокопирање) на разни важни етички дела за секое училиште кое учествува во експериментот. Исто така се почна да се работи на подготвување на хрестоматија на најпогодни етички текстови и морални поуки (преводите почнаа да се користат во експерименталната настава и пред завршувањето на еден ваков прирачник). Беше предвидено да почне да се изработува листа од прашања за дискусија за секој соодветен етички проблем. За соодветните прашања се планираше да се изработуваат упатства за наставникот со поширoки психолошки, социјални, етички и методички упатства за односниот проблем; истото се однесува и на методички материјали за целокупната наставна работа по Етика. Беше предвидено да се заврши мал училишен етички речник (со анотации на најважните појави кои се обработуваат), како извод од поголемиот етички речник на македонскиот јазик – овој Етички речник за младите беше направен во текот на Експерименталната настава по Етика (во февруари 1999 година), умножен и поделен на сите ученици и користен во второто полугодие од Експерименталната настава по Етика. Беше планирано да се користат видео материјали (инсерти од филмови, специјални етички материјали и друго). Планирано е и се изработуваа информативни прашалници за учениците, кои се пополнувани на почетокот и на крајот на експериментот, што помогна да да се добијат повалидни сознанија за нивните сознанија, интересирања и оценки за ваквата настава. Беше планирано и редовно се правени информативни извештаи за педагошките и етичките аспекти на секој одделен час и на група часови, кои се компарираа. Се изработуваа и разни видови тестови за проверка на знаењата,

кои послужија за осмислување и осовременување на процесот на оценување по овој предмет (чии елементи и можности требаше да се испитаат во Експерименталната настава). Исто така се изработи и детално упатство за писмените состави по етика, кое на учениците им помогна во нивната работа.

## УЧЕБНИК „ЕТИКА ЗА МЛАДИТЕ“

Книгата *Етика за младите* е прва книга-прирачник за учење Етика на средношколска возраст. Таа настана од наставните материјали кои за Експерименталната настава по Етика во четирите средни училишта ги подготвуваше проф. Темков, а беа редовно објавувани секоја недела во учебната 1998/99 година во неделникот „Македонско дело“, со што сета етичка настава се здоби со максимална јавност.

Д-р Кирил Темков

**ЕТИКА ЗА МЛАДИТЕ**

Книга за животните и граѓанските морални вредности

Прирачник во тек и развиток
Textbook in progress
2001

**Насловна страница на книгата „Етика за младите“ од проф. д-р Кирил Темков**

## ЗЛАТНИ ЕТИЧКИ СТИХОВИ

*Избор од етичко-философската поема* **Златни стихови** *на Питагора (582-496 пред н.е.), една од првите систематски практични морални разгледби во историјата, но истовремено и една од [illegible] етичко-поучни творби на сите времиња:*

Никогаш не треба да направиш никаква срамота, ниту со друг
ниту сам: од сенешто најмногу треба да се срамиш од себеси.
Извршувај правдина и со своето дејствување и со зборот,
немој да се навикнеш во нешто да бидеш неумен...
Никој со збор ниту со дело да не те поттикне
да направиш или да кажеш нешто што не е корисно за тебе.
Размисли *пред да почнеш*, да не направиш глупост -
на човека му е својствено да работи и зборува лудо.
Прави го она што подоцна нема да те мачи!
Не прави го она што не го знаеш, туку само она што треба -
така ќе можеш животот да го минеш во најголема среќа.
Телесното здравје да го запоставуваш не треба -
но во јадењето, пиењето и вежбањето умерен биди.
**Мера** го нарекувам она што нема да ти создаде мака.
Навикни се да живееш чист, кроток и доблесен живот!
Внимавај да не го правиш она што во човекот алчноста ја буди!
Немој без потреба да трошиш,
ниту, пак, скржав биди - во сè **мерата е најдобра**.
...Не дозволувај сонот врз твоите нежни да се спушти очи -
пред да направиш *резиме* на денот што изминал:
Каде ли згрешив? Што ли направив? Што ли пропуштив?
Почни од почеток и потоа по ред тргни -
направи ли зло, прекори се; направи ли добро, радувај се!
Во тоа *вежбај се*, тоа прави го и кон тоа стреми се:
таквиот пат ќе те изведе на патот на божествената добродетел.

### Лаѓ Толстој: Биди добар!

*Рускиот писател* **Лав Толстој** *(1828-1910) е и еден од најпознатите светски етичари. Во современата епоха неговите идеи за толеранцијата, за пријателското однесување меѓу луѓето и за љубовта ги следат најбележитите современи етичари: Махатма Ганди, Алберт Швајцер, Ерих Фром и др. Од неговата книга* **Животен пат**, *како вонреден зборник на мудроста, донесуваме една од [illegible] мисли кои ги прибележил овој великан на духот и моралот:*

„Човека никогаш нема да го пофалуваат сите. Ако е добар, за никаквецот тој ќе биде лош, па ќе му се смее и ќе го осудува. Ако е зол, добрите нема да се согласуваат со него. Кога човек би сакал сите да го пофалуваат, тој пред добрите би требало да се претставува добар, а пред лошите зол. Тогаш и едните и другите би го откриле тоа преторање, па и овие и оние би го презирале. Има еден единствен начин: да бидеш добар и да не се грижиш за мислењето на другите, а наградата за својот живот да не ја бараш во човечкото мислење, туку во себе."

## ВОЛИ СМЕТКА ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО

*Римскиот цар-етичар* **Марко Аврелиј** *(121-180) секоја вечер правел* **сметка** *за тоа што направил тој ден, дали постапките му биле морални, дали сторил некое добро дело за себе и за другите. Својот прочуен* **Дневник**, *кој го има и насловот* **Спознај се самиот себеси**, *кој го пишувал во текот на десет години, тој ги посветил на размислата за суштината на моралот. Тука дава* **етички препораки** *за добро водење на животот.*

Мисли на врската и на тесниот однос што меѓу себе го имаат сите нешта на светот! Сите нешта се испреплетени, сврзани, здружени...

Нештата што следуваат по другите нешта се од ист род како и оние што им претходеле... Нештата имаат тесна меѓусебна врска, заснована во самиот разум.

Сè треба да се набљудува сосема оголено и лишено од секоја корупка, од секоја наметка; треба да се согледаат причините и односите во самите дела. Што е тоа болка, пожуда, смрт, слава? Каква е тоа причина што ни ги одзема мирот и спокојството?

Секогаш треба да ги имаш на ум овие две правила: прво, не прави ништо што не би било заповед на **разумот**, на тој твој единствен цар, на твојот единствен законодавец; второ, смени го мислењето ако се најде некој да го исправи и да те извлече од заблудата. Но, секогаш причините за твојот став нека бидат вистинската правдина и општото човечко добро, а не некое задоволство или некоја почест што оттука можат да произлезат.

**Сторн го она што е потребно!...** Тогаш ќе го имаш задоволството дека си сторил чесни дела... Во секоја прилика треба да се испитуваш себеси: Дали ова што го правам е корисно или некорисно? Не треба да се кратат само некорисните дејства, туку исто така и такви замисли, зашто ако не се имаат мисли за нешто некорисно, нема ни да се прави нешто некорисно.

Кој греши, кон себе си прави грешка; кој прави неправда, себе си прави неправда, правејќи се себеси лош.

Често прави неправда и оној кој ништо не прави а не само оној кој нешто прави.

**Внатрешна страница од книгата „Етика за младите" од проф. д-р Кирил Темков**

Книгата „Етика за младите" почна да се создава во пролетта 1999 година, со редактирање и специјално графичко уредување на првите лекции за наставните единици за Етичкото образование во нашите средни училишта. Од првите неколку лекции, нарасна на збирка од 44 лекции – содржини. Проф. Темков често истакнува дека има теми и план ова дело да нарасне до 80 содржини.

Делото доби поднаслов „Книга за животните и граѓанските морални вредности", со дополнително објаснување „Прирачник во тек и развиток (Texbook in progress)". Имаше оригинален прелом на попречен формат, со лекции сведени на 2 совпадни страници (така што секоја формаална целина со поврзана лева и десна страница имаше една конкретна етичка содршина) и со умерен блогерски стил.

Оваа прва етичка книга за младите на македонски јазик објавена е во 2001 година со едностана корица (дотогаш и потоа е фотокопирана). Секоја наставна содржина од оваа книга наменета за младите е етички клучна тема, а проследена е со етички лексикон и со извадоци од текстови и мудри мисли од познати светски филозофи и етичари. Книгата содржи два вида текстови, кои се нејзини два оддела - од теориска етика и од практична етика. Во Теориската етика во содржините од книгата *Етика за младите* – претставени се основните етички категории, Доброто и Злото, определбата на Доброто и на Злото, нивната различност и спротивност, меѓусебната протиставеност, различните формулации на Доброто и Злото, како и значењето на апсолутната вредност на Доброто за етиката. Со категориите Добро и Зло се разграничуваат намерите, целите и делата во сферата на моралот. Доброто е она што се преферира, што се посакува, она што се препорачува, она кон што се стремиме и што се почитува.



добрата волја, навиката и должноста, одлуката и дејствувањето.

Во сето тоа е најважна **разумската функција** на човекот, која му овозможува да ги повреде своите сили и дела, да ги оцени, да изгради добар став, да реши, да создаде и следи норми кои ќе водат кон добри резултати

Најважна и општа морална биоетичка норма, која е истовремено можеби и најважна етичка норма на целото човештво денес, е:

ЧУВАЈ ГО ЖИВОТО (ЖИВОТОТ)!

Принципот на разумно однесување и на заштита најдобро го изразува широката норма:

**Не повредувај ниедно живо суштество, не прави ништо што може да предизвика страдање и смрт на живите суштества, во дејноста вгради идеја и цел за заштита на природата, унапредувај ги сите елементи на природата, чувај ја природата и не ја троши неразумно, внимавај на луѓето и на другите живи суштества, не заборавај дека од моќта на човекот и од неговите правилни дејства зависи добриот живот и опстанокот на животот на планетава!**

Биолошкото е непосреден факт за човекот, но неговата основа е **невидлива** за човекот - таа е премногу **малечка** (клетка и нејзини елементи) и премногу **огромна** (целина на животот на Земјата). Сеопштата **присутност** и вообичаеност на животот му одмагаат на човекот да ја согледа **важноста** и повредливоста на животот. Разумот на човекот е онаа сила со која тој ќе ги дофати и разбере сите димензии и значење на животот, умот и мудроста се негови моќи кои ќе го водат кон сфаќањето на нужноста за почитување на животот, за негово неповредување, штитење и благопријатно унапредување.

## Геа - Мајка Земја

*Современиот научник Џејмс Лавлок, кој ја создаде теоријата за Геа како име за согласување и суштествените својства на Земјата, пишува:*

„Воздухот, океанот и почвата не се просто средина за животот, туку многу повеќе - тие се дел од самиот живот. Така, за животот воздухот е она што е крзното за мачката или гнездото за птицата. Не нешто живо, но создадено од живите суштества за да ги чува од инаку непријателскиот свет. За животот на Земјата воздухот претставува заштита наспроти студените длабочини и бесноштедното зрачење од космосот."

## ЗАБРАНА ЗА КЛОНИРАЊЕ НА ЛУЃЕТО

Клонирањето е ново прашање на Биоетиката. Клон е организам произлезен од некоја единка со бесполово размножување. Тој е генетички идентичен со организмот на родителот. Откако е извршено клонирање на овца и се навестува клонирање на човечко суштество, светот стана застрашен од негативностите на биотехнологијата. Во декември 1997 година, на Конференцијата во Париз, е прифатена дополна на Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинство, која се однесува на **забрана на клонирање на луѓето** (на произведување на нови луѓе врз база на клетки од веќе постоечка личност, со што би се создало биолошки идентично суштество):

*„...Земајќи предвид дека инструментализацијата на луѓето преку слободно создавање на генетички идентични човечки суштества е спротивна на човечкото достоинство и на тој начин се создава злоупотреба на медицината и биологијата...*

*1.* Се забранува секаква интервенција со која се настојува да се создаде човечко суштество генетички идентично на друго човечко суштество, без оглед на тоа дали ова е живо или мртво"

### ЕТИЧКИ ЛЕКСИКОН

**витално** (според латинскиот збор vita - живот) - она што се однесува на животот, што има сила; што е важно за животот

**перформанси** - карактеристики, работни својства

**ресурси** - залихи, средства за други дејствувања, стопански и животни извори

**глобално** - општо, сеопфатно; што се однесува на целата планета

**локално** - месно, врзано за тесно подрачје

**нехумано** - нечовечно, нечовешки, неблагородно, безмилосно, неморално

**генетички** - што се однесува на основата на постоењето (**ген**) и на историјата на развитокот (**генеза**)

**генетика** - наука за биолошкото потекло

**универзализација** - стремеж кон сеопфатност, кон нешто единствено и вредно за сиот човечки род

**линк** - нов поим за техничка врска (најчесто преку електронски медиуми)

**конвенција** - спогодба, договор за заеднички настап

**евтаназија** (хеленски „блага смрт") - постапка со која на болните или многу старите личности им се помага да умрат (*забрането* во медицинската етика)

**абортус** - пометнување, прекин на бременоста (што предизвикува морални дискусии, без оглед на тоа дали со закон е дозволено)

**допинг** - недозволени средства за постигнување подобри резултати (чие земање *негативно* се оценува во спортската и здравствената етика)

**Внатрешна страница на книгата „Етика за младите" од проф. д-р Кирил Темков**

Следува содржина која го објаснува изборот на етичката насока, определбата на поимите Морализам и Аморализам, како и прифаќање на однесувањето во согласност со Доброто и отфрлањето на Злото, заедно со значењето и објаснувањето на хиерархијата на вредностите. Притоа авторот ја објаснува и хиерархијата на вредностите на областите на применетата етика како што е работната етика и еколошката етиката.

Потоа во книгата *Етика за младите* следуваат содржини кои говорат за значењето и важноста на Етичкото образование и за нужноста од потребата за ваков вид на содржини во едукацијата на младите личности. Новиот тренд на позитивното мислење, отворање на свеста и прифаќање на доброто постапување, активност, оптимизам, храброст, животна добрина, создавање на императивот Насмевни се!, е поврзано со стремежот кон добра врвна цел и идеалот на среќа, задоволство, радост, веселост.

Барањето на новиот етички систем е претставен со елаборацијата на современиот утилитаризами на индивидуализмот. Преку етичките погледи на светите Кирил и Методиј и светите Климент и Наум Охридски како наши етички основи, се укажува дека погледите на нашите први и најзначајни етичари нè упатуваат со својата интелектуална и морална сила да го бараме и пронајдеме она што е вистински Добро и така и да постапуваме.

Основниот духовен и етички елемент на човекот е скалилото на вредностите и изборот на етичките приоритети. Тоа е смислата на значењето на упатувањето во аксиологијата за етичкото образование на младите. Во текстот за етичките вредности е донесен убавиот етички текст од францускиот филозоф Монтескје (1689-1755) кој е еден од основните за градењето на современата Универзална етика: „Кога би знаел нешто што за мене би било корисно а би му штетело на моето семејство, јас тоа би го исфрлил од мојот дух. Кога би знаел нешто корисно за моето семејство, а тоа не би било корисно и за мојата татковина, јас би се обидел тоа да го заборавам. Кога би знаел нешто корисно за мојата татковина, а би било штетно за Европа, односно кога тоа би и користело

на Европа а би било штетно за човечкиот род, јас тоа би го сметал за злосторство – бидејќи нужно сум човек а случајно Француз.“

Потоа следува текстот за моралната оценка, за совеста како врв на моралната свест и морален судија, а потоа текстови за Љубовта, Слободата, Злобата и за Зависта како и за Должноста.

Текстовите за Етиката и религијата како пријателки и соработнички и за етичката улога на верските водачи говорат за етичките и религиските обрасци кои, без оглед на епохата и на стадиумот од развитокот, му ја враќаат на човекот надежта кои ги пронаоѓа во нивните идеи и цели.

Во 2003 година книгата **Етика за младите** беше преведена и објавена во Србија – **Добро, боље, најбоље**, во издание на Бајка во Ниш, (две изданија) со поднаслов „Etika za malde – o životu i građanskim moralnim vrednostima“.




**Насловна страница на книгата „Etika za mlade – dobro, bolje, najbolje“ од проф. д-р Кирил Темков**

Оваа книга има класичен формат, но интересен прелом на напоредно изложување на мислите на големите етичари и на етичките поими во текстот, така што со право е именувана и „Етички лексикон“ (бројот и толкувањата на моралните поими значајно е зголемен во однос на претходната форма).

Практичната етика од книгата *Етика за младите* е составена од 17 текстови: Биоетика; Еколошка етика; Етика на здравјето; Заразни болести; Зависности; Видови зависности; Дроги; Просветителство; Етикеција; Професионална етика; Деловна етика; Политичка етика; Избор во моралот и Етиката на иднината; Мир; Толеранција; Етиката и суштината на човековите права; Универзалната декларација за правата на човекот и нашите нови вредности во кои се изложени проблемите, ставовите и вредностите од биоетичките, социјалноетичките, економската и политичката сфера.


76 | ETIKA ZA MLADE

privrženost: obrazac za dobre odnose među ljudima - filosofi prijateljstvo smatraju izuzetnom vrednošću i vrlinom; **prijateljski** - verno, drugarski, predano, sa razumevanjem **ambicija** - težnja za nečim, slavoljubivost; želja i ulaganje da se postigne uspeh (često i bez obzira na cenu) **paradoks** - neočekivano, neverovatno mišljenje; mišljenje suprotno opštem mišljenju; prividna besmislica; osobena, neobična i čudna misao **plemenitost** - dobrog roda, odličnog porekla, tj. posedovanje velikih ličnih kvaliteta i visoke etičnosti; **oplemenjeno** - poboljšano **karakter** - osobno svojstvo i trajan način odnošenja ličnosti; moralna strana čoveka; narav; stalna volja jedne ličnosti, koja se pridržava nekih principa i u čijem delovanju postoji pravilnost **povreda** - rana, ono što boli; **povređivanje** - pričinjavanje rana, fizičke ili psihičke ozlede ili štete - danas je u svetu veoma popularna etička deviza *Uvek pomaži, nikad ne povređuj!* (Help ever, hurt never) **milosrđe** - posedovanje "dobrog srca".

shvatanju moralnog sistema. On nije nekultivisano čulno biće, koje je sposobno da aktivira sve svoje snage težeći zadovoljstvu i spoljašnjim izazovima, ali i samoživo će se čuvati da ne padne u zamke moralne uzvišenosti. On ni u kolektivnom samozatomljavanju ličnosti ne želi da se sakrije pred ličnom odgovornošću, nego upravo u njoj nalazi i smisao egzistencije i šansu za životni uspeh.

Građanin je proračunljivo biće današnjice i budućnosti sveta. Za njega su korist, odgovornost, senzibilnost i moralna strogost jedan praktičan etički konglomerat koji ga inspiriše i sigurno vodi kroz lavirinte i probleme života. Građanin je delatno određen nužnošću da radi i štedi, da vodi računa, planira i izvršava zacrtano. Građanin je ličnost jednog sveta, koji očekuje mnogo od nje i kojeg ona ne želi da razočara. U tom stabilizovanom svetu svako izvršava svoju dužnost da bi svima bilo normalno, uspešno i dobro.

Dužnost je teška i dosadna čoveku današnjice ili pripadnicima zamišljenih idealnih društava pod vedrim plavim nebom, velikom vrućinom i besplatnom hranom, koja pada sa drveća. Svi oni koji sagledavaju ogromne teškoće življenja, koji znaju da svako treba sam sebi da obezbedi opstanak i napredak, koji su saznali da obaveze u životu ne proizilaze od nekog ko ih mrzi i želi da im naturi nešto suvišno, već da su normalni deo izgradnje i unapređenja života, uslov da on daje bilo kakve rezultate i da čovek može uopšte da opstane. Svi ti normalni ljudi današnjice ne vide u dužnosti ništa više nego način oblikovanja svesti za delovanje, za postizanje dobrih životnih rezultata i za samorealizaciju sebe kao ličnosti koja ne beži sa poprišta života, kao ličnost koja je zaista okrenuta životu i svojim zadacima, kao ličnost koja živi život i izgrađuje ga.

Dužnost | 77

U stvarnosti, postupanje kao životni oblik čoveka funkcioniše kao zadovoljavanje dužnosti. Odraslo ljudsko biće koje je izgrađena ličnost ne pristupa moralu i dužnosti sa ambicijom da mu se ovi dopadnu pa da ih zato izvršava ili da bi bio zadovoljan tim izvršavanjem. Moral i dužnost izvršavaju se sa shvatanjem *časti i obaveze* da budu izvršeni, ne tražeći nikakve posebne dobitke za to. Najveći dobitak je da čovek oseti da je dostojna ličnost, koja može da postupa moralno i koja stvarno tako postupa.

U stvari, svojom strogom, ali realnom konstatacijom značenja i vrednosti morala, etičari dužnosti (kao na primer, Imanuel Kant) pokazuju da se, kad je

**Um i obaveza**

Najpoznatiji rimski filosof i besednik, ali i izuzetno važan državnik, *Marko Tulije Ciceron/Kikeron* (106-43. pre n.e.), koji je stvorio reč *moral*, napisao je delo *O dužnostima*, čije su ideje bile *najuticajnije etičke misli u istoriji*. Do naše nove epohe, one su bile baza vaspitanja mladih i moralna pravila odgovornih ličnosti u društvu. Kikeron je svojim sugrađanima, koji su stvorili najdugotrajniju i najmoćniju imperiju, a i drugim ljudima, ukazao da će im život biti uspešan samo ako se oslanjaju na svoje vrline i dela, a ne ako se nadaju nesposobnosti drugih.

"Postoje dve sile u ljudskoj duši i prirodi, prva je *želja*, koja čoveka vuče amo-tamo, a druga je *razum*, koji poučava i objašnjava što treba činiti, a šta izbegavati. Razum upravlja, a želja se kontroliše. Prema tome, *svaki postupak treba da bude oslobođen lakomislenosti i nemarnosti i ništa ne treba da se učini za šta se nema dovoljno opravdanog razloga*. To je definicija dužnosti... Treba postići da se želje potčine snazi razuma... Iz takvog duševnog stanja počinje da zrače doslednost i umerenost... Sve želje treba ograničavati i smirivati, stalno moramo biti budni i paziti da ne učinimo nešto nepromišljeno ili slučajno, nemarno ili neumesno... Mi smo rođeni za ozbiljne stvari i za veća ostvarenja... Svi raspolažemo razumom i onim preimućstvima koja nas uzdižu iznad ostalih živih bića: to je izvor saznanja dužnosti i otuda potiču moral i pristojnost... Filosofija dužnosti određuje pravila doslednog i poštenog življenja."

pravljenje dobrog dela, sažaljevanje, saosećanje, spremnost da se pomogne i pružanje pomoći

MORALNE MISLI
*Niko nema drugog prava, osim da uvek izvršava svoju dužnost.*
(Ogist Kont)

*Dužnost - šta je to? To je ono što tražimo od drugih!*
(Aleksandar Dima sin)

ETIČKI LEKSIKON
**odgovornost** - stanje i razumevanje ličnosti u odnosu na svoju (i opštu) svest o zadacima i u odnosu na svoj položaj delatnika; **moralna odgovornost** - svesnost čoveka o svojim postupcima; **odgovoran** - onaj ko ima obaveza; svestan obaveza; ozbiljan; **odgovorno** - sa svešću o dužnosti, sa ispunjavanjem zadataka **filosof** - mislilac koji razmišlja o problemima sveta, čoveka i života, pa objašnjava i ljudima daje saznajne, etičke i druge preporuke **nepomućenost duše** - etički ideal u Antici, kada su mislioci obrazlagali puteve i načine postizanja smirenosti duše - *apatija* (neosetljivost, bez straha i afekata) kod kiničara i stoičara, ili *atarak-*

**Внатрешна страница на книгата „Etika za mlade – dobro, bolje, najbolje“ од проф. д-р Кирил Темков**

Книгата **Етиката за младите** завршува со текст „Морал според свој избор“ во кој се покажува дека секоја личност е автономен морален субјект но мора да ги следи двете основни етички цели – Љубовта за животот и почитувањето на другите и на себе. Посебно интересен дел се трите лекции за односот на разумноста и моралот, во кои е претставена идејата за етичкото сметање, кое проф. Темков го смета многу важно за младите и нивната правилна морална ориентација и ја објаснува на сите степени на Етичкото образование, обидувајќи се овој класичен утилитаристички метод (од Бентам) да го воведе и заживее во нашата култура и живеење.

Во 2007 година проф. Темков ја преработи и дополни оваа книга и ја објави под наслов *Како да се биде добар*, ОХО, Скопје, на 298 страници, формат (17 x 24) како и српското издание.




**Насловна страница на книгата „Како да се биде добар“ од проф. д-р Кирил Темков**




*Знаењето е како бапите. Никогаш не може да го имаш доволно.*

современа поговорка

*Учи, но од учените луѓе!*

Катон

*Природата нека ви биде учител, книгите нека ви бидат чувствата, и советник нека ви бидат вештите учители.*

Тепфер

*Најдобрите книги се најдобро оружие.*

Честерфилд

*Најдоброто образование не е она што ни дава само информации, туку она кое нашиот живот го сообразува со севкупното постоење.*

Рабиндранат Тагоре

*Каде нема леб, нема образование - и ако нема образование, нема леб*

еврејска поговорка

*Иднина немаат оние кои знаат, туку оние кои сакаат да учат.*

Питер Дракер

*Човечката историја сè повеќе станува трка меѓу образованието и катастрофата.*

Херберт Џорџ Велс

от. хеленскиот и еврејскиот, Кирил им оговорил:

„Зар дождот не паѓа од Бога на сите луѓе подеднакво? Зар сонцето не свети исто така за сите? Зар не вдишуваме ист воздух сите еднакво? Следствено, како не се срамите да признаете само три јазици, а за сите други народи и племиња сакате да бидат слепи и глуви? Кажете ми, дали Господа го сметате толку немоќен што ним тоа не може да им го даде, или така завидлив што тоа не сака да го стори?"

Ги прекорел со зборовите на Исус Христос, насочени кон омразителите на културата: „Тешко вам, книжевници и фарисеи, затоа што го затворате царството небесно пред луѓето: оти, ниту вие влегувате, ниту ги пуштате да влезат оние, што сакаат да влезат" (*Евангелие според Матеја*, 23, 13) и: „Тешко вам, законици, оти го зедовте клучот на познанието; сами не влеговте, а и на оние што сакаат да влезат, им попречивте" (*Евангелие според Лука* 11, 53).

Тогаш Кирил ја дал оваа силна **морална и културна поука**, важна и пред 11 векови и денес:

„Ако кажете неразбирлив збор..., како ќе се разбере што зборувате? Ќе зборувате во воздух?... Ако не ја знам смислата на говорот, на оној што ми зборува ќе му личам на варварин, а оној што зборува ќе биде варварин за мене... Ако благословуваш, како оној кој стои на местото на неразумниот ќе каже *амин* (Нека биде така!) на твојата молитва кога не разбира што зборуваш? Ти може добро да го славиш Бога, но тоа другите да не ги изградува. Повеќе сакам во црквата пет збора да кажам со својот ум за да ги поучам другите, отколку илјадници на јазиците што не ги разбираат. Браќа, не бидете деца според умот, туку, и ако сте деца според недобрите нешта, во разумот бидете совршени... Бог не е Бог на растуреноста, туку на супреденоста."

Бранејќи го правото на култура, светите Кирил и Методиј го потенцирале правото на луѓето на **човечен живот**, како и обврската за **етичност**, која оди со човечката воздигнатост, за што образованието е најсилно орудие. Философи според личната ученост, според животната насоченост и според културните дела - тие насекаде ја истакнувале етиката на помислата и на однесувањето. Кирил Философ, кого така го нарекувале заради ученоста, добрата волја и етичноста, вака зборувал за смислата на големата наука:



**„Философијата е разбирање на Божјите и на човечките нешта, за човек да може да му се доближи на Бога. Таа го учи човека со делата да биде слика и одраз на оној што него го создал"**.

Во оваа *прва словенска дефиниција* на мислењето и мудроста, овие се поврзуваат со правилното човеково постапување. Свети Кирил им укажал на луѓето дека моралот е смислата на нивната егзистенција, врв на нивната животна активност, зашто тие умот и крајното сознание ги користат да се истакнат во етичноста, да станат слични на божеството, кое ги создало за добри дела на светот, а не за правење белји и неволји. Свети Кирил ја упатува човековата интелектуална и морална сила да го бара и пронајде она што е вистински добро и тоа да го води човекот во постапувањето. На оние луѓе на кои им дал виделина и цивилизациски дух, Кирил им посочил дека најблагородно дело е индивидуалниот стремеж кон доброто, кон сличноста со добриот Бог.

Тој основен етички пат го застапувал и свети Методиј, прв словенски архиепископ, страдалник за верата и културата, кој живеел според строгиот етички принцип: **„Каква полза има човек - и целиот свет да го добие, а душата своја да ја испразни или да ја погуби? Што ќе добие човек во замена за својата душа?"**

Своето постоење свети Методиј го оправдувал со добри дела, се трудел да ги достигне највисоките примери на светите отци. Овој доблесен светител имал само една неверојатно висока етичка задача:

**„...Да служи секому со сите постапки, за да ги придобие сите"**.

Ваквата висока етичка задача ја продолжиле и нивните ученици - светители-просветители. Нив ги слават словенските народи, некои сметајќи ги за свои прародители и создавачи на нацијата - ние светите

ЕТИЧКИ ЛЕКСИКОН

**просвета** - образование, воспитување, дигање култура и здобивање со неа; **просветлување** - здобивање духовни својства; огледување во писменоста и знаењето; **просветеност** - образованост, својство на воспитани и културни личности; **просветител** - оној кој образува други на високи идеали на науката и културата; кој несебично шири знаење и култура; добар, вешт, настојчив учител на некој крај, нација или на сето човештво; **просветителство** - животна определба да се помогне во образованието, воспитувањето, културното и научното воздигнување; **Просветителство** - епоха во европскиот XVIII век во која мноштво философи и други интелектуалци беа ангажирани за ширење на културата, развиток на науката, за рационално објаснување на светот и за сеопфатно образование на сите луѓе

**софија** (*хел.*) - умност, дух, мудрост, премудрост; составен дел од зборот **философија** - љубов за мудроста; **Софија** - како поим за *Светиот дух*, изградена се низа цркви Света Софија во Источното христијанство (во Цариград, Охрид итн.)

**збор** - точно кажување, ветување; морално обврзување

**Внатрешна страница на книгата „Како да се биде добар“ од проф. д-р Кирил Темков**

Книгата *Како да се биде добар*, која имаше издание (2007, 2009) има проширена содржина со 40 теми од теориската и практичната етика.

Теорискиот дел од книгата *Како да се биде добар* е составен од следните етички содржини: Доброто и Злото; Морализам и Аморализам; Што е етиката; Дали да се учи Етика; Кажи му на животот: Да!; Индивидуализам и колективизам; Современиот утилитаризам; Нашите етички основи; Вредности; Совест; Најубаво чувство – љубов; Света слобода; Овој прекрасен свет; Злобата и зависта – змии во градите; Егоизам; Должност; Универзална етика; Етиката и религијата; 10-те Божји заповеди како етички систем; Етичкото учење на Исус Христос; Христовата Љубов и жртва - основи на христијанската етика; Етиката и Исламот; Моралот и разумот; Етичко сметање и Етички избор.

Практичната етика во книгата **Како да се биде добар** ги опфаќа содржините: Биоетика; Еколошка етика; Етика на здравјето; Заразни болести; Зависности, Дрога; Просветителство; Етикеција; Етика во професијата; Деловна

етика; Политичка етика; Мир; Толеранција; Етичка суштина на човековите права и Морал според свој избор.

Книгата *Како да се биде добар* изобилува со извадоци од текстови и мудри мисли од светски познати автори, научници, филозофи-етичари, како и со богат етички лексикон кој дава опсежни толкувања на етичките поими и е од извонредно значење и помош на младите при нивното етичко образование. Книгата содржи многу современи етички теми и поуки. Во текстот 33 Етикеција на страна 234, проф. Темков ни ја приложува Етикецијата на компјутерџиите, како кодекс со 10 принципи за правилно поведение на корисниците на компјутерите. Појавата на компјутерите и на хакерите создаде потреба од нови етички правила:

1. Не го користи компјутерот за да им направиш штета на другите луѓе.
2. Не се мешај во работата на другите луѓе со компјутер.
3. Не ги шпиунирај компјутерските фајлови на другите луѓе.
4. Не го користи компјутерот за да крадеш.
5. Не го користи компјутерот за да пренесуваш лажни податоци.
6. Не го копирај и не го користи софтверот со сопственичко право за кое не си платил.
7. Не ги користи компјутерските ресурси на другите луѓе без одобрение за тоа или без да дадеш соодветна компензација.
8. Не присвојувај интелектуален производ на другите луѓе.
9. Мисли на социјалните последици на програмата што ја правиш или на системот што го проектираш.
10. Секогаш користи го компјутерот на начин што обезбедува внимание и почит кон човекот.

Така **Етиката за младите**, учебник произлезен од Експерименталната Настава по Етика во нашите 4 средни училишта, се развива и натаму и послужува корисно за модерното етичко образование на младите.

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО ЕТИКА ЗА II ГОДИНА НА ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Министерството за образование и наука, како дел од програмата за реформираното гимназиско образование дозволи Етиката, како изборен предмет, од септември 2003 година да се изучува во втората година од реформираното гимназиско образование, со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

За таа цел Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието ја одобри Наставната програма по Етика за втора година, која ја направија проф. д-р Кирил Темков, редовен професор по Етика на Институт за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, доц. д-р Јован Лозановски, доктор по методика на наставата по Етика, доцент по Филозофија на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола и наставник по Филозофија во Гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин" во Скопје и м-р Драгор Заревски, докторски кандидат по Филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје (кој завршуваше докторска дисертација „Филозофијата и етиката на современото образование".

Во Наставната програма по Етика за II година се објаснува дека едукацијата по Етика е една од најактуелните современи образовни тематики и содржини во целиот свет. Низ неа младите личности се здобиваат со сознанија за потребата од етика во денешната фаза на развитокот на човештвото, за новата улога на етиката во духовните и животните движења на човештвото, за местото на етиката во животот на личноста и во општественото живеење, како и за новите вредности и норми кои ја обликуваат моралната свест на луѓето денес.

Укажано е дека е дојдено е до нови антрополошки и психолошки сознанија за структурата на личноста и за нејзиниот развој од хетерономно кон автономно суштество, кое што самото треба да ги донесува своите етички вредности и морални норми. Затоа се инсистира на новата педагошка област, наречена Етичко образование, која го дополнува Моралното воспитување како

приспособување на младата личност кон општествените норми и тенденции. Етичкото образование е насочено кон едукација на личност способна да се соочи со проблемите на живеењето и човештвото, со знаење како етички се решавани проблемите во минатото и во клучните ситуации на човештвото, како и со способност да обликува, избира, следи и брани соодветни аксиолошки ставови и од вредностите да создава сообразни морални норми на однесувањето.

Такво Етичко образование бара и меѓународната организација за образование, наука и култура УНЕСКО да биде воведено во сите нивоа на образование на младите личности, за тие да бидат подготвени за големите предизвици пред кои ќе стои човештвото во 21-от век.

Истовремено, ова образование треба да биде канал низ кој ќе се пласираат во свеста на младата генерација идејата, вредностите и нормите на Универзалната етика на човештвото, која ќе ги синтетизира највредните морални идеи и тенденции од сите времиња и народи.

Етичкото образование е замислено и поставено како базична етичка образовна дисциплина за сите етички содржини и наставни области кои се однесуваат на духот, здравјето, социјалните и граѓанските димензии на човековата егзистенција во современата епоха.

Предметот Етика има неколку нивоа на образовна тематика и технологија и бројни содржини, израз на класичните и новите етички тенденции. Широки се искуствата од примената на едукацијата по Етика во разните земји на светот, како и од експерименталната настава по овој предмет во нашите средни и основни училишта, кои се спроведени во неколку проекти, чии педагошки цели и аксиолошки содржини ги претставивме.

Во средното образование е најзначајно сознавањето и усвојувањето на механизмот на аксиолошкото определување и претставувањето и образложувањето на најзначајните форми и содржини на вредностите. Во наставата по Етика се истражуваат аксиолошките системи во нашето и другите современи и постари општества, како и етичката размисла од која тие

потекнуваат. Бидејќи личностите на оваа возраст веќе се способни за актуелизирање и примена на етичките вредности, тука се изучуваат етичките цели и моралните норми во разните области на човечкото живеење денес. Тоа треба да ги оспособи младите личности за избор на позитивен пристап кон животот, за активно вклучување во моралниот живот и за нивен придонес во одбраната на најдобрите етички цели на денешницата, што ќе резултира со добар резултат и за нив лично, и за нивното социјално опкружување и на целото нивно општество, како и за сето човештво.

Затоа во наставата по Етика во II година на гимназиите има малку историцизам и педагошки енциклопедизам, а повеќе реална тематика, анализа на содржината на свеста и на нормите, причинско-последична анализа, изложување на најсовремените идеи, како и дискусија за нив во контекстот на другите погледи, заедно со изнесувањето на личните согледби на едукативниот субјект за своите животни прашања, дилеми и алтернативи.

И методиката на ваквата настава по Етика во II година е приспособена на новите едукативни содржини и на личноста на младите денес. Во неа основен метод е дијалогот, а се користат разни техники за истражување, изложување и оценување. Во секоја наставна содржина е можна диверсификација на литературата и идеите со оглед на широчината и актуелноста на етичката проблематика.

Целта на наставата по Етика во II година во гимназиите е да ги запознае учениците со значењето на моралот во човековиот живот и со улогата на етиката во одржувањето и напредувањето на човештвото, како и да им ги доближи големите човечки вредности. Преку наставата по Етика и усвојувањето на знаењата од овој предмет, учениците треба да се запознаат со суштината на етиката, со вредностите и целите на современиот живот, да се упатат во значењето на моралот за квалитетот на живеењето.

Се истакнува дека на секој час по Етика има и синтетички, потеоретски попрактичен дел на етичката едукција. Со ова Етичко образование треба да се постигне:

- Осознавање на позитивните идејни решенија во врска со етичките вредности, воопшто на животот и во посебните животни и дејствени области;

- Изградба на верата во должноста и неопходноста од нејзино извршување;

- Запознавање со одговорностите и нормите во разните области на животот;

- Усвојување на позитивниот морал на човештвото и на нашето општество денес;

- Ангажирање на секој ученик за изразување на свој став и за изградба на неговите аксиолошки погледи, размисли и избори.

За можноста за изведување на наставата по Етика во II година во гимназиите се укажува дека Етиката е нов предмет во нашето образование и нема широки познавања за нејзината суштина, образовни содржини и едукативни методи. Меѓутоа, се истакнува дека етичката тематика е составен дел на вкупното образование и воспитување на младата личност, така што учениците преку разни наставни предмети и содржини во текот на досегашното образование се запознаени со значењето на моралот во животот, со разни морални норми и со моралната практика во разни области. Тоа е добра претпоставка за можноста за следење на предметот Етика. При изведувањето на наставата по самиот предмет, исто така, е предвидено доследно и исцрпно запознавање на учениците со суштината, целите, содржината и формите на Етиката како особена наука и човечка практика во целата човечка цивилизација, која особено е важна во современата епоха на човештвото.

Во наставната програма по Етика за II година на реформираното гимназиско образование е изложена и детално објаснета структурата на содржините за учење по предметот Етика.

I - Тематска целина: *Етиката и Моралот* (4[137]+2[138]+1[139]=7[140])

1. Што е етиката и нејзината улога во човештвото
2. Што е моралот и неговата улога во човековиот живот
3. Подемот на етиката во современата епоха
4. Како етиката го води човекот по правите патишта во животот

Даден е предлог за тема за дискусија (етичка работилница) – Што ми се допаѓа, а што не во нашиот морал?

Конкретните цели на оваа тематска целина се ученикот да се воведе во етичкиот начин на мислење, да ја разбере улогата на етиката, која го учи човекот како да оди по правите патишта на животот, да сфати дека етиката е составен дел од културата на живеењето, да го разбере современиот развој и подем на етиката.

Содржината на првата наставна целина е низ наставата по Етика учениците да ги откриваат суштината и целите, како и улогата на етиката и моралот во животот на човекот, низ наставата да се претставуваат основните прашања на етиката како наука за моралот и за животните вредности и учениците да се запознаат со развојот на современата етика како една од основните научни дисциплини и потребни практики во денешната цивилизација. Во наставата по Етика треба да се согледаат и етичките прашања кои се изучуваат низ другите предмети во средното училиште - историски, биолошки, космолошки, природонаучни, хуманистички, културни.

II. Тематска целина: *Човекот* (6+3+2=11)

1. Што е човекот, како живее, местото на моралот во човековиот живот
2. Јас, моето сопство, интереси и однесување, како да бидам пријател на себеси
3. Моите очекувања, планови, среќа, судбина, животни ставови
4. Другите, блиските, ближните
5. Љуби го ближниот како самиот себе!
6. Човечкото заедништво и целината на светот (Универзална етика)

Целите на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со суштината на личноста и животот на човекот, да ја сфати улогата на моралот во човековиот живот, да размислува и да ги разбере своите очекувања и животни планови, да

[137] Бројот на часовите за презентирање на нови наставни содржини

[138] Број на часовите за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини

[139] Број на часовите за слободен избор на наставни содржини – етичка работилница (дискусија, истражување во групи, пишување состави и сл.)

[140] Вкупниот број на часовите за реализација на наставната тема

ја разбере реалноста на човековото живеење во заедница со другите луѓе, да ја дискутира и разбере смислата на Христовата порака за љубов кон ближниот и да ја сфати потребата од изградба на Универзалната етика на човештвото.

Содржината на оваа наставна целина се однесува на запознавање на младите со суштината на личноста и со местото на моралот во личниот живот и во односите на човекот со другите луѓе, да им се посочи суштествената потреба да си станат пријатели самите на себе, да биде објаснета прочуената етичка порака на Христос за љубов кон ближниот, да ги запознае младите со градењето на Универзалната етика на човештвото. Сето тоа треба суштински меѓу младите да поттикне дијалог за животните и етичките вредности како начин на кој современите луѓе ги градат културата и заедничките морални вредности.

III. Тематска целина: *Животот и моралот* (6+2+2=10)

1. Надеж, оптимизам, среќа
2. Чесност, исправност, коректност
3. Вистинољубивост, достоинство, храброст
4. Умереност, скромност, воздржаност
5. Карактер и етика
6. Негативни (лоши) постапки - саможивост, завист, злоба, одмазда, непријателство

Кон ова се предложени две теми за дискусија (етичка работилница) – Надежта како животен поттик и Разочараноста треба да биде надмината.

Етичките цели на оваа наставна целина се да осознае дека во животот има различни морални појави, кои се основни за изградбата на правилно однесување, да сфати дека моралните добродетели се потребни и за самата личност и за градење на добри односи со луѓето, да ја согледа вистинската димензија на стандардното однесување во форма на човековиот карактер, да разбере кои се негативните постапки и да се здобие со потребата да се контролира да не ги пројавува.

Заедно со очекувањето младите да учествуваат во дебатите за соодветните етички прашања (бидејќи веќе се запознаени со етичките цели и методот на етичкото мислење), наставата треба да биде основа за важните етички содржини - да ги упати младите во значењето на оптимизмот и надежта

за изградбата на човековата среќа, да ги запознае учениците со позитивните добродетели, кои се израз на добрината во човековото мислење и постапување, да ги упати во потребата од самоизградба на добар карактер како основа за позитивни етички односи меѓу луѓето, а заедно со тоа суштествено да ги претстави негативните појави и постапки, кои треба да се критикуваат. Ова треба да резултира со организирање дебати за разните прашања за местото на моралот во животот и за значењето на позитивните определби и дела наспроти негативните, кои ги загрозуваат односите меѓу луѓето и самата личност.

IV. Тематска целина: *Комуникацијата меѓу луѓето* (4+2+1=7)

1. Односи меѓу луѓето - суштина на нивната комуникација
2. Разбирање, соработка
3. Толеранција
4. Емпатија

Се предлага етичка работилница – дискусија за сочувство кон страдалниците како извор за новите етички настапувања. Оваа дискускусија за страдањето на луѓето како инспирација за етиката е многу важна за развој на личниот и општиот етички став.

Општите цели на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со суштината на односите меѓу луѓето и нивната комуникација, да ја разбере смислата на разбирањето и на соработката меѓу луѓето како исклучително важи форми на нивните односи, да ја сфати основната идеја и порака на толеранцијата, како современа етичка појава на трпеливост и разбирање меѓу луѓето, да ги разбере основните начела и да ја сфати потребата од емпатија (вчувствување) во проблемите на луѓето.

Етичките содржини на оваа наставна целина се посветени на запознавањето на младите со суштината и начелата на комуникацијата меѓу луѓето, да биде суштествено претставена логиката на разбирањето и соработката меѓу луѓето, како и идејата за толеранција низ учењата на големите етичари Лок, Волтер, Толстој, Ганди и др., како и да се прикаже идејата и реалноста на емпатијата како важен морален метод.

V. Тематска целина: *Етичко сметање* (3+2+1=6)

1. Разумот и моралот
2. Идејата за етичко сметање
3. Правење избор со етичко сметање

Предложена е тема за дискусија (етичка работилница) - Дали разумот може и треба да биде единствен или најважен водител при етичкото одлучување?

Целите на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со основите на рационалистичката етичка концепција, да се запознае со идејата на Бентам за етичко сметање и со нејзините седум карактеристики, да ја разбере суштината на методот на етичкото сметање како основа на современиот утилитаризам, да научи да прави етичка сметка и да ја користи при донесувањето на животни и етички решенија, како и да го увежба етичкото сметање како корисен етички метод.

Наставните содржини се посветени на запознавањето на нашите млади со рационалистичката концепција на етиката, да им ја претстави идејата за етичко сметање, да им ја објасни потребата од етичко сметање како корисен метод за донесување правилни животни и етички ставови и да ги научи да прават етичка сметка, односно да го увежбуваат методот на етичко сметање.

VI. Тематска целина: *Љубов* (6+3+2=11)

1. Љубовта како чувство и однесување
2. Три вида љубов
3. Избор во љубовта
4. Љубовни односи - посветеност, почитување, грижа
5. Брак
6. Раѓање и воспитување на деца

Предлозите за теми за дискусија (етичка работилница) се – Дискусија за првите љубовни искуства на младите и дали при тоа ги запазувале начелата на етиката, како и Дискусија за нивните искуства во семејната етика.

Целите на оваа тематска целина, која има особено значење за младите, е тие да се запознаат со суштината на љубовта како најсилно чувство и како основа за етиката, да ги сфатат трите вида љубов како посебни видови емоции и страст и и кое е нивното значење за етиката, да разберт дека треба да се направи избор во љубовта, да разберат дека во љубовните односи голема улога имаат етичките аспекти, да ги разберат елементите на семејната етика, која се резимира во бракот и во раѓањето на деца, како и да разберат дека планирањето на семејството е основа за правилната семејна етика.

Етичките содржини од оваа наставна целина се однесуваат на запознавањето на младите со љубовта како чувство и извор на етиката, на претставувањето на трите вида на љубов - посветеност кон нешто, еротска страст и општочовечка љубов, на упатувањето дека во љубовта треба да се прави избор, од што зависи судбината на тие значајни чувства и односи, на претставувањето на основните етички вредности во љубовта, на посочувањето на смислата и значењето на семејната етика и на укажувањето на неопходноста од сериозен однос при љубовните односи и планирањето на семејството.

VII. Тематска целина: *Работна етика* (3+1+1=5)

1. Активност, трудољубивост, трудење
2. Соработка, размена
3. Пари, имот, штедење

Како тема за дискусија е предложена: Потребата од штедење - израз на личната и социјалната етика во општество со пазарно стопанство.

Целта на наставната целина е ученикот да се запознае со основните појави на работната и економската етика, да ги сфати основните добродетели на работната етика како карактерни својства на личноста, да ја сфати суштината на економските односи на соработката и размената на вредностите, да ги разбере етичките вредности на парите и имотот и да разбере каква е потребата од штедење во системот на пазарното стопанство.

Содржините на наставната целина се посветени на запознавањето на младите со суштината на работната и економската етика, на претставвувањето

на основните лични добродетели во работната и економската етика, на укажувањето на етичката суштина на сорабоката и размената во економската сфера, на претставувањето на етичките димензии на парите и имотот, на презентирањето на високите вредности на штедењето во личниот и во социјалниот живот.

VIII. Тематска целина: *Здравствена етика* (4+2+2=8)

1. Етиката на здравјето денес
2. Одговорност на секого за чувањето на здравјето
3. Заразни болести
4. Зависности и дрога

За дискусија (етичка работилница) се предложени темите - Како да се чува здравјето? Наркоманијата како најопасна болест за младиот човек денес.

Значајните цели на оваа тематска целина се ученикот да се запознае со основните цели и содржини на здравствената етика, да сфати дека секој има одговорност за чувањето и унапредувањето на своето здравје, како и на здравјето на сите други луѓе, да се запознае со суштината на заразните болести и со улогата на човекот во нивното ширење односно спречување, да ја сфати суштината на зависностите и нивните видови и да изгради став против употребата на тутунот, алкохолот и особено на дрогата, како големи болести на личноста.

Содржините на оваа наставна целина се однесуваат на мошне значајните лични и општи современи проблеми на упатување на учениците во основните димензии на здравствената етика денес, во посочувањето и учењето дека секој има одговорност за чувањето и унапредувањето на своето здравје, како и на здравјето на сите други луѓе, во претставувањето на суштината на заразните болести и укажувањето на улогата на личноста во нивното ширење односно спречување. Посебно станува збор за запознавањето на младите со суштината и видовите на зависностите и за укажувањето на нужноста од воздржаност кон употребата на тутунот, алколот и особено на дрогата како посебно големи болести на личноста.

IX. Тематска целина: *Политичка етика* (3+1+1=5)

1. Демократија, човекови права и одговорност
2. Мир
3. Толеранција и соработка меѓу луѓето

Се предлга дискусија (етичка работилница) за значењето на човековите права за етичката вредност на општеството.

Целите на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со основните форми и содржини на политичката етика на денешниот свет, да ги сфати принципите на демократијата како политичка форма на денешницата, да се запознае со човековите права и со нужноста од нивно почитување, да го сфати значењето на мирот како основна вредност на Универзалната етика на човештвото и да ги разбере основните начела и појави на толеранцијата во современото човештво.

Содржините на наставната целина за политичката етика се важни за на младите да им ги претстави основните начела на демократијата, да им ја презентира Универзалната декларација за правата на човекот и да им ја објасни логиката и потребата од ваков етичко-политички документ, да им ги изложи основните учења за мирот во современото човештво во различните етички, религиски, политички и социјални доктрини и да им ги претстави суштината и начелата на толеранцијата.

Во Наставната програма за Етика во II година на гимназиското образование се истакнува дека основните видови часови по Етика се однесуваат за презентацијата на новите наставни содржини и на утврдувањето, повторувањето, синтезата и корелацијата на наставните содржини. Нивниот соодност е консеквентно спроведен 2:1. Покрај нив се предвидени и часови за слободен избор на наставните содржини (етички работилници).

Секој наставник, според своето филозофско образование стандардот за наставниот кадар по Етика се диплома, магистратура или докторат по Филозофија, според сопствениот хабитус и интелектуални и етички амбиции, може наставните содржини по Етика да ги приспособи на конкретните ученици.

При тоа треба да бидат земени предвид определените социјални околности, историските и личните искуства и културниот контекст.

Часовите овозможуваат за актуелизација и индивидуализација на наставната програма по Етика. Смислата е постојано да се отвараат нови тематски содржини, но напоредно со тоа да се продлабочува и проширува веќе усвоениот материјал. Етиката е комплексна целина и сите проучувања на нејзината тематика се поврзани. Во наставата по Етика можат да се користат примери од секојдневниот живот, од медиумите, од личното искуство на учениците, од литературата и од нашата и странската историја. Тие примери не треба да водат во историцизам (што се избегнува во современото Етичко образование), туку да се користат во нивниот евентуален современ контекст, затоа што наставата по Етика не е замислена во историцистички манир и смисла.

Во наставата по Етика можат да се обработуваат изворни филозофски дела или фрагменти од етичката литература, од моралистичките списи, од уметничката литература со морално занчење. Може да се иницира гледање филмови или театарски претстави со етичка содржина и да се организира дискусија за изнесените етички дилеми.

Мошне е корисно да се разговара токму за проблемите што ќе ги изнесат учениците. Голем број етички прашања и проблеми не се диференцирани во Наставната програма, но тие често се појавуваат во секојдневниот живот. Затоа учениците ќе имаат интерес да се прошират дебатите за најшироките проблеми на етиката. Проблемите за кои ќе се дискутира можат и треба да бидат однапред најавени, но не е возможно тие секогаш да бидат предмет на однапред организирана дискусија. Во текот на реализацијата на етичката настава треба да се следи интересирањето, вклучувањето и напредувањето на учениците и на нивниот ангажман.

Многу е важно да се има предвид дека етичката настава не е вредносно неутрална, така што секој наставен час и сите дебати треба да завршат со

истакнување на моралната поука, која треба да биде позитивно интонирана и насочена.

Во наставата по Етика треба да се користи комбинација на фронталната, индивидуалната, групната и тандем формата, како и на директната и индиректната настава. Посебно внимание треба да се насочи кон почесто практикување на индивидуалната и групната форма на работа, како и на тандем формата. Индивидуалната форма на наставната работа овозможува секој ученик да се упати кон самостојна работа во текот на часот или вон од наставната активност.

Во директната настава индивидуалната форма треба да се комбинира со фронталната форма. Наставникот работи со целиот клас, но во текот на работата треба да го прекинува монологот за да размени мислење со учениците, консултирајќи ги за нивните ставови и мислења. По монологот наставникот секогаш треба да остави време за дополнителни објаснувања и за одговори на поставените прашања или за дискусија со учениците.

Индивидуалната форма на работата многу успешно се користи во индиректната настава. Наставникот може на учениците да им дава домашни задачи, преку кои тие ќе ја изразат својата индивидуалност, може да ги поттикнува на размислување за определени проблеми или на читање на текстови, чија анализа треба да ја извршат самостојно, итн. Исто така, ученикот ја изразува својата индивидуалност и се учи со самостојната работа и преку писмените задачи што се работат во училиштето.

Индивидуалната форма на работа се применува и во работата со учениците по часовите, во рамките на дополнителната и додатната настава, како и во рамките на слободните активности. Сите резултати од индивидуалната форма на работа, ако тоа е можно, треба да бидат претставени пред целиот клас, за сите други ученици исто така да се запознаат со ставовите и застапуваните вредности.

Групната форма на работа може успешно да се примени во наставата по Етика при презентацијата на новите наставни содржини, при утврдувањето на

материјалот и во рамките на етичката работилница. Упатувањето на учениците на групна работа има низа едукативни компоненти: потребата за афирмација на групата ја засилува мотивацијата на поединецот како член на групата; поединецот во групата е мотивиран да работи многу повеќе отколку што би работел сам; членовите на групата меѓусебно се помагаат; различниот приод кон проблемите често раѓа неочекувани и интересни резултати. Учениците поделени во групи, особено во рамките на етичката работилница, можат да вршат самостојни истражувања и своите сознанија да ги изразуваат преку: тези, краток есеј, шема, цртеж итн. Определениот или избраниот раководител на групата на крајот на часот со кратко експозе треба да ги соопшти пред целиот клас резултатите од работата во групата.

Учениците поделени во групи можат да работат и надвор од училиштето, при што членовите на групата добиват задача да обработат определени содржини, кои подоцна ќе бидат презентирани на часовите.

Посебна форма на групната настава е работата по двојки (тандем). Учениците кои седат во истата клупа заедно ги решаваат поставените проблеми, а еден од нив го дава одговорот, иако во евентуално воспоставената дискусија и другиот член може равноправно да учествува.

Во наставата по Етика можат да се користат разни видови методи: монолог, дијалог, текст, демонстрација и др.

Во наставата по Етика се практикува монолошкиот метод, врз кој се втемелува предавањето на наставникот, но во современата настава по Етика е многу значаен методот на дијалог. Дијалошкиот метод може со подеднаков успех да се применува на часовите за усвојување на новите наставни содржини, како и на часовите предвидени за утврдување, повторување и синтетизирање на наставниот материјал. Дијалогот треба да биде основен метод во часовите за слободен избор на наставните содржини (етичка работилница). Повод за дискусија може да биде: проблематизација на наставната единица, некој етички проблем или дилема изнесени на часот, текст прочитан на часот, книга,

театарска претстава, филм, ТВ емисија, актуелен проблем (доколку може да се поврзе со наставниот материјал) итн.

Со примена на дијалошкиот метод се развива критичката свест кај учениците; учениците се учат (вежбаат) да мислат самостојно и независно; кај учениците се развива интересирање за наставниот предмет; се развива хуман (човечки) однос меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици; се отстрануваат недостатоците на авторитарната настава; учениците многу подобро ги воочуваат етичките проблеми; кај учениците се буди желба да размислуваат за моралот и тие се оспособуваат да мислат и да дискутираат и надвор од училиштето. Дијалошкиот метод е мошне погоден за современата настава по Етика.

Со примената на дијалошкиот метод се овозможува актуелизација на наставните содржини. Со вклучување на сите ученици во дискусијата, наставникот може да го следи интересирањето и развитокот на секој ученик одделно. Наставата по Етика се поткрепува и со фрагменти од изворните етички дела. Во текот на годината учениците треба да добијат барем една поголема домашна задача и неколку помалечкии домашни задачи, за да пишуваат за етичките теми. Треба да се инсисистира во своите трудови да се искажат за тоа за кој став се определуваат. Значењето на ваквите задачи се состои во упатувањето на учениците во самостојна работа, во развивањето на нивните етички ставови, како и во продлабочувањето и синтезата на наставните содржини. Ваквите задачи можат да бидат основа за дискусија на часот.

Покрај домашните задачи, учениците можат да пишуват и малечки писмени задачи на часот. Темата може да биде слободна или врзана за конкретни етички содржини.

Со методот на демонстрација во наставата по Етика се претставуваат: книги, слики на мислители за чии идеи се зборува на часот, слики на луѓе, градови, социјални настани, особено на личности и групи кои страдаат и чие претставување предизвикува емпатија.

Оценувањето во процесот на учење на Етиката е посебен педагошки проблем што се поставува пред наставникот. Процесот на оценувањето треба да биде постојан и конзистентен во текот на целогодишната настава. Оценката треба да донесе сатисфакција на ученикот, чувство на задоволство од постигнатото, како и чувство на праведност и достоинство. Значи, оценувањето треба да биде етички релевантно. Затоа е битно наставникот по Етика да оствари добра комуникација со своите ученици и низ постојано следење на нивните активности и напредување, заедно со нив, да оформи оценка.

За да може да го следи напредувањето кај секоја личност, наставникот најпрвин мора да ги запознае своите ученици. За наставникот што добро ги познава своите ученици не е тешко да ги процени вниманието, степенот на поимање, напредувањето и знаењето на секоја единка. По определен период на проценка на ученичките активности, оценувањето на учениците консеквентно следува од севкупната работа и од посветеното внимание на секој ученик при запознавањето со етичките проблеми. За наставникот е битно да има континуиран увид во работата на своите ученици во текот на целата година. Во современата настава се инсистира секој ученик максимално да биде вклучен во наставните случувања. Сите ученици треба да се секогаш активни. Секој ученик треба да има можност редовно да го изразува своето мислење и да го покажува своето знаење. Со тоа тој учествува во креирањето на наставниот процес и се гради како личност, што е една од суштествените задачи на Етичкото образование.

Наставата по Етика успешно се реализира низ разговорот меѓу наставникот и учениците. Сите видови часови по Етика можат да се организираат како непосредна комуникација на ученик со ученик или на наставникот со ученик. Наставникот при тоа има увид во работата на секој ученик и тоа го евидентира. Оценката по Етика, на тој начин, е последица на континуираната работа, учениците се мотивирани и постојано позитивно амбициозни, не се исплашени ниту напнати и се работи во пријатна интелектуална атмосфера. Оценувањето е објективно, едноставно е, не бара

посебно време, секој ученик може да ја креира сопствената оценка, оценките се мошне високи, нема кампањско испрашување за оценка, ниту се создава напната ситуација пред класификационите периоди.

Елементите кои се ценат при формирањето на оценката по Етика се разновидни и многубројни. Комбинирањето на повеќе елементи ја разбива монотонијата на наставната работа и овозможува формирање на оценка со која ќе бидат задоволни и наставникот и ученикот. Во наставната практика по Етика при формирањето на оценката се тргнува од следните елементи: експонирање на ученикот во рамките на дијалогот; монолошки излагања на ученикот; домашни задачи; есеи; експликации и експозеа; писмени вежби; тестови на знаење, вкупно - оценката се оформува според портфолиото на ученикот. Такви се современите аспекти на учењето Етика.

Истите наставни методи, форми и систем на оценување се предвидува и со Наставната програма по Етика за III година на гимназиското образование.

## „УЧЕБНИК ПО ЕТИКА ЗА II ГОДИНА“ НА РЕФОРМИРАНОТО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија број 11-3881/1 од 15.07.2004 година е одобрен првиот учебник по Етика за II година на реформираното гимназиско образование (изборен предмет), кој е издаден од Просветно дело во Скопје во 2004 година на 216 страници и во формат: 17 х 24 см. Учебникот досега имаше три изданија (2004, 2005, 2009). Автор на учебникот „Етика за II година“ е проф. д-р Кирил Темков. Рецензенти на учебникот се: д-р Олга Пешевска Заревска, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Јован Лозановски, наставник по Етика во гимназиите „Браќа Миладиновци“ и „Раде Јовчевски Корчагин“ во Скопје и Благуна Симоновска, наставник по Етика во МБУЦ „Илија Николовски Луј“ во Скопје.




**Насловна страница на книгата „Етика за II година година гимназиско образование" од проф. д-р Кирил Темков**

Во предговорот авторот им се обраќа на младите „*Етиката е сериозна, неопходна и интересна наука. Нејзините прашања се однесуваат на животот и ги интересираат сите, особено младите. Тие за нив дискутираат, често страсно и жолчно. Во етичкото образование се учат разни нешта за сите важни денешни прашања, особено за оние што се најважни за младите. Животот е целина, но е составен од делови. Низ холистичкиот пристап (согледба на светот и на ртиката како целина), во учебникот се акцентираат фрагментите на животот и етичките дејства, состојките на нивниот мозаик.* "[141]

Учебникот е конципиран мошне модерно и комуникативно. Секоја наставна целина се најавува со посебен осврт и преглед на нејзината содржина.

[141] Д-р Кирил Темков: *Етика* за II година на реформираното гимназиско образование, Просветно Дело, Скопје, 2004, стр. 3.

Потоа секоја наставна тема има свој теоретски, антрополошки и етички вовед со што се навестуваат нејзините особени етичко-педагошки содржини. Секоја наставна единица (вкупно 34 – кои воедно ја следат Наставната програма по Етика за II година) има внатрешно распределение на текстот на 2-4 важни содржински комплекси, по што следуваат прашалници за дискусија и повторување. Истото се однесува и на изборот на етичките мисли и на етичките текстови поврзани со таа Наставна единица, по кои следуваат прашања за дискусија, а потоа и разни видови етички вежби и писмени и домашни задачи. На крајот на секоја наставна единица е даден „Етички лексикон“ со објаснување на основните и најзначајни етички поими важни за разбирањето на таа конкретна етичка содржина.

Учебникот „Етика за II година“ е напишан со лесен стил, приспособен за ученичката возраст, сознанија и интересирања. Од секоја наставна единица наставникот и ученикот можат да ги изберат и истакнат аспектите кои тие ги сметаат за важни за таа наставна содржина, а да не се наруши целината на етичките содржини и сознанија за таа тема и за целината на Етиката.

Учебникот „Етика за II година“ мошне успешно се користи во наставата по Етика во нашите гимназии (а во недостиг на посебни учебници, со успех се користи и во универзитетското образование – на пример во II година на Факултетот за ликовни уметности, каде Етиката се изучува како изборен предмет).

Во првата наставна тема во учебникот *Етиката и моралот* учениците имаат можност да научат што е етиката и нејзината улога во човештово, што е моралот и неговата улога во човековиот живот, за подемот на етиката во современата епоха и како етиката го води човекот по правите патишта во животот. Наставата по Етика има за цел да го развие етичкиот начин на мислење, да се сфати улогата на етиката која го учи човекот како да ги избере вистинските, правите патишта во животот, да му овозможи на ученикот да ја разбере етиката како составен дел на културата и живеењето, како и современиот развој и подемот на етиката во сите сфери од општествениот

живот. Предметот на етиката низ дијалог се поврзува со предметот на другите науки, со воочување на етичките прашања кои се изучуваат низ другите предмети во средното училиште (историски, биолошки, космолошки, природонаучни, хуманистички, културни).

Втората тема во учебникот се однесува на *Човекот*. Се проучува што е човекот, како живее, суштината на личноста, местото на моралот во човековиот живот, неговите интереси и однесување, како да се биде пријател на себеси, како да се разбере реалноста на човековото живеење во заедница со другите луѓе, што значи да се љубат ближните како самиот себе, да се објасни прочуената порака на Христос за љубов, а исто така младите да се упатат во очекувањата, плановите, среќата, судбината, животните ставови, и во градењето на Универзалната етика на човештвото.

*Животот и моралот* е третата наставна тема. Тука се опфатени следните содржини: Надежта, оптимизмот, среќата, значењето на оптимизмот и надежта за градење на човековата среќа, Чесноста, исправноста, коректноста, морални добродетели кои се нужни на самата личност за градење на добри меѓучовечки односи, потоа Вистинољубивоста, достоинството, храброста, позитивни добродетели, кои се израз на добрината во човековото мислење и постапување, Умереноста, скромноста, воздржаноста, Карактер и етика, што помага да се сфати потребата од самоизградба на добар карактер како основа за позитивните етички односи меѓу луѓето, како и негативните (лоши) постапки - саможивост, завист, злоба, одмазда, непријателство, постапки кои треба да се избегнуваат и да се критикуваат.

Четвртата наставна тема предвидува изучување на содржини кои се однесуваат на *Комуникацијата* меѓу луѓето. *„Луѓето постојано комуницираат. Комуникацијата значи контакт меѓу нив, испраќање и примање информации, разговор, ширење на ставови и сознанија, уверување на некого во нешто*“.[142] Преку начинот на комуникација, луѓето ги презентираат етичките идеи и цели, а со однесувањето покажуваат што им е битно, укажуваат почитување,

[142] Д-р Кирил Темков: *Етика* за II година, цит. дело, стр. 88.

искажуваат пријателство и блискост, сè со цел да воспостават добри меѓусебни односи и релации, или создаваат непријатни ситуации, стануваат злонамерни, прават лоши дела, предизвикуаат конфликтни ситуации или ги раскинуваат односите. Во комуникацијата која е двонасочен процес луѓето би требало да ги усвојат вредностите: Разбирање, како услов односно пат на новата егзистенција на луѓето; потоа Соработка која во суштина значи поврзување на луѓето низ различни видови на дејствување; Толеранција, чија смисла е да се ужива во животот и на сите луѓе да им биде пријатно и добро; Емпатија – вчувствување, имање осет за другиот и за неговите ставови и проблеми.

Петата тема *Етичко сметање* ја обработува Идејата за етичко сметање, Разумот и моралот, Правење избор со етичко сметање. Тука се учи како да избереме што е она што е најдобро и што треба да нè води во животот и во постапувањето и како да изградиме добар и прифатлив морален критериум се важни прашања за етиката. Сознавањето и избирањето етичките добри норми се прави со помош на разумот. „*Разумот е свест за човекот за себеси и за своите потреби и обврски. Разумот постојано го води човекот кон себепреиспитување, го насочува кон добро формирање и кон проверка на своите стремежи*".[143] Според англискиот филозоф Џереми Бентам етичките визии и морални определби се поврзани со чувствувањето на задоволството, како добро, позитивно, посакувано кон кое луѓето треба да се стремат, и на болката како лошо, непосакувано, избегнувано, неисправно. Бентам направил таблица за морално сметање со помош на која според 7 елементи може да се определат: интензитетот, траењето, сигурноста или несигурноста, близината или одалеченоста, плодноста, чистотата и опсегот на задоволството и болката од секоја постапка на човекот.

*Љубовта* е шестата наставна тема, а говори за љубовта како чувство и однесување, за трите вида љубов, за изборот во љубовта, за љубовните односи – потоа за посветеноста, почитувањето, грижата, бракот, како и за раѓањето и за воспитувањето на децата. Љубовта е најубаво чувство, многу важно за

[143] Д-р Кирил Темков: *Етика* за II година, цит. дело, стр. 108.

животот на човекот. Таа многу силно влијае врз разбирањето на светот, му дава смисла на животот го инспирира човекот кон добро однесување и му дава сила за дејствување. „*Љубовта е позитивна, етички добра сила, таа спојува и гради*".[144] Од новиот завет гл. 13 се пренесуваат зборовите на свети Павле од Првото послание до Коринтјаните (прочуената Химна на Љубовта):

Да зборувам на сите човечки јазици
Па дури и на ангелски
Штом љубов немам,
Ќе бидам бакар, што звони, или кимбал, што звечи

Да имам пророчки дар
И да ги знам сите тајни,
Да ги имам сите знаења за сите работи,
а и така силна вера, што и планини да преместувам,
ако љубов немам, ништо не сум.
И да го раздадам целиот свој имот,
да дозволам телото да ми изгори,
штом љубов немам ништо не ми користи.

Љубовта е долготрпелива, полна со добрина,
Љубовта не завидува,
Љубовта не се првознесува,
Не се гордее,
Не прави што е непристојно,
Не бара свое, не се срди,
Не мисли зло,
На неправда не се радува, а на вистина се радува,
Се извинува, во се верува,
На се се надева, се претрпува.

Иако станува збор за класични зборови, таква искрена и предана концепција на љубовта е нужна и за современото достојно човекување.

[144] Д-р Кирил Темков: *Етика* за II година, цит. дело, стр. 123.


Чувствата се многу важен елемент на човековата психа и се составен дел на човековото живеење. Со нив човекот реагира на околината, на луѓето и на настаните, тие ги изразуваат неговите настроенија, желби и надежи. Чувствата извираат од длабочината на човекот, покажуваат каква личност е тој и како ги доживува животот и светот. Оној кој "нема чувства" се смета за празна личност, без вистински човечки квалитети - иако во моралот се препорачува да се контролираат чувствата и да се слуша разумот, кој треба кај човекот да ги смирува страстите, да не дозволува да завладуваат лошите чувства гнев и омраза, тага и страв, кои го потресуваат човекот и не му дозволуваат мирно и објективно да расудува за светот и да постапува умно и одмерено.

Добрите и фини чувства се неопходни во моралот. Радоста е посакуван елемент на живеењето, а најубавото чувство љубовта мнозина филозофи го сметаат за извор на етиката и за најдобра можна основа на етичките вредности и норми. И кај чувствата, како и за сите нешта кај човекот, важат етичките критериуми - едното е добро, другото лошо, а за двете треба да се води сметка, доброто да се поддржува и да се негува, лошото да се држи под контрола.

22

ЉУБОВТА
КАКО ЧУВСТВО И ОДНЕСУВАЊЕ

Љубовта е **најубаво чувство**. Тоа е многу важно во животот, а неговите својства, форми и значење се истакнуваат и во етиката. Љубовта има големо значење за човекот. Таа сериозно влијае врз неговото разбирање на светот и на животот и врз неговото однесување. На човекот љубовта му **дава смисла** во животот, го поттикнува да планира, кај него ја разбудува желбата да биде добар, го предизвикува да се ангажира и му дава сила да дејствува.

Љубовта е *позитивно*, многу силно, широко и весело чувство. Таа ни ги открива постоењето и вредноста на некое суштество или на друго нешто - ако ги сакаме, ние го посакуваме нивното присуство и ги сметаме за нешто многу важно. Вљубениот ги чувствува објектите на љубовта како нешто суштествено и интимно за него. Тој прави многу или сè за да ги реализира своите желби во однос на саканото. **Човекот живее за својата љубов**. За неа води сметка кога донесува решенија, своите желби главно ги насочува кон саканото, при однесувањето е јасно што љуби, многу други нешта ги подредува на остварувањето на својата љубов. Единствено љубовта го оправдува крајното посветување на човекот; кога сака, тој дури е готов и да се жртвува.

Љубовта е прекрасно, неодминливо и неопходно чувство. Нејзиното значење може да се види и од тоа што кон неа се стреми секое човечко суштество. Љубовта не се стеснува да се открие и да се претстави. Таа може да биде извор за многу доблести кај оној што сака. Љубовта овозможува човекот да живее радосно, да биде добро расположен, да ги изрази своите квалитети, да прави добро и

122

**Внатрешна страница на книгата „Етика за II година година гимназиско образование" од проф. д-р Кирил Темков**

Седмата тема *Работна етика* е посветена на моралните основи и норми на една од најважните области на човековото живеење и дејствување, а тоа е економијата, која всушност значи организирање на производството, размената и на потрошувачката. „*Самата економија значи: водење сметка, настојување да се оствари нешто потребно и корисно, добро организирање на живеењето и на дејствувањето, здобивање и штедење, разумно вложување*".[145] Во оваа тема се разработуваат проблемите на активноста на индивидуата, трудољубивоста, трудењето, соработката, размената, парите, имотот, штедењето.

*Здравствена етика* е осмата наставна тема. Едно од најпосакувание нешта во животот, најголема вредност за човекот е здравјето. Здравиот човек има безброј желби а болниот само една – да биде здрав, вели една народна

[145] Д-р Кирил Темков: *Етика* за II година, цит. дело, стр. 153.

поговорка. Заради тоа секој човек максимално треба да води грижа за своето здравје, да се труди да го зачува и да го унапреди. Доброто здравје се состои од неколку елементи: добра општа состојба на организмот, добра работа на крвотокот и на варењето, добра циркулација, добра состојба и добра работа на коските и на другите органи за движење, добра состојба и активност на жлездите, стабилна психичка состојба и душевно спокојство, добро спиење, немање акутни и хронични заболувања, немање заразни болести, немање зависности, водење сметка за живеење во здрава и природна средина. *„Најголема од сите лудости е да се жртвува своето здравје, за што и да било – за здобивање со имот, за напредување во службата, за ученост, за слава, а воопшто и да не зборуваме за телесната сласт и за кусотрајните задоволства. На здравјето треба се друго да му се подреди. Така зборуваше за нужноста од доброто здравје германскиот филозоф Артур Шопенхауер, кој и самиот имаше многу проблеми со здравјето“.*[146]

Во деветата наставна тема *Политичка етика* се разгледуваат најважните прашања на политичкото живеење и етика, *„која е мошне развиена во денешнава епоха на загриженост за состојбите во светот, кои се мошне лоши, и за постојаните судири меѓу луѓето, кои никако да престанат – за наместо нив да започне ера на мир и соработка меѓу луѓето, што треба да овозможи да бидат решени тешките проблеми на човештвото, на Природата и на градењето спокојна иднина за другите генерации кои ќе дојдат*“.[147] Денес демократијата – власта на народот – е главната политичка ориентација, која всушност би требала да значи еднаквост на луѓето, нивна независност, слобода за живеење, дејствување и одлучување. Основните вредности на општествените-политичките системи денес би требало да бидат демократија, прогрес, разбирање, толеранција, мир. *„Мојот политички идеал е демократијата. Треба да го почитуваме секој човек како суштество и од*

[146] Д-р Кирил Темков: *Етика* за II година, цит. дело, стр. 177.
[147] Исто, стр. 201.

*никого да не правиме идол – кажа најпознатиот научник на новата ера Алберт Ајнштајн“.*[148]

Така во учебникот „Етика за II година“ се претставени, разработени и аргументирани современите етички теми, вредности и норми.

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО ЕТИКА ЗА III ГОДИНА НА ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Министерството за образование и наука донесе решение од септември 2003 година во трета година од реформираното гимназиско образование, во изборниот пакет Општествено-хуманистичко подрачје Б, да се изучува Етика со 2 часа неделно, вкупно 72 часа годишно. Наставната програма по Етика за III година од гимназиското образование во јуни 2003 година ја изработија проф. д-р Кирил Темков, редовен професор по Етика на Институт за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, доц. д-р Јован Лозановски, доцент по Филозофија на Факултетот за учители и воспитувачи во Битола и наставник по Филозофија во Гимназијата „Раде Јовчевски – Корчагин“ во Скопје, кој докторираше од областа на Методиката на наставата по Етика, и м-р Драгор Заревски, докторски кандидат по Филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, кој ја завршуваше својата докторска дисертација за филозофијата и етиката на современото образование.

Наставната програма по Етика за III клас гимназија е замислена со сеопфатно зафаќање на современата етичка проблематика. Во неа се истакнува дека во нашата епоха Етиката доживеа рехабилитација и ренесанса на својата улога и содржина. Со човечкото небрежно однесување е загрозена Природата, луѓето живеат во конфликтни односи, постојат големи опасности за егзистенцијата на живите суштества и на човечкиот род, луѓето се подложени

[148] Исто, стр. 205.

на разни форми на зависности. Оттука се роди нужноста за обновување на етичката структура на мислењето и однесувањето на луѓето. На сите полиња се воведуваат силни и нови етички норми, кои ќе ги одбранат новите цели на човештвото во насока на заштита на Природата, обнова и заштита на човековата средина, осмислување на човековото живеење во сите сфери - социјалната, семејната, економската, политичката, научната и др. Етичкото образование кое е насочено кон едукација на личност способна да се соочи со проблемите на живеењето и човештвото, кое на младите ќе им даде знаење како етички да решаваат и ќе ги оспособи да обликуваат, да избираат, следат и бранат соодветни вредности кои на луѓето ќе им помогнат да живеат позитивно и корисно.

Затоа предметот Етика се воведува на сите нивоа на образовниeто. Во основното образование задачата на предметот Етика е самоидентификација на младата личност и идентифицирање на нејзината социјална средина, како природно милје на животот на човечкото суштество. Тука да се изнесуваат и основните норми на постапувањето на личноста во современото човештво и да се даваат првите сознанија за вистинско човечко однесување спрема ближните во сите основни животни сфери. Така младата личност се здобива со позитивни норми за своето сигурно живеење и релации со луѓето.

Во високото образование, наставата по Етика е сосредоточена кон истражувањето на логиката на Етиката во разните епохи и цивилизации, како и во денешницата, напоредно со истражувањето на одделни етички идеи на големите мислители. Исто така, идните стручњаци ја изучуваат професионалната етика на својот позив.

Во средното училиште е сконцентрирано Етичкото образование. Тука се изучува вредносната етика, оние морални содржини и односи кои се карактеризираат со аксиолошки став и негово спроведување. Младите личности во средното образование се упатуваат во суштината на изградбата на вредносната хиерархија, се учат да ги избираат најдобрите вредности, да ги актуелизираат и применуваат во животот, да градат нормативен морален систем

во согласност со етички вредности и цели. На оваа возраст личностите веќе се способни за актуелизирање и примена на етичките вредности, тука се изучуваат етичките цели и моралните норми во разните области на човечкото живеење денес - биолошката и здравствената, социјалната, економската, политичката и општочовечката.

Во наставната програма по Етика во III година гимназија, се изложени најсовремените идеи, и младите се оспособуваат за дискусија за нив и изнесување на своите личните согледби за своите етички прашања и дилеми.

Основните цели на предметот Етика во III година на гимназиското образование се исти за секоја настава по Етика запознавање на учениците со значењето на моралот во човековиот живот и со улогата на Етиката во одржувањето и напредувањето на човештвото, а истовремено доближување на големите човечки вредности до свеста и срцето на младите личности.

Општите цели на оваа настава по Етика кои се истакнати во Наставната програма се да ги запознае учениците со суштината на етиката и на аксиолошкото мислење и дејствување, да ги запознае со најважните етички решенија во историјата на човештвото, да ги упати во структурата на етичкото мислење и дејствување, да ги подготви и оспособи за прифаќање и избор на позитивните етички вредности, како и за свој креативен придонес во градењето на етичката аксиологија на општеството, да ги поттикне на размисла за темелните прашања на моралот, постапувањето и етичкото оценување, да ги воведе во самостојно критичко и позитивно однесување спрема етичките дилеми и алтернативи, да ги поттикне и оспособи да прават етичка сметка, да ги запознае учениците со основните етички вредности и норми во најважните области на денешната практична етика - биоетиката и еколошката етика, социјалната етика, работната и економската етика, политичката етика и др., да ги обучи и поттикне на извршување на должностите и на граѓанскиот тип однесување во современото општество.

Оперативните цели во III година на гимназиското образование се на секој час по Етика да се постигне осознавање на позитивните идејни решенија во

врска со етичките вредности, воопшто на животот и во посебните животни и дејствени области, изградба на верата во должноста и во неопходноста од нејзино извршување, запознавање со одговорностите и нормите во разните области на животот, усвојување на позитивниот морал на човештвото и на нашето општество денес, ангажирање на секоја млада личност за изразување на свој став и за изградба на свои аксиолошки капацитети и активност, со што ќе ја изрази својата автономност.

Во Наставната програма по Етика за III година на гимназиското образование се поставени и образложени следните етички тематски целини и содржини:

I. Тематска целина: *Вовед во етиката* (3[149]+1[150]+1[151]=5[152])

1. Што се етиката и моралот
2. Етиката како наука за моралот и за животните вредности
3. Современиот подем и состојби на етиката

За дискусија: Што ми се допаѓа, а што не ми се допаѓа во нашиот морал?

Целите на оваа на оваа наставна целина се ученикот да се воведе во етичкиот начин на мислење, да ја разбере улогата на етиката, која го учи човекот како да оди по правите патишта на животот, да сфати дека етиката е составен дел од културата на живеењето и да го разбере современиот развој и подем на етиката.

Содржините на оваа наставна целина се однесуваат на откривањето на учениците на суштината и целите, како и на улогата на етиката и моралот во животот на човекот, потоа да се претставаат основните прашања на етиката како наука за моралот и за животните вредности и да се укаже на развојот на современата етика како една од основните научни дисциплини и општочовечки практики во денешната цивилизација.

[149] Бројот на часовите за презентирање на нови наставни содржини.
[150] Број на часовите за повторување, утврдување, корелација и синтеза на наставните содржини.
[151] Број на часовите за слободен избор на наставните содржини – етичка работилница (дискусија, истражување во групи, пишување состави и сл.).
[152] Вкупниот број на часовите за реализација на наставната тема.

II. Тематска целина: *Вредноста на животот* (4+2+1=7)

1. Животот и неговата универзалност и вредност
2. Различни учења за целите и вредноста на живеењето
3. Највисоката вредност во животот
4. Позитивитет на животната етика

За дискусија (етичка работилница) е предложена темата - Која вредност најмногу ми одговара и ми се допаѓа?

Едукативните цели на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со суштината на животните вредности, да научи какви различни вредности во животот предлагале разни мислители или биле водечки во разни цивилизации, да го разбере системот на аксиолошкото одлучување и на градењето на аксиолошката скала и да ја сфати логиката на предлагањето и прифаќањето на позитивниот однос кон животот.

Основните содржини во оваа наставна целина се запознавање на младите со системот на вредностите во разните подрачја на животот, општеството и дејствувањето, воведување на младите во светот на вредностите и аксиолошкото избирање и одлучување, запознавање со најзначајните учења за целите и вредноста на живеењето, претставување во целост на доктрината за позитивниот однос кон животот и поттикнување кај младите дискусија за животните и етичките вредности.

III. Тематска целина: *Градбени елементи на етиката* (9+4+3=16)

1. Доброто и злото како основни етички категории
2. Индивидуализам и колективизам
3. Етичка автономија и хетерономија
4. Волја, намера и дело
5. Избор на вредностите
6. Морална норма
7. Совест
8. Етичко сметање
9. Етичко образование

Целите на оваа наставна целина се ученикот да осознае дека основните етички поими Добро и Зло се базични при моралното одлучување, постапување и оценување, да сфати дека доброто е она што се избира, препорачува, брани, застапува - а злото она што се избегнува, негативно оценува и критикува, да ги разбере градбените елементи на етиката и нивните соодноси и да ја разбере логиката на правењето етичка сметка и да научи да ја прави.

Содржините на оваа наставна целина се однесуваат на упатувањето на учениците во структурата на етичкото мислење и во најзначајните учења за различните елементи на етиката, нивното запознавање со суштината на доброто и злото како основни етички категории, нивното упатување во дејствувањето на елементите на етиката, претставувањето на значајните етички вредности и морални норми како и на суштината и целите на етичкото сметање и обучување на учениците да прават етичка сметка. Исто така, задача е на младите да им се претстави идејата и целите на етичкото образование.

IV. Тематска целина: *Етиката и религијата* (4+2+1=7)

1. Десетте Божји заповеди
2. Христијанска етика
3. Етиката на Исламот
4. Други етички религии

За теми за дискусија (етичка работилница) се предлага разгледување на некои од познатите етички норми на источните или западните религии.

Конкретните цели на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со најзначајните етички норми на големите светски религии, кои со столетија влијаат врз етиката, да ја сфати основната идеја и порака на најпознатиот етички нормативен систем - Десетте Божји заповеди – и да ги разбере основните етички идеи и насоки на различните светски религии, да научи да ги споредува основните етички норми на различните религии како форма на моралот на различни цивилизации.

Содржините на оваа наставна целина се посветени на запознавањето на учениците со најзначајните етички учења на големите светски религии, на

претставувањето на претставувањето на логиката и содржината на најпознатиот етички нормативен систем - Десетте Божји заповеди, на претставувањето на големата етичка улога на религиите, заедно со нивните богати и сложени морални нормативни системи. Во тие рамки треба да се организира дискусија за некои особени аспекти на етичките норми во помалку познатите религии, а кои се значајни за универзалниот морал.

V. Тематска целина: *Современи етички учења* (3+1+1=5)

1. Утилитаризам
2. Консеквенционализам
3. Етика на грижата

За дискусија (етичка работилница) се предлага согледба на современата етичка активност на Алберт Швајцер и Мајка Тереза во корист на болните и сиромашните.

Целите на оваа наставна целина се запознавање на ученикот со основните етички концепции на современата епоха, негово разберање на суштината и широчината на современиот утилитаризам како најраширана етичка концепција на денешницата, запознавање со смислата на дополнувањето на етичката доктрина со согледбата на последиците на дејствувањето и упатување во основите на етиката на грижата („женска етика“) као нова доминантна насока во етиката.

Содржините на оваа наставна целина се однесуваат на запознавањето на учениците со најзначајните духовни тенденции и научни правци во современата етика, на претставувањето на суштината и значењето на утилитаристичката доктрина, на објаснувањето на потребата од дополнување на етичките погледи со аспектите на последиците на човечкото однесување и на запознавањето со целта и основите на етиката на грижата како мошне значајна современа етичка концепција.

Треба да се организира и дискусија за етичката активност на разни добротвори во корист на болните и сиромашните.

VI. Тематска целина: *Етички приоритети* (4+2+2=8)

1. Радост и тага, оптимизам и песимизам
2. Љубов и пријателство, избор во љубовта
3. Среќа, судбина
4. Егоизам и алтруизам
5. Вистина, достоинство, чест, храброст
6. Разумност, воздржаност, коректност, фанатизам
7. Должност, одговорност
8. Негативни појави - завист, непријателство, злоба, агресија, тероризам

Конкретните цели на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со основните и најраширени форми на етичките цели, појави, содржини и постапки, да научи да прави споредба помеѓу позитивните и негативните етички појави и да знае правилно да се определи и да ги избере позитивните наспроти негативните морални цели и однесување, да сфати дека емоциите треба да се контролираат и дека во етиката треба да се следи разумот и да научи кои се основните негативни појави во животот и нив секако да ги избегнува.

Содржините на оваа наставна целина е посветена на учењето за најважните етички појави и на упатувањето на младите во правилното избирање на вредностите со позитивна тенденција наспроти оние кои се негативни, на претставувањето на основните учења за овие етички појави и укажувањето кои се најпознатите дела и идеји за овие прашања.

Се планира да се организира дискусија за некои од овие појави, кои би биле изучени на ваков начин.

VII. Тематска целина: *Биоетика* (4+2+2=8)

1. Биоетиката како нова водечка етичка дисциплина
2. Етиката на здравјето
3. Еколошка етика
4. Зависностите и дрогата

Се предлага за дискусија (етичка работилница) да се обработат темите: Формите на чување на здравјето и лечење на болеста и Дрогата како најсилна и најопасна зависност.

Конкретните цели на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со основните и најраширени форми на биоетичките појави и содржини, да ја сфати разликата помеѓу позитивните и негативните аспекти на животот, да разбере која е суштината на зависностите и колку е голема опасноста од употребата на дрога, да научи кои се патиштата на чувањето на здравјето и на Природата и да прифати да се вклучи во разни биоетички, еколошки, здравствени и антинаркотички акции.

Содржините на оваа широка и современа тематска целина се да ги научи учениците кои се најважните етички појави поврзани со биологијата, природата и човековото тело и психа и да ги упати во правилното избирање на позитивните решенија во оваа област, да ги претстави основните учења за биоетичките појави и да им ги претстави на учениците најпознатите дела и идеји за овие прашања,

треба да организираат дискусии за биоетичките проблеми, особено за прашањата на здравјето и на зависностите, а младите да се поврзат со некои организации кои се занимаваат со еколошката и здравствената етика.

VIII. Тематска целина: *Социјална етика* (5+2+2=9)

1. Јас, другиот и ближниот, заедничко живеење
2. Етика во семејството
3. Светот како целост (Универзална етика)
4. Избегнување, совладување и решавање на конфликтите
5. Етикација

За дискусија (етичка работилница) се предлагаат темите – Дали Универзалната етика му е потребна на човештвото? и Карактеристика на бонтонот.

Конкретните цели на оваа тематска целина се ученикот да се запознае со основните цели и содржини на социјалната етика, да сфати дека живее во заедница со многу други луѓе, што е основа на етичката мисла, да ги сфати оснивните вредности на семејството и нормите на семејниот живот, да научи да

ги избегнува и решава конфликтите, да ги разбере и научи основните елементи на етикецијата како форма на социјалната етика.

Дидактичките содржини на оваа наставна целина се упатување на учениците во основната етичка реалност на односите на секој човек со своите ближни, претставување на етичкото значење и норми на семејното живеење, упатување на младите во современата тенденција за создавање на Универзална етика на човештвото со најдобри етички вредности од сите епохи и народи, научување на младите како се совладуваат конфликтите, претставување на основните идеи и норми на етикецијата.

IX. Тематска целина: *Економска етика* (2+1=3)

1. Работна етика
2. Имот, пари, штедење, деловна чеснос

Целите на оваа тематска целина се ученикот да се запознае со основните идеи на економската етика, кои ќе го следат целиот живот, да ги сфати основните начела и карактеристики на работната етика со основните вредности трудољубивост и соработка, да ја сфати суштината на основните економски категории Имот и Пари и нивната улога во животот, да ја разбере нужноста од штедење во животот и да ја сфати улогата на деловната чесност во економијата и во целокупното човечко живеење.

Воспитните содржини во оваа тематска целина се однесуваат на претставувањето на учениците најважните карактеристики и начела на економската и работната етика, на нивното упатување во значењето и етичката суштина на имотот и парите, на потребата да научат дека штедењето е една од најосновните појави во економската етика и на претставувањето на големата улога на деловната чесност за човековото дејствување и за севкупната социјална етика.

X. Тематска целина: *Политичка етика* (2+1+1=4)

1. Демократија, човекови права
2. Мир, толеранција.

За дискусија (етичка работилница) се предлага да се расправа за тоа кои се современите појави на етичко, а кои на неетичко однесување во современите меѓународни политички односи?

Целите на оваа наставна целина се ученикот да се запознае со основните форми и содржини на политичката етика на денешниот свет, да ги сфати принципите на демократијата како основна политичка форма на денешницата, да се запознае со суштината и со листата на човековите права, да го сфати значењето на мирот како основна вредност на Универзалната етика на човештвото и да ги разбере основните начела и појави на толеранцијата во современото човештво.

Содржините на оваа наставна целина се насочени кон претставување на учениците на основните начела на демократијата, кон презентирање на Универзалната декларација за правата на човекот и објаснување на логиката и потребата од еден таков етичко-политички документ, кон изложување на основните учења за мирот во современото човештво во различните етички, религиски, политички и социјални учења, кон претставување на суштината и начелата на толеранцијата.

**„УЧЕБНИК ПО ЕТИКА ЗА III ГОДИНА НА РЕФОРМИРАНОТО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ“**

Во 2004 година со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија број 11-3879/1 е одобрен за употреба учебникот „Етика за III година на реформираното гимназиско образование (изборен предмет) во издание на Просветно дело, Скопје, со вкупно 312 страници во формат 17x24 см. Автор на учебникот е проф. д-р Кирил Темков, а рецензенти се: д-р Јован Лозановски, наставник во гимназиите „Раде Јовчевски – Корчагин“ и „Браќа Миладиновци“ во Скопје, д-р Олга Пешевска-Заревска, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје, и Благуна Симеонова, наставник во МБУЦ „Илија Николовски Луј“ и ДСУ „Димитар Влахов“ во Скопје.




**Насловна страница на книгата „Етика за III година година гимназиско образование“ од проф. д-р Кирил Темков**

Ова е прв официјален учебник по Етика во Република Македонија и се користи во пакетот изборни предмети во општествено-хуманистичко Б подрачје во гимназиското образование.

Учебникот „Етика за за III година“ ги содржи сите теми и проблеми на современата етика – неговиот автор истакнува дека е обемен затоа што во нашата култура и образование за прв пат се учи Етика и требало да бидат достојно и целосно претставени сите прашања на етичката свест, етичките ориентации и областите на практичната етика со основните вредности (како таков, овој учебник го користат и во Универзитетската настава на разни факултети). Овој учебник досега имал три изданија (2004, 2005, 2009).

Учебникот „Етика за за III година“ е составен од 10 тематски целини и тоа:

- Вовед во Етиката;
- Вредност на животот;
- Градбени елементи на етиката;
- Етиката и религијата;
- Современи етички учења;
- Етички приоритети;
- Биоетика;
- Социјална етика;
- Економска етика и
- Политичка етика.

Посебно треба да се нагласи дека во учебникот е поместен текст „Како се пишува етички есеј“, во кој што се дадени појаснувања за елементите кој ги содржи етичкиот есеј, како и методологијата за изработка на ваков текст, што е редовна практика во Етичкото образование. На крајот од овој учебник авторот го дава прилогот насловен: Мислители и личности чии идеи се изнесуваат во

овој учебник,[153] (стр. 300-310) каде се претставени преку 300 етичари со години на живеење, основниот етички став и со нивните познати дела.

Текстовите во учебникот се пишувани класично, со основна етичка аргументација, со детална разработка на секоја тема. Има доста вежби и домашни задачи, а на крајот на секоја наставна тема се дадени прашања за повторување. *Вовед во етиката* е првата тема во учебникот. Во оваа тема се расправа за првичните проблеми на етиката и моралот, за основните прашања кои се однесуваат на етиката и на моралот, за толкувањето на поимите „етика" и „морал", како и за нивното значење, потоа за местото и улогата на етиката и на моралот во сите сфери од човекувањето, како и за подемот на етиката денес и за воведувањето на етичко образование на младите. Етиката ги истражува човечките намери и дејствувања кои се означуваат како добри или лоши, па од нив произлегува добрите намери и дела да се следат, посакуваат, почитуваат, а лошите максимално да се одбегнуваат. „*Младиот римски благородник Мукиј Скајвола решил да ѝ помогне на татковината. Кон крајот на VI век пред н.е. Рим бил опсаден од војските на етрурскиот цар Порсена и за малку ќе бил освоен. Мукиј отишол кај странскиот војсководец и го уверувал да си замине. Кога овој побарал доказ за неговите зборови, Мукиј ја ставил раката врз огнот кој горел за затоплување. Раката му изгорела, но тој не испуштил ни `оф`. Непријателскиот главатар рекол – ако сите млади во Рим се вакви херои, нема смисла да се бориме со нив, па ја повлекол војската.*"[154] Овој пример од пред 2.500 години укажува на исклучително дело, значајно како за својата епоха, а исто така етички поучно и денес. Етиката како теорија го истражува моралот како практика, однесувањето на човек спрема другиот човек, однесувањето на човекот спрема природата, однесувањето на човекот кон човештвото и другите општествени заедници, свеста за местоположбата на човекот во космосот, како и односот на човекот кон самиот себе. Тоа се основните морални обврски на луѓето. За моралното однесување на луѓето говори и Мајка Тереза: „*Не можеме*

[153] Види Кирил Темков: *Етика* за III година на реформираното гимназиско образование (изборен предмет), Просветно Дело, Скопје, 2004.
[154] Д-р Кирил Темков: *Етика* за III година, цит.дело, стр. 5.

*да правиме големи работи, но малечките можеме да ги правиме со голема љубов.*“[155]

Втората тема е *Вредноста на животот*. Во оваа тема се расправа за животот и неговата универзалност и вредност, за различните учења за целите и вредноста на живеењето, за највисоката вредност во животот, како и за позитивитетот на животната етика. Човековото однесување и дејствување го определуваат моралните норми кои предвидуваат и различен степен на обврзувачко ниво. Секој човек избира кои вредности и норми ќе му бидат приоритет во однесувањето, а од неговиот избор произлегува доброто или лошото постапување. Секоја епоха носи со себе различни приоритети и различни вредности - а вредноста претставува определеност, нешто што има квалитет, нешто што се смета за добро и се оценува како добро. „*Вредностите се израз на нашата свест за животот, за односите меѓу луѓето и за нашето постапување*“.[156] Современите луѓе денес избираат духовни вредности кои им овозможуваат животот да им биде добар, за да можат да си ги реализираат своите права и идеали, како и вредности поврзани со материјалниот живот кои, од друга страна, им овозможуваат солидни животни услови.

*Градбени елементи на етиката* е третата тема, каде се говори за доброто и злото како основни етички категории, како два пола кои не можат да се доближат, невозможно е нивно мешање или паралелно прифаќање. Доброто е добро само по себе, нешто што се посакува и е потребно, ние самите од себе знаеме, чувствуваме, што е добро за нас или, може да се каже, доброто е елемент кој создава исправен или среќен живот. Злото се определува како нешто непосакувано, негативно, нешто што се одбегнува, злото е негација на доброто, нешто што морално не чини, а исто така се сознава интуитивно само по себе. Од основните поими Добро и Зло е изведено и значењето на другите етички категории: морално и неморално, исправно и неисправно, вредно и невредно итн.

[155] Цит. во исто, стр. 17.
[156] Цит. во исто, стр. 25.

- она што се цени и она што не се цени,
- посакувано и непосакувано.

Со поимите Добро и Зло во врска се и сите други градбени елементи (главни поими) на етиката - морална свест. волја, норма, совест, постапување, оценка, санкција итн. Со овие форми на моралот се проценуваат Доброто и Злото, преку нив Доброто и Злото се бранат или се напаѓаат, се оправдуваат или се критикуваат.

НЕ ТРЕБА ДА ПРАВИМЕ ЗЛО
ЗА ДА СЕ ВИДИ ДОБРОТО!

Латинска поговорка

Поимот *Добро* се користи како префикс или како составен збор за образување поими кои изразуваат убава намера, добро дело, квалитетна замисла, вредна цел и активност, како што се: добродетел. добродушен, добронамерност, добротвор. Старословенскиот поим за добро *Благо* исто така се користи за создавање вакви зборови: благоразумен, благослов. Со поимот Добро се градат сите изрази за добри желби: Добро утро!, Добар ден!, Добра ноќ!. Нека е добра мисла!, Добре дошле!

Поимот *Зло* се користи како префикс за поимите кои изразуваат грда цел. долна намера или лошо однесување: злогласен, злокобност, зломислен. злонамерност, злорадост. злосторство, злоупотреба.

ДОБРОТО И ЗЛОТО СЕ ДВА ПОЛА. - Карактеристика на етиката е ова двојство и **различност** на основните категории. Тие се противставени и се исклучуваат. Тие се како *два пола*, кои не можат да се доближат. Не е можно нивно мешање или паралелно прифаќање. Ослабнувањето на вредноста на едната категорија оди на сметка на другиот етички пол - намалувањето на злото значи пораст на доброто. зголемувањето на доброто значи опаѓање на злото.

Доброто е она што се преферира (претполага), што се избира, препорачува, брани и извршува. што се почитува. Личноста се гордее со изборот на доброто и со правењето добро. Доброто се оценува *позитивно*.

Злото е она она што не се сака, што не се избира. што се отфрла или заобиколува, што не се препорачува за извршување, односно она што не се брани, за коешто се наложува негово избегнување. Од застапувањето на злото или заради правењето зло, кај личноста извира вина или лоша морална оценка. Злото се оценува *негативно*.

Во добриот морал и кај зрелите личности нема никакво сомневање во *апсолутната вредност на Доброто* и во *невредноста на Злото*. Меѓу доброто и злото постои суштествен судир - кој прави

42

**Внатрешна страница на книгата „Етика за III година година гимназиско образование“ од проф. д-р Кирил Темков**

Целта на етиката е луѓето да избираат да се однесуваат добро и да прават добро. Идејата за избор на она што е добро и правилно нужно наложува секој човек сам да решава за своите постапки, следејќи ги моралните норми и обичаите во средината во која живее. Од најраната возраст на детето, затоа што детето не знае што е добро, другите му кажуваат што да прави, односно станува збор за водење на личноста или морална хетерономија. Сепак постои градација со тоа што во најраната возраст тоа се налози за извршување, потоа совети, а се

очекува да бидат послушани, потоа уверувањето на младата личност што е подобро да се прави, а кога личноста созрева треба самата да одлучува за своите постаки. Автономната личност е зрела и слободна личност, која е морално одговорна за одлуките според сопствените определби, критериуми и норми, во согласност со својата добра волја за добра намера и добро дело, во согласност со својата совест, која е врв на моралната свест.

Четвртата тема во учебникот е *Етиката и религијата*. Таа се занимава со проучување на односот меѓу етиката и религијата, Десетте Божји заповеди како најзначаен нормативен систем во историјата на човештвото, Христијанската етика, потоа за Етиката на Исламот и на другите етички религии. Етиката и религијата имаат важна улога во осмислувањето на човековото постоење и во разбирањето на светот и смислата на животот и заедно се инспирираат. Персискиот пророк Заратустра, кој ги осудувал и ги сметал за лудост крвните жртви и бил против секаков вид насилство, ја мразел нечесноста и ја осудувал лагата и бил првиот легендарен етичар, апелирал: „*Не бидете заспани пред трите најдобри нешта: Добрата мисла, добриот збор, доброто дело – отфрлете ги далеку од себе најгрдите нешта: лошата мисла, грдиот збор, стореното зло*!“[157] Далај Лама верскиот раководител од тибетскиот будизам, добитник на Нобеловата награда за мир, напишал могу етички дела во кои ги објаснил етичките погледи на Буда, ја напишал и книгата „Етика за новиот милениум“, во која говори за сочувството, љубезноста, наклонетоста, чесноста, вистинољубивоста, како актуелни етички норми.

Петтата тема ги изучува *Современите етички учења*, а се претставуваат најзначајните етички ориентации денес. „*Утилитаризмот го поддржува стремежот кон корисност (лат. utilitas – корист, полза)*.“[158] Овде не станува збор за користољубие, туку оваа најраспространета етичка концепција на денешницата тежнее кон повисока добивка, кон остварување на нешто што со повисоката вредност и подолготрајно значење ќе ја задоволи развиената

[157] Цит. во исто, стр. 112.
[158] Цит. во исто, стр. 129.

личност со етичка самосвест и потреби за добар живот. Понатаму во оваа тема се изучува Консеквенцијализмот како современа етичка доктрина со помош на која позицијата на оценувањето на намерата се надополнува со согледбата на последиците од делувањето. Исто така тука се изучуваат и учењата на Етиката на грижата како перспективна насока во етиката на иднината.

Шестата тема говори за *Етичките приоритети*. Тука се разгледуваат најважните етички вредности кои луѓето ги избираат и преферираат во своето однесување во секојдневниот живот, за радоста и тагата, за оптимизмот и песимизмот, за љубовта и пријателство, за изборот во љубовта, за среќата, за судбината, за егоизмот и алтруизмот, за вистината, за достоинството, за разумноста, воздржаноста, коректноста, фанатизмот, должноста, одговорноста, како и за негативните појави - завист, непријателство, злоба, агресија, тероризам.

*Биоетика* е седмата тема во учебникот. Во оваа тема се разгледуваат: Биоетиката како нова водечка етичка дисциплина, Етиката на здравјето, како и на заразните болести, Еколошката етика, Зависностите и етичките норми наспроти зависностите, дрогата и наркоманијата. Ова се некои од тешките проблеми, прашања и дилеми кои го мачат човештвото во модерната епоха, а етиката би им помогнала на луѓето да настапуваат позитивно и да не прават грешки кои можат да доведат до катастрофални последици. „*Денес главните етички размислувања и активности на човештвото се сосредоточени врз етичките прашања од биолошката област. Медицинските, генетичките и еколошките истражувања и сознанија поттикнаа една нова општочовечка грижа за Природата и стремеж за вистинско, свесно, доблесно единство со неа.*“[159]

Осмата тема е *Социјална етика*, во која се говори за вредностите на заедничкото живеење на луѓето, за тоа како треба луѓето да се однесуваат во заедница со другите луѓе и за тоа како единката треба да се однесува во рамките

---

[159] Цит. во исто, стр. 182.

на заедницата. Тематските единици се: Јас и другите; Етика во семејството; Светот како целост (Универзална етика), Избегнување, совладување и решавање на конфликтите, Етикеција. „*Социјалната врска и човечкото опкружување со луѓе ја определуваат етичката свест дотаму што најважна, безусловна задача стануваат правењето добро на другите (што значи: почитување и неповредување на другите) и свртеноста кон другите (што значи: помагање на другите). Моралните определби зависат од специфичностите на епохата, од конкретниот простор, од околностите на живеењето на луѓето дотогаш и тогаш, од социјалните, политичките и од духовните тенденции.*“[160] Човекот е суштество на заедницата. Тој се раѓа во семејство и во семејството се реализира како личност која поседува и почитува определени вредности. Таму се развиваат основните човечки чувства на задоволство од живеењето. Ако семејството функционира добро со висок морал, со достоинство и почитување на вистината, со грижа за своите членови и со меѓусебно почитување, помагање и поддршка, тогаш може да се каже дека кај секој член се градат позитивни чувства и сите членови на семејството напредуваат.

*Економска етика* е деветата тема. Во овој дел се опфатени сите морални прашања кои се однесуваат на производството, размената и потрошувачката. Тука се учи за етиката при работењето, за економската иницијативност денес, за имотот, парите, штедењето, за професионалната етика, како и за најважните етички промени на современата епоха. Економијата денес е основа на животот па затоа етичко-економските прашања се од исклучително значење и економијата треба да го достигне нивото на најважна човечка дејност. „*Во работната етика нормите бараат добро дејствување во економијата, трудење и исправно работење на секого, соработка во оваа област, внимание да се направи квалитетен производ и да не се загади животната средина, успешно функционирање на сите економски елементи во работата.*“[161] Во

[160] Цит. во исто, стр. 222.
[161] Цит. во исто, стр. 264.

деловните односи важат истите морални норми како и во другите сфери од човековото живеење, со зголемена одговорност за извршување на договореното и почитување на заработеното како извор на егзистенцијата. Врз основа на професионалната димензија на работењето, моралните норми се ставени во кодекси на однесување, некои од нив се обичајни норми кои се пренесуваат од колено на колено и така опстојуваат со генерации.

Десетата тема е во учебникот е *Политичка етика*. Во оваа тема се разработуваат современите ориентации на политичката етика во современата епоха. Тука се расправа за демократијата како најраспространета форма на политичките односи; за мирот и толеранцијата како највисоки вредности на денешницата; за човековите права како проширување на слободата на луѓето во иднината; како и за Универзалната декларација за правата на човекот како најзначаен етичко-политички документ. „*Се воспостави специфична моралност на политиката. Тоа значи грижа за народот, неповредување на етичките стандарди, правење напори за прогрес, како и планирање и овозможување на идниот развој. Политичките личности се здобиваат со углед и со траење врз основа на грижата за овие прашања, како што нив ги губат ако за нив не водат сметка. Дури се инсистира на поголема моралност на политичарот од обичните луѓе.*“[162] Цел и задача на добрата политика денес е да се грижи за унапредувањето на животот на луѓето, за прогрес и постигање на успех на сите полиња: економска иницијатива, квалитетно образование и здравство, отворање на нови работни места, водење на општеството како добар дом, каде што владее мир, спокојство, слога, каде што сите се одговорни и ги извршуваат своите должности, а при тоа се задоволни од себе си, од животот и со позитивна енергија и оптимизам си ја планираат својата иднина.

Обемните содржини во учебникот „Етика за III година“ функционираат добро во етичкото образование на младите.

[162] Цит. во исто, стр. 279.

## „ЕТИЧКИ РЕЧНИК ЗА МЛАДИТЕ“

Етичкиот речник е помошно наставно средство за наставата по Етика, бидејќи етичките поими не се многу познати во нашата култура, исто како и основните теориски поставки на етиката и најсовремените тенденции во практичната етика затоа и инсистирањето младите да учат Етика, а за тоа најнапред треба да се развие свест за етичкото мислење, за начинот како се решаваат етичките проблеми и каква е лексиката на Етиката, која овозможува етичко размислување и правилно решавање на етичките задачи.




**Насловна страница на „Етички речник за младите“ од проф. д-р Кирил Темков**

За таа цел кон секоја етичка лекција се даваат лексички објасненија за да се поткрепи ефикасното учење Етика. Тоа се прави на сите видови и нивоа на Етичкото образование. Веќе заедно со првите текстови за наставните единици во Експерименталната настава по Етика беа објавувани 8-12 етички поими со објаснување на нивното значење и за нивната поврзаност со другите поими. Така двојно се учеше Етика – како конкретна содржина на наставната единица, со нејзините различни пројави и варијации, и како содржина на определен етички став изразен со поимот. Така етичките термини станаа составен дел на етичката размисла и сознанија на младите и им овозможуваа правилно етички да се изразуваат. Низ практиката на I полугодие на Експерименталната настава по Етика (есен 1998 год.) се покажа голема потреба за изградба на етичка лексичка култура кај младите и успешноста на етичкиот лексикон во градењето на етичката свест и правилно морално определување кај младите.

**АЛЧНОСТ** - посакување, непрестајна потреба и желба; грабање, „глад по сенешто“, ненаситност; **АЛЧЕН** - постојано гладен, ненаситен (*сл.* стрвен; *сӣр.* умерен, воздржан)

**АМБИЦИЈА, АМБИЦИОЗНОСТ** - стремеж по нешто, славољубивост; **АМБИЦИОЗЕН** - оној кој постојано е насочен кон постигнување успех (често и без оглед на цената), кој вложува усилби да оствари резултати

**АМОРАЛНО** (*лаӣ.*) - спротивно на моралното: неморално; **АМОРАЛНОСТ** - отсуство на моралност кај некој човек или во општеството; застапување и ширење на лош морал или правење зло; рамнодушност кон прашањата на моралот, *одн.* незаинтересираност за етичкото, што раѓа лоша морална практика и се оценува негативно од етички аспект (*сӣр.* моралност); **АМОРАЛИЗАМ** - животен став кој го негира значењето на моралот за човечката опстојба и развиток: етичко учење кое инсистира на независност и дистанцирање на човекот од моралот, *одн.* учи дека човекот треба да биде рамнодушен кон прашањата на моралот и дури и дека слободно може да прави зло или да се застапува тоа да се прави; негирање на моралот како нешто општообврзно, па оттука извлекување заклучокот дека луѓето и нивните постапки не можат да бидат судени според етички критериуми (големите личности и политичарите божем ги надминуваат приземните рамки на секојдневниот морал и не мора да водат сметка за него - *в.* макијавелизам); **АМОРАЛИСТ** - оној кој не е свесен или не сака да биде свесен за постоењето и значењето на моралот, ги отфрла моралните принципи и смета дека во односите со другите луѓе не треба да го следи моралот, *одн.* дека слободно може да биде неморален и на другите им препорачува да се однесуваат така (*сӣр.* моралист)

**АНДЕРГРАУНД** (*анīл.* подземје) - „во дупка“, она што не е вообичаено, што се исклучува од редовниот живот; однесување спротивно од вобичаеното (во моралот, во творештвото, во различни области и дејности); термин за различните алтернативни движења во 1960-тите години и подоцна, насочени против естаблишментот, стандардниот начин на живеење, традиционалното облекување, закостенетите морални принципи и формализираните меѓусебни односи

8

**АНОМАЛИЈА** (*хел.*) - нешто ненормално, што отстапува од правилата и нормите; исклучок во однос на стандардните природни, социјални или етички појави

**АНОМИЈА** (*хел.*) - без ред, беззаконие - правен и политички термин, кој означува дека во општеството нема закони или дека тие радикално не се почитуваат; во етиката означува разуларено дејствување, без почитување на нормите

**АНТАГОНИЗАМ** (*хел.*) - судир, меѓусебна борба; покрај општата спротивност во природата и во општествениот живот, таков судир е присутен и во моралот - меѓу различните ставови и личности, меѓу старото и новото, како и во самата личност - меѓу она што таа е и што треба да биде, меѓу реалното и замислите, состојбата и копнежите; етиката се базира врз основната разлика и судир меѓу доброто и злото, темнината и светлината...

**АНТИХЕРОЈ** - личност во современиот живот, литература, театар и филм, која има невообичаени човечки и морални својства, но кои сепак се допаѓаат (тие може да бидат и спротивни од конвенционалните човечки и херојски добродетели - оваа личност може да биде скромна, дури и насочена против таквите вредности)

**АПАТИЈА** (*хел.*) - нечувствителност, немање афекти и страст, филозофско спокојство; филозофски *идеал* во Антиката да се достигне невозбуденост и душевно спокојство, рамнодушност, кога на мудрецот ништо не му е потребно, бидејќи со умот ги надвладеал сите пожуди, кои би можеле да го воведат до состојба на чувственост (pathos); **АПАТИЧЕН** - без страст, без живост, незаинтересиран., неагажиран

**АПОЛОГИЈА** (*хел.*) - одбрана, застапување, одбранбен говор на судот (најпозната ваква реч е настапот на филозофот Сократ пред атинскиот суд, којшто го осуди на смрт); денес има значење на претерана пофалба; **АПОЛОГЕТ** - бранител; оној кој страсно ги брани своите ставови, некои идеи или некои луѓе; **АПОЛОГЕТСКИ** - одбранбено, многу ангажирано за она што се застапува

**АПСАНТИЗАМ, АПСЕНТИЗАМ** (*фр* и *анīл. absent* - отсутен) - често отсуствување од работата, бегање од обврските (*в.* ескапизам)

**АПСОЛУТНО** (*лаӣ.*) - крајно, целосно, совршено; безусловно; **АПСОЛУТИЗАМ** - етичко учење кое смета дека моралните вредности

9

**Внатрешна страница на книгата „Етика за III година година гимназиско образование“ од проф. д-р Кирил Темков**

За таа цел, д-р Кирил темков на полугодишниот распуст изработи „Етички речник за младите", кој има сознајна и морална вредност по себе, бидејќи првата настава по Етика во четирите македонски средни училишта траеше уште цело полугодие. Тој речник проф. Темков го умножи и во февруари 1999 година го подели на сите ученици кои учеа Етика во Експерименталната настава. Напоредното користење на лекциите и на Етичкиот речник овозможија натамошен подем на педагошката вредност на етичката настава.

Тој речник д-р Темков го објави како самостојно издание „Етички речник за младите", Кавадарци, 2001, стр. 134. Во предговорот „За овој прв етички речник на македонски јазик" авторот пишува: Овој етички речник е наменет за младите. Во поврзувањето на најважните супстанции на нашиот живот – *етичките сознанија* и *младината* – тој исполнува две улоги. Тој сака да помогне во реконструкцијата на нашиот морал, што е насушна потреба и прва задача на сериозните луѓе. За тоа се нужни и знаења за суштината на моралот, за формите на етичката свест, за механизмот и моралните дејства и за неопходноста од правилно решавање на етичките прашања. Тие знаења се понудени овде.

Истото лексичко дело, под наслов „Етички речник" е објавено во Скопје, идание Просветно дело, 2004, стр. 162, напоредно со објавувањето на „Етика за II година на гимназиското образование" и „Етика за III година на гимназиското образование". Рецензенти се д-р Олга Пешевска-Заревска, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Јован Лозановски, наставник по Етика во гимназиите „Браќа Миладиновци" и „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје.

Во двата учебника стои белешка дека овој „Етички речник" е нивно помошно наставно средство и така и се користи во наставата по Етика.

Во овој Етички речник се дадени одредници на 800 основни етички поими со преку 2000 нивни деривати. Тоа е големо богатство на етичките содржини изложени во прегнантен вид.

Значајно е што овој етички речник е подготвен со педагошки цели и аспекти. Тој им овозможува на корисниците не само да изградат сознанија за некој етички проблем и тема, туку имплицитно ги упатува како да ја обработат епистемолошки и писмено таа етичка тема.

Во „Етичкиот речник" поимите се изложени со нивната потреба етимологија, дадени се нивните хомоними, деривати и опозити.

За потребите на Експерименталната настава по Етика во VI одделение (2000) проф. Темков изготви етички речник „Позитивни етички вредности", како упатство за младите кои се добрите морални чувства, ориентации и норми. И тој речник беше умножен и поделен на сите ученици кои учествуваа во Експерименталната настава и на сите наставници во ОУ „Партенија Зографски" во Скопје, каде што беше организирана Експерименталната настава, како и на другите истражувачи на Етиката.

Понудените знаења содржани во овие речници се нужни за осознавање на суштината на моралот, за согледување на видовите и содржините на етичката мисла, за совладување на формите на етичката свест, како и за развивање на механизмот на личните етички дејства и патиштата за решавање на етичките дилеми и проблеми.

„Етичкиот речник" им помага на младите во учењето Етика и во созревањето и развивањето во слободни, морално автономни личности што е всушност цел и задача на сите форми на Етичкото образование денес во светот.

# 4. ПРАКТИКАТА И СОДРЖИНИТЕ НА ЕТИЧКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во реформираното гимназиско образование во Република Македонија, Етика се изучува од 2003 година како изборен предмет во втората година со 2 часа неделно и во третата година во пакетот изборни предмети во Општествено-хуманистичкото подрачје Б, исто така со 2 часа неделно. Средното училиште на град Скопје Гимназијата „Орце Николов", каде што е изведувана првата Експериментална настава по Етика (1998/99) и во која предавам Филозофија и Етика, секоја учебна година на учениците им овозможува да изберат да изучуваат Етика (што не е случај со сите гимназии во нашата држава).

Во оваа глава на дисертацијата претставуваме неколку подготовки за наставните часови и нивни современи PowerPoint презентации, како илустрација на наставните содржини по Етика и нивна можна креативна надоградба. За втората година на гимназиското образование ги изработивме следните наставни единици кои претставуваат значајни етички содржини: Што е етиката; Што е моралот; Јас свој пријател; Планови и судбина; Другите, блиските, ближните; Љуби го ближниот како самиот себе; Надеж, среќа и оптимизам; Позитивни вредности и Комуникацијата и човечките односи. Тие ја даваат карактеристиката на современата етичка настава, која значи зафаќање и објаснување на најважни антрополошки, социјални и аксиолошки ставови за човекот, т.е. за младите, во периодот на навлегување во адолесценција. За третата година на гимназиското образование прикажани се следните наставни единици-содржини: Волја, намера, дело; Разум и етичко сметање; Етиката и религијата; Најважните современи вредности; Суштествени позитивни вредности и Етиката и здравјето. Моето наставничко искуство по Етика, кое е едно од првите и најдоследни кај нас покажува дека содржините по Етика им се интересни на учениците и дека тие со задоволство и особено интересирање ја следат етичката настава. Основните идеи

содржани во нашата концепција и начинот како се презентираат во едно модерно Етичко образование, во кое содржините и наставните методи треба да се во корелација, не може целосно да се испитаат и претстават од ова седумгодишно искуство на првичното одржување на официјалната настава по Етика кај нас, но можат да се изложат основните етички содржини со кои младите се сретнуваат во II и во III година, како и смислата, начинот и значењето на нивната рецепција.

## ЕТИЧКИТЕ СОДРЖИНИ И НИВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО II ГОДИНА ГИМНАЗИЈА

Во првата наставна тема по Етика за II година во наставната единица *Што е Етиката* учениците имаат можност да научат што е етиката и нејзината улога во човештвото. Наставата по Етика треба да го развие етичкиот начин на мислење, да се сфати улогата на етиката која го учи човекот како да ги избере вистинските, правите патишта во животот, да му овозможи на ученикот да ја разбере етиката како составен дел на културата и на живеењето, како и причините и суштината на современиот развој и подемот на етиката во сите сфери од општествениот живот.

За сите наставни единици се направени дневни подготовки со сите нужни елементи. Ја претставуваме во целост подготовката само за првата наставна единица.

| ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА |
|---|

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ГОДИНА НА ИЗУЧУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ: Втора година

1.2. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: I. Етиката и моралот

1.3. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: Што е етиката

1.4. ТИП НА ЧАСОТ: Презентација на нови наставни содржини

1.5. ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА: 3.09.2008 год.

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

- Учениците да се воведат во етичкиот начин на мислење;
- Да ја разберат улогата на етиката, која го учи човекот како да оди по правите патишта на животот;
- Да сфатат дека етиката е составен дел на културата на живеењето;
- Да го разберат современиот развој и подем на етиката.

3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ: Фронтална и индивидуална форма

Методи: Монолог, дијалог, текст метод, демонстрација

4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ:

PC, LCD, PowerPoint презентација

5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ:

ВОВЕДЕН ДЕЛ ОД ЧАСОТ (5-10 минути)

| Наставни содржини<br>и проблеми | Наставни форми,<br>методи<br>средства и активности | Време |
|---|---|---|
| - Дискусија со учениците и анализа на тезата на Аристотел:<br>*„Доброто е цел на сето постоење и на секое движење."* | - Фронтална и индивидуална форма<br>- Дијалог<br>- Монолог | |

ГЛАВЕН ДЕЛ ОД ЧАСОТ (25-35 минути)

| Наставни содржини<br>и проблеми | Наставни форми,<br>методи<br>средства и активности | Време |
|---|---|---|
| - Етиката учи за доброто и злото и за морално однесување на луѓето;<br>- Етиката како теорија на моралот испитува кои се нормите и целите, насоките и вредностите според кои луѓето треба да се ориентираат во своите постапки;<br>- Етиката треба да им помогне на луѓето правилно да избираат. | - Фронтална и индивидуална форма<br>- Монолог<br>- Дијалог | |

ЗАВРШЕН ДЕЛ ОД ЧАСОТ (5-10 минути)

| Наставни содржини и проблеми | Наставни форми, методи средства и активности | Време |
|---|---|---|
| - Синтеза на изложените содржини;<br>- Дискусија на тезата од послениот слајд:<br><br>*„Сите луѓе не можат да бидат богати и значајни, но секој може да биде добар.“*<br>Конфуциј (551-479 г.п.н.е) | - Фронтална форма<br>- Монолог | |

Ги донесуваме материјалите од нашата PowerPoint презентација, која ние ја подготвивме и ја користиме во наставата по Етика.

Се покажа дека овој современ начин на педагошка работа им се допаѓа на учениците, ги мотивира и поттикнува на размисла и дискусија, а е користен за ефикасно Етичко образование. За првата наставна единица ги користиме следните слајдови:



- *„Доброто е цел на сето постоење и на секое движење.“*

  Аристотел (384-322 г.п.н.е)



1. ЕТИКАТА УЧИ ЗА ДОБРОТО И ЗЛОТО И ЗА МОРАЛОТ

- Етичкото образование гради зрела, слободна и одговорна личност;
- Личност која правилно избира - прави добро а го избегнува злото;
- Етичките сознанија се важни за човековото добро живеење.

## 2. ЖИВЕЕЊЕТО ВО ЗАЕДНИЦАТА БАРА ПОЗНАВАЊА ОД РАЗНИ ОБЛАСТИ

- Човекот треба да ги познава сите форми на културата и нејзините достигнувања за да живее добро;

- Во сите модерни општества основен систем е демократијата и слободниот човек внимава да се реализираат современите човекови права.

## 3. ЕТИКАТА - МОРАЛНА ФИЛОЗОФИЈА

- Етиката го истражува прашањето на одговорноста;

- Етиката испитува кои се нормите и целите, насоките, вредностите според кои луѓето треба да се ориентираат во своите постапки.

## 4. ЕТИКАТА Е ВЕШТИНА НА ЖИВЕЕЊЕ

- Човекот за разлика од сите други суштества може да си го замисли и осмисли својот живот;

- Разумно е да внимаваме што правиме и како се однесуваме и да настојуваме во различни ситуации правилно да избереме.

*„Сите луѓе не можат да бидат богати и значајни, но секој може да биде добар.“*

Конфуциј (551-479 г.п.н.е)



Втората наставна единица во II година е *Што е моралот*. Презентацијата на новите наставни содржини беше предвидена за 08.09.2008 год. Целите беа: Учениците да ја откријат суштината и целите, како и улогата на етиката и моралот во животот на човекот; да се упатат во значењето на моралот за квалитетот на живеењето; да се подготват и оспособат за прифаќање и избор на позитивните етички вредности, како и за свој креативен придонес во градењето на етичката аксиологија на општеството.

Во дискусијата со учениците се анализаше етичкиот императив на првиот македонски етичар св. Климент Охридски: *Тргај се од злото и прави добро!"*

Во главниот дел од часот основни наставни содржини и проблеми беа: Моралот е збир од правила–норми, а моралните искази имаат форма на заповед!; Човекот е свесно суштество и размислува и однапред го планира своето однесување; Човекот прави оценка како на своите така и на туѓите дела; Само слободниот човек е морално одговорен.

На крајот е дадена синтеза на изложените содржини и се направи дискусија за тезата од последниот слајд: *„Не зборувај дека треба да се прави добро, туку прави го!"* (Марко Аврелиј).

Слајдовите за втората наставна единица, кои ги содржат основните содржини на оваа етичка проблематика се:



*„Тргај се од злото и прави добро"*

Св. Климент Охридски (840-916)



# 1. МОРАЛОТ Е ЗБИР ОД ПРАВИЛА - НОРМИ

Моралните искази имаат форма на заповед!

Во правото нормите се донесени од некој орган – во моралот нормите се дело на автономни личности



2. ПОКРАЈ ДРУГИТЕ ОПРЕДЕЛБИ ЗА ЧОВЕКОТ ЧОВЕКОТ Е И СУШТЕСТВО НА МОРАЛОТ

- Човекот размислува што треба да прави;
- Сè што прави сака да биде добро и правилно;
- Не ги сака лошите нешта;
- Избира што ќе прави;
- Ги оценува своите и туѓите дела.

3. ЧОВЕКОТ ГО КОРИСТИ РАЗУМОТ ДА ГО ИЗБЕРЕ НАЈДОБРОТО

- Тој е морално суштество;
- Треба секого да помага, никого да не повредува

4. МОРАЛОТ Е ДЕЈСТВЕН САМО АКО ЛУЃЕТО СЕ АВТОНОМНИ – САМИ ГИ ДОНЕСУВААТ СВОИТЕ ПРАВИЛА

- Кога некој друг решава и кажува што да прават – тоа е хетерономија

5. ЧОВЕКОТ НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ЕТИЧКИ ОДГОВОРЕН АКО САМ НЕ РЕШАВА ШТО ТРЕБА ДА ПРАВИ




*Јас свој пријател* е шестата наставна единица од Наставната програма по Етика за II година, која е презентирана пред учениците на 6.10.2008 година.

Целите на наставниот час беа учениците да се запознаат со суштината на личноста и животот на човекот; да ја сфатат улогата на моралот во човековиот живот; да размислуваат и да се подготват и да ги разберат своите очекувања и животни планови; да ја сфатат суштествената потреба да си станат пријатели самите на себе.

Во воведниот дел од часот беа анализирани поимите Сопство – Јас, белег на самиот себе, и Достоинство – вредност на силна и осознаена и стабилна личност.

Во главниот дел од часот наставни содржини и проблеми беа: да се наведат учениците да размислуваат за иницијативноста како најзначајна димензија на личноста; за активноста како заложба а пасивноста како недејство; да се упатат да изнајдат начин како човекот себе си да си биде пријател; како да се научи да го избере да го прави најдоброто за себе и за другите; да научи да биде сериозен и раздвижен.

Во завршниот дел од часот направена е синтеза на изложените содржини со дискусија и анализа на латинската поговорка – *Немој да мислиш дека си добар ако си најдобар меѓу најлошите.*

Текот на часот е пренесен со следните слајдови:






## 2. ИНИЦИЈАТИВАТА-НАЈЗНАЧАЈНА ДИМЕНЗИЈА НА ЛИЧНОСТА

- Животот тече помеѓу два начина на однесување:



- активност - заложба

- пасивност - недејство



## 3. КОНЕЧНА ЦЕЛ - РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

- Како човекот да си биде себеси пријател
- Би било убаво да го прави најдоброто за себе и за другите
- Таков пријател треба да си бидеме - сериозни и раздвижени

*„Немој да мислиш дека си добар ако си најдобар меѓу најлошите.“*

латинска поговорка

*Планови и судбина* е седмата наставна единица од втората тема Човекот и моралот. Презентацијата на оваа наставна содржина е одржана на 8.10.2008 година со учениците од втора година кои учат Етика.

Целите на наставниот час беа следните: Учениците да ги проучат новите антрополошки сознанија за структурата на личноста и за нејзиниот развој од хетерономно кон автономно суштество кое само ги донесува своите етички вредности и морални норми; да сфатат дека личноста мора сама да е способна да се соочи со проблемите на живеењето; личноста мора да се оспособи да обликува, избира, следи и брани соодветни аксиолошки ставови и од вредностите да создава сообразни морални норми на однесување.

Во воведниот дел од часот со соодветни примери низ дискусија учениците се наведоа на идејата дека изборот е од суштествена важност во животот на секоја единка.

Наставните содржини и проблеми во главниот дел од часот беа: Слободата како најголема вредност на современото човештво; Моралот бара слобода на личноста; Мерата е средина помеѓу две крајности; Должноста е најважна димензија на човековиот живот; Важноста на Универзалната етика со нејзините вредности: Чување на живото, Заемопомош, Солидарност, Алтруизам, Неповредување.

Во завршниот дел од часот како синтеза на изложените содржини се дискутираше и анализираше етичкиот императив на Св. Климент Охридски: *Тргај се од злото и прави добро!*. За домашна работа на учениците им се предложи да размислат за животот со другите луѓе, со оние кои ги познаваат и со оние кои не ги познаваат.

Текот на часот е презентиран со следните слајдови:

# ПЛАНОВИ И СУДБИНА

## 1. ИЗБОРОТ Е МНОГУ ВАЖЕН ВО ЖИВОТОТ



## 2. СЛОБОДАТА – НАЈГОЛЕМА ВРЕДНОСТ НА СОВРЕМЕНОТО ЧОВЕШТВО

- Слобода на мислата, на зборот, на дејствувањето, на политичкото осмислување, инвестирањето, заработувањето, на планирањето ...
- Моралот бара слобода на личноста
- Мерата - средина меѓу две крајности
- Аристип хедонист - вистинско е реалното уживање
- Епикур - посуптилни духовните задоволства

## ЏЕРЕМИ БЕНТАМ (1748-1832)




- *„НАЈГОЛЕМА СРЕЌА ЗА НАЈГОЛЕМ БРОЈ НА ЛУЃЕ“*

➢ДОЛЖНОСТ

- Најважна димензија на човековиот живот

➢ УНИВЕРЗАЛНАТА ЕТИКА

- Чување на живото;
- Заемопомош;
- Солидарност;
- Алтруизам;
- Неповредување;

Лозунг на етиката на кармата:

*„Прави добро ќе ти биде добро,*
*прави лошо, ќе ти биде лошо"*

СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
(840-916)

ТРГАЈ СЕ ОД ЗЛОТО И ПРАВИ ДОБРО!



*Другите, блиските, ближните* е осмата наставна единица од втората тема Човекот и моралот во наставата по Етика за II година, а пред учениците беше презентирана на 15.10.2008 година.

Целите на часот беа следните: Учениците да се запознаат со суштината на личноста и со местото на моралот во личниот живот и во односите на човекот со другите луѓе; да ја разберат реалноста на човековото живеење во заедница со другите луѓе; да размислуваат за изградба на вера во должноста и во неопходноста за нејзино извршување; запознавање со одговорноста и почитувањето и практицирањето на нормите во разните области, кои се општоважечки за сите луѓе.

Дискусијата во воведниот дел од часот се темелеше на домашната задача дадена на учениците на претходниот час: Кои се другите? Кои се оние кои ги познаваме? Како постапуваме со луѓето кои не ги познаваме?

Во главниот дел од часот наставните содржини и проблеми беа: Кој е Робинзон? Дали е осамен по личен избор, дали страда да сретне луѓе и да живее со нив; Човекот се раѓа и расте во заедница со другите луѓе; Наспроти мене секогаш има друг човек, други луѓе; Анализа на тезата на Жан Пол Сартр: „Другиот го определува моето постоење"; Учениците се поделени во групи и секој самостојно забележуваше по неколку реченици и опишуваше како блиските луѓе учествуваат во животот на личноста и како луѓето се однесуваат со непознатите, а потоа на ниво на групата избираа еден ученик кој ќе ги презентира заклучоците - за работа во група имаа 10 мин., а по 2 мин. секоја група за презентација.

Во завршниот дел од часот се направи дискусија и синтеза на изложените содржини - колку од личноста зависи какви ќе бидат односите меѓу блиските и дали другите – блиските и ближните очекуваат добро однесување од нас? - За домашна работа е дадено да напишат есеј на тема: „Прави му го на другиот она што сакаш тој да ти го прави тебе".

PowerPoint презентацијата за текот на часот е со следните слајдови:




1. ЧОВЕКОТ ЖИВЕЕ ВО ЗАЕДНИЦА
РОБИНЗОН
Данијел Дефо
РОБИНЗОН КРУСО
5+

## 2. ДРУГИОТ - МОЈА СУДБИНА

ЖАН ПОЛ САРТР
(1905-1980)



*„ДРУГИОТ ГО ОПРЕДЕЛУВА МОЕТО ПОСТОЕЊЕ“*

## 3. БЛИСКИОТ УЧЕСТВУВА ВО ЖИВОТОТ НА ЛИЧНОСТА



4. БЛИЖНИ - СИТЕ ЛУЃЕ



5. ДОБРИ ВРЕДНОСТИ И ПОСТАПКИ

- Разбирање
- Почит
- Емпатија
- Љубов
- Помош
- Лојалност
- Искреност
- Неповредување

*Љуби го ближниот како самиот себе* е следната презентација на нови наставни содржини за учениците од II година, а беше одржана на 22.10.2008 година.

Целите на наставниот час беа: Учениците да дискутираат и да ја разберат смислата на Христовата порака за љубов кон ближниот; да сфатат дека човекот треба да внимава што прави, затоа што од тоа зависат неговиот живот и среќа, како и животот и среќата на другите луѓе; да се обидуваат постојано своите мисли да ги насочуваат кон воздржување од правење зло, да научат како треба да избираат да се однесуваат добро.

Во воведниот дел од часот се дискутираше за домашната задача – учениците усно ја искажуваа својата теза за која пишуваа есеј на тема на златното етичко правило: „Прави му го на другиот она што сакаш да ти го прават тебе!"

Во главниот дел од часот учениците ја следеа презентацијата и дискутираа за основната наставна содржина: Според Исус – нужно е морално усовршување. Учениците беа поделени на две групи: првата група го бранеше ставот дека луѓето се доблесни и убаво се однесуваат, а втората група го застапуваше ставот дека луѓето главно се зли и прават лоши дела. Со аргументи секоја група се обидуваше да го одбрани својот став, правејќи анализа на моралот денес и барајќи предлог решенија за подобрување на состојбите.

Во завршниот дел од часот се анализираше Христовата Беседа на Гората: *„Сакајте и ќе ви се даде, барајте и ќе најдете, чукајте и ќе ви се отвори – зошто оној кој сака добива, и кој бара наоѓа, и на оној што чука ќе му се отвори..."*

Следи презентацијата со следните слајдови:

# ЉУБИ ГО БЛИЖНИОТ КАКО САМИОТ СЕБЕ!

1. ЗЛАТНО ПРАВИЛО

- Прави му го другиот тоа што сакаш да ти го прави тебе!
- Не прави го она што не сакаш другиот да ти го прави тебе!

2. ИСУС – МОРАЛЕН УЧИТЕЛ НА ХРИСТИЈАНСКАТА РЕЛИГИЈА И ЕТИКА

- Според Исус - нужно е морално усовршување

- ИСУС – ВРВЕН ПРОПОВЕДНИК НА ЉУБОВТА



3. БЕСЕДА НА ГОРАТА НА ИСУС

- Анализа на моралот
- Предлог решенија
- Препораки
- Дискретно експлицитно се најавува санкција

*„Сакајте и ќе ви се даде, барајте и ќе најдете, чукајте и ќе ви се отвори – зошто оној кој сака добива, и кој бара наоѓа, и на оној што чука ќе му се отвори...“*

*Надеж, среќа и оптимизам* е првата наставна единица од третата тема за II година со наслов Животот и моралот, а беше презентирана пред учениците на 5.11.2008 година.

Целите на наставниот час беа следните: Учениците да се упатат во значењето на оптимизмот и надежта за изградбата на човековата среќа; да им се отвори хоризонтот кој ветува добро, како и дека секогаш постои шанса за среќа; да согледаат дека во текот на животот на човекот му се случуваат различни нешта, сакани и несакани, посакувани и непосакувани, радосни и тажни; да сфатат дека оптимизмот тврди дека срќата е можна, надежта оправдана и дека радоста на живеењето потекнува од убавината на постоењето.

Во воведниот дел од часот се дискутираше за следните содржини и проблеми: Дали животот е убав и дали треба да се надеваме дека од личната заложба зависи среќата? Дали треба да мислиме дека животот е тежок а надежите ретко се исполнуваат?

Во главниот дел од часот за наставните содржини главна беше дискусијата за надежта како идеја дека сè ќе биде добро. Учениците наведуваа примери од секојдневниот живот и доаѓавме до заклучок дека надежта е верба, енергија на создавањето, ги победува животните порази, ја отфрла пасивноста, дека надеж имаат луѓе со исправен морал - надежта е позитивна мисла, начин на живеење со основна порака: Биди позитивен! Оптимизмот е мисла на надежта наспроти песимизмот како мисла на разочарувањето. Всушност, секој човек избира кој поглед ќе го застапува.

Завршниот дел од часот течеше со анализа на тезата на Волтер: *Кога се пропаднало и е загубена секоја надеж, живејачката станува срамота.*

Следниве слајдови ја претставуваат содржината и текот на часот:

# НАДЕЖ, СРЕЌА И ОПТИМИЗАМ

## 1. НАДЕЖТА Е ИДЕЈА ДЕКА СЀ ЌЕ БИДЕ ДОБРО



2. НАДЕЖТА ЈА ИЗРАЗУВА ДУХОВНАТА И ЛИЧНАТА ЧИСТОТА



3. ОПТИМИЗМОТ – МИСЛА НА НАДЕЖТА



4. ПЕСИМИЗМОТ - МИСЛА НА РАЗОЧАРУВАЊЕТО



## 5. БИДИ ПОЗИТИВЕН!



## 6. НАДЕЖТА Е СВРТЕНА НАНАПРЕД



*„Кој живее се надева“*
*Гете (1749-1832)*



*„Кога се́ пропаднало и е загубена секоја надеж, живејачката станува срамота“*
*Волтер* (1694-1778)

*Позитивни вредности* е следната наставна единица од третата тема Животот и моралот, а презентацијата на новите наставни содржини за учениците од II година беше одржана на 19.11.2008 година.

Целите на наставниот час беа следните: Да се запознаат учениците со позитивните добродетели, кои се израз на добрината во човековото мислење и постапување; да сознаат дека во животот има различни морални појави кои се основни за изградбата на правилното однесување; да сфатат дека моралните добродетели се добри човечки квалитети; дека позитивните вредности на луѓето го сочинуваат јадрото на етиката; дека она што е добро за човекот излегува на виделина во неговите односи со другите луѓе и има влијание врз општата етичка ситуација во заедницата.

Во воведниот дел од часот учениците наведоа неколку примери за определеност на нешто квалитетно и добро во сопственото однесување и тоа го образложуваа.

Во главниот дел од часот учениците се групираа во 7 групи и добиваа задача да напишат по 4 позитивни вредности по избор за секоја од највишите вредности: Љубов, Мир, Чесност, Човештина, Правдина, Здравје, Достоинство. Секој во групата индивидуално работеше, а потоа реферираше еден од групата. За изработка на задачата имаат 10 минути а за презентација секоја група по 2 минути.

Во завршниот дел од часот се направи дискусија и синтеза на изложените содржини и се анализираше ставот на Махатма Ганди: „Вистината треба да биде центар на нашата активност...здив на нашето живеење."

Содржините се прикажани со следните слајдови:

# ПОЗИТИВНИ ВРЕДНОСТИ

1. ВРЕДНОСТИТЕ СЕ ОПРЕДЕЛЕНОСТ ЗА НЕШТО КВАЛИТЕТНО, ДОБРО - СО ДОБРА ОЦЕНКА

2. ОСНОВНА ВРЕДНОСТ е онаа што човекот најмногу ја следи во своето однесување:

- Сериозност
- Работливост
- Доверливост
- Палавост
- Негрижливост
- Учење

3. НА ВРВОТ на вредносната скала на секој човек или заедница е НАЈВИША ВРЕДНОСТ- ИДЕАЛ а во етиката општи највиши вредности се:

- Љубов
- Мир
- Чесност
- Човештина
- Правдина
- Здравје
- Достоинство

4. ИСПРАВНО ОДНЕСУВАЊЕ



Личноста има свест за етика, таа е: внимателна, грижлива, емпатична, мирна, почитува, соработува, извршува должности

## 5. КОРЕКТНО ОДНЕСУВАЊЕ

- Личноста не греши, ги следи правилата, ги одржува дадените ветувања, не прави испади;



- Фер однос

## МАХАТМА ГАНДИ (1869-1948)

„Највиша вредност – вистината (*сатја)* , зборот доаѓа од поимот *сат* кој означува *да се биде:* **„Вистината треба да биде центар на нашата активност...здив на нашето живеење“**



*Комуникацијата и човечките односи* е последната наставна единица од четвртата тема Комуникација меѓу луѓето во наставата по Етика за II година од гимназиското образование, а пред учениците е презентирана на часот кој е одржан на 10.12.2008 година.

Целите на овој наставен час беа следните: Учениците да се запознаат со суштината на односите меѓу луѓето и нивната комуникација; да ја сфатат нужноста од комуникација, како и начелата на комуникацијата меѓу луѓето; да разберат дека комуникацијата е начин на кој луѓето меѓусебно си испраќаат пораки и разговараат, си соопштуваат нешто, ги одржуваат и ги развиваат врските. Врз основа на сознанијата од комуникацијата луѓето донесуваат одлуки. Задача на моралот е како луѓето подобро да комуницираат, како да се поврзат, како да се разберат со цел да изградат поискрени достоинствени и доблесни меѓусебни односи.

Во воведниот дел на часот се примени техниката - бура на идеи, иницирана од првиот слајд на презентацијата со цитат од Артур Шопенхауер: „Овој свет е многу лош - за влакно да е полош, би морал да пропадне“.

Во главниот дел од часот наставните содржини и проблеми беа учениците во своите искази да дефинираат дијалог, комуникација; да ги набројат елементите во комуницирањето; да се објаснуваат вредностите кои се нужни за секоја добра комуникација: почит, разбирање, толеранција, доверба, должност, одговорност, ненасилство, љубов, мир. Учениците посочуваа примери за добра и лоша комуникација и нив ги анализираа.

Во завршниот дел од часот се разви дискусија на Демокритовата теза: „За човекот е најдобро животот да го помине што е можно подобро расположен и што е можно помалку озловолен“.

Слајдовите за PowerPoint презентацијата беа следните:

# КОМУНИКАЦИЈАТА И ЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ

*ШОПЕНХАУЕР*

- „Овој свет е многу лош, за влакно да е полош, би морал да пропадне“.



ДИЈАЛОГ

- Разговор на двајца – говор со противговор.
- Дијалогот е нужен кога луѓето сакаат мир и разбирање.



*КОМУНИКАЦИЈА*

- Соопштување, давање информација, разговор, врска, контакт, допир, однесување, сообраќај…



Во комуницирањето треба да има:

- ✓ Желба да се искаже порака,
- ✓ Искажување на пораката,
- ✓ Посветување внимание на другиот (почит, искреност, емпатија и. т. н.),
- ✓ Обврска да се биде добар слушател-партнер во комуникацијата,
- ✓ Свест за невербална комуникација,
- ✓ Користење на едноставен јазик,
- ✓ Сигурност дека постои разбирање од страна на соговорникот-собеседниците.

Во комуникацијата како процес на пренесување на пораки-информации се вклучени 5 основни елементи:

1. Испраќач на пораката
2. Порака
3. Средство за комуникација
4. Примател на пораката
5. Повратна информација

*ПОЧИТ*

- Искажување внимание; уважување; чест што се укажува некому или на нешто заради нивната вредност и значење .



*РАЗБИРАЊЕ*

- Сфаќање на нечии намери, цели, мисли, чувства, постапки; споделување на чувствата со некого, воспоставување договор...



*ТОЛЕРАНЦИЈА*

- Живеј и пушти ги другите да живеат!



*ДОВЕРБА*

- Најзначајна социјална и етичка вредност на идната епоха



*ДОЛЖНОСТ*

- Морална обврска, задолжение што човек го има спрема луѓето и нештата; барање-заповед
- Според Кант – дејствување единствено од чувството на човекот дека е обврзан да биде морален

*ОДГОВОРНОСТ*

- Свесност за своите обврски



*НЕНАСИЛСТВО*

- Ахимса, принцип на ненасилие, појдовен етички став: неправење зло ни во мислите, ни со зборови, ни со дела




*ЉУБОВТА*

- Љубовта е напор да се случи нешто добро, радосно, потребно, животна сила - многу значајно чувство на животниот оптимизам



*МИР*

- Овозможува опстанок, развиток, достоен живот за сите и иднина за генерациите кои доаѓаат



*ДЕМОКРИТ*

- „За човекот е најдобро животот да го минува што е можно подобро расположен и што е можно помалку озловолен".



## ЕТИЧКИТЕ СОДРЖИНИ И НИВНАТА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО III ГОДИНА ГИМНАЗИЈА

Од Наставниот план и програма по Етика за трета година од гимназиското образование ги донесуваме следните дневни подготовки и презентации на одржаните часови со следните наставни единици: Волја, намера, дело; Разум и етичко сметање; Десетте Божји заповеди; Најважни современи вредности; Суштествени позитивни вредности и Етика на здравјето. Во целост ја пренесуваме само дневната подготовка за наставната единица: Волја, намера, дело.

| ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА |
|---|

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ГОДИНА НА ИЗУЧУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ: Трета година

1.2. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: III. Градбени елементи на етиката

1.3. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: Волја, намера, дело

1.4. ТИП НА ЧАСОТ: Презентација на нови наставни содржини

1.5. ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА: 2.11.2006 год.

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

- Учениците да осознаат дека основните етички поими Добро и Зло се базични при моралното одлучување и дека секој избор е морален избор;
- Да осознаат каква способност е волјата;
- Да сфатат што е волјата како морален стремеж и што е слобода на волјата;
- Дали е правилно да се оценува намерата а не делото;
- Да разберат дали е потребно да се прават добри дела, а не само да се има добри намери без реализација.

3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ: Фронтална и индивидуална форма

Методи: Монолог, дијалог, текст метод, демонстрација

4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ:

PC, LCD, PowerPoint презентација

5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ:

ВОВЕДЕН ДЕЛ ОД ЧАСОТ (5-10 минути)

| Наставни содржини и проблеми | Наставни форми, методи средства и активности | Време |
|---|---|---|
| - Учениците се наведуваат на дискусија со понудените тези поставени на првиот слајд: „Силните имаат волја, слабите имаат желба“ и „Човекот може сѐ ако сака“ | - Фронтална и индивидуална форма<br>- Дијалог<br>- Монолог | |

ГЛАВЕН ДЕЛ ОД ЧАСОТ (25-35 минути)

| Наставни содржини и проблеми | Наставни форми, методи средства и активности | Време |
|---|---|---|
| - Низ дискусија и низ примери од животот, учениците доаѓаат до заклучок дека волјата претставува вложување енергија за реализирање на некоја намера<br>- Учениците низ дискусија набројуваат претпоставки кои се однесуваат на елементите на волјата, а потоа ги препишуваат од слајдот и дискутираат поединечно за секој елемент на волјата<br>- Разгледување на својствата и на слабостите на волјата<br>- Дијалог за намерата како етички елемент и за делото како морална постапка | - Фронтална и индивидуална форма<br>- Монолог<br>- Дијалог | |

ЗАВРШЕН ДЕЛ ОД ЧАСОТ (5-10 минути)

| Наставни содржини и проблеми | Наставни форми, методи средства и активности | Време |
|---|---|---|
| - Синтеза на изложените содржини<br>- Дискусија за тезата на Марко Аврелиј од последниот слајд: *„Не зборувај дека треба да се прави добро, туку прави го!“* | - Фронтална форма<br>- Монолог | |

Слајдовите за текот на наставниот час се следните:

# ВОЛЈА, НАМЕРА, ДЕЛО

*„Силните имаат волја,*
*слабите имаат желба“*



Владан Десница (1905-1967)

*„Човекот може сѐ ако сака“*



Максим Горки (1868-1936)

## 1. ВОЛЈАТА И ЧОВЕКОВОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ

- Волја – вложување на енергија за реализирање на некоја намера



## 2. ЕЛЕМЕНТИ НА ВОЛЈАТА

✓ Мотив

✓ Начин на реализација

✓ Решение

✓ Извршување на намерата




3. ВОЛЈАТА КАКО МОРАЛЕН СТРЕМЕЖ
Морален стремеж кон слободата
Слободниот човекот има самоконтрола
Волјата – израз на самосвесна единка


4. СВОЈСТВА И БОЛЕСТИ НА ВОЛЈАТА
Силна волја
Цврста волја
Независна волја
Истрајна волја
Колеблива волја
Лабава волја
Слаба волја
Особени болести на волјата:
- фикс-идеја (опсесија)
- импулсите
- абулија – празнотија (немање волја)
- инает

5. НАМЕРАТА КАКО ЕТИЧКИ ЕЛЕМЕНТ

- Интенција – насоченост и определба на личноста за некое дело
- Во намерата е изборот што личноста го направила
- Намерата е основа за моралната оценка



6. УЧЕЊЕТО НА АБЕЛАР ЗА НАМЕРАТА

- Намерата е срцевина на делото
- Добрината произлегува од моралноста на нашиот дух од „чистото око“ – изворот на етичката светлина во човекот.



## 7. ДЕЛОТО КАКО МОРАЛНА ПОСТАПКА

- Човекот е суштество на мисла, на волја и на дело
- Човекот разбира и избира, се определува, се насочува и дејствува
- Постапките покажуваат какви се етичкото мислење и определба на луѓето



*„Не зборувај дека треба да се прави добро, туку прави го“.*

Марко Аврелиј (121-180)

*Разум и етичко сметање* е наставна единица од третата тема Градбени елементи на етиката, која пред учениците беше презентирана на 30.11.2006 година.

Целите на наставниот час беа: Учениците да ги разберат градбените елементи на етиката и нивните соодноси; да сфатат дека човекот има потреба од јасно и разумско согледување на целината на етиката; да осознаат дека основните етички поими Доброто и Злото се базични при моралното одлучување, постапување и оценување; да сфатат дека секој човек е слободен да си го планира животот, да избира принципи и насоки според кои ќе се однесува, да го менува своето однесување или потрајно да ги следи своите животни и етички определби; да ја разберат логиката на правењето етичка сметка и да научат да ја прават; да разберат дека од однесувањето на човекот зависи неговата судбина.

Во воведниот дел од часот учениците добија задача да дискутираат во врска со тезата на Солон - еден од седумте мудреци: „Умот нека ти биде водач".

Главниот дел од часот беше организиран со следните наставни содржини и проблеми: Дискусија за разумот како човекова моќ за умно-правилно, логично, критичко, принципиелно мислење и разгледување на нештата; Дискусија за филозофијата на Бентам: Најмногу среќа за најголем број луѓе – дали и во која мера денес луѓето практицираат такво однесување; Како луѓето денес ги оценуваат моралните постапки.

Во завршниот дел од часот се објаснува 7-от слајд за елементите на етичкото сметање и учениците се делат во групи по 4 ученици за да можат да прават етичка сметка. Во PowerPoint презентацијата на последниот слајд е прикажан пример за етичко сметање со негативната општествена појава „Пушењето цигари". Етичка сметка беше направена на следниот час, кој по наставниот план е час за вежбање. На слајдот е даден пример за изработка на етичка сметка според Бентам: секоја група доби хамер и фломастери кои наставникот пред часот ги подготви и секој ученик прво самостојно во тетратка да прави етичка сметка за зададената појава, а потоа на хамерот се пренесуваа согледувањата на групата. За работа во групата на учениците беа одредени 20 минути, а секоја група презентираше по 3 минути. На крајот на часот се извлече заклучок: Кај позитивните појави задоволството е секогаш поголемо од страдањето и, обратно, кај негативните страдањето е поголемо од задоволството.

# РАЗУМ И ЕТИЧКО СМЕТАЊЕ

СОЛОН (638-558 г.п.н.е)

- *„Умот нека ти биде водач!“*



# 1. РАЗУМОТ ВО МОРАЛОТ

- Во моралот личноста внесува и страст и чувства
- Разумот е човекова моќ за умно – правилно, логично, критичко, принципиелно – мислење и разгледување на прашањата
- Разумот е раководител на човековото постапување



Питагора
(569-475 п.н.е.)

- Разумот е едновремено:

✓ Замисла
✓ Ум
✓ Памет
✓ Мудрост



*„Размисли пред да почнеш да не направиш глупост"*

## 2. ИДЕЈАТА ЗА МОРАЛНО СМЕТАЊЕ - УТИЛИТАРИЗАМ

- ✓ Целта на етиката според Бентам:

Џереми Бентам (1748-1832)

*„Најмногу среќа, најголема среќа за најголем број луѓе."*



- ✓ Според Бентам: Задоволството и болката се основите на нашето однесување кон светот
- ✓ Со правилно пресметување секој може да реши што да прави
- ✓ Реален пристап
- ✓ Моралното сметање покажува дека човекот може да си биде добар и разумен пријател и себеси и на сите луѓе
- ✓ По ред се оценуваат нашите согледби со нумерички оценки од 1-10
- ✓ Позитивните појави се секогаш позитивни, а негативните секогаш негативни

✓ Избирањето што да се стори за да се постигне среќа а да се избегне болка е работа на разумот

✓ Бентам изградил метод – Морално сметање

3. ТАБЛИЦА ОД 7 ЕЛЕМЕНТИ

1. Интензитет
2. Траење
3. Сигурност или несигурност
4. Близина или одалеченост
5. Плодност - чувства од ист вид
6. Чистота - сензации од спротивна природа
7. Опсег - број на личности што ги опфаќа однесувањето или кои се под нејзино влијание

4. КАКО СЕ ПРАВИ ЕТИЧКО СМЕТАЊЕ

| Задоволства | ПУШЕЊЕ | Страдање |
|---|---|---|
| 3 | Интензитет | 10 |
| 5 | Траење | 10 |
| 4 | Сигурност | 10 |
| 5 | Близина | 5 |
| 3 | Плодност | 10 |
| 5 | Чистота | 5 |
| 3 | Опсег | 8 |
| Вк: 28 | | Вк: 58 |

*Десетте Божји заповеди* е наслов на наставната единица од четвртата тема Етика и религија, која се изучува во трета година. Часот е одржан на 12.12.2006 година.

Целите на наставните час беа следните: Учениците да запознаат со најзначајните етички учења на големите светски религии; да ја осознаат логиката и содржината на најпознатиот етички нормативен систем Десетте Божји заповеди; да ја сфатат големата етичка улога на религиите, заедно со нивните богати и сложени морални нормативни системи; да научат да ги споредуваат основните етички норми на различните религии како форма на моралот на различни цивилизации.

Во воведниот дел од часот учениците со техниката бура на идеи беа наведени да дискутираат на тема – појавата и суштината на анимизам, политеизам и монотеизам.

Главниот дел од часот беше исполнет со следните наставни содржини и проблеми: Учениците низ дискусија доаѓаа до одговорот за појавата на првите форми на религиозни верувања, па сè до трите најраспространети монотеистички религии; Како се создадени Десетте заповеди; Кој е легендарниот водач Мојсеј. На 6-от слајд се донесени Десетте Божји заповеди и учениците ги коментираа и даваа примери за нивната примена.

Во завршниот дел од часот беше изведен заклучокот дека Десетте Божји заповеди претставуваат извор на моралноста, вруток од кој пијат добрите души, основа да се истрае пред притисокот на лошите луѓе.

Часот беше реализиран со следните слајдови:

# ДЕСЕТТЕ БОЖЈИ ЗАПОВЕДИ

## 1. ЕТИКАТА И МОНОТЕИЗМОТ

- Анимизам – магија; мистерии
- Политеизам - верување во повеќе богови
- Монотеизам
  - Јудаизам (1000 г.п.н.е.)
  - Христијанство (нова ера)
  - Ислам (VII век нова ера)



✓ Особено место им припаѓа на
Десетте заповеди кои ги добил Мојсеј –
легендарниот водач

✓Објава дека луѓето треба да прават тоа што пишува
таму за да живеат човечки и морално



Свет етички текст




## ДЕСЕТТЕ БОЖЈИ ЗАПОВЕДИ

1. Јас сум Господ, Бог твој, да немаш други богови освен мене!
2. Не прави идол или слика на она што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата, под земјата, не им се поклонувај и не им служи!
3. Не изговарај го напразно името на Господа, твојот Бог!
4. Спомнувај си за денот на одморот за да го празнуваш, шест дена работи и заврши ги сите работи, а седмиот ден посвети го на Господа, твојот Бог!
5. Почитувај ги твојот татко и твојата мајка за да ти биде добро и да поживееш долго на земјата!
6. Не убивај!
7. Не прави прељуба!
8. Не кради!
9. Не сведочи лажно против својот ближен!
10. Не посакувај ништо што е туѓо!

Следната дневна подговка се однесува на часот кој беше одржан на 15.2.2007 година за наставната единица *Најважни современи вредности* од четртата тема Етички приоритети.

Целите на наставниот час беа: Учениците да се запознаат со основните и најраширени форми на етичките цели, појави, содржини и постапки; да сфатат дека емоциите треба да се контролираат и дека во етиката треба да се следи разумот; да разберат дека за човекот и човечката заедница е важно правилно и етички да се избира; да сфатат дека изборот има последици за вкупната етика; да размислуваат и да ја разберат суштината на етичката аргументација; да сфатат дека моралот функционира како низа од вредности, норми и определби, кои го инспирираат човековото однесување.

Во воведниот дел од часот секој од учениците го читаше познатиот космополитски текст на Монтескје, испишан на 2-от слајд, и потоа се разви дискусија и се формираа ставови во врска со моралните вредности корисни за човечкиот род.

Во главниот дел беа изложени следните наставни содржини: Учениците низ дискусија доаѓаа до етичките аргументи врзани со правилниот избор на нормите на однесување за добро постапување; ги анализираа различните видови норми и постапки; ги толкуваа главните лични норми; дискутираа за добрите норми за постапување со другите луѓе (покажани на 8-от слајд); ги потврдуваа добрите општочовечки норми и постапки од 11-от слајд; низ примери доловуваа различни ситуации од секојдневниот живот.

Во завршниот дел од часот низ дискусија се заклучи: Добро е да се почитуваат личните норми, добрите норми за постапување со другите луѓе и општочовечките норми и постапки.

Текот на часот е реализиран со следните слајдови:


НАЈВАЖНИ
СОВРЕМЕНИ
ВРЕДНОСТИ


„Кога би знаел нешто што за мене би
можело да биде корисно, а би му направило
штета на моето семејство, јас тоа би го
исфрлил од својот дух. Кога би знаел
нешто корисно за моето семејство, а
тоа не би било корисно за мојата
татковина, јас би се обидел тоа да го
заборавам. Кога би знаел нешто корисно
за мојата татковина, а би било ште
за Европа, односно кога би бил рисно
за Европа а штетно за чкиот род, јас
тоа би го смета за злосторство –
бидејќ сум човек, а случајно сум
Шарл Монтескје (1689-1755)


1. ЕТИЧКИ АРГУМЕН
За човекот и човечката заедница
етички да се избира
Изборот има последици за вкупниот морал
Со етичката аргументација се укажува дека нешто е
добро, а не зло – треба да се следи и прави она што е
подобро отколку спротивното


Изборот значи и порака: Тоа е
сака и треба да се прави!

## 2. РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ НОРМИ

- Во етиката има голем број вредности
- Според нив човекот се оценува, кон нив е свртено вниманието на моралната личност
- Моралот функционира како низа од вредности, норми и определби што инспирираат човековото однесување

## 3. ГЛАВНИ ЛИЧНИ НОРМИ

- Пристојност
- Разумност
- Умереност
- Коректност
- Чистота
- Стабилност

ПРИСТОЈНОСТ




4. СПРОТИВНИ ЛОШИ
ЛИЧНОСТ СЕ:
• Непристојност
• Неразумност
• Неумереност
• Некоректност
• Нечистотија
• Нестабилност


5. ДОБРИ НОРМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ
ДРУГИТЕ ЛУЃЕ
• РАЗБИРАЊ
• Разбирање
• Почитување
• Емпатија
• Љубов
• Помош
• Лојалност
• Неповредување


6. ЛОШИ ВРЕДНОСТИ И
ДРУГИТЕ ЛУЃЕ
• Неразбирање
• Непочитување
• Нечувствителност
• Омраза
• Непомагање
• Нелојалност
• Неискрено
вање


7. НАЈВАЖНИ ДОБРИ НОРМИ ВО
• Заедничко живеење
• Доверба
• Поддршка
• Пријателство
• Братство
• Солидарност


8. ДОБРИ ОПШТОЧОВЕЧКИ
• Добра волја
• Мир
• Разбирање
• Желба за етично однесување
• Ненасилство
• Толеранција


9. СПРОТИВНИ - ЛОШИ
• Зла волја
• Загрозување на мирот
• Неразбирање
• Немање желба за етичко однесување
• Насилство – конфликт
• Нетолеранција

*Суштествени позитивни вредности* се презентирани како нова наставна содржина во III година на 1.03.2007 година.

Целите на наставниот час беа следните: Учениците да се запознаат со основните позитивни суштествени вредности Оптимизам, Љубов, Вистина, Слобода; да ја разберат Радоста како позитивно раздвижување на човековата душа, наспроти Тагата како губење на убавите чувства и душевна повреда; да ја сфатат Надежта како излез од страдање и проблеми; да анализираат постапки кои се основа на оптимизмот или песимизмот, потоа Пријателството како вид на љубов; да разберат дека Вистината е една од најголемите позитивни вредности на човекот, достоинствена и вредна за почит.

Во воведниот дел на часот учениците низ дискусија ги набројуваа некои од позитивните вредности кои ги практицираат лично или некој нивни близок и се обидуваа да направат приоритет во значење на вредностите.

Главниот дел на часот ги содржеше следните наставни содржини и проблеми: радоста се опишуваше како посакувана вредност, Тагата како нешто што не се посакува; ја анализираа содржината на 4-от слајд за Надежта како најголема среќа; го дискуситираа и анализираа 6-от слајд за оптимизмот; водеа дискусија за тезата на Гете за љубовта прикажана на 8-от слајд; изнесуваа ставови кои произлегоа од текстот за пријателството на 9-от слајд; правеа анализа на Храброста, Вистината и Слободата како вредности актуелни денес.

Во завршниот дел од часот е направена анализа на 12 слајд со текст од Колтон, а се однесува на проблемот на слободата.

Слајдовите за реализирање на наставната единица се следните:

# СУШТЕСТВЕНИ ПОЗИТИВНИ ВРЕДНОСТИ

*РАДОСТ*

Внатрешно позитивно раздвижување на човековата душа

*ТАГА*

Душевна повреда, губење на убавите чувства, намалување на животната енергија





## *НАДЕЖ*

- Го посочува излезот од проблеми или страдање



## САМУЕЛ ЏОНСОН
(1709-1784)

*„Самата по себе надежта е еден вид среќа и тоа е можеби најголемата среќа што може да ни ја даде овој свет“.*



ОПТИМИЗАМ

Мисла на животна радост и позитивен став за надежта

ПЕСИМИЗАМ

Став дека многу нешта се лоши – губење надеж





ХЕЛЕН КЕЛЕР (1880-1968)

*„Мојот оптимизам не се базира врз негирањето на злото, туку врз ведрата надеж дека надвладува доброто, како и врз силната волја луѓето секогаш да работат рака под рака со доброто“.*



## ЈОХАН ВОЛФГАНГ ГЕТЕ (1749-1832)

✓ ЉУБОВ

- Најубаво и најсилно чувство

- 6 основни емоции:

- Радост
- Изненадување
- Гнев
- Омраза
- Тага
- Страв

✓ ЉУБОВТА ИМА ТРИ ФОРМИ:

- ПОСВЕТЕНОСТ (*ФИЛИЈА)*
- ОПШТА ЉУБОВ (*АГАПЕ)*
- СТРАСТ (*ЕРОС, АМОР)*

*,, Ако сакаш*
*да те љубат*
*биди достоен за*
*љубовта"*

Гете



## РАЛФ ВОЛДО ЕМЕРСОН
## (1803-1882)

*„Единствен начин да имаш пријател е да бидеш пријател“*



### ПРИЈАТЕЛСТВО

- Вид убава љубов – со емоционални изливи, сентиментални разговори, со блискост, искреност и длабока доверба
- Пријателството е морална појава
- Пријателите изградуваат највисока етика
- Пријателството е основа за добри односи меѓу луѓето

## СВЕТИ АВГУСТИН (354-430)

*„Вистината е леб, таа ги засилува, а не ги слабее духовите, таа го преобразува оној кој со неа се храни.*



### ВИСТИНА

- Вистината е логичка вредност, врвна цел на мислењето и заклучувањето
- Вистината е една од трите основни вредности:

**Вистина, Добро, Убавина**

## ХРАБРОСТ

ВЛАДАН ДЕСНИЦА
(1905-1967)



*„Храброста е начин на кој постапуваме со себеси“.*

- Сила на личноста
- Свесен, настојчив акт на човековата волја да им се противстави на грдите појави и на лошите луѓе
- Голем израз на човекувањето

---

✓ Слободата - човечен живот на луѓето

✓ Философите поимот слобода го поврзуваат со проблемот на закономерностите

*„Слободата не може да се спушти до луѓето; луѓето мора да се воздигнат до неа, тоа е благодат која најнапред треба да се заслужи за потоа да се ужива во неа“.*

Чарлс Колтон

Последната наставна единица за која ја донесуваме дневната опретивна подготовка со приказ на етичките содржини за кои се учи во етичкото образование е *Етиката на здравјето* од седмата тема Биоетика. Часот е одржан на 22.03.2007 година со ученици од третата година во СУСГ Гимназија „Орце Николов" во Скопје.

Целите на наставниот час беа следните: Учениците да научат кои се патиштата за чување на здравјето и на Природата; да сфатат кои се најважните етички појави поврзани со биологијата, природата на човековото тело и психа и да ги упати во правилното избирање на позитивни решенија; да ги поттикне да размислат и да се вклучат во разни биоетички, еколошки, здравствени и антинаркотички акции; да размислуваат да се вклучуваат во организирани обуки и дискусии за прашањата за здравјето и на зависностите.

Во воведниот дел од часот учениците го читаа текстот од Шопенхауер прикажан на вториот слајд и даваа коментири за здравјето како една од највисоките вредности: Здравјето треба да се чува и сè да му се подреди!

Во главниот дел на часот учениците дискутираа дека здравјето е најголема вредност и доаѓаа самостојно до елементите на доброто здравје, како стабилна психо-физичка состојба, Добар сон, Немање заразни болести, Немање зависности и сл. Водеа дискусија со лични примери за улогата на човекот во чувањето и подобрувањето на своето здравје; Се разгледуваа посебните етички норми за здравјето прикажани на 8-от слајд; Водена е плодна дискусија дека секој човек е одговорен за своето здравје.

Во завршниот дел од часот се направи анализа на 10-от слајд со текст од таткото на медицината Хипократ: *„Болеста не доаѓа одненадеж, од ведро небо, туку е последица на долга низа малечки грешки против здравјето".*

Часот беше реализиран со следните слајдови:


ЕТИКА НА ЗДРАВЈЕТО


„Најголема од сите
лудости е да се жртвува
своето здравје за што и
да било – за здобивање со
имот, за напредување во
службата, за ученост, за
слава, а воопшто и да не
зборуваме за сласт и за
кусотрајните
задоволства. На
здравјето треба сè друго
да му се подреди."


Елементите на добро здравје
Добра општа состојба на телото (неповреденост)
Добро дишење
Добра работа на


Стабилна психичка состојба и душевно спокојство
Добра состојба и добро функционирање на сетилните органи


Немање хронични и поголеми акутни болести
Немање заразни болести
Немање зависности
Живеење во здрава природна средина


ПОДОБРУВАЊЕТО НА СВОЕТО ЗДРАВЈЕ
ЗДРАВА ХРАНА


ПРАВИЛНА ФУНКЦИЈА И ПОТРЕБИ
ЛИЧЕН


ЗДРАВЈЕТО
Да не се пуши
Да не се пие алкохол
Да не се упаѓа во зависности


Превентива од СПБ
Внимавање на забременување и избегнување и избегнување на абортирањето
Ненанесување штета на


„Болеста не доаѓа одненадеж, од ведро небо, туку е последица на долга низа малечки грешки против здравјето“
Хипократ
(460-380 г.п.н.е.)

* * *

Претставувањето на современото работење во наставата по Етика во II и во III година на гимназијата не беше во функција на објаснување на една страна од Методиката на наставата по Етика, туку во афирмација на единственоста на научните, педагошките и дидактичките елементи на етичкото образование.

Содржините по Етика се хуманистички и воспитно важни, тие ја истакнуваат целината на етичките погледи, а посебно нивното значење за образованието на младите.

Успешната рецепција на содржините во наставата по Етика како и нивниот позитивен прием кај учениците и поттикнувањето на нивното позитивно етичко однесување се резултат на ваквата широка и филозофски оправдана презентација на основните етички ставови и содржини – кои ќе станат доблест на идните генерации кои учат Етика.

## ЗАКЛУЧОК

Етичкото образование е една од модерните педагошки појави, која го привлекува вниманието на сите луѓе на светот, на родителите и на младите, на научниците и на наставниците кои започнале да работат во таа нова едукативна област. Етичкото образование поврзува клучни класични и современи морални вредности и базични педагошки дисциплини.

Низ Етичкото образование младите се подготвуваат за својата зрелост, во која ќе треба да настапат со свои решенија за важните животни прашања. Тие треба да се изградат во автономни етички личности. Тоа го покажаа во своите истражувања современите мислители Жан Пијаже и Лоренс Колберг. Човештвото очекува и бара луѓето да бидат способни да размислуваат за природата на човечките односи, за суштината на дејствувањето на луѓето и за последиците од нивните дела, како и за карактеристичните содржини на категориите Добро и Зло во современата епоха.

Етичкото образование е еден од оние нови видови едукација, кои се разбудија со развојот на светот и со новите појави во него, поттикнати од социјалните движења, од духовните предизвици и од актуелните педагошки барања на епохата.

Етиката стана неопходен дел на разбирањето на светот заради развојот на демократијата, широкото засновување на човековите права и индивидуалистичката животна концепција. Етичкото обучување на младите стана неопходен дел од вкупната едукација. Негативните трендови на човековата практика, загрозувањето на Природата, неконтролираните последици на економскиот и технолошкиот развој, лошите project појави во меѓучовечките односи, многубројните конфликти и тешки социјални манифестации (распаѓањето на семејството, меѓугенерациските судири,

расната и другите видови дискриминација и сегрегација и сл.), разните видови манипулација чија жртва се луѓето - придонесоа етиката да стане централна научна дисциплина и најзначајна сфера на човековата практична дејност денес. Со своето инсистирање на добродетелта, на добро разбраниот егоизам, на алтруизмот, на соработката и солидарноста, на разумното однесување, етиката стана неопходна за успешно совладување на тешките појави против опстанокот и хуманизмот.

За нашето време се својствени големи проблеми со моралот, речиси морална криза. Брзо се менуваат човечките релации и морални норми, а се јави исклучително голема потреба од добри етички решенија, наспроти загрозувањето на Природата и подемот на болестите и зависностите и стравовите од нив, наспроти острите конфликти во сите човечки заедници, наспроти огромните етички проблеми со технологијата, научните откритија, развојот и др. Етичкото образование произлезе од ваквите пореметувања во етичките релации и моралната свест како помошен инструмент за барање соодветни позитивни решенија. Етичкото образование е особен вид едукативна практика, мошне значајна во нашата епоха. Етичкото образование треба да обезбеди да се изградат личности кои ќе можат да се снајдат во тешките етички ситуации и кои ќе знаат да најдат решение кое ќе биде на нивото на големата одговорност и на најдобрите етички ставови во историјата.

На човештвото му стана јасно дека онолку колку што е неопходен вкупниот развиток на производството, на животот, на стандардот, толку е важен и незаобиколив вредносниот и морален развиток на личноста. Етичкото образование на младите најдобро ја исполнува таа задача. Етичката едукација овозможува надополнување на другите видови од педагошката целина, како, на пример, интелектуалната, здравствената, техничката, професионалната и другите едукации, со кои се добива вкупноста на изградбата на личноста со потребни знаења, емоции, навики, вештини и достоинства.

Етика како наставен предмет на сите нивоа на образование се воведува насекаде во светот, а најмногу во средното образование и во

професионалното образование на средното или на високообразовното ниво. Во нашата држава се води значајна иницијатива да се воведе Етика на сите нивоа на образованието. Тие иницијативи правилно се проследени со експерименталната настава по Етика во предучилишното, средното и во основното образование, како и со воведување настава по Етика во средното и во основното образование и на некои студиски насоки и групи на Универзитетот како редовен и како изборен предмет. Сите обиди ѝ се достапни на јавноста, јавно се бара таквата едукација, се презентираат првичните резултати, кои се проследени со внимание и афирмација од родителите, педагозите, новинарите и јавноста во целост.

Имав шанса да учествувам во Експерименталната настава по етика во ДУСО „Орце Николов“ во Скопје во учебната 1998/99 година, која ја водеше професорката д-р Олга Пешевска-Заревска. Тоа беа првите конкретни чекори на Етичкото образование кај нас. На младите таа настава многу им се допадна, мнозина од нив учествуваа во неа и резултатот беше пријатен и за нив и за нас како наставници.

Во реформираното гимназиско образование во Република Македонија, Етика се изучува како изборен предмет во втората година со 2 часа неделно и во третата година во пакетот изборни предмети во Општествено-хуманистичкото подрачје Б, исто така со 2 часа неделно. Средното училиште на град Скопје Гимназијата „Орце Николов“ секоја учебна година на учениците им овозможува да изберат да изучуваат Етика.

Покажавме колку етичкото образование и моралното воспитување се сложени процеси, дело на повеќе силни фактори, а најважните од нив се семејството, училиштето, социјалната средина, медиумите и духовните вредности на епохата. Секој од овие фактори содржи повеќе форми и нијанси на морално влијание и педагошко дејствување.

Денес, на почетокот на XXI век, за современиот човек, не е важно само да се снајде да преживее, туку да постави цели за натамошниот иден развој, кои ќе може успешно да ги реализира само со вистински одговорни човечки ресурси и добро изградена методологија. Затоа пред современата личност се поставуваат прашањата: Како да живеам? Како да комуницирам

со луѓето? Како да постигнам да ме разберат и да ги разберам? Како да ја изберам мојата идна професија? Што значи да се биде успешен? Што значи личен успех? Дали ќе успеам да се реализирам и да заработам доволно за добар живот? Дали ќе успеам да одгледам здрави и успешни деца? Како да воспоставам рамнотежа и да најдам личен мир?... и... Како да живеам етично?

Одговорите на овие клучни прашања можат да се истражуваат и пронаоѓаат во Етичкото образование. Етиката е филозофска дисциплина која ги истражува заснованоста и изворите на моралот, основните критериуми за вреднување на човековите постапки, како и целите и смислата на моралните барања и дејствувања.

Меѓународната организација за образование, наука и култура УНЕСКО бара Етичкото образование да биде воведено во сите нивоа на образование на младите личности, за да бидат подготвени за големите предизвици пред кои ќе стои човештвото во XXI век. Затоа Етичкото образование се воведува и во основното образование, и во средното образование, и во академското образование - како континуитет во кој основните морални теми и базичните современи вредности се изучуваат низ циклично-едукативниот процес. Содржините во Етичкото образование се општочовечки, поврзани со суштината на човекот и неговите современи стремежи и задачи, и го пренесуваат на младите духот на Етиката како одбрана на Доброто и критика на Злото.

Се надеваме дека во дисретацијата покажавме дека основната цел на наставата по Етика е да ги запознае учениците со улогата и значењето на моралот во животот на човекот, како и со улогата на етиката во обликувањето на човечките вредности и во реалното одржување и напредување на човештвото.

Ова истражување на проблематиката на Етичкото образование ми е блиско не само како наставник и родител, туку и како израз и надоградба на моето базично образование како педагог, кога особено ме привлекуваше проблематиката на Моралното воспитување. Етичкото образование

претставува проширување и теориско и практично надополнување на класичното Морално воспитување.

Оваа дисертација говори за заедничките етичко-педагошки искуства низ содржините на Етичкото образование во сите нивоа на едукацијата во Република Македонија.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


Адамчевска, С.: *Некои аспекти на професионалното образование на идните наставници,* Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1998.

Адамчевска, С.: *Тандемска работа на учениците,* Просветно дело, Скопје, 1991.

Адамчевска, С.: *Активна настава*, Легис, Скопје, 1996.

Adler, A.: *Individualna psihologija,* Matica srpska, Novi Sad, - Prosveta, Beograd, 1984.

Ајзенштедер, Ј.: *Систем васпитања Марије Монтесори,* Београд, 1925.

Alderman, C.: *A Curriculum for the Development of Character,* EHV, Promotions, The Glen Cuckoo Hill, Piner, England, 1996.

Ампов, Б. – Попоски, К.: *Планирање и подготовка на наставата,* РЗУОВ, Скопје, 1975.

Ангеловски, К.: *Наставниците и иновациите,* Студентски збор, Скопје, 1985.

Андреев, А. Т.: *Личните својства на наставникот и неговата воспитна улога,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 1998.

Appignanesi, R.: *Ethics for beginners*, London, 1996.

Alberoni, F.: *Le ragioni del bene e del male*, Garzanti, Italy, 1981.

Arijes, F.: *Vekovi detinjstva,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1989.

Аристотел: *Никомахова етика,* превод од старогрчки и предговор Елена Колева, ТРИ, Скопје, 2003.

Аристотел: *Избор,* превод Витомир Митевски, Матица македонска, Скопје, 1998.

Aristotel: *Politika*, Kultura, Beograd, 1970.

Арсовска-Несторовска, Т. К.: *Соработка на училиштето со родителите,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Институт за социолошко и политичко правни истражувања, Скопје, 1997.

Атанасов, Ж.: *Авторитетът на учителя,* „Педагогика", Месечно научнотеоретично списание, София, 1995, 6.

Babić, G.: *Metode u nastavi,* Zavod za izdavanje udžbenika, Sarajevo, 1973.

Bergant, M.: *Promene porodice i problemi porodičnog vaspitanja*, Beograd, 1973.

Besse, H. - Galisson, R.: *Polèmique en didactique*, CLE International, Paris, 1980.

Боев, Б.: *Учителят за образованито.* Ролята на образованието в живота, Сила и Живот, Бургас, 1994.

Bosanac, G.: *Edukacijski izazov,* Školske novine, Zagreb, 1983.

Бошевска, Л.: *Менаџмент во училница и потребни вештини на наставникот,* Европски институт за релации и соработка, Битола, 2008.

Bloom, B.: *Taksonomija ili klasifikacija obrazovnih i odgojnih ciljeva,* Jugoslovenski zavod za proučavanje školskih i prosvetnih pitanja, Beograd, 1970.

Bradley, F.H.: *Metaphisical Ethics,* Oxford University Press, 1995.

Brida, Marija: *Pavao Vuk-Pavlović - čovjek i djelo,* Institut za filozofiju Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 1974.

Čehok, I.: *Filozofija odgoja.* Izbor tekstova hrvatskih pisaca, Školska knjiga, Zagreb, 1977.

Čehok, I. - Koprek, I.: *Etika*: Priručnik jedne discipline, Školska knjiga, Zagreb, 1996.

Činmoj, Š.: *Učitelj i Učenik.* Uvid u odnos Gurua i učenika, Printelektrik, Beograd, 1991.

Дамјановски, А.: *Ученикот во наставата,* Просветно дело, Скопје, 1989.

Дамјановски, А.: *Индивидуализација на наставата,* Просветно дело, Скопје, 1993.

Delchet, R.-Lèon, A.-Vial, J.: *Lecons de pèdagogie*, Paris, 1969.

Dirkem, E.: *Vaspitanje i sociologija,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1981.

Djui, Dž.: *Vaspitanje i demokratija,* Uvod u filozofiju vaspitanja, Obod, Cetinje, 1953.

*Етиката во современата наука,* (редакција Ѓорѓи Мартиновски, Велимир Стојковски), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2007.

Erlich, St. V.: *Jugoslavenska porodica u transformaciji*, Liber, Zagreb, 1971.

Đordjević, J.: *Intelektualno vaspitanje i savremena škola,* Svjetlost, Sarajevo - Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1990.

Đorđević, B.: *Savremena porodica i njena vaspitna uloga,* Prosveta, Beograd, 1985.

Đurić, M.: *Istorija helenske etike,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1987.

Фром, Е.: *За непослушноста и други есеи*, Комунист, Скопје, 1989.

Furlan, I.: *Upoznavanje, ispitivanje i ocenjivanje učenika,* Školska knjiga, Zagreb, 1964.

Furlan, I.: *Učenje kao komunikacija,* PKZ, Zagreb, 1967.

Furlan, I.: *Psihologija podučavanja,* Školska knjiga, Zagreb, 1990.

Galisson, R.: *La suggestion dans l'enseignement*, CLE International, Paris, 1983.

Гогоска, Л.: *Воспитни содржини за часот на раководителот на паралелката за основно и средно образование,* Звезда, Скопје, 2000.

Гоцевски, Т.: *Образовен менаџмент,* Македонска ризница, Куманово, 1997.

Гоцевски, Т. – Панзова, В. – Темков, К.: *Иницијатива за воведување настава по Етика во средно образование,* Етички тетратки, Скопје, бр. 2, лето 1998.

Група автори: *Децата и Природата,* Градинка „Раде Јовчевски Корчагин", Скопје, 2009.

Her, M, R.: *Moralno mišljenje*: nivoi, metod i smisao, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2005.

Herlok, E.: *Razvoj deteta,* Zavod za izdavanje udžbenika, Beograd, 1956.

Ivković, M.: *Vaspitanje i društvo.* Dirkemova sociološka teorija vaspitanja, Gradina, Niš, 1985.

*Innovative Perspectives on Moral Education*, International Educational Foundation, New York, 1999.

Jeger, V.: *Paideia.* Oblikovanje grčkog čoveka, Književna zajednica Novog Sada, 1991.

Joksimović, Sn.: *Mladi u društvu vršnjaka,* Institut za pedagoška istraživanja - Prosveta, Beograd, 1986.

Кант, И.: *Спис о педагогији*, Штампарија Давидовић-Павловића и друга, Београд, 1922.

Кант, И.: *Спорот на факултетите – Педагогика,* изд. „Христо Ботев", София, 1994.

Kant, I.: *Vaspitavanje dece,* Prosveta, Beograd, 1995.

Кант, И.: *Критика на практичниот ум*, превод д-р Кирил Темков, Метафорум, Скопје, 1993.

Kamenov, E.: *Eksperimentalni programi za rano obrazovanje,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, 1982.

Камчева-Лакинска, Б.: *Самостојната работа на ученикот во наставата,* Даскал Камче, Кавадарци, 1996.

Карапенчев, Ж.: *Педагогическа етика,* Университетско издателство „Св. св. Кирил и Методий", Велико Търново, 1993.

Керамичиева, Р.: *Психологија - во образованието и воспитанието,* Просветно дело, Скопје, 1996.

Климент Охридски: *Житија, Слова, Поуки,* Македонска книга, Скопје, 1974.

Knežević, M.: *Vaspitanje radom za rad,* GRO "Nikola Nikolić", Kragujevac, 1980.

*Кодекс за однесување на наставниците*, У.С.О. „Орце Николов" Скопје, Скопје, 1996.

Komenski, J.: *Velika Didaktika*, Savez pedagoških društava Jugoslavije, Beograd, 1954.

Коменски, Ј.: *Материнска школа,* Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 2000.

Костова, М.: *Оптовареноста на учениците,* Просветно дело, Скопје, 1993.

Korni, D.: *Etika informisanja*, Clio, Beograd, 1999.

Krkljuš, S.: *Obrazovna tehnologija i savremena nastava*, NIRO, Misao, Novi Sad, 1986.

Krneta, Lj. – M. Potkonjak – N. Potkonjak: *Pedagogija*, Zavod za izdavanje udžbenika SR Srbije, Beograd, 1965.

Крстевска-Станковиќ, М.: *Објективно набљудување на наставен час,* Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1998.

Krišnamurti, D.: *Neophodnost promene*, Novi Sad, 1986.

Laertije, D.: *Životi i mišljenja istaknutih filozofa*, Beogradski izdavačko-grafički zavod, Beograd, 1985.

Лакинска, Д.: *Семејството и воспитанието,* Студентски збор, Скопје, 1987.

Лазароски, Ј.: *Алтруистичко и агресивно однесување,* Матица македонска, Скопје; Мелбурн, 1997.

Лазароски, Ј.: *Основи на педагошката психологија,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1980.

Лозановски, Ј.: *Етичко образование во средните училишта во Р Македонија,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1999.

Лозановски, Ј.: *Формите на работа, методите и средствата на наставата по етика во средните училишта,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001.

Лозановски, Ј.: *Етиката и младите*, Китано, Скопје, 2006.

Лукић, Р.: *Социологија морала*, Научна књига, Београд, 1976.

Макаренко, А.: *Педагошка поема,* Култура, Београд, 1948.

Mandić, P .: *Saradnja porodice i škole*, Sarajevo, 1975 .

Mandić, S.: *Motivacija za školski uspeh,* Školske novine, Zagreb, 1989.

Марковачев, Димо: *Свети Јован Златоуст,* Спектар Ас, Неготино, 1997.

Marinković, J.: *Ogledi iz filozofije odgoja,* Školske novine, Zagreb, 1987.

Мекинтаир, А.: *По доблеста,* Табернакул, Скопје, 1998.

Mervin, R.: *Moralno mišljenje,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 2005.

Milić, A.: *Rađanje moderne porodice,* Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1988.

Миноски, Ј. – Ѓорѓиевска, Г.: *Следење и анализирање на наставата,* Дидактички прирачник, Скопје, 1997.

Минчева, Б.: *Универзална етика,* Макавеј, Скопје, 2009.

Минчева, Б.: Етика на мирот, докторска дисертација, (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2008.

Мил, Џ. С.: *За слободата*, Епоха, Скопје, 1996.

Mladenović, M.: *Osnovi sociologije porodice*, Savremena administracija Beograd, 1977.

Moskowitz, G.: *Caring and sharing in the foreign language class*, Boston, 1978.

*Moralni odgoj, in*: *Pedagogija,* II tom, red. Ljubomir Krneta, Nikola Potkonjak i dr., Matica Hrvatska, Zagreb, 1969.

Mur, Dž. E.: *Principi etike,* Nolit, Beograd, 1963.

Mužić, V.: *Testovi znanja,* Školska knjiga, Zagreb, 1961.

Mužić, V.: *Kompjuter u preobražaju škole,* Školska knjiga, Zagreb, 1987.

Mužić, V.: *Programirana nastava,* Školska knjiga, Zagreb, 1968.

*Наставна програма по Етика*, Министерство за образование и наука – Биро за развој на образование, програма за деветгодишно образование, Скопје, 2007.

*Наставна програма по Етика за VI одделение*, Министерство за образование и наука – Биро за развој на образованието, Скопје, 2009.

*Наставна програма по Етика за втора година*, програма за реформирано гимназиско образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје, 2003.

*Наставна програма по Етика за трета година*, програма за реформирано гимназиско образование, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје, 2003.

Nadrljanski, Đ.: *Kompjuteri, nastava i učenje,* NIRO Misao, Novi Sad, 1986.

Ненадић, М.: *Нови дух образовања*, Просвета, Београд, 1997.

Никчевска, Г.: *Етичкиот лик на наставникот,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002.

Nil, A. S.: *Slobodna deca Samerhila*, Metem, Beograd, 1988.

Нил, А.С.: *Нови Самерхил,* Каирос, Сремски Карловци, 2000.

Николиќ, З. – Темков, К.: *Етиката и љубовта*, Најголемите животни и Морални вредности во етичкото воспитување на децата од предучилишна возраст, Градинка „Раде Јовчевски Корчагин", Скопје, 2008.

Palmade, G.: *Lès methodes en pèdagogie*, Presses universitaires de France, Paris, 1955.

*Oxford Advanced Learner`s Dictionary* of Curent English by Jonathan Crowther, Oxford Univerity press, 1995.

Pavićević, V.-Živadinović, P.-Šefer, B.: *Razgovori o etici i socijalizmu,* Narodna knjiga, 1978.

*Pedagogija*, I-II, red. Ljubomir Krneta, Nikola Potkonjak i dr., Matica Hrvatska, Zagreb, 1969.

*Pedagoška enciklopedija,* tom 1-2, u redakciji dr Nikole Potkonjaka i dr Petra Šimleše, Beograd, Zagreb i dr., 1989.

*Permanentno obrazovanje i usavršavanje nastavnika,* Rijeka, Pedagoški fakultet, 1982.

Пенева, Светлана - Весна Бибовска, *Семејството - училиште на љубовта,* фељтон во 13 продолженија, „Нова Македонија"; Скопје, 10-24 јануари 2001.

Песталоци, Ј. Х.: *Како Гертруда учи своју децу,* Просвета, Београд, 1946.

Перовић, Д.: Левинас versus Хајдегер: *Онтолошка и етичка диференција и питање људске sajеднице,* Јасен, Београд, 2006.

Petrov, N.: *Uticaj predškolskog vaspitanja i obrazovanja na uspeh u osnovnoj školi,* in: *Vaspitanje i nega predškolskog deteta u jugoslovenskom društvu,* Beograd, 1979.

Пешевска-Заревска, О.: *Тематско планирање и методичка подготовка на наставата по филозофија во средните училишта,* Магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1996.

Пешевска-Заревска, О.: *Филозофска едукација во средните училишта,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 1998.

Пешевска-Заревска, О.: *Современа методика на наставата по филозофија,* Филозофски факултет, Скопје, 2010.

Пијаже, Ж.: *Развој на интелигенцијата*, Просветно дело, Скопје, 1988.

Платон: *Дијалози*, Култура, Скопје, 1994.

Platon: *Ijon – Gozba – Fedar*, Kultura, Beograd, 1970.

Платон: *Одбраната Сократова – Критон – Фајдон*, Македонска книга – Култура – Наша книга – Комунист – Мисла, Скопје, 1983.

Поп-Дучева, С.: *Семејството и етичкото образование*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2007.

Попоски, К.: *Успешен наставник,* Просветен работник, Скопје, 1998.

Попоски, К. – Стојановски, З.: *Тестови на знаење, Просветно дело, Скопје, 1984.*

*Прирачник за студенти*, Институт за филозофија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факлултет, Скопје, 2009.

Rakić, B.: *Osnova vaspitnog rada*, Sarajevo, 1974.

Rakić, B.: *Procesi i dinamizmi vaspitnog djelovanja,* Svijetlost, Sarajevo, 1981.

Рангелова, М. Е.: *Нравствената култура на ученика,* Делфи Издат, София, 1996.

Raths, L.-Wassermann, S.-Jonas, A.-Rothstein, A.: T*eaching for thinking,* Charle E. Merrill Company Columbus, Ohio, 1967.

Ризова, М.: *Наставник по "мерка" на учениците,* „Просветно дело“, 1997, бр. 4.

Ристевска, С.: *Односот на наставникот кон личноста на ученикот,* Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1998.

Rosenholtz, J. S.: *Teachers' Workplace,* Teachers College, New York, 1989.

Rousseau, J. J.: *Emil ili ob uzgoju,* Nakladom Hrv. Ped. Književnoga sbora, Zagreb, 1889.

Savater, F.: *Etica come amor proprio, Editori Laterza, Figli Spa*, Roma-Bari, 1988.

Сидовски, С. – Темков, К.: *Филозофија*, Учебник за IV година на реформираното гимназиско образование, Просветно дело, Скопје, 2005.

Singer, P.: *How Are We to Live: Ethics in an Age of Self-Interest*, Prometheurs Books, New York, 1995.

*Свето писмо на Стариот и на Новиот Завет,* Лондон, 1993.

Славенска, С.: *Оценувањето и образовните иновации во Република Македонија,* во зборникот на трудови: *Оценување на постигањата на учениците,* Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование - Одделение за оценување, Скопје, 2001.

Стојановски, Т.: *Полициска етика и деонтологија*, 2-ри Август С, Штип-Скопје, 2006.

*Табаци из историје педагогике.* Уџбеник за учитељске школе, Просвета, Београд, 1947.

Такашманова-Соколовска, Т.: *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценцијата,* Графохартија, Скопје, 1998.

Темков, К.: *Етика.* Десет радио предавања, Епоха, Скопје, 1998.

Темков, К.: *Етиката денес,* Епоха, Скопје, 1999.

Темков, К.: *Етички речник за младите,* Даскал Камче, Кавадрци, 2001.

Темков, К.: *Етика за младите* (лекции од Експерименталната настава по Етика), Македонско Дело, Скопје, 1998-1999.

Темков, К.: *Етика за II година* на реформираното гимназиско образование, (изборен предмет), Просветно Дело, Скопје, 2004.

Темков, К.: *Етика за III година* на реформираното гимназиско образование, (изборен предмет), Просветно дело, Скопје, 2004.

Темков, К.: *Етика на културата,* Дом на културата „Иван Мазов- Климе“, Кавадарци, 2009.

Темков, К.: *Како да се биде добар* – Етика за млади, Скопје, ОХО, 2008.

Temkov, K.: Dobro, bolje, najbolje - *Etika za mlade,* Bajka, Niš, 2003.

Тодорова, И.: *Креативниот наставник и новите тенденции на образованието.* Современото училиште и неговите предизвици, Просветно дело, Скопје, 1995.

Тодорова, И.: *Разбуди го својот креативен ум,* Догер, Скопје, 1994.

Топузоска, Љ.: *Етичко образование во одделенската настава,* магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2004.

Топузоска, Љ.: *Видови и методи на етичкото образование во одделенската настава,* докторски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2006.

Торбовска-Смилевска, И.: *Етиката како наставен предмет во основните училишта*, магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2002.

Тофовиќ-Ќамилова, М.: *Уметничката литература и педагошките чувства,* Метафорум, Скопје, 1995.

Trnavac, N. – Đorđević, J.: *Pedagogija*, Naučna Knjiga, Beograd, 1995.

Трпчевска, К.: *Спортот и Олимпизмот во етичкото образование*, мафистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, 2008.

Thiroux, J.: *Ethics,* Theory and practice, New Jersey, 1998.

Thapar, R.: *Les auxiliaires visuels dans l'education de base et le dèveloppement communautaire*, UNESKO, 1959.

Tulmin, S.: *Istraživanje o mestu razuma u etici,* Nolit, Beograd, 1970.

Vejnović, N.: *Historija filozofije,* Školska knjiga, Zagreb, 1966.

Viano, C. A.: *L'etica,* Arnoldo Mondatori Editore, Milano, 1981.

Vujčić, V.: *Proturječnosti u moralnom odgoju,* Školska knjiga, Zagreb, 1981.

Vuk-Pavlović, P.: *Filozofija odgoja,* Hrvatska sveučilišna naklada, Zagreb, 1996.

Вук-Павловиќ, П.: *Творештвото и музејската естетика,* Метафорум, Скопје, 1994.

Vuk-Pavlović, P.: *Politika, Odgoj, Religija.* Predavanje održano na VIII internacionalnom filozofskom kongresu u Pragu, Štamparija Grafika, Zagreb, 1934.

Vuk-Pavlović, P.: *Ličnost i odgoj,* Tipografija, Zagreb, 1932.

Vuk-Pavlović, P.: *Kulturna svijest, znanje i obrazovanost*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Скопје, 1960.

Vuk-Pavlović, P.: *Uzgoj, odgoj i obrazovanje*, Zagreb, 1939.

Vuk-Pavlović, P.: *Na granicama odgajateljske obazrivosti,* Zagreb, 1936.

Вук-Павловиќ, П.: *Образованоста денес*, „Современост", Скопје, 1959, 5.

Vukasović, A.: *Moralni odgoj*, Liber, Zagreb, 1974.

Vukasović, A.: *Etika, moral, osobnost.* Moralni odgoj u teoriji i praksi odgajanja, Školska knjiga - Filozofsko-teološki institut, Zagreb, 1993.

Заревски, Д.: *Филозофија на образованието на Павао Вук-Павловиќ*, Магистерски труд (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2001.

Заревски, Д.: *Филозофија и етика на современото образование,* докторска дисертација (ментор д-р Кирил Темков), Филозофски факултет, Скопје, 2005.

Заревски, Д.: *Филозофија на образованието на Павао Вук-Павловиќ,* Центар за граѓански студии, Скопје, 2007.

Зашова, Л.: *Убавото однесување,* Форум, Скопје, 2004.

Zimmerman, S.: *Religija i odgoj,* in: Čehok, I.: *Filozofija odgoja*. Izbor tekstova, Školska knjiga, Zagreb, 1997.

Žlebnik, L.: *Opšta istorija školstva i pedagoških ideja,* Naučna knjiga, Beograd, 1970.

Šimleša, P.: *Uzroci krize odgojne funkcije škole*, "Pedagoški rad", Časopis za pedagoška i prosvetna pitanja, br. 3-4, Zagreb, 1974.

Warnock, M.: *Ethics since 1900,* Oxford University Press, 1995.

Yankelovich, D.: *Nova pravila: Traganje za samoispunjenjem u svijetu izokrenutih vrijednosti*, Školska knjiga, Zagreb, 1994.

### Посочени интернет адреси

Биро за развој на овразованието на Република Македонија : www.bro.gov.mk

Медицински факултет: www.medf.ukim.edu.mk

Правен факултет „Јустинијан први" Скопје: www.pf.ukim.edu.mk

СУГС Гимназија „Орце Николов" Скопје: www.orcenikolov.edu.mk

Факултет за ликовни уметности: www. flu.ukim.edu.mk

Факултет за физичка култура: www.fzf.ukim.edu.mk